# ПРИРАЧНИК ЗА ПОЛИЦИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА









## Ресурс за обучувачи

Превод кофинансиран
од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE
CONSEIL DE L'EUROPE

*MANUAL FOR POLICE EDUCATION ON EQUALITY & NON-DISCRIMINATION*

*ПРИРАЧНИК ЗА ПОЛИЦИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА*

Овој превод е направен со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Наведената содржина е единствена одговорност на авторите. Мислењата изразени тука не значи дека секогаш ги одразуваат ставовите на Европската Унија и Советот на Европа.

©Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сè додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „©Советот на Европа, година на издавање“. Сите други барања во врска со репродукцијата/ преводот на целиот или делови од документот, треба да се достават до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).

*Сите други барања во врска со оваа публикација треба да се упатат до Директоратот за комуникации/ Одделот за борба против дискриминација на Советот на Европа Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00 23, E-mail: Horizontal.Facility@coe.int*

Уредено од Џоана Пери
Коавтори:
Дејвид Мартин Абанадес Мајкл Бојл
Моника Диниз Ник Глин
Тинатин Катчвани Џоана Пери
Мархарита Жеско

Координирано и надгледувано од Одделението за соработка и борба против говор на омраз, Одделение за програми за вклучување и антидискриминација при Советот на Европа

Дизајн на корица, распоред, графика и илустрации:
Џонатан Бренан

АПTalops.com/info@АПTalops.com

Фотографии: Совет на Европа, ©Shutterstock
© Совет на Европа, октомври 2023.
Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската унија под одредени услови.

# ПРИРАЧНИК ЗА ПОЛИЦИСКА ЕДУКАЦИЈА ЗА ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА

## Содржина


| | |
|---|---|
| Биографии на авторите | 7 |
| Вовед и преглед | 9 |
| Преглед | 11 |
| Како да го користите овој прирачник | 12 |
| **Проценка на потребите и евалуација** | 13 |
| Процесот на проценка на потребите | 14 |
| *Чекор 1: Прегледајте го Образецот на табелата за проценка на потребите* | 14 |
| *Чекор 2: Изработка и дистрибуција на прашалниците за обука во насока на проценка на моменталното знаење на вашата целна((и) група(и)* | 14 |
| *Чекор 3: Пополнете ја табелата за проценка на потребите* | 15 |
| Евалуација | 15 |
| Анекси | 16 |
| *Анекс А: Примерок од прашалниците за предобука за да се процени познавањето на содржината и приоритетите за обука* | 16 |
| *Анекс Б: Табела за проценка на потребите* | 21 |
| *Анекс В: Евалуација пред обуката* | 23 |
| *Анекс Г: Евалуација по обуката* | 24 |
| Пакет инструменти | 26 |
| *Загревање* | 26 |
| *Олеснување во играњето на улоги* | 27 |
| **Модул 1:Еднаквост и недискриминација и пристап од аспект на човековите права во полициското работење** | 29 |
| Вовед и контекст | 30 |
| Резултати од учењето | 31 |
| Преглед на активностите и временските рамки | 31 |
| Подготовка | 31 |
| Опис на активноста | 32 |
| *Активност 1.1: Човековтеи права и полициското работење – Сваќање на поврзаноста* | 32 |

| | |
|---|---|
| *Активност 1.2: Полициско работење засновано на човекови права – Што добивам јас од тоа?* | 36 |
| ***Активност** 1.3: **Разбирање на еднаквоста и недискриминацијата во полициското работење*** | 39 |
| *Активност 1.4: Полициски должности во однос на недискриминацијата – Практична вежба* | 47 |
| *Активност 1.5: Промовирање на еднаквост и недискриминација во полициската работа* | 52 |
| *Активност 1.6: Улогата на полицијата во промовирањето на добрите односи* | 55 |
| Анекси и материјали | 56 |
| *Материјал 1.1* | 56 |
| *Материјал 1.3.1* | 58 |
| *Материјал 1.3.2* | 59 |
| **Модул 2: Полициско дискриминаторско недолично однесување** | 65 |
| Вовед и контекст | 66 |
| Резултати од учењето | 67 |
| Преглед на активностите и временските рамки | 68 |
| Подготовка | 68 |
| Опис на активноститете | 69 |
| *Активност 2.1: Што подразбираме под „дискриминаторско недолично однесување“?* | 69 |
| *Активност 2.2: Недолично однесување, дискреција и дискриминација – Практично размислување* | 71 |
| *Активност 2.3: Недолично однесување и дискриминација во постапувањето со осомничените* | 75 |
| *Активност 2.4: Пречки за пријавување дискриминаторско недолично однесување во полициската организација* | 79 |
| *Активност 2.5: Ангажирање со жртви на полициско дискриминаторско недолично однесување* | 81 |
| *Активност 2.6: Дискусија со организациските лидери во врска со анализите на дискриминаторско недолично однесување и јавното искуство од полициското работење* | 83 |
| Анекси и материјали | 87 |
| *Материјал 2.2.1: Информации за сценариотото – Запирање на автомобил* | 87 |
| *Материјал 2.2.2: Информации за сценариотото – Листа со опции* | 88 |
| *Материјал 2.2.3: Информации за сценариотото - Автомобилот што вози со голема брзина* | 89 |
| *Материјал 2.3.1: Информативен лист за сценариото – Апсење и транспорт на осомничено лице* | 90 |
| *Материјал 2.3.2: Краток преглед на клучните точки од Европскиот кодекс за полициска етика* | 91 |
| *Материјал 2.4.1: Опции за пријавување на недолично однесување* | 92 |
| *Материјал 2.4.2: Разбирање на полициската култура* | 93 |
| *Материјал 2.6.1: Влијанието на полициската култура врз пријавувањето и истрагата на поплаките* | 95 |
| **Модул 3: Дискриминаторско профилирање превенција и одговор** | 97 |
| Вовед и контекст | 98 |
| Резултати од учењето | 99 |
| Преглед на активностите и временските рамки | 99 |

| | |
|---|---|
| Подготовка | 100 |
| Опис на активноститете | 101 |
| *Активност 3.1: Нашите заеднички вредности* | 101 |
| *Активност 3.2: Влијанието на полициското профилирање врз заедниците* | 103 |
| *Активност 3.3: Запирања – од стереотипизирање до дискриминација* | *107* |
| *Активност 3.4: Запирања – Професионална пракса* | 109 |
| *Активност 3.5: Информирање за правото/правата* | 110 |
| *Активност 3.6: Лидерство* | 112 |
| Анекси и материјали | 113 |
| *Материјал 3.1а: Картички за подредување по вредност* | 113 |
| *Материјал 3.1б: Вредности при полициската контрола на мултикултурните заедници* | 115 |
| *Анекс 3.2* | 116 |
| *Материјал 3.3: Циклусот на самоисполнувачкото пророштво* | 118 |
| *Материјал 3.4: Полициски овластувања и обврски во застанувања, проверки на лична карта и лични претреси и претреси на возила* | *119* |
| *Анекс 3.4: Забелешки на обучувачот* | 121 |
| *Анекс 3.6: Забелешки на обучувачот* | 123 |
| **Модул 4: Идентификација и истрага на злосторството од омраза** | 129 |
| Вовед и контекст | 130 |
| Резултати од учењето | 131 |
| Преглед на активности | 131 |
| Опис на активноститете | 133 |
| *Активност 4.1: Дефиниција за злосторство од омраза и клучни концепти* | 133 |
| *Активност 4.2: Разбирање на националните законодавни рамки и практики* | 134 |
| *Активност 4.3: Концепти поврзани со злосторството од омраза – Практична вежба* | 135 |
| *Активност 4.4: Истражување на показателите за пристрасност* | 136 |
| *Активност 4.4а: Погоди го показателот* | 138 |
| *Активност 4.4б: Студии на случај за показателите за пристрасност* | 139 |
| *Активност 4.5: Истражување на злосторствата од омраза – Студија на случај* | 140 |
| *Активност 4.6: Злосторства од омраза извршени од и против полицијата* | 142 |
| Материјали и анекси | 143 |
| *Материјал 4.1 Што е злосторство од омраза и како се разликува од другите злосторства?* | 143 |
| *Материјал 4.3: Студии на случај* | 148 |
| *Анекс 4.3: Забелешка на обучувачот во врска со активноста 4.3* | 150 |
| *Анекс 4.4а: Забелешка на обучувачот во врска со активноста 4.4а* | 152 |
| *Материјал 4.4: Показатели за пристрасност* | 154 |
| *Материјал 4.4а: Визуелен материјал за показателите за пристрасност* | 157 |
| *Материјал 4.5: Истражување на злосторство од омраза – Студија на случај* | 160 |
| *Анекс 4.5: Забелешка на обучувачот во врска со активноста 4.5* | 161 |
| *Анекс 4.6: Забелешка од обучувачот за активност 4.6* | 166 |
| **Модул 5: Неомаловажувачки и недискриминаторски третман на жртвите** | 167 |
| Вовед и контекст | 168 |

Резултати од учењето 170
Преглед на активностите и временските рамки 170
Подготовка 171
Опис на активноститете 172
Анекси и материјали 186
**Модул 6: Ангажман во заедницата, односите во заедницата и полициско работење во заедницата на локално ниво** **205**
Вовед и контекст 206
Резултати од учењето 208
Преглед на активностите и временските рамки 208
Подготовка 208
Опис на активноститете 209
*Активност 6.1: Што е ангажман во заедницата?* 209
*Активност 6.2: Градење доверба од самиот почеток* 212
*Активност 6.3: Избирање на вистинските партнери* 215
*Активност 6.4: Градење на профилот на тимот за полициско работење во заедницата* 220
*Активност 6.5: Партнерство за безбедност меѓу полицијата и заедницата* 222
Анекси и материјали 226
*Материјал 6.2: Студија на случај – Партнерство меѓу полицијата и заедницата во заедничката обука* 226
*Анекс 6.3б* 228
*Материјал 6.4а* 229
*Материјал 6.4б* 230
*Материјал 6.4в* 231
*Материјал 6.5а* 232
*Материјал 6.5б* 233
*Материјал 6.5в* 234

# Биографии на авторите

**Дејвид Мартин Абанадес** е локален полициски инспектор (Шпанија). Дејвид соработувал како полициски експерт со ОБСЕ (Организација за безбедност и соработка во Европа), Советот на Европа, Обединетите нации и Европската комисија, секогаш во врска со темите на злосторства од омраза, расно/етничко профилирање, заштита на човековите права и подобрување на односите меѓу полицијата и ранливите групи во општеството.

**Мајкл Бојл дипломирал и магистрирал право, м-р, д-р** има над 20 години меѓународно искуство во областа на полициската обука, човековите права и промовирањето на агендите за еднаквост. Во оваа функција, тој работел со ОБСЕ, ЕУ, СЕ и други организации честопати во опкружувања полни со предизвици и опасност низ Африка, Европа, Азија и Блискиот Исток. Има напишано практични водичи за ефективно полициско работење во согласност со човековите права на повеќе теми, кои се преведени на неколку јазици и се користат за обука на полицијата во неколку јурисдикции. Тој е пензиониран полицаец и поранешен универзитетски предавач по криминологија.

**Моника Диниз** е социолог, раководител на Одделот за превенција, безбедност и меѓународни односи на општинската полиција во Лисабон, а работи на соработката меѓу полицијата и граѓаните и имплементацијата на безбедносно партнерство меѓу полицијата и заедницата во планирањето и обезбедувањето на полициското работење во заедницата на локално ниво. Обучувач и коавтор е на неколку публикации за Полициско работење во заедницата.

**Ник Глин дипломирал право (со почести) и се стекнал со мастер на Кембриџ** е виш програмски службеник во Фондацијата Отворено општество (ФОО). Тој ја води работата за полициска одговорност и правда во Европа, покривајќи ги полициските овластувања, полициската употреба на сила/насилство, протести, реформи во политиката за дрога, задолжително притворање и дискриминација во рамките на кривично правниот систем. Пред да се приклучи на ФОО, Глин поминал 30 години како полицаец во полицијата во Лестершир (Велика Британија), издигнувајќи се до ранг на главен инспектор. Глин студирал право на Универзитетот Трент во Нотингем и магистрирал применета криминологија на Универзитетот во Кембриџ. Пишувал за бројни публикации, вклучувајќи ги Гардијан, лондонски Тајмс, Индипендент и Хафингтон пост.

**Тинатин Катчвани** со години работи за органите на прогонот во Грузија. Додека служела како обвинител во Канцеларијата на главниот обвинител на Грузија (ГОГ) и како началник на Одделот во Министерството за внатрешни работи на Грузија (МВР), била активно вклучена во изготвувањето на првите упатства за гонење и истрага на злосторство од омраза. Тинатин е сертифициран обучувач на ОБСЕ ОДИХР и СЕ (вклучувајќи ја и платформата ХЕЛП) и била ангажирана во различни активности за градење капацитети за злосторства од омраза низ годините. Таа лично ги приспособи и спроведе курсевите за обука во врска со европските стандарди за недискриминација и злосторства од омраза за ГОГ и МВР, кои станаа дел од стандардните наставни програми за обука пред и за време на обезбедувањето на услугите во текот на работата во споменатите институции.

**Џоана Пери** е независна консултантка специјализирана за подобрување на разбирањето и одговорите на злосторството од омраза, говорот на омраза и дискриминацијата во полициското работење и кривичната правда.
Моментално е консултант на низа меѓународни организации и агенции, како и граѓански организации на меѓународно ниво и во Обединетото Кралство. Таа е почесен научен соработник на Институтот за истражување на криминал и политика (ОЦПР), Колеџот Биркбек, Универзитетот во Лондон и е виш советник за истражување и политика на Мрежата за соочување со фактите (Facing Facts Network). Дипломирала право, психологија и онлајн и учење на далечина, а претходно работела за ОБСЕ-ОДИХР и Кралското обвинителство (Обединето Кралство).

**Мархарита Жеско** е независен консултант и обучувач за злосторство од омраза и човекови права. Во 2012-2020 година, Мархарита работела во ОБСЕ/ОДИХР. Таа се фокусирала на пријавувањето на злосторство од омраза, водела програма за градење капацитети за органите на прогонот за кривичното дело омраза и одржала обуки за полицијата и обвинителите низ регионот на ОБСЕ. Мархарита, исто така, придонела во голем број публикации на ОДИХР за поддршка на жртвите на злосторство од омраза. Од 2020 година, Мархарита работи самостојно и соработува со меѓувладини организации (Совет на Европа, Европска комисија, ОБСЕ) и граѓански организации за обука, истражување и анализа на злосторството од омраза. Освен злосторството од омраза, нејзиниот професионален фокус вклучува безбедност на малцинските заедници, недискриминација, слобода на религија и верување и слободата на мирно собирање. Мархарита дипломирала меѓународно право и магистрирала европско право.

# Вовед и преглед

Органите на спроведување на редот играат клучна улога во борбата против расизмот и расната дискриминација и во промовирањето на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Поради оваа причина, легитимната употреба на сила и принуда во демократските општества може да поттикне чувства на лична безбедност и безбедност на заедницата само доколку е ефективна, транспарентна и пропорционална. Секоја дискриминаторска употреба на овие овластувања може да ја уништи довербата и вербата на заедниците и суштински да го поткопа нивното чувство за лична безбедност. Расизмот, или верувањето дека „расата“[1] на една личност, нивната боја на кожа, јазик, нивната националност или етничко потекло го оправдуваат презирот или идејата за супериорност, е деструктивна за полицијата како институција и мора да биде оспорена и елиминирана и од полициските началници и од полициските службеници.[2] Владите и законодавството имаат огромна одговорност во воспоставувањето ефективни закони и политики кои гарантираат правичност во полициското работење, заштита од расизам и дискриминација и ги ставаат обврските за човековите права во центарот на полициската практика. Како што беше изразено во неодамнешната изјава на Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата, „Предолго, случаите на расистичка полициска злоупотреба ја оцрнуваат професијата и ја загрозуваат работата на сите оние полицајци кои ја почитуваат полициската етика и законот и се борат против расистичкото злосторство од омраза“.[3]

Советот на Европа долго време работи на поддршка на создавачите на политиките, практичарите и граѓанското општество за создавање закони, политики и практики кои ги штитат принципите на еднаков третман и недискриминација и кои имаат за цел да го елиминираат расизмот и дискриминацијата во сите нивни форми. Општата препорака за јавни политики бр. 11 на ЕКРИ за борба против расизмот и расната дискриминација во полициското работење го дефинира планот за полициските одговорности во областа на расното профилирање, расно мотивираното недолично однесување, расистичкото злосторство од омраза и ангажманот со малцинските заедници. Јасните принципи што ги содржи се фундаментално релевантни кога се разгледуваат полициските практики кои гарантираат еднаков третман и недискриминација во однос на малцинските заедници, вклучувајќи ги ЛБГТИ заедниците, Ромите, лицата со попреченост, муслиманските заедници и други.

Заедно со нивните одговорности, Советот на Европа ги препознава уникатните предизвици со кои се соочуваат органите на спроведување на редот, вклучително и борбата против различните форми на криминал и тероризам кои претставуваат сè поголем предизвик, како и исполнувањето на високите очекувања на јавноста за професионализам и правичност.
Квалитетната обука е клучна за создавање на информирани, вешти и одговорни полициски служби подготвени да ги поддржуваат и заштитат општествата во целата нивна разноликост и сложеност, како и да се спротивстават и да ги спречат расизмот, расната дискриминација и сите други форми на дискриминација и нетолеранција. Вежбите и активностите во овој прирачник се втемелени во клучните норми и стандарди на Советот на Европа и имаат за цел да им дадат практичен живот на начин кој ќе ги инспирира обучувачите и учесниците. Овој прирачник е наменет за полициските службеници на сите нивоа, вклучително и полициското раководство, лицата кои работат на терен и лицата кои први пристигнуваат на местото на настанот, истражителите, персоналот кој работи во подготовката на услугите, специјалистите и релевантниот цивилен персонал.
Полициските школи за обука се суштински партнери во планирањето и спроведувањето на ефективни програми за обука, како и колегите со одговорност за следење и реагирање на поплаки и дисциплински прашања. Прирачникот е исто така од интерес за клучните полициски партнери, вклучувајќи ги општинските власти, невладините

**1** Препорака за општи политики на ЕКРИ бр. 7 (ревидирана) за националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација, достапна на www.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/ recommendation-no.7.
**2** https://rm.coe.int/statement-of-ecri-on-racist-police-abuse-including-racial-profiling-an/16809eee6a.
**3** https://rm.coe.int/statement-of-ecri-on-racist-police-abuse-including-racial-profiling-an/16809eee6a.

Овој прирачник упатува и ги надополнува другите клучни ресурси за обука и градење капацитети на Советот на Европа[4], и има за цел да им даде на обучувачите алатки за поддршка на учесниците во стекнувањето на релевантни и суштински знаења за клучните концепти, со цел да им овозможи да ги изградат своите вештини преку примена, и да размислуваат за сопствените искуства, ставови и однесување. Учењето и ангажманот од колеги се составен дел на сите модули. Онаму каде што е релевантно, модулите вклучуваат активности што треба да се спроведуваат заедно со граѓанските организации.

**4** Види забелешка: Прирачник за борба против говорот на омраза на интернет преку образование за човековите права, https://rm.coe. int/168065dac7; Полициска работа во однос на злосторствата од омраза против ЛГБТИ лицата кои се обучуваат за професионален одговор, https://edoc.coe.int/ en/lgbt/7405-policing-hate-crime-against-lgbti-persons-training-for-a-professional-police-response.html; Меѓукултурни градови – Прирачник за работа на полицијата во заедницата, https://edoc.coe.int/en/living-together-diversity-and-freedom-in-europe/7930-intercultural-cities-manual-on-community-policing.html Пакет со инструменти за полициските службеници: стандарди на Советот на Европа за расно мотивирани злосторства и спречување на дискриминацијата, со фокус на Ромите и патувачите, www.coe.int/en/web/roma-and-travellers/-/ toolkit-for-police-officers-council-of-europe-standards-on-racially-motivated-crimes-and-non-discrimination.

## Преглед

Овој прирачник се состои од шест модули. Напишани од експерти во областа, секој модул содржи практични активности за обука, со детални упатства и материјали. Прирачникот е модуларен и изработен на начин на кој ќе се овозможи максимална флексибилност при подготовката на агенди. Некои модули се тематски поврзани и, онаму каде што е релевантно, се препорачува кои активности од одделни модули може да се вклучат заедно во агендите за обука.

**Проценката на потребите и евалуацијата** е местото каде што треба да започне целата обука. Овој дел има за цел да ги поддржи националните лидери во одговорноста за планирање и спроведување на програми за обука во областа на еднаквост и недискриминација во полициското работење за да се идентификуваат приоритетните потреби за обука и соодветно да се изработуваат агенди за обука. Се разликува од другите модули со тоа што, иако постои веројатност дека ќе ги подобри вештините за планирање и ревидирање на оние кои се одговорни за подготовка и спроведување на обуката, овој модул не вклучува конкретни активности за обука.

**Модул 1, Еднаквост и недискриминација и пристап од аспект на човековите права во полициското работење**: дава преглед на клучните концепти и принципи за еднаквост и недискриминација. Клучните концепти, вклучително и „расизам“, „директна и индиректна дискриминација“ и „злосторство од омраза“, се истражени, поткрепени со разгледување на тоа што значи пристапот од аспект на човековите права кон полициското работење во практична смисла.

**Модул 2, Полициско дискриминаторско недолично однесување**: се фокусира на идентификување и справување со дискриминаторското недолично полициско однесување од полициските службеници кои први пристигнуваат на местото на настанот до началниците и раководството. Вежбите истражуваат како да се соочите со недоличното однесување од страна на колегите, како и како повисокото раководство може да води преку пример и да користи податоци за да ги идентификува проблемите и приоритетите за дејствување во оваа област.

**Модул 3, Превенција и одговор на расно и друго дискриминаторско профилирање**: има за цел да ги подготви обучуваните со способност за препознавање и соочување со расните и дискриминаторски политики и практики на профилирање, за идентификување на алтернативни избори за полициско работење и разбирање на важноста од овозможување на лицата кои се цел на незаконското или дискриминаторското профилирање да се жалат и да бараат исправка.

**Модул 4, Полициска истрага за злосторство од омраза**: се однесува на злосторството од омраза и неговите составни концепти според меѓународните и националните норми и стандарди и има за цел да ги поддржи слушателите во истражувањето на клучните истражни принципи и практики, вклучително и идентификувањето и користењето на показатели за пристрасност, ефективно преземање изјави и подготовка за интервју.

**Модул 5, Постапување со почит и недискриминаторски однос кон жртвите**: има за цел да помогне да се обезбеди неомаловажувачки и недискриминаторски третман на жртвите, сведоците и членовите на семејството, како и да се овозможи пристап на жртвите до нивните права и поддршка. Овој модул, исто така, има за цел да изгради разбирање за тоа како дискриминаторскиот или омаловажувачки третман може да предизвика секундарна виктимизација и како да се идентификува, оспори и адресира ова однесување.

**Модул 6, Ангажирање во заедницата / Односи во заедницата и полициско работење во заедницата на локално ниво**: истражува како да се развијат отворени, проактивни, конструктивни и позитивни односи со заедниците кои се засегнати и на кои се однесуваат прашањата за еднаквост, различност и недискриминација во полициското работење.

# Како да го користите овој прирачник

Овој прирачник е изработен на начин на кој ќе им се овозможи максимална флексибилност на обучувачите. Активностите и модулите треба да бидат избрани според комбинацијата на учесници, потребите на организацијата домаќин и други специфични контекстуални барања, како што се временските ограничувања. Се препорачува тимот за обука прво да го комплетира делот за проценка на потребите и евалуација со цел да процени кои модули и активности се потребни и да изгради соодветна агенда.

Прирачникот е изработен за изведување на обука од страна на тим составен од две лица, идеално би било доколку едното лице е или претходно било полициски службеник. Ова е особено важно за модулите кои првенствено се фокусираат на прашањата за недолично полициско однесување, како што е Модулот 2, кој се однесува на полициското дискриминаторско недолично однесување и Модулот 3, кој се однесува на расното и друго дискриминаторско профилирање. Доколку се работи за национален курс за обука, еден тренер треба да биде од земјата во која се одржува обуката.

# ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ И ЕВАЛУАЦИЈА

Утврдено е дека сеопфатната проценка на потребите и евалуацијата ги поткрепуваат најефективните програми за обука.[5] Добивањето на ова право го зголемува непосредното, среднорочното и долгорочното влијание на обуката за еднаквост и недискриминација и нејзиниот придонес кон пошироките културолошки промени во полицијата. Целта на овој модул е да се поддржат националните потенцијали за ревидирање и идентификување на потребите и приоритетите за обука, да се идентификуваат евалуативните пристапи и да се изберат модули и соодветно да се развијат агенди.

Треба да се земе предвид и поширокиот контекст. Полициските служби низ регионот на Советот на Европа ќе бидат во различни фази во нивното спроведување на принципите, стандардите и практиката за еднаквост и недискриминација. Полицискиот персонал исто така ќе има различни нивоа на знаење, искуство и вештини во овие области. Високопрофилните случаи можеби откриле лошо или дискриминаторско полициско однесување, и следствено на тоа ги воочиле итните потреби од обука, па дури и дисциплински мерки. Некои држави можеби вовеле национални акциски планови против расизмот кои бараат стратешките приоритети за обука да се спроведат во одредени временски рокови. Сеопфатните проценки на потребите можат да гарантираат дека стратегискиот, како и оперативниот контекст се земени во предвид при изработувањето на програмите за обука за еднаквост и недискриминација.

Овој модул обезбедува рамка за проценка и евалуација на потребите. Тој се разликува од другите модули по тоа што, иако веројатно ќе ги подобри вештините за планирање и ревидирање на оние кои се одговорни за подготовка и спроведување на обуката, тој не вклучува специфични активности за обука. Целните групи за овој модул се водечките полициски службеници кои ги дефинираат јавните политики кои се однесуваат на полициското работење во заедницата / злосторство од омраза / еднаквост и недискриминација, како и нивните колеги и еквиваленти од полицискиот колеџ или академија.

Поточно, рамката за проценка на потребите претставена во овој модул има за цел да ги поддржи корисниците во:

- идентификација на клучни целни групи
- идентификација и проценка на потребите од обука и приоритетите
- поддршка на ефективната активност и планирање на агендата
- идентификација на најсоодветниот тим за обука, вклучувајќи ги и националните полициски обучувачи, експерти на Советот на Европа и локалните граѓански организации
- обезбедувањето на рамка за вклучување на заедниците во идентификување на потребите од обука и ресурсите на заедницата за поддршка на спроведувањето на курсевите за обука
- мапирањето на постојните јавни политики, упатства, курсеви за обука, студии на случај, податоци за искуствата и перцепциите на заедницата.

**5** Видете на пример, Европска комисија, 'Hate Crime Training for Law Enforcement and Criminal Justice Authorities: 10 Key Guiding Principles', (2017), достапна на https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/ec-2017-key-guiding- principles-recording-hate-crime_en.pdf

# Процесот на проценка на потребите

Овој дел предлага следење на процесот чекор-по-чекор при спроведување на проценката на вашите потреби. Поради ограничувањата на времето и ресурсите, можеби нема да биде возможно да се следат сите чекори или да се користат сите ресурси. Без оглед на ограничувањата со кои се соочувате, обидете се да го следите секој чекор и да ја пополните Табелата за проценка на потребите колку што можете.

Се препорачува да свикате мала работна група со претставници од соодветните полициски единици и одделенија како што е школата за обука, и претставниците од раководството од вашите целни полициски единици. Ова ќе ви помогне во обезбедување на поширок опсег на информации при оценувањето на потребите и приоритетите за обука. Исто така, ќе помогне да се погрижите дека можете да го искористите времето и стручноста на колегите при спроведувањето и при каскадните активности за обука. Можеби ќе сакате да ја искористите поддршката на Советот на Европа во оваа фаза.

### *Чекор 1: Прегледајте го Образецот на  табелата за проценка на потребите*

Образецот може да ви помогне систематски да ги процените потребите во однос на секој модул и да дадете приоритет во однос на тоа кои модули и активности најдобро би им служеле на вашата целна група. Прегледајте ја табелата за проценка на потребите (Анекс Б) и пополнете ги деловите колку што е можно повеќе. На пример, треба да сте во можност да ја пополните колоната 2 за стратешкиот контекст со додавање информации за националниот правен и политички контекст. Можете исто така да започнете да ја пополнувате четвртата колона која бара проценка на приоритетот на секој модул и петтата колона каде што ќе размислите како можете да ги вклучите граѓанските организации во изработката и спроведувањето на секој модул. Повнимателно ја разгледуваме проценката на потребите за обуката на вашите целни слушатели во чекор два даден во продолжение подолу; сепак, можете да почнете да ја пополнувате оваа колона во табелата (трета колона) и врз основа на податоците што моментално ви се достапни.

### *Чекор 2: Изработка и дистрибуција на прашалниците за обуката во насока на проценка на моменталното знаење на вашата целна(и) група(и)*

Анкетирањето на вашата целна(и) група(и) со користење на прашалници може да ви даде корисни сознанија за тоа што вашите целни слушатели забележале во текот на нивната работа за нивното разбирање и сфаќањето на нивните колеги за прашањата кои се однесуваат на еднаквоста и дискриминацијата.

При подготовка на вашата анкета, земете ги предвид следниве активности:

- идентификувајте ја вашата целна група, на пример, иследниците/истражителите, униформираните полициски службеници, полициските кадети, раководството, лидерството итн.
- анкетите треба да се кратки, лесно пристапни и лесни за поднесување
- погрижете се анкетата да вклучува прашања кои се релевантни за секој модул од прирачникот или модулите за кои веќе сте одлучиле да бидат вклучени во обуката
- погрижете се анкетите да вклучуваат прашања што го тестираат „знаењето“, на пример, за концептот злосторство од омраза, концептуалните и правните

дефиниции за дискриминација или националните полициски системи за поплаки

- погрижете се анкетите да содржат прашања кои истражуваат за што вашите целни слушатели би сакале да научат повеќе и од кои се добива увид во тоа што мислат дека знаат за содржината опфатена во одредени модули
- размислете за можноста прашалниците да бидат анонимни; ова треба да ја зголеми шансата вашите целни слушатели да се чувствуваат поудобно да ја споделат својата искрена проценка за потребите од полициска обука
- побарајте од повисокото раководство да ја одобри анкетата и да нагласи дека анкетата има за цел да ја поддржи ефективната проценка на приоритетите за обука на организацијата
- координирајте со полициските раководители и релевантните полициски тела за обука за да го добиете нивниот придонес за сите други прашања што треба да бидат вклучени во прашалниците
- координирајте со релевантните колеги од полицијата за да се погрижите дека прашалникот е колку што е можно пошироко дистрибуиран до вашите целни групи.

Примерок од прашалникот за предобука за проценка на знаењето за содржината и приоритетите за обука може да се најде во Анекс В.

### *Чекор 3: Пополнете ја табелата за проценка на потребите*

Кога ќе ги добиете и ќе ги анализирате одговорите на анкетата, можете да ја пополните табелата за проценка на потребите. При пополнување на образецот, националните колеги еквиваленти, можеби во партнерство со колегите од Советот на Европа, треба да имаат јасна идеја за националните приоритети и следствено на тоа кои модули се најсоодветни за реализација. Табелата за проценка на потребите може да се најде во Анекс Б.

## Евалуација

Евалуацијата е суштински дел во планирањето и спроведувањето на која било обука и може да се преземат многу пристапи. Овој дел вклучува два примери, краткорочни и среднорочни/долгорочни евалуации.

Целта на краткорочната евалуација е да се утврди дали активностите/модулот ги исполниле целите на учењето. Краткорочните евалуации може да се спроведат со користење на едноставни прашалници кои го тестираат знаењето непосредно пред и веднаш по обуката. Примери за такви обрасци може да се најдат во Анекс В и Г.

Целта на среднорочните и подолгорочните евалуации се постратешки и се фокусираат на проценка дали активностите/модулот за учење ги задоволиле потребите идентификувани во проценката на потребите. Среднорочните и долгорочните евалуации бараат повеќе планирање; добра идеја е да нарачате независен оценувач да дизајнира и спроведе евалуација со релевантните засегнати страни, следејќи ја структурата на табелата за проценка на потребите.

# Анекси

## *Анекс А: Примерок од прашалниците за предобука за да се процени познавањето на содржината и приоритетите за обука*

**Предлог наслов: „Прашалник за пополнување пред изведување на полициската обука за еднаквост и недискриминација“**

„Ве молиме одговорете на прашањата врз основа на вашето знаење, разбирање и искуство. Одговорите ќе се користат за подобро разбирање на вашите потреби за обука и искуство во справувањето со еднаквоста и човековите права во полициското работење.'

Однапред ви благодариме за вашите одговори!

1. Е-пошта
2. Целосно име
3. Орган што го застапувате (целосно)
4. Позиција и главни одговорности
5. Регион
6. Работно искуство

   *Штиклирајте ги сите што важат.*

   - Помалку од 1 година
   - 1-5 години
   - повеќе од 5 години

7. Кои одговорности ги имате во справувањето со следново:

*Упатство: во зависност од фокусот на вашата проценка на обуката, вклучете ги или отстранете ги темите наведени во продолжение.*

- Еднаквост и човекови права во полициското работење
- Полициско недолично однесување
- Дискриминаторско профилирање
- Истрага за злосторство од омраза
- Поддршка на жртвите
- Ангажирање на заедницата и полициско работење во заедницата

*Опишете ги вашите одговорности во неколку реченици:*

## Примерок на прашања во врска со познавањето за секој модул

**Забелешки на обучувачот**

Овој дел вклучува примероци на прашања за тестирање на знаењето за предметот опфатен во секој модул. Користете ги овие делови како водич за да креирате сопствени соодветни прашања за националниот контекст.

***Модул 1: Еднаквост и човекови права во полициското работење***

1. Меѓународните обврски за човекови права вклучуваат:
   *(штиклирајте сè што важи)*

- Должноста на полицијата да интервенира кога постои ризик по животот или ризик од повреда

- Должноста да се преземат позитивни активности за да им се овозможи на граѓаните да ги практикуваат своите човекови права, на пример, правото на слобода на собирање
- Должноста да се истражи можноста за дискриминаторски мотив во секое кривично дело:

А. Полициско недолично однесување
Б. Дискриминаторско профилирање
В. Истрага за злосторство од омраза
Г. Проблеми со жртвите
Д. Ангажирање на заедницата и полициско работење во заедницата

**Забелешки на обучувачот**

Сите одговори се точни.

2. Поврзете ја дефиницијата со концептот

| Концепт | Вметнете буква | Дефиниција |
|---|---|---|
| Предрасуди / пристрасност | А | Верувањето дека основата како што е „раса", етничко или национално потекло, јазик или националност го оправдува презирот кон некоја личност или група луѓе или поимот за супериорност на една личност или група на луѓе. |
| Расизам | Б | Случаи кога навидум неутрална одредба, практика или политика се применува за сите на ист начин, но става некои групи на луѓе во понеповолна положба во споредба со другите врз основа на нивната „раса", етничко потекло, религија, националност, (попреченост) , сексуална ориентација или родов идентитет и така натаму. |
| Дискриминација | В | Однапред утврдени мислења кои не се засноваат на логика, факти или реално искуство, кон личност или група врз основа на нивните лични карактеристики, како што се „раса", етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација, родов идентитет, или друг личен статус. |
| Индиректна дискриминација | Г | Секој неоправдано различен третман кој се заснова на основи како што се „раса", етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација или родов идентитет и слично, што нема објективно и разумно оправдување. |
| Повеќекратна дискриминација | Д | Дискриминација по повеќе основи. |

*Модул 2: Полициско дискриминаторско недолично однесување*

3. Кои се примерите на дискриминаторско недолично однесување? (штиклирајте сè што се применува)

- Расно профилирање
- Лажно сведочење
- Прекумерна силаФабрикување докази

4. Дали сте запознаени со процесот и процедурите за недолично однесување на организацијата?

**Забелешки на обучувачот**

Само расното профилирање е пример за дискриминаторско полициско недолично однесување. Останатите се примери на недолично однесување без дискриминаторски елемент.

- Да
- Не

5. Според вас, кој е најголемиот предизвик за полициското работење во оваа област?

***Модул 3: Дискриминаторско профилирање***

6. Прочитајте ја ситуацијата во продолжение. Дали е тоа пример каде полицијата може законски да запре и претресува граѓанин врз основа на „основано сомневање“?

*Едно лице вози непредвидливо, скршнува меѓу лентите и не застанува на сообраќајната сигнализација.*

7. Прочитајте ја ситуацијата дадена во продолжение. Дали е тоа пример каде полицијата може законски да запре и претресува граѓанин поради „основано сомневање“?

**Забелешки на обучувачот**

Точниот одговор е да.

*Полицаец слуша на полициското радио дека маж со африканско потекло побегнал од местото на грабеж во соседството. Полицаецот забележал маж со африканско потекло на тротоарот на околу 100 метри од патролното возило.*

**Забелешки на обучувачот**

Точниот одговор е не.

8. Според вас, кој е најголемиот предизвик за полициското работење во оваа област?

*Модул 4: Полициска истрага за злосторство од омраза*

9. Злосторство од омраза е…

- Физички напад заснован на силно емоционално чувство кон член на семејството
- Кривично дело во кое жртвата е избрана врз основа на неговата припадност на одредена група
- Акт на хулиганство пропратен со вербални навредиСите горенаведени

**Забелешки на обучувачот**

ОТочниот одговор е опција 2.

10. Што од наведеното може да укаже дека кривичното дело може да биде кривично дело од омраза? (одберете ги сите точни опции)

А. Жртвата или сведокот верува дека кривичното дело е извршено врз основа на предрасуди кон основниот аспект на нивниот идентитет.
Б. Цртежи, знаци, симболи или графити оставени на местото на злосторството.
В. Постои долга историја на личен анимозитет помеѓу жртвата и напаѓачот.
Г. Жртвата припаѓа на група во која значително доминира друга група во областа каде што е извршено кривичното дело.Злосторството се случило на ден кој е од посебно значење (на пример, верски или национален празник).
Д. Злосторството се случило на ден кој е од посебно значење (на пример, верски или национален празник).

**Забелешки на обучувачот**

Точните одговори се а., б., г. и д.

Овој дел може да вклучи прашања од националното законодавство за злосторство од омраза и полициски насоки.

11. Според вас, кој е најголемиот предизвик за полициското работење во оваа област?

*Модул 5: Постапување со почит и недискриминаторски однос кон жртвите*

12. Дали е ова вистина или неточно? „Психолошкото и емоционалното влијание на злосторствата од омраза врз жртвите е посериозно отколку кај другите злосторства".

**Забелешки на обучувачот**

Точниот одговор е „точно".

13. Што е „секундарна виктимизација"?

Секундарната виктимизација е:

А. Дискриминаторски или безобѕирен третман што го засилува или го влошува влијанието на оригиналното кривично дело.
Б. кога има повеќе од една жртва на кривичното дело.

**Забелешки на обучувачот**

Точниот одговор е а.

14. Според вас, кој е најголемиот предизвик за полициското работење во оваа област?

***Модул 6: Ангажирање во заедницата, односи со заедницата и полициско работење во заедницата на локално ниво***

15. Кои засегнати страни можат да бидат вклучени во ангажманот на заедницата? Штиклирајте ги сите важечки.

А. Локално училиште
Б. Општински власти
В. Здружение на жители
Г. Локална невладина организација која работи со неодамна пристигнатите мигранти
Д. НВО за бездомнициСите горенаведени

**Забелешки на обучувачот**

Точниот одговор е е.

Според вас, кој е најголемиот предизвик за полициското работење во оваа област?

## *Анекс Б: Табела за проценка на потребите*

| Наслов на модулот | Стратешки контекст: Релевантни национални закони, јавни политики, упатства | Проценка: моменталните знаења и потребите за учење на целните слушатели | Проценка: приоритет на овој модул | Планирајте вклучување на граѓанските организации |
|---|---|---|---|---|
| | Напомена: Наведете ги сите закони, јавни политики и упатства кои се релевантни за овој модул.<br><br>Забележете што е централно за полициската улога и забележете дали потребите од обука се идентификувани како резултат на несоодветно однесување / лошо постапување во случај / повратни информации/ коментари од заедницата. | Напомена: Размислете за целите за учење за секој модул; врз основа на нив, изгответе прашалник кој вклучува прашања за да ви помогне во идентификувањето на недостатоците во знаењето и перцепциите на засегнатите страни за тоа што треба да научат повеќе. Доколку веќе ви е сосема јасно за тоа кои се вашите целни групи и на кои модули најверојатно ќе се фокусирате, можете соодветно да го изработите вашиот прашалник. | Напомена: Кога го оценувате приоритетот на секој модул, земете ги предвид прашањата како што се високопрофилните случаи, исходот од проценката во втората колона, разгледајте ги неодамна започнатите стратегии, како што се акциските планови за борба против расизмот, кои вклучуваат обврски за обука и препораки/набљудувања од МГО и националните граѓански организации итн.<br><br>Размислете да доделите оценки на скала од 1-5. 5 = висок приоритет, 1 = низок приоритет. | Напомена: Идентификувајте како да вклучите соодветни организации во заедницата и специјализирани услуги за поддршка во испораката на секој избран модул. |
| Модул 1: Основите на еднаквоста, недискриминацијата и човековите права во полицискиот контекст. | | | | |
| Модул 2: Полициско дискриминаторско недолично однесување | | | | |

| Наслов на модулот | Стратешки контекст: Релевантни национални закони, јавни политики, упатства | Проценка: моменталните знаења и потребите за учење на целните слушатели | Проценка: приоритет на овој модул | Планирајте вклучување на граѓанските организации |
|---|---|---|---|---|
| Модул 3: Спречување и одговор на дискриминаторското профилирање. | | | | |
| Модул 4: Полициска истрага за злосторство од омраза. | | | | |
| Модул 5: Неомаловажувачки и недискриминаторски третман на жртвите. | | | | |
| Модул 6: Ангажирање на заедницата / односи со заедницата и полициско работење во заедницата на локално ниво. | | | | |

## *Анекс В: Евалуација пред обуката*

1. Пол

☐Женски ☐Машки ☐Претпочитам да не кажам ☐Друго

2. Како би го оцениле вашето разбирање на [внесете наслов на модулот / теми од агендата] *(1 = ниско или ограничено разбирање; 5 = солидно разбирање)*

☐1 ☐2 ☐3 ☐4 ☐5

Ве молиме додајте дополнителни коментари:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

3. Како би го оцениле вашето ниво на познавање на [темите опфатени во оваа агенда]?
*(1 = ниско или ограничено разбирање; 5 = солидно разбирање)*

☐1 ☐2 ☐3 ☐4 ☐5

Ве молиме додајте дополнителни коментари:

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

_______________________________________________

## *Анекс Г: Евалуација по обуката*

1. Пол

☐Женски ☐Машки ☐Претпочитам да не кажам ☐Друго

2. По обуката, како би го оцениле вашето разбирање на [внесете релевантен јазик]
*(1 = ниско или ограничено разбирање; 5 = солидно разбирање)*

☐1 ☐2 ☐3 ☐4 ☐5

Ве молиме додајте дополнителни коментари:

_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________

3. По обуката, како би го оцениле вашето ниво на познавање на [внесете соодветен јазик]?
*(1 = ниско или ограничено разбирање; 5 = солидно разбирање)*

☐1 ☐2 ☐3 ☐4 ☐5

Ве молиме додајте дополнителни коментари:

_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________
_______________________________________________

Ве молиме оценете ги изјавите во продолжение користејќи ја следната класификација:

4. Обуката ги исполни вашите севкупни очекувања.

☐Потполно се согласувам ☐Се согласувам ☐Неутрален ☐Не се согласувам ☐Воопшто не се согласувам

5. Времетраењето на обуката беше соодветно.

☐Потполно се согласувам ☐Се согласувам ☐Неутрален ☐Не се согласувам ☐Воопшто не се согласувам

6. Содржината на обуката беше соодветна.

☐Потполно се согласувам ☐Се согласувам ☐Неутрален ☐Не се согласувам ☐Воопшто не се согласувам

7. Содржината на обуката беше релевантна за вашата работа.

☐Потполно се согласувам ☐Се согласувам ☐Неутрален ☐Не се согласувам ☐Воопшто не се согласувам

8. Формата на обуката (групна работа, вежби, презентации итн.) беше соодветна.

☐Потполно се согласувам ☐Се согласувам ☐Неутрален ☐Не се согласувам ☐Воопшто не се согласувам

9. Можностите за интеракција со колегите учесници беа соодветни.

☐Потполно се согласувам ☐Се согласувам ☐Неутрален ☐Не се согласувам ☐Воопшто не се согласувам

10. Можностите за интеракција со обучувачите беа соодветни.

☐Потполно се согласувам ☐Се согласувам ☐Неутрален ☐Не се согласувам ☐Воопшто не се согласувам

11. Обучувачите беа запознаени со темите опфатени на обуката.

☐Потполно се согласувам ☐Се согласувам ☐Неутрален ☐Не се согласувам ☐Воопшто не се согласувам

12. Обучувачите се претставија на ангажиран и интересен начин.

☐Потполно се согласувам ☐Се согласувам ☐Неутрален ☐Не се согласувам ☐Воопшто не се согласувам

13. Како мислите да го искористите знаењето од оваа обука?

14. Дали има нешто друго што можеби ќе ви треба за да можете да го имплементирате знаењето од оваа обука (на пр. повеќе знаење, подобра поддршка / поголема посветеност од раководството, промена на полициската култура, поспецифични курсеви за обука итн.)?

15. Ве молиме наведете ги во продолжение сите други коментари за обуката, вклучувајќи и совети за подобрување.

# Пакет инструменти

Овој дел содржи упатства за тоа како да се спроведе загревање и играње на улоги. Загревањето може да се изведува по налагање на обучувачот. Модулот 6 вклучува активност за играње на улоги.

## *Загревање*

Загревањето обично се изведува на почетокот на сесијата за обука или конкретни активности за обука. Неговата цел обично е да ја зголеми поврзаноста меѓу учесниците и да предизвика општо чувство на релаксација во групата. Загревањето може и да има двојна цел, односно може да се искористи за создавање на мали групи кога тоа е потребно за конкретни вежби.

Генерално, загревањето треба да биде инклузивно и да се држи настрана од чувствителни теми. Ова е особено важно кога станува збор за обуките за недискриминација и човекови права. Овој дел вклучува неколку примери, но обучувачите може да имаат свои примери што би сакале да ги користат.

**„Мојата прва работа“**

Замолете ги сите во групата да го запишат своето име, нивната прва работа и што научиле од таа работа. Потоа поминете низ групата и замолете ги сите ги прочитаат своите белешки.

Ова е шанса членовите на групата да научат нешто ново едни за други без да стане премногу непријатно и прелично. Исто така, ова е одлично загревање бидејќи не бара премногу размислување или подготовка.

**„Еден збор“**

Поделете ја групата во помали групи или во парови, во зависност од тоа колку учесници имате. Побарајте од секоја група да смисли еден збор што опишува одредена тема. На пример, изберете збор што е поврзан со активноста на која што сакате да бидете олеснувач. За активностите за злосторство од омраза, побарајте од групата да се согласи со еден збор што најдобро го опишува влијанието на „злосторството од омраза“ врз жртвите. За активностите за полициското дискриминаторско недолично однесување, повторно, побарајте од групата да се согласи околу еден збор што го сумира влијанието на ова прашање врз полицијата како институција итн. Поставете го тајмерот на (две минути треба да бидат доволни) и потоа побарајте од секоја група да го сподели својот збор. Секој збор можете да го напишете на поголема хартија/хамер.

Целта на ова загревање не е нужно да се дојде до идеи за акција, туку да се натераат луѓето да размислуваат на темата пред главните активности на работилницата

**„Часовникот што отчукува“**

Подгответе однапред листа со дванаесет прашања што ќе ги користите во загревањето

(видете го примерот даден во продолжение). Пример на прашања:

1. Како се викате?
2. Што работите?
3. Кој беше насловот на последната книга што сте ја прочитале?

4. Која е вашата омилена ТВ серија?

5. Која е вашата омилена храна?

6. Кое е вашето омилено животно?

7. Кое е вашето омилено хоби?

8. Каде е вашето патување од соништата?

9. Што би направиле доколку победите на лотарија?

10. Споделете една желба што би сакале да се оствари.

Побарајте од учесниците да седнат во групи од по четворица, со столчињата во вкрстена положба (свртени еден кон друг). Објаснете им на учесниците дека ќе им поставите збир прашања на групите и дека тие треба да одговорат што е можно побрзо. За секое прашање учесниците треба да одговорат веднаш и спонтано, еден по еден. Дополнително, објаснете им дека ќе имаат само 15 секунди да одговорат на секое прашање и ако некој не може да одговори на прашањето, да каже „следен“.

## *Олеснување во играњето на улоги*

Додека некои учесници можат да гледаат на играњето на улоги со страв, тоа може да биде навистина корисна алатка за учење и да го подобри учењето и учеството. Исто така, тоа претставува пример за „учење преку правење“.

Има неколку клучни точки што треба да ги имате предвид кога подготвувате играње на улоги. Прво, како обучувач, погрижете сте дека сте запознаени со секоја улога и приказната и ситуацијата на која тие ќе им дадат живот за време на активноста за учење. Замислете како ќе одговарате на прашањата од учесниците и како би можеле да се справите со незгодни ситуации, на пример, кога учесниците не се согласуваат со тоа како колегата ја одиграл улогата или во ситуации каде еден учесник се однесува несоодветно.

За време на сесијата:

- погрижете се дека учесниците се целосно информирани за целта на играњето улоги. Оставете им време да ги прочитаат упатствата за нивната улога и контекстот на сценариото.
- погрижете се дека прашањата поттикнуваат и може да се одговараат, проверете дали сите се задоволни од одговорот што го добиле на нивните прашања.
- преземете чекори за создавање на поддржувачка и безбедна средина. Нагласете го моментот дека ова е искуство за учење, а не час по глума. Охрабрете ги сите да дадат поддршка и конструктивен повратен одговор и коментар кога ќе дојде време.
- имаат за цел да создадат релаксирана, па дури и забавна средина. Ова е шанса за учесниците да се поврзат меѓу себе на различни начини и да бидат малку креативни.
- објаснете дека учеството во играњето на улоги може да ги поддржи слушателите да ја земат предвид перспективата на друго лице, што може да биде особено корисно за темите опфатени во овој прирачник.
- погрижете се дека слушателите имаат доволно време да го вежбаат играњето на улоги. Овој процес не треба да се брза. На учесниците ќе треба да им е јасно која е нивната улога и да се сигурни во нивната „изведба“.
- кога олеснувате повратни информации и коментари, проверете дали поттикнувате повратни информации и коментари за содржината, а не за изведбата. Проверете дали се истакнати клучните Наставни теми. Пренасочете ги или спротивставете се на несоодветните повратни информации.

По сесијата:

Погрижете се да оставите доволно време за соодветен дебрифинг. Како учесниците го доживеаја играњето на улоги, што научија? Дали имаат некакви неодговорени прашања во врска со темата?

Ова исто така може да биде добар момент да се уверат или пофалат поединците, особено сите учесници кои изразиле скептицизам или вознемиреност во врска со земањето учество.

Конечно, размислете дали треба да продолжите поединечно со некој од учесниците. На пример, да се изјасните за некој тежок момент што се појавил за време на играњето на улоги. Да ги охрабрите учесниците да размислуваат за инцидентот и да ги поддржите да идентификуваат што научиле и дали и како би можеле да го применат тоа во својата професионална улога.

Запомнете дека преземањето на овие чекори и претставувањето на играњето на улоги како добро структуриран и обмислен процес може да ја зголеми шансата слушателите сериозно да ја сфатат активноста и како резултат на тоа да научат повеќе.

## Модул 1

# ЕДНАКВОСТ И НЕДИСКРИМИНАЦИЈА И ПРИСТАП ОД АСПЕКТ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО ПОЛИЦИСКОТО РАБОТЕЊЕ

*АВТОР: МАРХАРИТА ЖЕСКО*


| | |
|---|---|
| Вовед и контекст | 26 |
| Резултати од учењето | 27 |
| Преглед на активностите и временските рамки | 27 |
| Подготовка | 27 |
| Опис на активноста | 28 |
| *Активност 1.1: Човековите права и полициското работење – Сфаќање на поврзаноста* | *28* |
| *Активност 1.2: Полициско работење засновано на човековите права – Што добивам јас од тоа?* | *32* |
| *Активност 1.3: Разбирање на еднаквоста и недискриминацијата во полициското работење* | *35* |
| *Активност 1.4: Полициски должности во однос на недискриминацијата – Практична вежба* | *44* |
| *Активност 1.5: Промовирање на еднаквост и недискриминација во полициската работа* | *48* |
| *Активност 1.6: Улогата на полицијата во промовирањето на добрите односи* | *51* |
| Анекси и материјали | 52 |
| *Материјал 1.1* | 52 |
| *Материјал 1.3.1* | 54 |
| *Материјал 1.3.2* | 55 |

# Вовед и контекст

Како клучен актер одговорен за јавната безбедност, полицијата има задача да го одржува законот и редот во општеството преку спречување и борба против криминалот. Во последните децении, на полицијата сè повеќе се гледа како на давател на услуги, а не како на сила.[6] Овој пристап подразбира дека полицијата ги развива и спроведува своите активности според потребите на јавноста и државата, врз основа на владеењето на правото и со добиените информации од перспектива на човековите права. Во овој пристап се истакнува централната улога на човековите права во полициската работа и поимите кои произлегуваат оттука, како на пр. транспарентност, отчетност, законитост, пропорционалност, недискриминација и унапредување на еднаквоста.

Меѓутоа, на терен, полициските службеници можат да ги согледаат човековите права како пречка, наместо како основа и алатка за нивната работа. Во некои случаи, полициските службеници не се доволно обучени за да ги разберат и да се усогласат со нивните должности во однос на човековите права. Сепак, во однос на малцинските групи, човековите права имаат уште поголемо значење во полициската работа. Припадниците на малцинските групи се изложени на ризик од дискриминаторско вознемирување и насилство и се соочуваат со бариери во пристапот до заштитата и правдата поради нивната ранливост, маргинализација и исклученост. Често се случува полициските службеници да не ја препознаваат и да не се занимаваат со оваа ранливост и нејзините импликации врз безбедноста на припадниците на малцинствата. Понатаму, водено од нивните сопствени предрасуди и пристрасност, полициското однесување понекогаш може да ја зајакне нееднаквоста и да придонесе за секундарна виктимизација.

Во овој контекст, овој модул има за цел да ги предизвика, да влијае и да ги информира ставовите на учесниците во однос на човековите права и да покаже како човековите права можат да ја подобрат нивната работа и влијание. Исто така, модулот обезбедува знаење за полициските должности во врска со борбата против дискриминацијата и промовирањето на еднаквоста, како и нивните практични импликации. Тематски, модулот е изграден околу три дела. Активностите 1.1 и 1.2 го воведуваат концептот на полициско работење од аспект на човековите права и демонстрираат зошто е важно и како помага во зголемување на ефикасноста на полициското работење. Активностите 1.3 и 1.4 се фокусираат на клучните концепти и полициските должности во врска со борбата против дискриминацијата. Активностите 1.5 и 1.6 се однесуваат на улогата на полицијата во промовирањето на еднаквоста, вклучувајќи ги и институционалните мерки и улогата на одделните службеници.

Главните меѓународни стандарди кои го поткрепуваат овој модул произлегуваат од Европската конвенција за човекови права и судската пракса на Европскиот суд за човекови права. Дополнително, модулот се надоврзува на Општата препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полициската работа[7], конкретно во врска со самата перцепција – врз основа на дефиницијата за расизам и нејзиното влијание врз полициските должности. На крај, модулот ги прикажува клучните меѓународни и европски документи за човекови права кои конкретно се однесуваат на прашањето за промовирање еднаквост и борба против дискриминацијата.

**6** Препорака Rec(2001)10 на Комитетот на министри до земјите-членки за Европскиот кодекс за полициска етика, усвоена на 19 септември 2001 година, достапна на https://rm.coe.int/16805e297e. Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полициското работење, усвоена на 27 јуни 2007 година. www.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/recommendation-no.11. Конференција: Улогата на полицијата во едно демократско општество: Европски кодекс на полициска етика, речиси 20 години, www.coe.int/en/web/human-rights-rule-of-law/police-conference2020.
**7** Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полициското работење, усвоена на 27 јуни 2007 година. www.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/recommendation-no.11

## Резултати од учењето

Учесниците ќе

- **Ја разберат додадената вредност на пристапот заснован на човековите права кон полициското работење и начинот на кој може да ја подобри нивната работа**
- **Научат за рамките и концептите кои се релевантни за промоција на еднаквоста и недискриминацијата и соодветните полициски должности во овој поглед**
- **Препознаат дека полициските дејствија или неактивност може да придонесат за кршење на човековите права и принципот на еднаквост**
- **Ја разберат важноста на улогата на полицијата во промовирањето на еднаквоста и елиминирањето на дискриминацијата.**

## Преглед на активностите и временските рамки

| | |
|---|---|
| **Активност 1.1**: Човековите права и полициското работење – Разбирање на поврзаноста | **(45 минути)** |
| **Активност 1.2**: Полициско работење засновано на човековите права – Каква врска има тоа со мене? | **(30 минути)** |
| **Активност 1.3**: Разбирање на еднаквоста и недискриминацијата во полициското работење | **(90 минути)** |
| **Активност 1.4**: Полициски должности во однос на недискриминацијата – Практична вежба | **(60 минути)** |
| **Активност 1.5**: Промовирање на еднаквост и недискриминација во полициската работа | **(45 минути)** |
| **Активност 1.6**: Улогата на полицијата во промовирање на добрите односи | **(15 минути)** |

## Подготовка

Покрај надоврзувањето на резултатите од проценката на потребите, при подготовката на овој модул, тимот за обука треба да истражува за следново:

- Националното законодавство и политичките документи кои ја водат полициската работа и како тие ги дефинираат полициските функции, одговорноста и механизмите за надзор (Активност 1.1)
- Националната статистика и примерите за пријавување инциденти и криминал (вклучително и од припадниците на малцинските заедници), нивото на доверба кон полицијата, практиките на расно профилирање итн. (Активност 1.2)
- Националното законодавство и документите на јавните политики кои ги дефинираат клучните концепти претставени во овој модул, како што се дискриминацијата, расизмот, злосторството од омраза, говорот на омраза итн. (Активност 1.3)
- Националниот попис кој содржи, доколку е достапен, податоци за населението по национално или етничко потекло и статистички податоци за различната застапеност во полицијата, како што се членовите на недоволно застапените малцински групи (второто може да се провери преку полициски контакт)
- Националните мерки / механизми (институционални или оперативни) кои ја олеснуваат еднаквоста и недискриминацијата во полицијата (Активност 1.5).

Секоја активност е придружена со специфични точки за потребните подготвителни чекори, по потреба. Исто така, забелешките и препораките на обучувачот се дадени во текот на активностите на модулот.

## Опис на активноститете

### *Активност 1.1: Човековите права и полициското работење – Сфаќање на поврзаноста*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Човековите права треба да бидат во центарот на полициската работа. |
| **Време:** | 45 минути |
| **Потребни материјали:** | Поголема хартија/хамер<br>Маркери за хартија<br>Материјал 1.1 |

**Инструкции**

1. Започнете со тоа што ќе поставите прашање на сите учесници:
Која е вашата работа како полициски службеници?

Додека дискусијата се одвива, забележете ги главните поенти на хартија. Меѓу другото, во дискусијата треба да се истакне дека на полицијата треба да се гледа како на давател на услуги, а не како сила. Ова ги вклучува традиционалните цели на полициското работење, како што се одржувањето на јавниот ред и борбата против криминалот, кои се засноваат на владеењето на правото и за кои се добиени информации од перспективата на човековите права. Поконкретно, главните цели на полицијата во едно демократско општество се: [8]

- одржување на јавниот спокој и законот и редот во општеството
- спречување и сузбивање на криминалот
- откривање на криминал
- обезбедување на помош и услужни функции за јавноста и
- заштита и почитување на основните права и слободи на поединецот.

2. Продолжете со поставување на следниве прашања на сите учесници:

- Како ги разбирате човековите права? Можете ли да наведете еден или два примери за човекови права?
- Ќе ве замолам да наведете примери за тоа кога сте ги користеле вашите човекови права како поединци или како група?

Надоврзувајќи се на одговорите од групата, означете ги следните поенти. Човековите права се оние основни права кои им овозможуваат на поединците да го обликуваат својот живот во согласност со поимите за човечко достоинство, правда, слобода и еднаквост. Овие поими се рефлектираат во конкретните човекови права, како што се правото на живот, забраната на тортура, правото за склучување на брак и имање на семејство, правото на практикување на својата религија, слободата на изразување или слободата на собирање итн. Секое човечко суштество ги има овие права од самото раѓање.

На крајот од оваа дискусија, дистрибуирајте го Материјалот 1.1 – Поедноставена верзија на избраните статии од Европската конвенција за човекови права и нејзините протоколи. Дозволете им пет минути на учесниците да го прочитаат и да се запознаат или да го освежат своето знаење за човековите права. Доколку групата не била активна во давање
примери за горенаведените прашања, додека тие го читаат Материјалот
1.1, замолете ги да дадат примери кога ги користеле човековите права како поединци.

8 Европски кодекс за полициска етика, додаток на препораката Rec(2001)10, усвоен од Комитетот на министри на Советот на Европа на 19 септември 2001 година, достапен на https://rm.coe.int/16805e297e.

3. Потоа, поделете ја групата на три или четири помали групи, во зависност од големината на целата група, и замолете ја секоја група да дискутира за следните прашања. Секоја група ќе има 10 минути за дискусија, а подоцна ќе биде побарано од нив да ги споделат своите одговори со целата група. Како што групите презентираат, забележувајте ги главните поенти на флип-чартот.

   - Како полициски службеници, како мислите дека човековите права се поврзани со вашата работа? Ве молиме наведете примери од вашата пракса.
   - Како полициски службеници, како ја сфаќате вашата улога да за заштитување и почитување на човековите права на поединецот? Наведете примери од вашата пракса.

За Забелешки на обучувачот

- **Како полициски службеници, како мислите дека човековите права се поврзани со вашата работа?**

Прво, полициската функција за спречување и борба против криминалот е директно поврзана со човековите права. На пример, заштитата на животот на поединецот е вградена во правото на живот на тој поединец. Како претставници на државата, полицијата има должност да ги штити правата и слободите на поединците. За таа цел, полицијата им дава живот на човековите права. Без полицијата да работи на почитување и заштита на човековите права, правата би биле бесмислени. Дополнително, човековите права им помагаат на полициските службеници да одлучат што е дозволено или забрането. За извршување на своите функции, на полицијата и се дава широк степен на дискреција при извршувањето на своите должности: полицијата има посебни овластувања привремено да ги лиши луѓето од нивната слобода или да го ограничи целосното уживање на нивните права, да употребува сила и, во екстремни околности, да употреби смртоносна сила. Рамката за човекови права ги води полициските службеници во донесувањето правилни одлуки при пропорционалното извршување на нивните должности. Последно, но не и најмалку важно, човековите права, исто така, обезбедуваат основни човечки вредности за полицајците кои се исто така носители на правата. Како и секое друго лице, полициските службеници имаат човекови права; на тој начин, со заштита на човековите права на другите, тие ја поддржуваат вредноста на човековите права и придонесуваат кон гарантирањето на нивните сопствени човекови права. Пример на тоа може да биде правото на сите полициски службеници да бидат третирани без дискриминација без разлика на нивниот чин, возраст, пол, етничка припадност или попреченост.

- **Како полициски службеници, како ја разбирате вашата улога за заштита на човековите права на поединецот и почитување на човековите права на поединецот?**

**Почитувањето на човековите права** наметнува обврска на полициските службеници да се воздржат од мешање или ограничување на уживањето на човековите права. Овој аспект може да се види, на пример, во полициските дејствија кои не треба незаконски да го ограничуваат мирниот собир, а со тоа и правото на мирен собир на поединците. Во овој контекст, полицијата не може незаконски да ги ограничи или растера мирните демонстрации на гордоста на ЛГБТИ, дури и ако полицијата не се согласува со нејзините пораки. Правото на мирно собирање е важно за изразување на малцинските идентитети и ставови. Тоа е клучно за создавање на толерантно и плуралистичко општество во кое различните групи можат мирно да егзистираат заедно.

**Заштитата на човековите права** наметнува обврска на полициските службеници да ги заштитат поединците и групите од кршење на човековите права и да преземат чекори за да им овозможат на поединците ефикасно да ги остварат своите права. Овој аспект може да се види во оперативните должности на полицијата, како што е обврската да интервенира во ситуација кога постои познат ризик по животот или ризик од насилство; обврска да се преземе ефективна и брза кривична истрага; или обврската за заштита на демократските активности и процеси (како што се слободата на изразување, слободата на собирање итн.) кога тие се загрозени од контра сили. На пример, полицијата ја штити и обезбедува безбедноста на учесниците на мирните антирасистички демонстрации каде што има планирани контра-демонстрации.

Рамката на ОН, исто така, предвидува обврска за олеснување на уживањето на човековите права што им наметнува обврска на полициските службеници да преземат позитивна акција во овој поглед. Овој аспект може да се види во стратегиите за полициско обезбедување на собири, особено во комуникацијата и преговарањето за време на протестите со цел да се гарантира дека демонстрантите можат целосно да го уживаат своето право на собирање. На пример, полицијата комуницира со организаторите на еколошки марш пред маршот со цел да се идентификуваат и ублажат потенцијалните ризици и за време на маршот ефикасно да се реагира на какви било нарушувања што може да се појават.

4. Продолжете со воведување на детали за горенаведените точки за обврските околу човековите права во полициската работа со користење на примери од вистински случај. Претставете го случајот даден во продолжение на групата. Ако дозволува времето, поставете ги прашањата дадени во продолжение на учесниците и потоа објаснете ги полициските должности во однос на човековите права. Доколку времето не дозволува, продолжете со објаснување на полициските должности веднаш по презентирањето на случајот.

**Случај**:[9] Во 1996 година, бугарската воена полиција, при обид за апсење, застрелала двајца бугарски државјани, регрути кои неодамна избегале од воените градежни сили[10] и за кои се знаело дека не се вооружени. Офицерите од воената полиција не биле кривично гонети бидејќи истрагата заклучила дека тие ги следеле прописите на националната воена полиција.

**Прашања:**

- Кои човекови права се во прашање во овој случај?
- Кои се обврските на полициските службеници во однос на човековите права во овој случај?

**9** Студија на случај заснована на случајот на ЕСЧП Начова против Бугарија (2005). За целите на оваа вежба, случајот е поедноставен и некои факти се испуштени. Случајот дополнително се разгледува во Активност 1.3. Достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/ tur#{%22itemid%22:[%22001-69630%22]}..

**10** Градежните сили се дивизија на армијата (во времето на случајот во Бугарија) која се занимава со изградба на станбени блокови и други цивилни проекти, во кои регрутите ги извршуваа своите должности како градежни работници на невоени локации.

**Забелешки на обучувачот**
Ова е случај што го разгледувал Европскиот суд за човекови права (Суд) и оттука произлегуваат обврските на државата според Европската конвенција за човекови права (Конвенција).

Човековото право кое е во прашање е правото на живот (член 2 од Конвенцијата) и обврската на државата во овој поглед (да го почитува и штити правото на живот на поединците).

Во однос на суштинскиот аспект на обврската за почитување и заштита на животот, Судот утврдил дека жртвите биле убиени во околности во кои употребата на огнено оружје за да се спроведе нивното апсење била некомпатибилна со правото на живот и дека полицијата употребила несразмерно прекумерна сила. Така, Судот утврдил дека во овој случај Бугарија не ги исполнила своите обврски согласно Конвенцијата.

Дополнително, обврската за заштита на правото на живот според член 2 од Конвенцијата бара и ефикасна, независна и непристрасна официјална истрага за кривичните дела кои се мешаат во правото на живот. Во овој случај, истрагата имала бројни пропусти и не била ефикасна. Така, Судот утврдил дека Бугарија потфрлила и во однос на процедуралниот аспект на државните обврски во овој случај.

Покрај неуспехот да се заштитат правата на поединецот, кршењето на Конвенцијата може да му наштети на националниот и меѓународниот углед на земјите и да доведе до парични казни од страна на Европскиот суд за човекови права.

## Дополнителни ресурси за Активност 1.16[11]

- Европски кодекс за полициска етика, додаток на препораката Rec(2001)10, усвоен од Комитетот на министри на Советот на Европа на 19 септември 2001 година, достапен на: https://rm.coe.int/16805e297e.
- ОБСЕ (2008), Водич за демократско полициско работење, достапен на: https://polis.osce.org/ guidebook-democratic-policing-senior-police-adviser-osce-secretary-general.
- Совет на Европа (2013), Европската конвенција за човекови права и полициско работење – Прирачник за полицајци и други службеници за спроведување на законот, достапен на: https://book.coe.int/en/human-rights-and-democracy/6839-the-european-convention- on-human-rights-and-policing.html.
- УН ОХЦХР (1997), Меѓународни стандарди за човекови права за спроведување на законот: Џебна книга за човекови права за полицијата, достапна на: www.un.org/ruleoflaw/blog/document/international-human-rights-standards-for-law-enforcement-a-pocket-book-on-human-rights-for-the-police.
- Совет на Европа (2019), Пакет со инструменти за полициските службеници, стандарди на Советот на Европа за расно мотивирани злосторства и недискриминација, со фокус на Ромите и Патувачите, достапен на: www.coe.int/en/web/roma-and-travellers/-/toolkit-for-police-officers-council-of-europe-standards-on-racially-motivated-crimes-and-non-discrimination.
- УНОДЦ, „Полициско работење во демократиите и потреба од одговорност, интегритет, надзор", достапно на: www.unodc.org/e4j/en/crime-prevention-criminal-justice/module-5/key-issues/1-- policing-in-democracies-and-the-need-for-accountability--integrity--oversight.html.

11 За основно читање на обучувачот на тема полициско работење во чиј центар се човековите права.

## *Активност 1.2: Полициско работење засновано на човековите права – Што добивам јас од тоа?*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Пристапот од аспект на човековите права кон полициското работење ја зголемува легитимноста на полицијата и ефективноста на нивната работа. Еднаквоста и недискриминацијата се во сржта на полициското работење засновано на човековите права. |
| **Време:** | 30 минути |
| **Потребни материјали:** | Поголема хартија/Хамер<br>Маркери за хартија |
| **Подготовка:** | Пред сесијата, обучувачот ја црта Шемата 1 на хартијата/таблата. Од друга страна, може да се претстави како Power Point презентација. Потпирајќи се на податоците и извештаите собрани од граѓанските организации, подгответе примери и статистики, на пример, за недоволно пријавување, ниво на доверба кон полицијата, практики на расно профилирање, релевантни за националниот контекст и за да ги покажете главните поенти на оваа вежба. |

**Инструкции**

1. Презентирајте го триаголниот дијаграм даден во продолжение кој покажува како почитувањето и заштитата на човековите права на сите групи може да ја подобри ефикасноста на полицијата




**Шема 1**

2. Објаснете ја шемата користејќи ги следните информации:
    - Доброто полициско работење е и праведно и ефективно.
    - Доброто полициско работење е полициско работење со согласност бидејќи бара соработка од луѓето. Јавноста (поединците, заедниците) е таа која има информации врз основа на кои полицијата може да дејствува.
    - Јавната доверба и довербата во полицијата се предуслов за размена на информации меѓу полицијата и јавноста. Без доверба, јавноста нема да биде подготвена да пријави злосторства или да ѝ ги обезбеди на полицијата информациите потребни за успешно спречување и истражување на криминалот.

За да ја покажете вашата поента, наведете го овој пример:

Според истражувањето спроведено од Агенцијата за основни права на ЕУ (ФРА),[12] стапката на пријавување на случаи на насилство мотивирано од пристрасност и вознемирување мотивирано од пристрасност во полицијата е значително ниска. Од сите испитани групи,8[13] само 28% од случаите на насилство мотивирано од пристрасност и 10% од случаите на вознемирување мотивирано од пристрасност биле пријавени во полиција, како просек на сите земји од ЕУ. Стапката на пријавување за одредени групи е уште помала. На пример, само 11% од случаите на насилство мотивирано од пристрасност и 6% од случаите на вознемирување мотивирано од пристрасност против членовите на заедницата Роми и Патувачи биле пријавени во полиција.
За да иницирате размислувања од учесниците, поставете ѝ на групата прашање: *Што значи овој мал број на пријавување во полиција за вашата работа?*

**Забелешки на обучувачот**

Во овој и во следните случаи кои се однесуваат на статистиката, имајте предвид дека статистиката од ФРА ги опфаќа само земјите-членки на ЕУ и како таква може да не биде директно применлива на националните контексти надвор од ЕУ. Додека општите трендови и прашања, како што е недоволното известување, ниското ниво на довербата кон полицијата или практиките на расно профилирање може да бидат слични, бројките и одредени манифестации ќе бидат различни. Затоа, неопходно е да се најдат примери и статистики, доколку се достапни, кои се репрезентативни за специфичниот национален контекст. Вакви примери може да се најдат во извештаите на националното граѓанско општество или организациите со седиште во заедницата.

3. Продолжете со објаснување дека довербата и поддршката на јавноста кон полицијата зависат од однесувањето на припадниците на полицијата кон јавноста, особено од нивното почитување на човековото достоинство и човековите права. Поверојатно е дека полицијата ќе ја стекне јавната доверба кога покажува интегритет и транспарентност во своето работење, дејствува во рамките на законот и ги извршува своите должности во согласност со стандардите за човекови права.

За да ја покажете вашата поента, наведете го овој пример:

Според истражувањето на ФРА од 2018 година,[14] 24% од испитаниците со африканско потекло во ЕУ биле запрени од полицијата во петте години пред истражувањето. Меѓу оние кои биле запрени во 12-те месеци пред истражувањето, 44% сметаат дека последното запирање било мотивирано од нивното етничко или имигрантско потекло.

За да иницирате размислувања од учесниците, поставете ѝ прашање на групата: Што значи овој пример и практика за вашата работа? Како практиката на етничко профилирање влијае на перцепцијата на полицијата од страна на малцинската заедница? Тука, обучувачот треба да нагласи дека сите дејствија или непостапување од страна на полицијата како институција или поединечните полициски службеници придонесуваат за севкупната перцепција на полицијата во општеството. Така, ако полицијата се вклучи во етничко профилирање, тоа влијае на тоа како целата група која е цел на оваа дискриминаторска практика ги доживува. Тоа влијае и на пошироката општествена перцепција доколку тие се вклучени во практики кои ги кршат човековите права.

**12** ФРА 2017, „Второ истражување за малцинствата и дискриминацијата на Европската унија – главни резултати", достапно на https://fra.europa. eu/en/publication/2017/second-european-union-minorities-and-discrimination-survey-main-results. Добар извор за недоволно пријавување во ЕУ: ФРА (2021), „Поттикнување на пријавувањето на злосторство од омраза – Улогата на органите за спроведување на редот и другите органи", достапно на https://fra.europa.eu/en/publication/2021/hate-crime-reporting.
**13** Тука е вклучено различното етничко малцинство и имигрантско потекло во сите 28 земји-членки на ЕУ. Примерокот ЕУ-МИДИС II вклучува групи со поединци кои припаѓаат на етнички или национални малцинства, Роми и Руси, како и оние родени надвор од ЕУ (испитаници од првата генерација) и лица со најмалку еден родител роден надвор од ЕУ (втора генерација испитаници).
**14** ФРА (2018), „Да се биде црн во ЕУ", достапно на https://fra.europa.eu/en/publication/2018/being-black-eu.

4. Продолжете да објаснувате дека полицискиот легитимитет се зголемува доколку тие можат да покажат во нивната секојдневна работа дека:

1) одговараат на потребите и очекувањата на јавноста
2) го користат својот авторитет во интерес на народот
3) ги извршуваат своите одговорности на начин кој ги одразува демократските вредности
4) прифаќаат да бидат повикани на одговорност за своите постапки и одлуки.

За да ја покажете вашата поента, наведете го овој пример:

Според истражувањето на ФРА,[15] мнозинството (63%) од жртвите на расистички физички напади од страна на полицаец не го пријавиле инцидентот никому, или затоа што сметале дека тоа нема да промени ништо или затоа што немаат доверба во полицијата.

За да поттикнете размислувања и мислења од учесниците, поставете ѝ прашање на групата: Како овие перцепции за полицијата влијаат врз полицискиот легитимитет? Што треба да се направи за да се зголеми полицискиот легитимитет?

5. Заклучете со резимето: стекнувањето на легитимитет води до поголема доверба на јавноста, што води до поефективно полициско работење. Слично на тоа, во обратна насока, ефективното полициско работење ја зајакнува доверливоста и довербата на јавноста, а тоа помага да се зајакне легитимноста.
6. За да го демонстрирате ова со пример од вистински случај, споделете го со групата следниов пример – вистински случај што се случил во Обединетото Кралство.[16]

**Пример*: Десничарски екстремист постави импровизирана бомба со шајки во прометен ЛГБТИ бар. Во експлозијата загинаа три лица, а 70 беа ранети. На состанокот на отворено, организиран од ЛГБТИ групите, на блискиот плоштад неколку дена по настанот, локалниот началник на полицијата присуствуваше и разговараше со ЛГБТИ заедницата. Тој изјави дека ќе постави мобилна полициска единица на улицата каде што се случи бомбашкиот напад и дека мобилната полициска единица ќе биде распоредена на терен во тој реон до завршувањето на истрагата. Многу ЛГБТИ лица ја посетија мобилната единица и им дадоа изјави на полициските службеПрашајте ги учесниците:*** *Како гледаат дали полициските дејствија влијаеле на одговорот на заедницата?* ***Прашајте дали учесниците имале слични примери во нивната практика.***

**Забелешки на обучувачот**

Наставната тема на овој случај се полициските дејствија по нападот: полицијата се обрати до ЛГБТИ заедницата, презеде чекори за да ја гарантира нивната безбедност и им го соопшти тоа. Ова, пак, ги натера членовите на заедницата да ги споделат со полицијата информациите што биле релевантни за истрагата на кривичното дело. Во хипотетичка низа на чекори, се случува следново: поголема е веројатноста дека жртвите на криминал од омраза ќе го пријават кривичното дело во полиција и ќе соработуваат со истрагата обезбедувајќи потребни информации, заедно со сведоците, кога ѝ веруваат на полицијата. Тие ѝ веруваат на полицијата доколку полицијата постапува професионално и одговорно при извршувањето на своите должности (на пр. спроведување ефективни истраги, гарантирање на безбедноста и поддршка на жртвата). За возврат, добиените информации и соработката од жртвите и сведоците ја зголемуваат ефективноста на полицијата за борба против криминалот и гарантирање на безбедноста на заедницата.

**15** ФРА (2018), „Да се биде црн во ЕУ“, достапно на https://fra.europa.eu/en/publication/2018/being-black-eu.

**16** Случајот е преземен од Прирачникот на Советот на Европа, Полициски злосторства од омраза против ЛГБТИ лицата. Злосторството се случило во 1999 година, серија напади со импровизирани бомби со шајки во рок од две недели во Лондон од самодеклариран расист и хомофоб. www.bbc. com/news/uk-england-london-47216594.

### *Активност 1.3: Разбирање на еднаквоста и недискриминацијата во полициското работење*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Разбирање на главните концепти во однос на недискриминацијата и основите на главните обврски за човековите права во однос на недискриминацијата во полициската работа. Разберете ја важноста на дефиницијата за расизмот заснована на перцепција. |
| **Време:** | 90 минути |
| **Потребни материјали:** | Поголема хартија/Хамер<br>маркери за хартија проектор компјутер<br>Power Point презентација за обврската за човековите права во однос на недискриминација и Општата препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 Материјал 1.3.1<br>Материјал 1.3.2 |
| Подготовка: | Подгответе Power Point презентација за обврските за човековите права во однос на недискриминацијата и извадокот од Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 (која може да се најде во материјалот 1.3.2); печатен Материјал 1.3.1 и Материјал 1.3.2; запишете ги клучните дефиниции на хартијата. Проверете го националното законодавство кое го дефинира злосторството од омраза, говорот на омраза, дискриминацијата и другите концепти опфатени во оваа активност во зависност од нивната достапност. |

**Инструкции**

1. Поделете ја групата на три или четири помали групи, во зависност од големината на целата група, и замолете ја секоја група да разговара за следните прашања. Секоја група ќе има по 10 минути за дискусија, а подоцна ќе биде побарано да ги сподели своите одговори со целата група. Како што презентираат групите, забележете ги главните поенти на флип-чартот.

- *Како ја разбирате „еднаквоста“? Како ја разбирате „недискриминацијата“? Како се поврзуваат човековите права, еднаквоста и недискриминацијата? Како може полицијата да промовира еднаквост?*

**Забелешки на обучувачот**

*Како ја разбирате „еднаквоста“? Како ја разбирате „недискриминацијата“? Како се поврзуваат човековите права, еднаквоста и недискриминацијата? Како може полицијата да промовира еднаквост?*

Главната идеја за еднаквост претпоставува дека сите луѓе имаат исти човекови права и сите луѓе имаат право на еднаква заштита на нивните права, а со тоа и на еднаков третман од страна на полицијата. Оваа идеја подразбира дека сите човекови права мора да се гарантираат на недискриминаторска основа. Недискриминацијата значи дека полициските службеници не смеат да дискриминираат ниту едно лице со тоа што ќе го третираат различно поради „расата“[17] на лицето, етничкото потекло, религијата, родовиот идентитет, сексуалната ориентација, попреченоста или друг статус. На пример, правото на слобода на мирно собирање мора да им се гарантира на сите групи, кои ги претставуваат и мнозинските и малцинските заедници, а полицијата мора да обезбеди подеднакво ефикасна заштита на мирните собири на сите групи.

**17** Бидејќи сите човечки суштества припаѓаат на ист вид, ЕКРИ ги отфрла теориите засновани на постоење на различни „раси“. Меѓутоа, во оваа Препорака, ЕКРИ го користи овој термин со цел да се осигури дека оние луѓе кои генерално и погрешно се перципираат дека припаѓаат на „друга раса“ не се исклучени од заштитата предвидена со законодавството.

Недискриминацијата е составен дел на принципот на еднаквост. Во исто време, обезбедувањето еднаквост понекогаш може да значи поинаков третман на луѓето во слични ситуации со цел да се гарантира дека тие се способни да ги остварат своите права. Ова подразбира дека полицијата треба да постапува со особено внимание за ситуацијата на поединци особено изложени на ризик од повреда на нивните права. На пример, полицијата треба да се погрижи дека лицата со попреченост, постарите лица или бремените жени не се изложени на затегнати ситуации за време на собирот и со тоа им се обезбедува дополнителна заштита за овие групи да можат ефективно да ги остварат своите права. На институционално ниво, промоцијата на еднаквоста може да бара и позитивни дејствија кои вклучуваат привремени и пропорционални мерки или стратегии за да се спротивставaт на ефектите од дискриминацијата од минатото врз групите кои историски биле погодени од дискриминација. Ова вклучува, на пример, квоти за вработување жени или квоти за унапредување на жени кандидати во полицијата.

2. Следно, продолжете да разговарате за главните концепти. Пред сесијата, на хартија/табла запишете ги главните концепти наведени во продолжение. Побарајте од сите учесници да ги објаснат концептите со свои зборови и замолете ги да дадат примери за секој од концептите: предрасуди, пристрасност, расизам, директна дискриминација, индиректна дискриминација, повеќекратна дискриминација, вкрстена дискриминација, злосторство од омраза и говор на омраза. Ако учесниците не можат да објаснат или да дадат примери, користете ги дефинициите дадени во продолжение како и примерите за да ги споделите со групата. Можете или да ги проектирате овие дефиниции или да ги споделите вербално.

**Предрасуди / пристрасност**: однапред смислени мислења кои не се засноваат на разум, факти или реално искуство, кон личност или група врз основа на нивните лични карактеристики, како што се „раса“, етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација, родов идентитет или друг личен статус. Предрасудите може да влијаат на третманот на луѓето кон другите луѓе, може да доведат до дискриминација и, во најекстремни случаи, до злосторства од омраза (види дефиниција во продолжение). Пример: полициски службеник има предрасуди дека лицата со психосоцијална попреченост (или лица со дијагноза на ментално здравје) не можат да учествуваат во судски процес затоа што не можат да дадат веродостојни докази и затоа што се премногу ранливи. Еден ден, додека полицискиот службеник бил на должност, една жена со психосоцијална попреченост пријавила дека била жртва на сексуален напад додека била во одделението за ментално здравје. Полицискиот службеник објаснил дека без изјава од сведок кој е „кредибилно“ лице, нејзиниот случај нема да се биде процесиран.

**Расизам**:[18] верувањето дека основата како што е „раса“, етничко или национално потекло, јазик или националност оправдува презир кон определена личност или група на лица, или поимот за супериорност на личност или група на лица. Пример може да биде верувањето на полицискиот службеник дека може да бара документи за идентификација на студент со африканско потекло само врз основа на бојата на неговата кожа.

**Дискриминација**:[19] секој неоправдан различен третман заснован на основи како што се „раса“, етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација или родов идентитет, што нема објективно и разумно оправдување. На пример, полицаец запира двајца мажи на улица, едниот маж е Ром, а другиот не е Ром, и бара од нив да му ги дадат нивните лични карти. Кога лицето кое не е Ром кажува

**18** Консултирана е Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 7 за националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација, усвоена на 13 декември 2002 година и ревидирана на 7 декември 2017 година, достапна на www.coe.int/en/web/ european-commission-against-racism-and-intolerance/recommendation-no.7.
**19** Исто.

дека нема лична карта со себе, полицаецот му вели секогаш да ја носи со себе и го пушта да си оди. Ромот исто така не може да приложи лична карта.
Како одговор, полицаецот го апси, со сила го става во полициско возило и му вели на партнерот: „Мораш да покажеш моќ пред овие луѓе. Моќта е единствениот јазик што го разбираат".

**Индиректна дискриминација**:[20] случаи кога навидум неутрална одредба, практика или политика се применува за сите на ист начин, но става некои групи на луѓе во неповолна положба во споредба со другите врз основа на нивната „раса", етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација или родов идентитет. Пример може да биде барањето за одреден кодекс на облекување на работното место што забранува носење шамија на главата. Ова значи индиректна дискриминација на одредени религиозни групи, како што се Сиките или муслиманите, бидејќи поголема е веројатноста дека тие ќе носат турбан ако се мажи кои се Сики или хиџаб ако се муслиманки.

**Повеќекратна дискриминација**: дискриминација по повеќе основи. На пример, кога жена со попреченост ќе пријави семејно насилство, полицаецот не ги сфаќа сериозно нејзините зборови, го намалува кривичното дело класифицирајќи го како „работа на семејството" и не сака да го забележи злосторството бидејќи „не ѝ верува". Ова е пример за повеќекратна дискриминација, поради полот и попреченоста на оваа жена.

**Вкрстена дискриминација**: дискриминација по повеќе основи кои меѓусебно комуницираат на начин на кој произведуваат специфични видови на дискриминација. На пример, една млада Ромка е дискриминирана на пазарот на труд поради нејзиното етничко потекло (стереотипи поврзани со тоа), возраста и полот (млада жена која наскоро ќе има деца).

**Расно (или етничко или дискриминаторско) профилирање**:[21] кога, без објективно и разумно оправдување, полицијата користи основи како што се „раса", боја на кожа, јазик, религија, националност или национално или етничко потекло кога донесува оперативни одлуки во врска со активностите за контрола, надзор или истрага. На пример, локалната полиција, во партнерство со локалната власт, даде приоритет на прекинот на трговијата со дрога. Две недели по оваа одлука, полициските службеници ја користат бојата на кожата како главен одлучувачки фактор за тоа кого запираат и кај кого бараат дрога.

**Злосторство од омраза**:[22] злосторствата од омраза се кривични дела мотивирани од пристрасност или предрасуди кон одредени групи луѓе, врз основа на нивната „раса", етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација или родов идентитет, итн. Пример е случајот каде сторителот физички нападнал трансродова жена затоа што е мотивиран од пристрасното верување дека нејзиниот родов идентитет е различен од „традиционалните норми".

**Говор на омраза**:[23] изрази кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат омраза, дискриминација или насилство кон личност или група на луѓе врз основа на „раса", етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација или родов идентитет. Примерите вклучуваат хомофобични изјави дадени од политички и верски лидери во медиумите кои имаат за цел да поттикнат омраза кон членовите на ЛГБТИ заедницата.

За да ја повторите дискусијата за главните концепти, дистрибуирајте го Материјалот 1.3.1 и замолете ги учесниците да го пополнат квизот на дефиниции. Дајте им седум минути за оваа задача, а потоа прашајте ја групата дали сите ја завршиле, прочитајте ги точните одговори и прашајте дали некому му требаат дополнителни појаснувања.

**20** Исто
**21** Консултирана ФРА (2018), Спречување на незаконско профилирање денес и во иднина: Водич, достапен на https://fra.europa. eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2018-preventing-unlawful-profiling-guide_en.pdf.
**22** Консултирана дефиниција за злосторство од омраза на ОБСЕ/ОДИХР, https://hatEKPHme.osce.org.
**23** Консултирана е Општата препорака за јавни политики бр. 15 на ЕКРН за борба против говорот на омраза, усвоена на 8 декември 2015 година, достапна н awww.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/recommendation-no.15; види исто така и Препорака CM/Rec (2022) 16 на Комитетот на министри до земјите-членки за борба против говорот на омраза, усвоена на 20 мај 2022 година, достапна на https://rm.coe.int/prems-083822-gbr-2018-recommendation-on-combating-hate- speech-memorand/1680a70b37.

**Точни одговори**: Предрасуди/пристрасност - В, Расизам - З, Дискриминација - Б, Индиректна дискриминација - Е, Повеќекратна дискриминација - Д, Вкрстена дискриминација - А, Расно профилирање - И, Злосторство од омраза - Ж, Говор на омраза - Г

3. Следно, започнете дискусија за **обврските за човековите права во однос на недискриминацијата** во работата на полицијата. За тоа, погледнете ја Европската конвенција за човекови права – ЕКЧП (Конвенцијата) и судската пракса на Европскиот суд за човекови права – ЕСЧП (Судот). Презентирајте ги следните поенти користејќи Power Point презентација.

Два релевантни члена од Конвенцијата за полициска работа се **член 2** (право на живот) и **член 3** (право да се биде ослободен од нечовечко и понижувачко постапување). Овие членови наметнуваат позитивни и процедурални обврски на државата, а со тоа и на полицијата:

- Според член 2,[24] **позитивни обврски** подразбира дека државата мора а) да се воздржи од намерно и незаконско одземање на животот и б) да преземе соодветни чекори за да ги заштити животите на оние кои се во нејзина јурисдикција. За полициската работа, тоа значи обврска да не се користи неоправдана смртоносна сила (на пр. за време на апсења) и да се преземат превентивни оперативни мерки за заштита на едно или повеќе лица кои однапред се идентификуваат како потенцијална цел.
- Според член 3, **позитивните обврски** подразбираат дека државата мора а) да се воздржи од намерно и незаконско нечовечко и понижувачко постапување и б) да обезбеди ефикасна заштита на едно или повеќе лица од кривичните дела на трето лице во нејзината јурисдикција. За полицијата, ова значи обврска да не се впушта во тортура или нечовечко/понижувачко постапување (на пр. кон осомничените во притвор) и да спречи нехуман и понижувачки третман на еден или повеќе поединци кои однапред се идентификуваат како потенцијална мета.
- Дополнително, двата члена наметнуваат **процедурални обврски**. Ова е обврска да се спроведе ефикасна, независна и непристрасна официјална истрага во однос на кривични дела кои се мешаат во правото на живот (член 2) и во однос на каков било нечовечки и понижувачки третман на поединци (член 3), извршени од државни агенти или од приватни лица.

Во однос на недискриминацијата и релевантноста за полициската работа, постои и **член 14** од Конвенцијата кој утврдува забрана за дискриминација. Со други зборови, тој гарантира еднаков третман во уживањето на правата наведени во Конвенцијата, вклучувајќи ги и оние од член 2 и член 3, дискутирани погоре.

Во однос на членот 2 и членот 3, членот 14 наметнува **процедурална обврска** да се спроведе ефективна и адекватна **истрага која испитува дали имало дискриминаторски мотиви и дали чувствата на омраза или предрасуди врз основа на личната карактеристика на поединецот одиграле улога во настаните**. Со други зборови, во случаи кога постои сомневање дека дискриминаторските ставови мотивирале насилен чин, властите се должни да спроведат енергична и непристрасна истрага за да обезбедат докази за оваа потенцијална мотивација. Оваа законска обврска се нарекува и **„должност да се демаскира мотивот за пристрасност“**. Во процедурална смисла, оваа должност подразбира дека властите мора да направат „сè што е разумно во околностите за да ги соберат и обезбедат доказите, да ги истражат сите практични средства за откривање на вистината и да донесат целосно образложени, непристрасни и објективни одлуки, без испуштање на сомнителни факти кои можат да бидат показател за насилство предизвикано од, на пример, расна или верска нетолеранција, насилство мотивирано од родова дискриминација или

24 ЕСЧП (2021), Водич за член 2 од Европската конвенција за човекови права.

сексуална ориентација“.[25] Должноста бара од властите да ги разгледаат сите факти од случајот кои укажуваат на можна улога на дискриминаторски призвук во настаните. Оваа обврска е од суштинско значење, „имајќи ја предвид потребата постојано да се потврдува осудата на [дискриминаторските] дејствија од страна на општеството и да се задржи довербата на малцинските групи во способноста на властите да ги заштитат од насилство мотивирано од дискриминација“.[26]

Истрагата на злосторствата со пристрасен мотив (злосторства од омраза) е опфатена длабински во Модулот четири.

Покрај обврските од членот 2 и членот 3, ЕСЧП посочи дека **членот 8** (мешање во правото на почитување на приватниот и семејниот живот) во врска со **членот 14**, исто така, наложува обврски на полицијата за зашта од и истражување на однесувањето на омраза.[27] Во случаи кога погрешно постапување со лице или група на поединци не е до прагот на нечовечко и понижувачко постапување (член 3), но сепак влијае на психолошката благосостојба и достоинство на жртвата, член 8 може да влезе во игра бидејќи тоа спаѓа во сферата на приватниот живот на жртвата. Ова, на пример, може да бидат насилни вербални напади, кои се случиле во контекст на докази од потврдени зачестени примери на насилство и нетолеранција против одредена малцинска група. Во такви случаи, државата, а со тоа и полицијата има „должност да спречи предизвикување на насилство мотивирано од омраза (без разлика дали се физички напади или вербално малтретирање) од приватни лица и да го истражи постоењето на кој било можен дискриминаторски мотив зад таквото насилство

4. Продолжете да ги демонстрирате горенаведените точки користејќи го случајот на ЕСЧП. Напоменете дека групата накратко се осврна на овој случај во Активност 1.1 и дека сега ќе навлезат во повеќе детали. Проектирајте го случајот на Power Point, поставете им на учесниците прашањата дадени во продолжение за да ја водат анализата, а потоа дајте одговори и проектирајте ги заклучоците на Судот на Power Point.

**Случај**:[28] Во 1996 година, бугарската воена полиција, при обид за апсење, застрелала двајца бугарски државјани со ромско потекло, регрути кои неодамна дезертирале од воените градежни сили и за кои се знаело дека не се вооружени. Додека еден од офицерите на воената полиција го држел својот пиштол вперен кон една од жртвите, тој рекол „Проклет ц**** (расистичка навреда)!“. Службениците на воената полиција не биле кривично гонети бидејќи истрагата заклучила дека тие ги следеле прописите на националната воена полиција.

**Прашања кои треба да се постават и да ја водат анализата:**

*Кои се членовите на ЕКЧП за кои станува збор?*
*А кои се полициските обврски кои се доведени во прашање?*

Случајот е според **член 2** (право на живот) и полициската обврска а) да се воздржи од намерно и незаконско одземање на животот и б) да спроведе ефикасна, независна и непристрасна официјална истрага во однос на кривични дела кои го попречуваат правото на живот (член 2).

Во врска со **смртта на жртвите**, Судот утврдил дека државата не ги исполнила своите обврски од член 2 врз основа на фактот дека жртвите „биле убиени во околности во кои употребата на огнено оружје за да се изврши нивното апсење била некомпатибилна со член 2. Понатаму, била употребена несразмерно прекумерна сила“. Според тоа, имало повреда на член 2.

Во врска со **истрагата**, Судот утврдил дека „немало строго испитување на сите

**25** Случај на ЕСЧП, Сабалиќ против Хрватска (2021), ст. 94.
**26** Случај на ЕСЧП, Сабалиќ против Хрватска (2021), ст. 95.
**27** Случај на ЕСЧП, Здружение АКСЕПТ (ACCEPT) и други против Романија (2021).
**28** Случај заснован на случајот на ЕСЧП Начова против Бугарија (2005). Достапен на https://hudoc.echr.coe.int/tur#{%22itemid%22:[%22001-69630%22]}.

материјални околности“ за време на официјална истрага, „не биле преземени голем број неопходни и очигледни истражни чекори“, властите игнорирале многу релевантни факти за убиството на жртвата и имало употреба на несразмерно прекумерна сила. Врз основа на тоа, Судот утврдил повреда на обврската ефективно да го истражи лишувањето од живот.

Друг член во прашање е **членот 14** и обврската на државата да спроведе ефикасна и адекватна истрага за можните дискриминаторски мотиви зад инцидентот.

Судот забележал дека онаму каде што постојат докази дека „расистичка вербална злоупотреба што е изречена од службеници на органите на прогонот во врска со операција која вклучува употреба на сила против лица од етничко или друго малцинство [...], мора да се потврди и – доколку се потврди – треба темелно да се испитаат сите факти со цел да се **откријат сите можни расистички мотиви**“. Во овој случај, истражните органи не се обиделе да ги проверат антиромските изјави на офицерот од воената полиција ниту пак да утврдат дали тој претходно бил вмешан во слични инциденти или дали некогаш во минатото бил обвинет за покажување нетрпеливост кон Ромите.

Во очите на Судот, доволно е да се утврди дека властите не ја исполниле својата должност според членот 14, преземен во врска со членот 2, односно да ги преземат сите можни чекори за да истражат дали дискриминацијата можеби играла улога во настаните. Ова претставува прекршување на член 14 земен заедно со член 2.

5. Следно, погледнете ја **Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полициското работење**, која утврдува детални стандарди што треба да ги следи полицијата во напорите да ги исполни своите основни функции. Прикажете го следниов извадок од Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 на Power Point, поставете ги на учесниците прашањата дадени во продолжение и водете ја дискусијата за точките што следат.

**Извадок од Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11**

*III. Што се однесува до улогата на полицијата во борбата против расистичките престапи и следењето на расистичките инциденти*

11. *Да се погрижи дека полицијата темелно ги истражува расистичките престапи, вклучително и со целосно земање предвид на расистичката мотивација на обичните прекршоци*

12. *Да се воспостави и да работи на систем за евидентирање и следење на расистички инциденти и степенот до кој овие инциденти се изведени пред обвинителите и на крајот на краиштата се квалификувани како расистички престапи*

13. *Да се охрабрат жртвите и сведоците на расистички инциденти да ги пријават таквите инциденти*

14. *За овие цели, да се усвои широка дефиниција за расистички инцидент.*

*За целите на оваа Препорака, расистички инцидент е: „секој инцидент кој што жртвата или кое било друго лице го смета за расистички“.*

**Прашања и точки за дискусија**

*Ставот 11 ја повторува должноста на државата да истражи можен дискриминаторски мотив зад делото. За полицијата: како можете да бидете сигурни дека тоа е направено на оперативно ниво; како може да гарантирате дека дискриминаторскиот мотив не се занемарува?*

Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 сугерира дека, за да се гарантира дека полицијата ги истражува сите расистички престапи темелно, а особено дека нема да ја занемари расистичката мотивација на обичните прекршоци во нивните истраги, треба да ја користи широката дефиниција за расистички инцидент дадена во овој став 14 од Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ  бр 11 – видете на Power Point. Оваа дефиниција се заснова на перцепцијата на жртвата или која било друга личност. Со други зборови, штом инцидент е пријавен, за кој жртва или сведок, или друго лице, вклучително и полицаец, верува дека е напад врз основа на нивните лични карактеристики, полицијата треба да се погрижи да бара докази за темелно да ја поддржи таа линија на истрага.

*Ставот 12 ја нагласува важноста од евидентирање на инциденти со дискриминаторски мотиви. Како може евидентирањето, а особено евидентирањето базирано на перцепција, да ѝ помогне на полицијата во нивната работа?*

Пред сè, важно е да се напомене дека иако Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 се однесува само на расистички инциденти, принципот на евидентирање базирано на перцепција е применлив за сите видови инциденти и злосторства од омраза, на пример, оние мотивирани од пристрасност, предрасуди или непријателство кон сексуалната ориентација, родовиот идентитет или мигрантскиот статус.

Употребата на широката дефиниција за инцидент со дискриминаторски мотиви, дефиницијата заснована на перцепција, е клучна бидејќи доловува поцелосна слика за манифестациите на нетолеранција и ксенофобија во општеството и го демонстрира чувството на сигурност на заедниците. Таквите податоци можат да бидат показател за распространетоста и трендовите во дадена област или кон одредена група. Дополнително, тоа *ѝ* помага на полицијата да ги подобри своите истраги за расистички престапи со тоа што ѝ обезбедува корисни информации кои можат да ја водат нивната истрага и да ги предупредат за контекстот во кој би можеле да се случат следните прекршоци.

Понатаму, употребата на дефиницијата заснована на перцепција помага да се гарантира дека полицијата темелно ги истражува сите прекршоци со дискриминаторски мотив и не ја занемарува расистичката мотивација на обичните прекршоци. Овој пристап ѝ помага на полицијата да ја спроведе својата законска должност според судската пракса на ЕСЧП со цел да ја „открие пристрасната мотивација“. Ако случајот се означи како инцидент со потенцијален дискриминаторски мотив - со други зборови, потенцијално злосторство од омраза – на почетокот на истрагата, поверојатно е дека доказите за пристрасната мотивација ќе бидат идентификувани и обезбедени.[29]

Дополнително, евидентирањето засновано на перцепција, исто така, овозможува униформно следење на овие инциденти со тоа што се гарантира дека сите полициски единици и сите агенции кои имаат улога во примањето извештаи за такви инциденти ги користат истите концепти.

**29** ФРА (2018), Практика за снимање и собирање податоци од омраза во ЕУ, достапно на https://fra.europa.eu/sites/ default/files/fra_uploads/fra-2018-hate-crime-recording_en.pdf.

**Забелешки на обучувачот:**
За време на дискусијата за евидентирањето засновано на определена перцепција, некои учесници може да го оспорат овој пристап со тоа што имплицираат дека полицијата не може да го нарече инцидентот инцидент/злосторство од омраза без докази, официјално обвинение или осуда. Како одговор на ова, важно е да се напомене дека пристапот за евидентирање кој се заснова на определена перцепција се применува со цел да се постапува сензитивно во однос на случајот за да се гарантира дека од почеток се применуваат правилните истражни процедури и политики. Тоа не би значело автоматски дека инцидентот се препознава како кривично дело од омраза. Како и со секое кривично дело, прашање е на релевантните органи и, во крајна линија, на судот.
Дополнително, потребно е да им се стави до знаење на жртвите дека евидентирањето на инцидентот како инцидент од омраза не значи дека случајот дефинитивно ќе биде обвинет/гонет/казнет како кривично дело од омраза.

За да даде примери на земји кои користат евидентирање засновано на перцепција, Ирска ги усвои следните дефиниции за евидентирање:[30]

Злосторство од омраза е секое кривично дело за кое жртвата или кое било друго лице смета дека, целосно или делумно, е мотивирано од непријателство или предрасуди, врз основа на вистинската или претпоставената возраст, попреченост, „раса“, боја на кожа, националност, етничка припадност, религија, сексуална ориентација или род.

Инцидент од омраза е секој инцидент што не е кривично дело, а за кој лицето смета дека, целосно или делумно, е мотивиран од непријателство или предрасуди, врз основа на вистинската или претпоставената возраст, попреченост, „раса“, боја на кожа, националност, етничка припадност, религија, сексуална ориентација или род.

Обединетото Кралство подготвува статистика за злосторство од омраза користејќи ја дефиницијата заснована на перцепција. Во споредба со другите земји кои не го користат овој пристап, нивните бројки за злосторство од омраза се повисоки; забележете ја, сепак, разликата во бројките помеѓу евидентираните и кривично гонетите кривични дела во Обединетото Кралство.[31]
Конечно, употребата на толку широка дефиниција ја има предноста што испраќа порака до жртвите и заедниците дека тие припаѓаат, дека нивниот глас ќе се слушне и дека ќе бидат сфатени сериозно. Ова може да помогне да се подобри довербата и вербата на заедниците во полицијата.

| **Земја** | **Година** | **Злосторства од омраза снимени од полицијата** | **Кривично гонети** | **Со осудителна пресуда** |
|---|---|---|---|---|
| Обединето Кралство | 2020 | 125 848 | 16 824 | 9 510 |
| Полска | 2020 | 826 | 374 | 266 |
| Хрватска | 2020 | 87 | 138 | 18 |

6. За да го завршите модулот, дистрибуирајте го материјалот 1.3.2 со референци и извадоци од главните меѓународни и европски документи за човекови права кои се важни за полициското работење. Групата нема да работи со овој прирачник за време на курсот за обука, но ова се важни референтни ресурси за полициската работа.

**30** www.garda.ie/en/crime/hate-crime.
**31** https://hatEKPHme.osce.org/united-kingdom?year=2019,https://hatEKPHme.osce.org/poland,https://hatEKPHme.osce.org/ croatia.

## *Активност 1.4: Полициски должности во однос на недискриминацијата – Практична вежба*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Зголемување на разбирањето на учесниците за тоа што принципите на еднаквост и недискриминација значат во пракса кога станува збор за полициското работење и практиката, надградувајќи го знаењето добиено од Активноста 1.3. |
| **Време:** | 60 минути |
| **Потребни материјали:** | студии на случај<br>хартија<br>маркери за хартија |
| **Подготовка:** | Испечатете ги студиите на случај за дистрибуција меѓу учесниците. |

**Инструкции**

1. Објаснете им на учесниците дека сега ќе разговараат за практични примери од принципот на недискриминација во работата на полицијата, врз основа на студии на случај. Поделете ја групата на три или четири помали групи, во зависност од големината на целата група и доделете по еден случај на секоја група. Дајте ѝ на секоја група 10-15 минути да го прочита и разговара за својот случај. После тоа, од секоја група ќе биде побарано да го претстави својот случај и да разговара за својот одговор пред сите. За секој случај, учесниците треба да одговорат на следниве прашања:

- Што тргна наопаку и кои обврски во однос на принципот на недискриминација беа доведени во прашање?
- Како полицијата потфрлила во своите обврски во однос на постапувањето или непостапувањето?
- Дали може и дали се случуваат вакви ситуации во вашата земја? Дали знаете некои конкретни случаи што можете да ги споделите со групата?

- **Случај 1**: Неколку жандарми облечени во специјална облека за интервенција, вклучително и фантомки, ја скршиле влезната врата на ромско семејство во селото Валчеле, Романија, за време на рација во раните утрински часови на 15 декември 2011 година. Тие ги извлекле членовите на семејството од креветот и ги претепале.
- Двајцата машки членови на семејството дополнително биле малтретирани во дворот, а потоа однесени на распит во локалната полициска станица. Истиот ден биле пуштени со парична казна за бесправно сечење дрва. Семејството по рацијата отишло во локалната болница за лекување на болки во стомакот и градите и модринки. Лекарските извештаи за тројца од членовите на семејството констатирале дека нивните повреди може да се предизвикани од удар со тврди предмети.

**Забелешки на обучувачот**
Обврските од членовите 3 и 14 се доведени во прашање во овој случај. Овој случај покажува пример на прекумерна употреба на сила од страна на полицијата и дискриминаторско профилирање. Станува збор за случајот на ЕСЧП, Лингурар против Романија.[32] Во овој случај, ЕСЧП утврди дека употребата на сила била непропорционална (со тоа претставувала прекршување на членот 3 од ЕКЧП) поради следните причини:
а) Властите тврделе дека употребата на сила била неопходна поради агресивното однесување на членовите на семејството; сепак, против членовите на семејството никогаш не била покрената постапка за какво било насилно дело. б) Ангажирањето на четворица жандарми, дел од група високообучени офицери специјализирани за брза интервенција, против невооружените членови на семејството било очигледно непропорционално. в) Немало докази за да се потврди хипотезата на властите дека лицата сами си ги нанеле повредите. Што се однесува до етничкото профилирање, ЕСЧП ги набљудуваше стереотипите на властите кон ромската заедница (употреба на фразата „однесување специфично за Ромите" во полициските документи, перцепција на ромската заедница воопшто како криминалци) и утврди дека семејството било таргетирано бидејќи биле Роми. Тоа покажа дека властите автоматски ја поврзале етничката припадност со криминалното однесување.
ЕСЧП утврди дека тоа претставувало етничко профилирање и дека било дискриминаторски, што е спротивно на членот 14 земен во врска со членот 3.

**Случај 2**: На 15 декември 2009 година, 17 полицајци во цивилна облека влегоа во канцеларијата на ЛГБТИ невладината организација, Фондацијата Инклузив, Грузија, каде се правеле подготовки за ликовна изложба. Полицајците соопштиле дека се таму за да извршат претрес, без да покажат налог за претрес или каква било друга судска наредба. Откако сфатиле дека се во просториите на ЛГБТИ организација, полициските службеници станале агресивни. Еден од полициските службеници на едно лице насилно му го одзел мобилниот телефон; полициските службеници ги навредувале присутните жени, нарекувајќи ги „болни", „перверзни" и хомофобични навреди и се заканувале дека ќе ја откријат нивната сексуална ориентација во јавноста. Подоцна полицајките ги претресле со соблекување речиси сите присутни жени; никаде не е составена евиденција за претресите со соблекување.

**Забелешки на обучувачот**
Обврските од членовите 3 и 14 се доведени во прашање во овој случај. Ова е пример за дискриминаторско вознемирување и третман од страна на полицијата. Станува збор за случајот на ЕСЧП *Агдгомелашвили и Јапаридзе против Грузија*.[33]
Во овој случај, ЕСЧП заклучил дека однесувањето на полициските службеници, мотивирано од хомофобна и/или трансфобична омраза, било крајно несоодветно. Полицајците не само што намерно ги понижувале и навредувале таргетираните лица преку хомофобични навреди, туку упатиле и закани. Посебно загрижувачки биле претресите со соблекување, за кои никогаш не биле наведени никакви причини, што довело до заклучокот на ЕСЧП дека нивната единствена цел била да се посрамотат и казнат таргетираните лица за нивната поврзаност со ЛГБТИ заедницата. Однесувањето на полициските службеници сигурно ги натерало да чувствуваат страв, и предизвикало гнев и несигурност, што не е компатибилно со обврската на полициските службеници да го почитуваат човечкото достоинство на жените кои ја организирале изложбата.
Оттука, имло повреда на член 3 земен заедно со член 14.

**Случај 3**: Во мај 2003 г. Абду (судански државјанин) и неговиот пријател биле вмешани

**32** https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22itemid%22:[%22001-192466%22]}, резиме на случајот во соопштение од 16 април 2019 година.
**33** https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22itemid%22:[%22001-204815%22]}, резиме на случајот во соопштение од 8 октомври 2020 година.

во тепачка со две бугарски момчиња кои подоцна полицијата ги опишала како „скинхедси". Еден од момчињата го турнал г. Абду на земја и го клоцал додека го навредувал со расистички називи. Вториот напаѓач потоа извадил нож, по што г. Абду и неговиот пријател избегале. Подоцна, г. Абду и неговиот пријател се сретнале со неколку полицајци, кои ги уапсиле нивните напаѓачи. И покрај барањето на г. Абду, јавниот обвинител ја отфрлил истрагата во можниот расистички мотив зад нападот. Обвинителството одлучило дека делото не го достигнало прагот за кривично гонење и, особено, дека не била утврдена расистичката мотивација за насилството.

**Забелешки на обучувачот**
Обврските од членовите 3 и 14 се доведени во прашање во овој случај. Ова е пример каде полицијата не ја исполнила својата обврска да спроведе **ефикасна истрага за можната пристрасност зад кривично дело**. Тоа е случајот на ЕСЧП *Абду против Бугарија*.[30][34] Во овој случај, органите на прогонот ги концентрирале своите истраги на утврдување кој ја започнал тепачката, само забележувајќи го недостатокот на докази дека насилството било мотивирано од расистички размислувања. ЕСЧП сметал дека, имајќи ги предвид конкретните поткрепени наводи за расистички мотиви дадени од страна на жалителот (особено, расистичките навреди употребени за време на нападот и двајцата наводни сторители се „скинхедси" добро познати на полицијата), надлежните органи имале веродостојни докази на располагање, сугерирајќи можна расистичка мотивација за насилството, и не ја исполниле обврската да ги преземат сите разумни мерки за да го истражат горенаведеното. Обвинителските органи ниту го прашале сведокот за забелешките што можеби ги слушнале за време на инцидентот, ниту пак го испрашале обвинетиот за можниот расистички мотив поврзан со нивните постапки. ЕСЧП утврдил повреда на членот 3 од неговиот процесен аспект, земен заедно во контекст со членот 14.

**Случај 4**: „Идентоба", невладина организација, организирала демонстрации кои требало да се одржат на 17 мај 2012 година во Тбилиси со цел да се одбележи Меѓународниот ден против хомофобијата. На 8 мај 2012 година, тие ги известиле властите за нивната намера да одржат мирен марш и побарале од властите да обезбедат доволна заштита од можно насилство, имајќи го предвид непријателството кон сексуалните малцинства во некои делови од грузиското општество. На маршот присуствувале околу 30 луѓе. За време на настанот, на демонстрантите им се заканувале контрадемонстранти - членови на две религиозни групи - кои биле побројни од нив. Контрадемонстрантите извикувале хомофобични навреди кон учесниците на маршот – меѓу другото нарекувајќи ги „перверзни" и „грешни" – го блокирале нивниот пат и ги опколиле. На крајот, контрадемонстрантите физички нападнале неколку од учесниците на маршот, оставајќи најмалку тројца со повреди - хематом, внатрешна траума на главата и контузии - кои морале да се лекуваат. За време на настанот, полицијата останала релативно пасивна пред насилството. Конкретно, неколку полицајци на местото на настанот, на барање помош од учесниците на маршот, одговориле дека тие биле дел од полициска патрола и дека не им била должност да интервенираат.

**34** https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2226827/08%22],%22itemid%22:[%22001-141908%22]}, резиме на случајот во соопштение од 11 март 2014 година.

**Забелешки на обучувачот**
Обврските од членовите 3 и 14 се доведени во прашање во овој случај. Ова е пример за полицијата која не ги **заштитила основните слободи** (во овој случај слободата на мирно собирање) од насилство мотивирано од пристрасност. Ова е случајот *Идентоба и други* против Грузија.[35] ЕСЧП нотирал дека Европската конвенција за човекови права ги заштитува сите форми на изразување, вклучувајќи го и одржувањето на мирен собир и изразувањето на мислење за ставовите во врска со спроведување кампањи за подигање на свеста за основните права на различните сексуални малцинства. За да ѝ дадат значење на оваа слобода, властите не треба само да ја почитуваат, со други зборови не треба да се мешаат, туку треба и активно да штитат преку позитивни мерки. Дополнително, во овој случај, ЕСЧП нагласил дека властите имале **зголемен товар на заштита** на поединците кога имало претходно сознание за јавно непријателство кон ЛГБТИ заедницата. Со оглед на историјата на јавното непријателство кон ЛГБТИ заедницата во Грузија, ЕСЧП сметал дека властите знаеле или требало да знаат за ризиците поврзани со кој било јавен настан во врска со таа ранлива заедница.

**Случај 5**:[36] Во јули 1997 г., додека бил во полициски притвор, г. Цобзари бил удиран со тупаници и тепан со дрвен стап од страна на тројца полициски службеници во полициската станица на градот Мангалија, Романија. Четворица полицајци во цивилна облека го набљудувале нападот, но не интервенирале. Г. Кобзару потоа бил принуден да потпише документ во кој се наведува дека бил претепан од други лица. При заминувањето, жалителот на својата братучетка ѝ ги покажал џумките на главата и другите траги предизвикани од ударите по грбот. Подоцна истата вечер, г. Кобзару бил примен на одделението за итни случаи во болницата во Мангалија со повреди дијагностицирани како краниоцеребрална траума. Неколку дена подоцна, г. Кобзару поднел жалба против полицајците кои го претепале. Воениот обвинител одбил да отвори кривична истрага против полициските службеници со образложение дека фактите не биле утврдени. Обвинителот истакнал дека и г. Кобзару и неговиот татко биле познати како „антиопштествени елементи склони кон насилство и кражба“, во постојан конфликт како и со „припадниците на нивната етничка група“. Обвинителот сметал дека изјавата дадена од братучетката на г. Кобзару не може да се земе предвид бидејќи и таа била „ц****“ (расистичка навреда).

Сите дополнителни поплаки биле неуспешни.

**35** https://hudoc.echr.coe.int/fre#{%22fulltext%22:[%22Identoba%20and%20 other%20v.%20
**36** Georgia%22],%22itemid%22:[%22001-154400%22]}

**Забелешки на обучувачот**

Овој пример се однесува на **нанесување повреди во полициски притвор** и недостаток на последователна ефективна истрага и казнување на одговорните. Ова е исто така пример за **истрага во која има предрасуди против малцинска група**. Случајот, исто така, го илустрира неуспехот на истражните органи да го земат предвид пристрасниот мотив на полицијата во нивните постапки. На крајот, случајот се однесува и на должноста на полициските службеници да **спречат дискриминација од страна на нивните колеги при извршувањето на нивните функции**. Тоа е случајот на ЕСЧП, *Кобзару против Романија*.[37] Во овој случај, ЕСЧП забележал дека процесот на утврдување на фактите на обвинителите бил целосно заснован на извештаите дадени од полициските службеници обвинети за малтретирање или нивните колеги. Не само што обвинителите ги прифатиле, безрезервно, поднесоците на тие полицајци, туку се чинело дека ги игнорирале клучните изјави на очевидците, вклучително и братучетката на г. Кобзару. Така, ЕСЧП заклучил дека властите не спровеле соодветна истрага за наводите на г. Кобзару за несоодветно постапување, што претставува кршење на член 3. Дополнително, ЕСЧП заклучил дека обвинителите навеле неповрзани забелешки во врска со ромското потекло на г. Кобзару низ целата истрага и дека не било дадено оправдување за тие забелешки. Во очите на ЕСЧП, тенденциозните забелешки на обвинителите во врска со ромското потекло на г. Кобзару, укажале на присуство на општ дискриминаторски став што го имаат властите, што го засилило верувањето на г. Кобзару дека секој лек во неговиот случај е чисто илузорен. ЕСЧП заключил дека неуспехот на властите да ги истражат можните расни мотиви во малтретирањето на жалителот, во комбинација со нивниот став во текот на истрагата, претставува дискриминација што претставува кршење на членот 14, земен заедно во контекст со членовите 3 и 13.

**37** Забелешка до обуувачот: ова е покомплексен случај од претходните случаи; користете го со напредна група или како вежба за анализа на цела група.

## *Активност 1.5: Промовирање на еднаквост и недискриминација во полициската работа*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Зголемување на разбирањето на учесниците за тоа како да се поттикне еднаквоста и недискриминацијата во полициската работа. |
| **Време:** | 45 минути |
| **Потребни материјали:** | хартија/табла<br>маркери за хартија |
| **Подготовка:** | Обучувачот треба да спроведе некое претходно истражување на достапните национални податоци за населението по национална или етничка припадност и статистика за различностите во полицијата, како што се членовите на недоволно застапените малцински групи. (Последното може да се провери кај полицискиот контакт). Дополнително, обучувачот треба да спроведе одредено истражување за националните мерки / механизми (институционални или оперативни) кои стимулираат еднаквост и недискриминација во полициската работа во односната земја. |

**Инструкции**

1. Започнете со прашување на групата: *Како ја разбирате различноста?*

   Различноста во општеството подразбира постоење на луѓе со различни индивидуални карактеристики во едно општество. Овие карактеристики би можеле да опфатат сè што ги прави луѓето единствени, како што се нашите когнитивни вештини и особини на личноста, заедно со нештата што го обликуваат нашиот идентитет, како што се „расата“, етничкото потекло, религијата, возраста, полот, сексуалната ориентација, попреченоста или родовиот идентитет. Различноста, исто така, ја подразбира важноста на разбирањето и ценењето на културните разлики помеѓу овие различни групи.

   Следно, прашајте ја групата: *Колку е разновидна заедницата на која ѝ служите?*

   Потоа, презентирајте информации од националниот попис за етничкиот состав на едно општество во дадената земја. Следете го примерот на Англија и Велс,[38] претставен во продолжение. И прашајте ги учесниците, дали полициските сили го одразуваат овој етнички состав во нивната земја?

   - во времето на пописот во 2011 година, 86,0% од луѓето во Англија и Велс биле белци, а 14,0% биле од други етнички групи
   - на крајот на март 2020 година, 92,7% од полицајците биле белци, а 7,3% биле од азиско, црно, мешано и друго етничко потекло и 4,3% од раководните службеници биле од азиска, црна, мешана и други етнички групи заедно, во споредба со 2,8% во 2007 г.

2. Потоа, кажете ѝ на групата дека сега ќе разговараат за тоа како може да се поттикне еднаквоста и недискриминацијата во работата на полицијата преку институционални и оперативни мерки / механизми. Поделете ја групата на три или четири мали групи и на секоја група доделете ѝ по едно од прашањата дадени во продолжение. Дајте ѝ на секоја група по 10 минути да разговара за прашањата, по што следи презентација и дискусија за секое прашање во аудиториумот.

38 www.ethnicity-facts-figures.service.gov.uk/workforce-and-business/workforce-diversity/police-workforce/last.

**Прашања за мали групи**

1) Како различноста на вашата заедница / земја се рефлектира во полицијата? Зошто е важна? Кои воспоставени механизми / мерки ја промовираат и олеснуваат различноста во полицијата? Наведете примери.
2) Како потребите на разновидното население во вашата земја се рефлектираат во вашата работа и квалитетот на услугата? Наведете примери.
3) Кои механизми за одговорност на полициските дејствија постојат во вашата земја? Зошто е важно да постојат такви механизми? Наведете примери.

**Олеснување за обучувачот**

1) *Како различноста на вашата заедница / земја се рефлектира во полицијата? Зошто е важно? Кои воспоставени механизми / мерки ја промовираат и олеснуваат различноста во полицијата?*
Различноста во полицијата е важна. Онаму каде што полицијата е претставник на различноста на нивното општество, таа ќе биде подобро опремена со нови компетенции и вештини, вклучително и јазични вештини, за да ги задоволат потребите на сите членови на општеството. Исто така, постои поголема веројатност дека тие ќе имаат подобра врска со заедниците на кои им служат, и на тој начин ќе ја зголемат полициската ефикасност. Преку одразувањето на различноста на општеството во составот на полицијата се гарантира дека на тој начин се придава важност на промовирањето на општество чии членови чувствуваат дека уживаат еднакви можности без оглед на нивното етничко, национално, верско, јазично или друго потекло. Исто така е важно за да се опреми полицијата со нови компетенции и вештини, вклучително и јазични вештини, и да да се зголеми ефикасноста на полицијата преку зајакнување на комуникацијата со малцинските групи и довербата меѓу нив.
Примери на мерки може да го вклучат следново: посебни политики за регрутирање и задржување на членовите на малцинските групи; посветени програми за квоти на туторство за поддршка на членовите на малцинските групи да напредуваат во полициската кариера; инсталирање механизам за следење на целите за еднаквост; спроведување активности насочени кон промовирање на интеракцијата и почитта меѓу колегите од различно потекло.

2) *Како потребите на различното население во вашата земја се рефлектираат во вашата работа и во квалитетот на вашата услуга?*
Примери на мерки може да го вклучат следново: мисија на полициската служба која ја нагласува обврската да промовира еднаквост и да ја спречи расната дискриминација во нивните функции; внатрешни кодекси на однесување против расизмот и расната дискриминација; политики и програми за обука за различности и полициско работење во општество со различности, вклучувајќи специфична обука за полицајци кои се во контакт со припадници на малцинските групи; обука насочена кон учење на јазик од страна на мнозинските полициски службеници што го зборува малцинска група; обука за културен и религиозен плурализам.

3) *Кои механизми за одговорност за полициските дејствија постојат во вашата земја? Зошто е важно да постојат такви механизми?*
Искуството покажува дека жртвите на полициска злоупотреба генерално немаат доверба во интерните механизми за поплаки во полицијата. Тие честопати не сакаат да ги поднесат случаите пред институциите кои тесно и секојдневно соработуваат со полицијата, како што се органите на обвинителството. Затоа е неопходно да се создаде систем со кој жртвата може да поднесе жалба во целосна доверба до независно тело чија главна задача е да ги контролира активностите на полицијата.

3. Затоа, покрај структурите надлежни за примање поплаки и жалби за полициско недолично однесување (како што се внатрешните дисциплински механизми, вклучително полициските инспекторати, секторот на министерството за внатрешни работи итн. и обвинителот), треба да постои независно тело на кое ќе му се довери истрагата за наводни случаи на сите форми на дискриминација и дискриминаторско недолично однесување од страна на полицијата. Такво тело може да биде национална институција за заштита и унапредување на човековите права, специјализиран полициски Народен правобранител или цивилна комисија за надзор на полициските активности.Следно, преминете на дискусијата во врска со улогата на полицискиот службеник како поединец во поттикнувањето на принципот на недискриминација во полициските сили, во однос на нивните колеги кои припаѓаат на малцинските групи. Споделете ги следните цитати со групата во аудиториум (можете да ги проектирате на Power Point) и поставете ги следниве прашања: *Што би направиле кога би слушнале дека вашите колеги користат дискриминаторски јазик? Како би им се спротивставиле?* Потоа прашајте: *Ако одговорите искрено, колку е тешко да се спротивставите на дискриминаторскиот јазик од вашите врсници во вашата околина? Зошто е важно да се спротивставиме на дискриминаторскиот јазик и ставови?*

**Цитати од сведоштва**

„Секој втор ден слушам коментари од моите колеги дека жените не можат добро да работат во полицијата, дека не се доволно силни за оваа работа. Се навикнав на ваков вид коментари, па дури и се смеам на сексистички шеги заедно со моите машки колеги, што друго да правам?“

*Жена полициски службеник*

„Јас сум геј, но никогаш нема тоа да им го откријам на моите колеги, бидејќи шегите на сметка на хомосексуалците, нивното именување како „перверзни“,„пешковци“ и други хомофобични навреди, е дел од комуникацијата меѓу полицијата. Замислете што ќе се случи ако им кажам на колегите дека сум геј?“

*Маж полициски службеник*

## *Активност 1.6: Улогата на полицијата во промовирањето на добрите односи*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Зголемување на разбирањето на учесниците за нивната улога во промовирањето на добрите односи меѓу заедниците, со што се придонесува кон безбедноста на заедниците. |
| **Време:** | 15 минути |
| **Потребни материјали:** | проектор<br>Power Point презентација со случајот |

**Инструкции**

1. Во аудиториум, користејќи слајдови во Power Point и проектор, презентирајте го случајот даден во продолжение во кој полицијата одигра позитивна улога во заштитата на членовите на малцинските групи од расизмот и предрасудите на мнозинското население. После тоа, прашајте ги следниве прашања на учесниците:

- *Дали знаете за слични случаи на полициска интервенција во вашата земја? Ако одговорот е да, како тоа влијаеше на односите меѓу полицијата и заедницата?*
- *Зошто е важно да се подобрат односите меѓу полицијата и заедницата?*

**Случај**:[39] Во октомври 2005 година, во општина Аспропиргос, Грција, родители кои не се Роми протестирале против запишувањето на децата Роми во основното училиште. Го блокирале влезот во училиштето и извикувале „Нема ниту едно ромско дете да оди во ова училиште. Нема да имате пристап овде, тоа е сè". Во друга прилика, тие закачиле натпис „Училиштето ќе остане затворено поради проблемот со Ц****" (расистичка навреда). Од првиот ден на инцидентите, полицијата била поставена пред училиштето за да обезбеди влез и излез на учениците Роми. Благодарение на навремената интервенција на полицијата избегната е пресметка пред училиштето. Со своето присуство полицијата спречила незаконски дејствија врз учениците од ромско потекло. Со присуство на полиција, децата Роми имале пристап до наставата без потешкотии.

**39** Врз основа на случајот ***Сампанис и другите против Грција***, https://hudoc.echr.coe.inteng#{%22tabview%22:[%22document%22],%22itemid%22:[%22001-86798%22]} . (Совет на Европа (2015), Огледала – Прирачник за борба против антициганизмот преку едукација за човекови права, достапен на www.coe.int/en/web/youth-roma/ mirrors, стр. 34).

# Анекси и материјали

*Материјал 1.1*

**Поедноставена верзија на избрани членови од Европската конвенција за човекови права и нејзините протоколи**[40]

***Резиме на преамбулата***
Владите членки на Советот на Европа работат на мир и поголемо единство засновано на човековите права и основните слободи. Со оваа Конвенција тие одлучуваат да ги преземат првите чекори за спроведување на многу од правата содржани во Универзалната декларација за човекови права.

***Член 1 – Обврска за почитување на човековите права***
Државите мора да се погрижат секој да ги има правата наведени во оваа Конвенција.

***Член 2 – Право на живот***
Имате право на живот.

***Член 3 – Забрана на тортура***
Никој никогаш нема право да ве повреди или мачи. Дури и во притвор треба да се почитува вашето човечко достоинство.

***Член 4 – Забрана на ропство и принудна работа***
Забрането е да ве третираат како роб или да ви наметнуваат принудна работа.

***Член 5 – Право на слобода и безбедност***
Имате право на слобода.
Ако ве уапсат, имате право да знаете зошто.
Ако ве уапсат, имате право да ви се суди што е можно поскоро или да бидете ослободени додека не се одржи судењето.

***Член 6 – Право на правично судење***
Имате право на правично судење пред непристрасен и независен судија. Ако сте обвинети дека сте извршиле кривично дело, вие сте невини додека не се докаже дека сте виновни. Имате право на помош од адвокат кој треба да го плати државата ако сте сиромашни.

***Член 7 – Нема казна без закон***
Не можете да бидете прогласени за виновни за кривично дело ако не постоел закон против тоа кога сте го направиле.

**40** Избрани статии за целите на оваа обука. Поедноставена верзија на избраните статии од Европската конвенција за човекови права и нејзините протоколи, изготвена од Директоратот за комуникации на Советот за Европа, подготвена единствено за едукативни цели е достапна на www.echr.coe.int/ Documents/Simplified_Conv_ENG.pdf.

***Член 8 – Право на почитување на приватниот и семејниот живот***
Имате право на почитување на вашиот приватен и семеен живот, вашиот дом и кореспонденција.

***Член 9 – Слобода на мислата, совеста и религијата***
Имате право на слобода на мисла, совест и религија. Имате право да ја практикувате вашата религија дома и јавно и да ја промените верата ако сакате.

***Член 10 – Слобода на изразување***
Имате право одговорно да кажувате и пишувате што мислите и да давате и примате информации од други.
Ова ја вклучува и слободата на печатот.

***Член 11 – Слобода на собирање и здружување***
Имате право да учествувате на мирни собири и да основате или да се придружувате на здруженија – вклучително и синдикати.
***Член 12 – Право на брак***
Имате право да склучите брак и да имате семејство.

***Член 13 – Право на ефективен правен лек***
Ако вашите права се повредени, можете да се жалите за ова официјално до судовите или другите јавни тела.

***Член 14 – Забрана на дискриминација***
Ги имате овие права без оглед на бојата на кожата, полот, јазикот, политичките или религиозните убедувања или потеклото.

***Член 1 од Протокол бр. 12 – Општа забрана на дискриминација***
Не можете да бидете дискриминирани од јавните власти поради, на пример, бојата на кожата, полот, јазикот, политичките или религиозните убедувања или потеклото.

*Материјал 1.3.1*

## Квиз за клучните дефиниции

| Концепт | Ставете буква | | Дефиниција |
|---|---|---|---|
| Предрасуди / пристрасност | | А | Дискриминација по повеќе основи кои меѓусебно комуницираат на начин на кој произведуваат специфични видови на дискриминација. |
| Расизам | | Б | Секој неоправдано различен третман врз основа на „раса“, етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација или родов идентитет итн., што нема објективно и разумно оправдување. |
| Дискриминација | | В | Однапред смислени мислења кои не се засноваат на разум, факти или вистинско искуство, кон личност или група врз основа на нивните лични карактеристики, како што се „раса“, етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација, родов идентитет, или друг личен статус. |
| Индиректна дискриминација | | Г | Јавни изрази кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат омраза, дискриминација или насилство кон личност или група на луѓе врз основа на нивната „раса“, етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација или родов идентитет итн. |
| Повеќекратна дискриминација | | Д | Дискриминација по повеќе основи. |
| Вкрстена дискриминација | | Е | Случаи кога навидум неутрална одредба, практика или политика се применува за сите на ист начин, но става некои групи на луѓе во понеповолна положба во споредба со другите врз основа на нивната „раса“, етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација или родов идентитет итн. |
| Расно профилирање | | Ж | Криминални дела мотивирани од пристрасност или предрасуди кон одредени групи на луѓе, врз основа на нивната „раса“, етничко потекло, религија, националност, попреченост, сексуална ориентација или родов идентитет итн. |
| Злосторство од омраза | | З | Верувањето дека основа како што е „раса“, етничко или национално потекло, јазик или националност го оправдува презирот кон некоја личност или група луѓе или поимот за супериорност на личност или група на луѓе. |
| Говор на омраза | | И | Практики кога, без објективно и разумно оправдување, полицијата користи основи како што се „раса“, боја на кожа, јазик, религија, националност или национално или етничко потекло во активностите за контрола, надзор или истрага. |

*Материјал 1.3.2*

**Принципи на еднаквост и недискриминација и меѓународна и европска рамка за човекови права**

Концептот на еднаквост се заснова на признавањето на „вроденото достоинство и на еднаквите и неотуѓиви права на сите членови на човечкото семејство“ како што е вградено во Универзалната декларација за човекови права (УДЧП).[41] Членот 2 од УДЧП прецизира дека „секој има право на сите права и слободи наведени во оваа Декларација, без каква било разлика, како што се раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање или друг статус“.

**Меѓународен пакт за граѓански и политички права**(МПГПП),[42] Членот 2 го повторува истиот принцип на еднаквост: „Секоја држава-членка на овој пакт се обврзува да ги почитува и да им ги обезбеди на сите поединци на нејзината територија и под нејзина јурисдикција правата признати во овој пакт, без каков било вид на разлика, како што се раса, боја на кожа,пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање или друг статус“.

Членот 26 од МПГПП бара еднаквост пред законот, еднаква заштита од законот и заштита од дискриминација: „Сите лица се еднакви пред законот и имаат право без никаква дискриминација на еднаква заштита од законот. Во овој поглед, законот ќе забрани секаква дискриминација и ќе им гарантира на сите лица еднаква и ефикасна заштита од дискриминација по секоја основа како што се раса, боја на кожа, пол, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, имот, раѓање или друг статус“.

**Конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација** (КЕРД)[43] се однесува на расната дискриминација и дискриминација врз основа на национално или етничко потекло.

Член 2 (1)(а): Секоја држава-членка се обврзува да не се вклучи во никаков чин или практика на расна дискриминација на лица, групи на лица или институции и да се погрижи дека сите јавни органи на власта и јавни институции, и национални и локални, ќе постапуваат во согласност со оваа обврска.

Член 2 (1)(г): Секоја држава членка ќе забрани и ќе стави крај, со сите соодветни средства, вклучително и законодавството како што бараат околностите, на расната дискриминација од која било личност, група или организација.

Член 4 (а): [Државите-членки] ќе го прогласат кривично дело казниво со закон секое ширење на идеи засновани на расна супериорност или омраза, поттикнување на расна дискриминација, како и сите чинови на насилство или поттикнување на такви дела против која било раса или група на лица со друга боја на кожа или етничко потекло, а и ќе обезбедат секаква помош за расистичките активности, вклучително и нивно финансирање.

Меѓународната рамка за човекови права содржи меѓународни инструменти за борба против другите **специфични форми на**

**41** www.un.org/en/about-us/universal-declaration-of-human-rights.
**42** www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/ccpr.aspx.
**43** www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/cerd.aspx.

**дискриминација**, вклучувајќи го следново:

- Дискриминација врз жените – Конвенција за елиминација на сите форми на дискриминација врз женит[44]

- Религиозна дискриминација - Декларација за елиминација на сите форми на нетолеранција и дискриминација врз основа на религија или верување[45]

- Дискриминација на лицата со попреченост – Конвенција за правата на лицата со попреченост,[46] членовите 5 и 6

- Дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет – Заштита од насилство и дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет (усвоена на 30 јуни 2016 година), Резолуција A/HRC/RES/32/2.[47]

На ниво на **Советот на Европа**, **Европската конвенција за човекови права** (ЕКЧП)[48] утврдува забрана за дискриминација во член 14, кој гарантира еднаков третман во уживањето на правата наведени во Конвенцијата: „Уживањето на правата и слободите наведени во оваа Конвенција ќе биде обезбедено без дискриминација по која било основа како што е пол, раса, боја на кожа, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, поврзаност со национално малцинство, имот, раѓање или друг статус".
**Протокол 12 кон ЕКЧП[49]** го проширува опсегот на забраната за дискриминација на еднаков третман во уживањето на секое право, вклучително и правата според националното законодавство: „1. Уживањето на секое право утврдено со закон ќе биде обезбедено без дискриминација по која било основа како што е пол, раса, боја на кожа, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, здружување со национално малцинство, имот, раѓање или друго статус. 2. Никој не смее да биде дискриминиран од која било јавна власт по која било основа како оние наведени во став 1".
Како и на меѓународно ниво, рамката за човековите права на Советот на Европа има инструменти кои се однесуваат на **специфичните форми на дискриминација**:

- Дискриминација врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет – Препорака CM/ Rec(2010)5 на Комитетот на министри до земјите-членки за мерки за борба против дискриминацијата врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет.[50]

- Дискриминација врз жените – Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство

**44** www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/cedaw.aspx.
**45** www.ohchr.org/en/professionalinterest/pages/religionorbelief.aspx.
**46** https://ohchr.org/EN/HRBodies/CRPD/Pages/ConventionRightsPersonsWithDisabilities.aspx#5.
**47** https://ohchr.org/EN/Issues/Discrimination/Pages/LGBTUNResolutions.aspx.
**48** www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=basictexts&c.
**49** Протоколот 12 кон Конвенцијата за заштита на човековите права сè уште не е ратификуван од сите земји-членки на Советот на Европа. Статусот на ратификација е достапен тука www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/treaty/177/signatures?module=treaty-detail&treatynum=177.
**50** www.coe.int/en/web/sogi/rec-2010-5.



МАТЕРИЈАЛ

(Истанбулска конвенција).[51]Дискриминација врз основа на национално и етничко потекло – Рамковна конвенција за заштита на националните малцинства,[52] членовите 4 и 6.

**Европската комисија против расизам и нетолеранција** (ЕКРИ), телото за следење на човековите права на Советот на Европа, е специјализирано за прашања поврзани со борбата против расизмот, дискриминацијата (по основа на „раса“, етничко / национално потекло, боја на кожа, државјанство, религија, јазик, сексуална ориентација, родов идентитет и полови карактеристики), ксенофобија, антисемитизам и нетолеранција во Европа. ЕКРИ издава извештаи за земјите и препораки до земјите-членки.
Следниве општи препораки на ЕКРИ се од особено значење за темите на овој прирачник:[53]

- Ревидирана Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 5 за спречување и борба против антимуслиманскиот расизам и дискриминација, усвоена на 16 март 2000 година и ревидирана на 8 декември 2021 година

- Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр.7 за националното законодавство за борба против расизмот и расната дискриминација, усвоена на 13 декември 2002 година и ревидирана на 7 декември 2017 година

  Ревидирана Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 9 – за Спречување и борба против Антисемитизмот усвоена на 25 јуни 2004 година и ревидирана на 1 јули 2021 година

- Ревидирана Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ политика бр.11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полицијата, усвоена на 29 јуни 2007 година

- Ревидирана Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ политика бр. 13 за борба против антициганизмот и дискриминацијата против Ромите, усвоена на 24 јуни 2011 година и изменета на 1 декември 2020 година

- Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 16 за заштита на незаконски присутните мигранти од дискриминација, усвоена на 16 март 2016 година.

Во однос на полициското работење, **Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полицијата** и Европскиот кодекс за полициска етика на Советот на Европа[54] воспоставуваат детални стандарди што

**51** www.coe.int/en/web/istanbul-convention/text-of-the-convention.

**52** www.coe.int/en/web/conventions/full-list/-/conventions/rms/090000168007cdac?module=treaty-detail&treatynum=157.

**53** www.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/EKPH-standards.

**54** https://rm.coe.int/16805e297e.

МАТЕРИЈАЛ

треба да ги следи полицијата во нивните напори да ги исполни своите основни функции.

**Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полициското работење, извадоци:**

**„II. Што се однесува до сите форми на расна дискриминација и расно мотивирано недолично однесување од страна на полицијата**

5. Да се гарантира дека законодавството кое забранува директна и индиректна расна дискриминација ги опфаќа активностите на полицијата

6. Да се обучи полицијата за човекови права, вклучително и правото да се биде ослободен од расизам и расна дискриминација, како и важечките законски одредби против расизмот и расната дискриминација
7. Да се преземат мерки за информирање на полицијата за фактот дека нема да се толерираат дела на расна дискриминација и расно мотивирано недолично однесување од страна на полицијата
8. Да се обезбедат механизми за поддршка и совети за жртвите на расна дискриминација или расно мотивирано недолично однесување од страна на полицијата
9. Да се обезбеди ефикасна истрага за наводните случаи на расна дискриминација или расно мотивирано недолично однесување од страна на полицијата и да се гарантира доколку е потребно сторителите на овие дела да бидат соодветно казнети
10. Да се обезбеди тело, независно од полицијата и органите на обвинителството, на кое ќе му биде доверена истрагата за наводните случаи на расна дискриминација и расно мотивирано недолично однесување од страна на полицијата.

**III. Што се однесува до улогата на полицијата во борбата против расистичките престапи и следењето на расистичките инциденти**

11. Да се осигура дека полицијата темелно ги истражува расистичките престапи, вклучително и со целосно земање предвид на расистичката мотивација на обичните прекршоци
12. Да се воспостави и да се стави во функција систем за евидентирање и следење расистички инциденти и степенот до кој овие инциденти се изведени пред обвинителите и на крајот се квалификувани како расистички престапи
13. Да се охрабрат жртвите и сведоците на расистички инциденти да пријават такви инциденти

14. За овие цели, да се усвои широка дефиниција за расистички инцидент

За целите на оваа препорака, расистички инцидент ќе биде:

„Секој инцидент што жртвата или кое било друго лице го смета за расистички“.

МАТЕРИЈАЛ

**Европски кодекс на полициска етика, додаток на препораката Rec(2001)10**

„ […]

40. Полицијата ќе ги извршува своите задачи на правичен начин, водејќи се, особено, од принципите на непристрасност и недискриминација.
[…]

43. Полицијата, при извршувањето на своите активности, секогаш ги има предвид основните права на сите, како што се слободата на мислата, совеста, религијата, изразувањето, мирното собирање, движењето и мирното уживање во имотот.

44. Полицискиот персонал се однесува со интегритет и почит кон јавноста и особено земање во предвид на состојбата на поединците кои припаѓаат на особено ранливите групи. […]

49. Полициските истраги треба да бидат објективни и правични. Тие треба да бидат чувствителни и прилагодливи на лицата со посебни потреби, како што се децата, малолетниците, жените, малцинствата вклучувајќи ги етничките малцинства и ранливите лица.
[…]

52. Полицијата ја обезбедува потребната поддршка, помош и информации на жртвите на криминал, без дискриминација.
[…]

54. Лишувањето од слобода на лицата ќе биде колку што е можно поограничено и ќе се спроведува земајќи го предвид достоинството, ранливоста и личните потреби на секој притвореник. За секој притвореник систематски се води евиденција за притворот.
[…]

59. Полицијата е одговорна пред државата, граѓаните и нивните претставници. Тие ќе бидат предмет на ефикасна надворешна контрола.
60. Државната контрола на полицијата е поделена на законодавна, извршна и судска власт.
61. Јавните власти обезбедуваат ефективни и непристрасни процедури за жалби и поплаки против полицијата.
62. Ќе се промовираат механизми за одговорност, засновани на комуникација и меѓусебно разбирање меѓу јавноста и полицијата“.

# Модул 2

# ПОЛИЦИСКО ДИСКРИМИНАТОРСКО НЕДОЛИЧНО ОДНЕСУВАЊЕ


| | |
|---|---|
| Вовед и контекст | 62 |
| Резултати од учењето | 63 |
| Преглед на активностите и временските рамки | 63 |
| Подготовка | 64 |
| Опис на активноститете | 65 |
| *Активност 2.1: Што подразбираме под „дискриминаторско недолично однесување"?* | *65* |
| *Активност 2.2: Недолично однесување, дискреција и дискриминација – Практично размислување* | *67* |
| *Активност 2.3: Недолично однесување и дискриминација во постапувањето со осомничените* | *70* |
| *Активност 2.4: Пречки за пријавување дискриминаторско недолично однесување во полициската организација* | *74* |
| *Активност 2.5: Ангажирање со жртви на полициско дискриминаторско недолично однесување* | *76* |
| *Активност 2.6: Дискусија со организациските лидери во врска со анализите на дискриминаторско недолично однесување и јавното искуство од полициското работење* | *79* |
| Анекси и материјали | 82 |
| *Материјал 2.2.1: Информации за сценариотото – Запирање на автомобил* | *82* |
| *Материјал 2.2.2: Информации за сценариотото – Листа со опции* | *83* |
| *Материјал 2.2.3: Информации за сценариотото - Автомобил што вози со голема брзина* | *84* |
| *Материјал 2.3.1: Информативен лист за сценариото – Апсење и транспорт на осомничено лице* | *85* |
| *Материјал 2.3.2: Краток преглед на клучните точки од Европскиот кодекс за полициска етика* | *86* |
| *Материјал 2.4.1: Опции за пријавување на недолично однесување* | *87* |
| *Материјал 2.4.2: Разбирање на полициската култура* | *88* |
| *Материјал 2.6.1: Влијанието на полициската култура врз пријавувањето и истрагата на поплаките* | *90* |

## Вовед и контекст

Полициското недолично однесување може да има многу форми. Може да вклучува фабрикување докази, давање лажно сведочење, закани кон осомничените, злоупотреба на овластувањата, нечесност, непристојност и непропорционална употреба на сила. Со некои од овие дела и однесувања може да се справиме преку внатрешните административни процеси, додека други, поради нивната природа и степен, може да изискуваат покренување на обвинение пред судовите. Она што ги поврзува сите заедно како недолично однесување е тоа што тие не ги исполнуваат стандардите на професионално однесување што јавноста има право да ги очекува од полицијата и кои полициските службеници имаат право да ги очекуваат од себе и едни од други. Дискриминаторското недолично однесување е особено несоодветно бидејќи е обележано од дополнителната мотивација за малтретирање на одредени групи и поединци исклучиво врз основа на некоја карактеристика, без разлика дали, на пример, таа карактеристика е раса, религија или сексуална ориентација. Како недолично однесување, овие однесувања мора да се решат навремено и ефективно. Во зависност од природата и степенот на вклучениот престап, можеби е доволно да се советува, да се внимава и да се надгледува. Сепак, во посериозни случаи може да се бара итно суспендирање, па дури и апсење, во очекување на кривично гонење. Без оглед на соодветниот механизам за истражување на недоличното однесување (а, идеално тоа би требало да вклучува тело независно од полицијата), потребно е да бидат исполнети одредени воспоставени меѓународни стандарди, меѓу кои не со помала важност е да се биде непристрасен и способен за идентификување на сторителите и нивно изведување пред лицето на правдата. Важно е да се испрати јасна, недвосмислена порака до јавноста и до самите полицајци, дека полицијата нема да толерира дискриминаторско недолично однесување во која било форма.

За да се однесуваат правилно, полициските службеници мора да знаат што е правилно однесување. Тие мора целосно да го разберат видот на однесување што се бара и очекува од нив. Ова се прави преку обука, надзор и функционирање на ефективни методи на одговорност, како и водејќи се од јасни објаснувања за тоа што не е дозволено и што може да претставува недолично однесување. Тие се наведени во прописите на нивната полициска служба и во секој објавен Стандард за професионално однесување и/или Етички кодекс. Овие прописи и стандарди треба да ги одразуваат и да ги отсликуваат принципите утврдени и во Европската конвенција за човекови права и Кодексот за полициска етика на Советот на Европа[55]. Информациите треба да произлегуваат и од Општа препорака за јавни политики бр. 11 на Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата (ЕКРИ) за борба против расизмот и расната дискриминација во полициското работење.

Ваквите правила и упатства мора да нагласат дека секоја форма на дискриминација од страна на полициски службеник е недолично однесување. Згора на тоа, самите службеници мора да сфатат дека тоа прави штета и на полициската ефикасност и на јавната перцепција за доверливоста на полицијата. Ја отежнува работата на секој полициски службеник, а истовремено ја поткопува перцепцијата за личниот интегритет на секој полицаец во очите на заедницата. Дејството на еден единствен полицаец може да има несразмерно негативно влијание врз остварувањето на мисијата на полицијата. Еден чин на дискриминаторско недолично однесување може да одекне низ целата заедница и да ја поткопа довербата и поддршката што моментално и се дава на целата полициска организација.
Со ова се нагласува зошто таквиате однесувања мора веднаш да бидат оспорени, пријавени и навремено да се истражат. Тоа се одговорности што ги има секој полицаец, бидејќи таквите интервенции се клучни за градење и одржување на довербата на јавноста во поглед на интегритетот и професионалноста на полицијата, без кои довербата е поткопана. Онаму каде што полицијата не е во првите редови во борбата против дискриминацијата, без разлика дали е спроведена од други или е спроведена

**55** Општа препорака за јавна политика бр. 11 на ЕКРН за борба против расизмот и расната дискриминација во полициското работење, усвоена на 27 јуни 2007, www.coe.int/en/web/european-commission-against-racism-and-intolerance/recommendation-no.11.

од нивни членови, тогаш таа ќе се смета за дел од проблемот на пристрасност, предрасуди и нетолеранција во општеството. Не треба да се потценуваат потешкотиите во спротивставувањето и оспорувањето на овој вид на недолично однесување, како и потешкотиите лично да не се западне во истото недолично однесување преку активно или пасивно однесување. Организациската култура на полициско работење во многу јурисдикции премногу често се покажа дека е институционално дискриминаторска со многу докази, особено за ендемичен сексизам и расизам. Оваа културна средина им отежнува на одделните службеници да ги отфрлат распространетите ставови, верувања и норми од влијанието врз нивната професионална пракса на негативен начин. Постои и желба да бидат прифатени во групата, што често се претвора во неспротивставување на однесувања за кои се знае дека се погрешни. Сепак, не може да се дозволи колегијалноста да се доведе до степен до кој полицајците сметаат дека должат поголема лојалност дури и на деликвентните колеги отколку на јавноста на која и служат. Лојалноста не треба да биде над интегритетот.

Овој модул ги истражува начините на кои полициските службеници може да наидат или да бидат вклучени во недолично однесување преку дискриминаторски практики. Се гледа како дури и навидум благите и подмолни практики можат да имаат крајно негативно влијание врз животите на луѓето на кои им служат и врз сопствената професионална пракса на полициските службеници.

## Резултати од учење

Учесниците ќе:

- **Ги ценат далекусежните ефекти од полициското недолично однесување во однос на тоа како тоа влијае на нивната способност ефективно да ја извршуваат својата работа и, на лично ниво, на неговите ефекти врз личниот интегритет во очите на нивната заедница.**
- **Препознаат дека погрешната лојалност од неуспехот да се спротивстават и соочат со дискриминаторското однесување од страна на колегите не само што е незаконско, туку претставува и прекршување на довербата во заедницата, што повторно ја поткопува полициската работа.**
- **Го разберат влијанието што неправичното и омаловажувачко полициско однесување го има врз животите на другите како поединци и како заедници.**
- **Ја ценат нивната улога во спротивставувањето на дискриминацијата и заштитата на ранливите лица и, притоа, помагаат да се создаде култура на антидискриминација и да се гордеат со посебната позиција и овластувањата што им се доделени.**
- **Се запознаат со Европскиот кодекс за полициска етика и Европската конвенција за човекови права.**
- **Ја научат вредноста на ангажирањето и партнерството со организациите на граѓанското општество за подобро разбирање и справување со влијанието на дискриминаторското полициско работење.**
- **Знаат како можат да се справат со дискриминаторското недолично однесување и ќе бидат свесни дека пред нив се отворени неколку патишта за преземање на определени дејствија.**

## Преглед на активностите и временските рамки

| | |
|---|---|
| **Активност 2.1**: Што подразбираме под „дискриминаторско недолично однесување“? | **(30 минути)** |
| **Активност 2.2**: Недолично однесување, дискреција и дискриминација – Практично размислување | **(90 минути)** |
| **Активност 2.3**: Недолично однесување и дискриминација во постапувањето со осомничените | **(90 минути)** |
| **Активност 2.4**: Бариери за пријавување дискриминаторско недолично однесување во рамките на полициската организација | **(90 минути)** |
| **Активност 2.5**: Ангажирање со жртви на полициска дискриминација и недолично однесување | **(120 минути)** |
| **Активност 2.6**: Дискусија со организациските лидери во врска со анализите на дискриминаторско недолично однесување и јавното искуство од полициското работење | **(120минути)** |

## Подготовка

Покрај црпењето од проценката на потребите, при подготовката на овој модул, тимот за обука треба да истражува за следново:

- да подготви примероци од релевантните организациски политики и насоки во областа на недоличното постапување на полицијата
- да истражи и идентификува релевантни статистики, извештаи, информации од ГО за темата
- да ја провери точноста и соодветноста на преводите

Секоја активност е придружена со специфични точки за потребните подготвителни чекори, по потреба. Исто така, белешките и препораките на обучувачот се дадени во текот на активностите на модулот.

## Опис на активностите

### *Активност 2.1: Што подразбираме под „дискриминаторско недолично однесување“?*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност има за цел да ги натера учесниците да размислуваат за дискриминаторското недолично однесување. Станува збор за кратка сесија за фокусирање на вниманието на темата, но и суптилно запознавање на учесниците едни со други и со основната тема на овој Модул. |
| **Време:** | 30 минути |
| **Потребни материјали:** | Табла и маркери хартија, пенкала, жива гума, проектор (опционално) |

**Инструкции**

1. Започнете со нагласување на потребата за отвореност, искреност и доверливост доколку учесниците самите сакаат да извлечат максимум од своето време и напори преку работата во рамките на активноста.

2. Пред сесијата, напишете на парче поголема хартија, „Полициско дискриминаторски недолично однесување“ (или можете да го проектирате овој наслов на слајд на Power Point).

3. Побарајте од учесниците да одвојат пет минути за да размислат што би можело да претставува, според нив, дискриминаторско недолично однесување од страна на полициските службеници.

4. Следно, поделете ги учесниците во мали групи, генерално, вкупно четири или пет групи би било идеално. Можете да користите нешто едноставно како одбројување за да го постигнете тоа брзо. Според овој метод, за четири групи, на првиот учесник му се доделува бројот „1“, на вториот „2“, на третиот „3“ и на четвртиот „4“, потоа процесот се повторува. (Броите до 5 ако сакате 5 групи.) Потоа ги ставате сите со број 1 во една група и сите со број 2 во друга група и така натаму. Кога ќе седат одделно во нивните групи, замолете ги учесниците да ги споделат своите идеи за да дојдат до единствена работна дефиниција за полициско дискриминаторско недолично однесување. Тие треба да размислуваат за примери кои ќе им помогнат во дефиницијата што ја создаваат. Дајте маркер на секоја група и поголема хартија/хамер за да ја запишат работната дефиниција на нивната група за полициско дискриминаторско недолично однесување. Може да вклучат еден пример на страницата, за илустративни цели.

5. Кога ќе завршат, секоја група треба да ја донесе својата страница со својата дефиниција и пример пред сите во просторијата каде што обучувачот ја прикачува секоја страница на ѕидот користејќи жива гума. Потоа, обучувачот ја олеснува дискусијата за да им овозможи на сите учесници да работат заедно за да се договорат за една дефиниција, потпирајќи се на дефинициите дадени од секоја група и информациите од дадените примери.

6. Постојат бројни примери на полициско недолично однесување: тие може да вклучуваат примање мито, лажно апсење, употреба на прекумерна сила, фабрикување докази, лажно сведочење и сексуално недолично однесување. Сепак, обучувачот треба да го стави фокусот на дискусијата на

„дискриминаторско“ недолично однесување и да се потпре на примери кои покажуваат дискриминација, како што се расно профилирање, селективно спроведување на законот, неправичен третман врз основа на одредени карактеристики на една личност, како што се етничката припадност, сексуалноста, религија, и така натаму.

7. Заклучете со тоа што ќе ги прашувате учесниците колку тие веруваат дека таквото недолично однесување е во рамките на нивната полициска служба, дури и на она што може да се опише како пониско ниво (на пр. погрдни називи, грубост и непочитување), но кое, сепак, се смета за неприфатливо однесување.

8. Дали учесниците се запознаени дека таквото однесување (а) се истражува во рамките на полициската служба или на повисоки нивоа, како на пример преку судовите и (б) резултира со казнување на полицајците?

9. Последните коментари треба да бидат за тоа колку честопати е тешко таквите однесувања да бидат оспорени и казнети во рамките на полицијата. Причините за ова се неколку, но вклучуваат постоење на полициска култура која не поддржува пријавување колеги полицајци за недолично однесување. Ова е област која е опфатена подоцна во овој модул.

## *Активност 2.2: Недолично однесување, дискреција и дискриминација – Практично размислување*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност подразбира учесниците да се стават себеси во хипотетичко полициско сценарио и да бараат меѓусебно да размислат за нивните можни дејства и причините за тие дејства. Иако самото сценарио е хипотетичко, тоа е втемелено на искуства од реалниот живот и затоа треба да звучи познато за многу од учесниците кои можеби се нашле во слични ситуации за време на нивната полициска кариера.<br>Работењето на ова сценарио им дава на службениците можност да размислат и да сфатат како можат да бидат пристрасни во нивното професионално однесување и пракса преку навидум нормалното практикување на дискреција. Тоа претставува можност да се погледне ефектот на несвесната пристрасност, како и свесната пристрасност. Дополнително, службениците ќе сфатат колку лесно може да се влијае на дискрецијата со предрасуди, доколку не се контролира, што ќе резултира со нивно вклучување во дискриминаторско недолично однесување. |
| **Време:** | 90 минути |
| **Потребни материјали:** | Полициски етички кодекс и/или професионални стандарди и Европски кодекс за полициска етика (референци)<br>хартија и маркери<br>Материјал 2.2.1 Информации за сценариото – запирање на автомобил (Ова може да се даде како физички испечатен материјал на лицата или можете да ги подготвите информациите однапред за да ги проектирате на екран.)<br>Материјал 2.2.2 Листа со опции за дејства за сценарио (Ова може да се даде и како испечатен материјал на лицата или може да ги подготвите информациите однапред за да ги проектирате на екран.)<br>Материјал 2.2.3 Употреба на дискреција: автомобилот што вози со голема брзина, пенкала, проектор (опционално)<br>Пред сесијата, проверете дали сте запознаени со сценаријата и поврзаните материјали и белешки за оваа активност. Прочитајте ги за да можете подобро да одговорите на сите прашања што може да се појават и за да можете да дадете поопширни објаснувања, онаму каде што е потребно.<br><br>Подгответе три страници на поголеми хартии/табла:<br>• Ставете наслов на прватa страница „Избрани опции“. Ова ќе се користи за да се забележат правците на дејствија што ги претпочитаат полицајците во следното сценарио.<br><br>• Ставете наслов на втората страница, „Оправдувања за преземени дејствија“. Оваа страница ќе се користи за доловување на образложението за направените избори.<br><br>• Ставете наслов на третата страница, „Импликации за професионалното полициско работење“. Оваа страница ќе се користи за да се доловат клучните точки на дебата околу импликациите што ги имаат избраните активности за професионалното полициско работење. Ова ќе му овозможи на обучувачот да се осврне на однесувањата што се очекуваат од професионалното полициско работење, како што е наведено во кој било национален Кодекс за полициска етика и/или Професионални стандарди и да ја нагласи потребата за правично, недискриминаторско полициско работење на соодветни поенти. |

**Инструкции**

1. Започнете со презентирање на учесниците со материјал: 2.2.1 Информации за сценариото – Запирање на автомобил (во продолжение). Се препорачува да дистрибуирате хартиени примероци од сценариото меѓу учесниците, а во исто време да го проектирате сценариото на екран.

2. Следно, презентирајте го списокот со опциите наведени во материјалот 2.2.2 на учесниците. Можете да го направите ова со печатење на шесте можни начини на дејствување и обезбедување на копија за секој учесник и/или можете да изберете да ги прикажете опциите користејќи проектор или други средства. Побарајте од учесниците да ги прочитаат презентираните опции и да одлучат која најдобро одговара на активностите што би ги направиле. Ако ниту едно од дејствијата не е прифатливо за нив, тогаш тие можат да запишат начин на дејствување што би го избрале за себе во дадените околности. Треба да нагласите дека не барате „вистински“ одговор, туку „искрен“ одговор, она што тие чувствуваат дека веројатно би бил одговорот што би го дале во оваа ситуација. Дозволете им пет до седум минути да размислуваат за сите опции.

3. На страница 1 од хартијата/таблата, забележете ги одговорите од учесниците, усогласувајќи ги со опциите. Прашајте ги учесниците дали можат да видат појава на некакви воспоставени примери во однос на опциите кои повеќе ги претпочитаат, на пример, дали имаат тенденција да прикажат учесникот како му дава на полицаецот кој бил запрен некаков посебен третман (Опции 2, 3 и 5), или покажуваат тенденција да се следат полициските процедури (Опции 1 и 4)?

4. На страница 2 од хартијата/таблата, запишете ги причините што ги нудат учесниците за нивните избрани дејства. Обучувачот треба да ги забележи наведените причини и да размисли дали се чини дека има докази дека учесниците покажуваат некоја посебна лојалност кон засегнатиот полицаец што го обликува нивниот одговор. Ако е така, тогаш дадете им го до знаење следново и поставете им ги следниве прашања: 1) Дали е ова професионално прифатливо? 2) Дали чувствуваат дека постојат начини на кои ова однесување може да се оправда? Ако обучувачот, од друга страна, забележи од одговорите дека повеќето учесници укажуваат дека би ги следеле процедуралните правила, обучувачот треба да ги предизвика со тоа што ќе праша дали тоа навистина е така: дали е ова нешто што тие навистина би избрале да го прават во пракса, или е нешто што сметаат дека треба да кажат дека би го направиле во сегашниот контекст? Како и со сите обуки, вие, како обучувач, треба да ја нагласите доверливоста на средината за обука и дека за да се извлече максимумот од вежбите, учесниците мора да бидат искрени и чесни во својот придонес. Сепак, треба да се чувствуваат удобно да го сторат тоа и ова е дел од предизвикот за изведување на обука.

5. Сега воведете нова динамика во сценариото. Прашајте ги учесниците кои веројатно би биле нивните реакции доколку лицето кое го запреле не е колега од полицијата, туку едноставно некој кого го познаваат како близок сосед, или како пријател или како роднина? Како би се однесувале за да го спречат ова лице? Дали би се однесувале слично како што се однесувале кога го запреле полицаецот кој не бил на должност? Иако овде има јасно различни динамики, сè уште е веројатно дека некој вид на преференцијален третман или посебно признание ќе им се даде на овие „преферирани“ поединци. Онаму каде што учесниците укажуваат на тоа дека преферираните поединци се третираат поинаку, треба да го уважите фактот дека ова однесување е нешто што како луѓе сме предиспонирани да го покажеме. Разбирливо е дека сме склони да се однесуваме на овој начин. Сепак, треба да ја искористите приликата да нагласите дека, како полицајци, честопати ќе мораме да ги подредиме нашите инстинктивни чувства и реакции за да дејствуваме на професионален и недискриминаторски начин.

6. Следно, прашајте дали пристапот би бил поинаков доколку лицето што го запреле е познат криминалец, со долго криминално досие за помали прекршоци. На крајот, прашајте како би се однесувале доколку лицето било припадник на ромската заедница или од некоја малцинска и маргинализирана група во нивната јурисдикција за чии односи со полицијата е познато дека се проблематични. Од оваа дискусија, треба да стане очигледно дека учесниците ќе покажат различни ставови и однесувања кога запираат осомничен пијан возач во зависност од карактеристиките на лицето кое го запреле.
7. Одете на страница 3 од хартијата/таблата, со наслов „Импликации за професионалното полициско работење“. Побарајте од учесниците да одвојат 10 минути за да запишат какви се, според нив, импликациите за професионалното полициско работење доколку тие го контролираат овој „диференцијален“ начин.

8. Потсетете ги учесниците дека од нив се бара да го следат законот без наклонетост. Онаму каде што тие практикуваат дискреција да фаворизираат некои поединци пред други врз основа на овие видови на карактеристики, тогаш тие неправедно дискриминираат. Кажете им, а и самите треба да знаат, дека вестите може многу брзо да се рашират во заедниците. Натерајте ги да станат свесни дека е многу веројатно луѓето брзо да дознаат кога полицијата ќе постапи на овој начин. Таквото однесување ќе ги зајакне верувањата во заедницата дека полицијата спроведува еден закон за некои луѓе, а друг закон за други.

9. Завршете ја дискусијата со упатување на вашиот национален етички кодекс за полицијата и сите национални професионални стандарди за полицијата кои се актуелни. Свртете го вниманието на учесниците онаму каде што дискриминаторското однесување ги прекршува постоечките принципи и правила. Ваквото однесување претставува злоупотреба на полициските овластувања. Тоа е недолично однесување и неговата функција е да ја поткопа довербата во полициското работење. Нагласете дека доколку полициските службеници сакаат да бидат третирани со почит, тогаш мора да покажат дека заслужуваат почит. Ова бара тие да се однесуваат на етички начин.

10. Можете да го заклучите овој дел со тоа што ќе им кажете на учесниците дека разбирате дека некои полицајци можеби се борат со соочување со сопствената пристрасност, со оглед на нивните лични истории и средината во која работат. Можно е определениот вид на пристрасност и однесување што се предизвикува да произлезе несвесно. Сепак, на крајот пристрасноста има потенцијал да ја корумпира мисијата на полицијата да се третираат сите подеднакво, бидејќи е лесно преференцијалниот третман да дојде до дискриминаторски недолично однесување. Во исто време, треба да бидете цврсти со учесниците и да ги соочите со фактот дека некои полициски службеници не се борат со контролирање на пристрасноста и предрасудите во нивната професионална работа, туку дека активно демонстрираат фанатизам и нетрпеливост. Таквите полициски службеници може да бидат расисти, хомофобични, сексисти и слично, и активно дозволуваат нивните искривени ставови да го обликуваат начинот на кој тие ги третираат, или подобро кажано, малтретираат поединците и групите на луѓе. Нема место за такви полициски службеници во професионалната полициска служба која ги почитува човековите права. Нивното однесување треба да биде предизвикано без исклучок и треба да има последици за нивните постапки. Јавноста треба да види дека самата полиција е во првите редови во справувањето со дискриминаторското недолично однесување на полициските службеници. Ова не е нешто на што треба да се гледа како на одговорност на другите. Тоа е првенствено одговорност на полицијата и, особено, раководството во рамките на полициската организација. Полицијата не може да ја извршува улогата што општеството ја бара од неа доколку толерира дискриминаторско недолично однесување.

11. Ако имате време, можете накратко да ги потсетите учесниците на употребата на полициската дискреција. Дистрибуирајте го материјалот 2.2.3. Употребата на

дискреција – Автомобилот што вози со голема брзина. Алтернативно, можете да го проектирате така што секој може да го прочита. Дозволете им на учесниците околу пет минути да го прочитаат сценариото и потоа поставете им го следното прашање: 1) Како би се однесувале со жена возач? Забележете ги одговорите на една страница од хартијата. Потоа прашајте: 2) Како би се однесувале со маж возач? Повторно, забележете ги одговорите на посебна страница од хартијата. Споредете ги одговорите и забележете ги разликите.

12. Во секој случај, веројатно е дека полицискиот службеник што го набљудува и запира возилото ќе има одреден степен на дискреција да предупреди, да внимава, да издаде парични казни или да испрати детали за кривично гонење, во зависност од она што тие мислат дека е потребно во околностите. Иако дискрецијата е достапна, таа мора да се користи праведно, чувствително и со легитимна цел. Потсетете ги учесниците дека користењето на дискреција за сметка на колегите, пријателите и роднините или на штета на оние кои не ви се допаѓаат, е несоодветна употреба на оваа полициска моќ и може да претставува дискриминаторска злоупотреба. Дискрецијата многу лесно може да стане дискриминација. Леснотијата со која тоа може да се случи е дополнително истражена во Третиот модул за профилирање.

13. Како заклучок, ќе биде многу корисно да се зајакне поентата дека мисијата на полицијата бара од полициските службеници да дејствуваат со одреден степен на дискреција. Дискрецијата е нешто што полициските службеници го практикуваат секој ден, иако одамна е признаено дека тоа е моќ што мора да се користи чувствително и да се применува правично.

## *Активност 2.3: Недолично однесување и дискриминација во постапувањето со осомничените*

Европската конвенција за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување[56] е ратификувана од сите 47 земји-членки на Советот на Европа (СЕ).
Врз основа на Конвенцијата, формиран е Комитет за спречување на тортура (КПТ) за да го истражува третманот на лицата лишени од слобода и држени во места на притвор во земјите-членки на СЕ. Тоа вклучува работа со лицата кои се држат во полициски притвор, каде што Комитетот може да води приватни разговори со приведените и да ги праша за нивните искуства. Во текот на работата, која вклучуваше преку 470 посети на земји, КПТ откри дека најчестите околности во кои луѓето се физички малтретирани од полицијата се (1) во моментот на нивното апсење, (2) при транспорт во полициски притвор и (3) додека се во полициски притвор и се подложени на сослушување за прибирање на докази или добивање на признание. Ова има импликации за полициските службеници кои треба да се спротивстават на ваквото недолично однесување во моментот кога се случува, и пред да се дозволи да напредува, на сметка на осомничениот. Понатаму, злоупотребата многу често се поврзува со дискриминација.

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност вклучува ставање на учесниците во хипотетичко полициско сценарио каде што нивни колега е вклучен во недолично однесување во форма на навредливо однесување кон осомничен. Тоа е начин за истражување на тоа како учесниците се чувствуваат за овие видови инциденти, кои продолжуваат да бидат вообичаени во многу јурисдикции, и дали имаат или не мотивација да се спротивстават. Исто така, на овој начин се обезбедува платформа за да се разговара за тоа колку е тешко да се постапува исправно. Сепак, без разлика колку е тешко во дадените околности, полицајците мора да најдат начин да се погрижат дека недоличното однесување ќе се реши во одредена фаза и на некој начин. Може да биде исклучително тешко за полициските службеници да го пријават недоличното однесување на колегите, иако во речиси сите јурисдикции постојат барања да го сторат тоа. Дополнително, непријавувањето на туѓото недолично однесување е многу често само по себе прекршување на професионалните стандарди и на тој начин полицискиот службеник кој нема да пријави, исто така, станува подложен на санкционирање за сопственото недолично однесување. |
| **Време:** | 90 минути |
| **Потребни материјали:** | Врска: Последниот извештај на Комитетот за спречување на тортура за земјата во која се одржува обуката и националниот Кодекс на однесување на полицијата или Професионалните стандарди. Кратко видео продуцирано од Здружението за спречување на тортура во критичните моменти во полицискиот притвор. Ова е достапно на: www.APT.ch/ en/resources/publications/prevention-torture-and-ill-treatment-police- custody достапно е на следните јазици: англиски, француски, португалски, шпански и руски. Хартија/табла, маркери и жива гума хартија, пенкала |

**56** Совет на Европа, Европска конвенција за спречување на тортура и нечовечко или понижувачко постапување или казнување, 26 ноември 1987 година, ETC 126, достапно на: https://www.refworld.org/docid/3ae6b36314.html

| | |
|---|---|
| **Подготовка:** | Подгответе две страници на хартија/табла. Ставете наслов на прва страница: „Одговори“, а на втората, запишете два поднаслови: (1) „Кога?“ (2) „Како?“ За секој учесник, примерок од Материјал 2.3.1, Информативен лист за сценариото за апсење и транспорт на осомничен За секој учесник, копија од Материјалот 2.3.2 во врска со Европскиот кодекс за полициска етика |

**Инструкции**

1. Дистрибуирајте примероци од Материјалот 2.3.1, лист со информациите за сценариото меѓу учесниците. Во исто време, можете да го проектирате сценариото на екран. Дозволете им на учесниците пет до 10 минути да го прочитаат сценариото и целосно да го разберат.

2. Откако учесниците ќе го прочитаат сценариото, прикажете ја првата страница, „Одговори“ и запишете дали учесниците чувствуваат или не дека, во такво сценарио, би го предизвикале однесувањето на нивниот колега или би дозволиле да помине. Прашајте ги учесниците дали сметаат дека однесувањето на колегата е нивна лична одговорност или не. Дали има некаква врска со нив? Дали веруваат дека самите не се виновни за недолично однесување, доколку не интервенираат и не се спротивставаат на својот колега?

3. Олеснете ја дискусијата за сценариото и прашајте ги учесниците дали, според нив, мислат дека ваквото однесување е тривијално или сериозно. Прашајте ги учесниците зошто дошле до таква проценка? Откако дискусијата ќе заврши, префрлете се на втората страница. Овде, извлечете од учесниците кои рекле дека ќе го оспорат однесувањето и прецизната точка на која би интервенирале. Дали ова би било при (1) првиот удар, (2) ударот со тупаница во автомобилот или (3) шамарот во ходникот на полициската станица? Сите тие се физички дејствија. Дали некој би го предизвикал својот колега за вербалните забелешки што ги дал при апсењето и пренесувањето на осомничениот во станица?

4. Следно, привлечете го вниманието на учесниците на поднасловот „Како?“. Како би интервенирале самите учесници? Дали ова би било со директна конфронтација или некои би претпочитале да имаат неформален разговор со својот колега, можеби во различно време и место, за време на порелаксирана социјализација? Ќе биде корисно не само да се открие како учесниците претпочитаат да интервенираат, туку и да се разговара за зборовите што тие би ги користеле. Дали некој од учесниците би се одлучил да преземе официјално дејство и би го пријавил однесувањето на своите претпоставени?
Со тоа што учесниците ќе разговараат и ќе ги споделат своите ставови и јазик, можете да им олесните на службениците да размислуваат и да се подготват за тоа како најдобро би можеле да се спротивставаат и интервенираат, доколку се појават такви ситуации во иднина.

5. Сега претставете го краткото видео, кое ги разгледува критичните моменти во полицискиот притвор, изработено од АПТ за спречување на тортура и малтретирање. Објаснете дека тоа се темите на дискусија во видеото од Лоуел Патриша Годард (поранешна судијка на Високиот суд на Нов Зеланд и член на Поткомитетот на Обединетите нации за спречување на тортура) и генералот Шарбел Матар (тогашен советник за човекови права и тортура на либанската влада). Прикажете го видеото.

**Забелешки на обучувачот**
Видеото сè уште може да се прикажува дури и во случаи во кои што немате можности да ја преведете говорната содржина на вашиот национален јазик. Тоа е затоа што има доволно графички материјал претставен во видеото што ќе може да се поврзе со познатите практики на полицијата. Учесниците треба да препознаат што се случува од нивните професионални искуства. Во таков случај, сепак треба да ги претставите говорниците на групата, посочувајќи дека Лоуел Патриша Годар е поранешна судијка на Високиот суд на Нов Зеланд и член на Поткомитетот на Обединетите нации за спречување на тортура, и дека генералот Шарбел Матар во тоа време бил советник за човекови права и тортура на либанската влада. Во овој случај, мора да им кажете на учесниците кои се клучните пораки на видеото. Пораките се следните:

1) Луѓето се поподложни на злоупотреба од страна на полициските службеници веднаш по нивното приведување или апсење.
2) Самата полиција има голема корист од тоа што е отворена и транспарентна во однос на притворот; еден начин на кој што може да се постигне тоа е со дозволување пристап на одобрените набљудувачи кои можат да помогнат да се обезбеди соодветен третман.

6. На крајот од видеото, прашајте ги учесниците кои според нив се клучните пораки. Олеснете ја дискусијата со тоа што ќе ги наведете да продискутираат за следните клучни точки:

   - Видеото го нагласува она што беше претходно дискутирано, имено дека критичните времиња во третманот на осомничените, кога тие се најподложни на злоупотреба, се во моментот на апсење, транспорт и првично испрашување.
   - Учесниците треба да бидат свесни дека тие и нивните подредени ќе бидат вклучени во полициското работење во овие моменти и треба да бидат ментално подготвени да се спротивстават на секое недолично однесување во моментот кога се појавува. Тие треба да прифатат дека професионалниот став бара итна интервенција во интерес не само на лицето или лицата кои се засегнати и на пошироката заедница на која ѝ служат, туку и во интерес на полицијата, на која не ѝ оди во прилог доколку таквото однесување продолжи во нивно име.
   - Полицијата има должност да се спротивстави, да го запре и пријави недоличното однесување.
   - Следењето на луѓето во полициски притвор е еден од начините на кои може да се помогне во обезбедувањето на правилен третман на притворените, но активностите на самата полиција се исто така клучни и ја препознаваат одговорноста што ја имаат за да се погрижат дека професионалните стандарди на третман се применуваат за секого.

7. Сега треба да го дистрибуирате материјалот 2.2.2 за Европскиот кодекс на полициска етика на учесниците. Поделете го класот во групи од по четворица и дајте ѝ по 10 минути на секоја група да го разгледа овој извадок, кој многу важно го нагласува заедништвото на полициската работа, а особено етичките стандарди и императиви со кои полицијата мора да биде усогласена во демократските општества.

8. Кажете им на учесниците да изберат известувач за да ги сподели нивните одговори на следниве прашања:

   - До кој степен чувствуваат дека оваа етика соодветствува со стандардите за полициско работење кои според нив се практикуваат во нивната јурисдикција?
   - Кои се потешкотиите и предизвиците со кои се соочуваат тие, нивните колеги и нивната организација при исполнувањето на овие стандарди?

- Кои според учесниците се клучните ранливи групи и поединци во нивната јурисдикција или регион?
- Речиси неизбежно ќе има некои случаи на дискриминаторско полициско работење. Дали постојат одредени начини на кои најверојатно ќе се практикува оваа дискриминација?
- Дали има одредени групи или поединци кои најверојатно ќе бидат цел на таквата дискриминација?

9. Кога учесниците даваат повратни информации и коментари за нивните одговори, забележете ги на хартија и закачете ги листовите на ѕидот или на друга соодветна површина каде што може да се гледа во текот на целата сесија.

10. Во заклучоците на оваа сесија, прашајте ги учесниците дали имаат да дадат некакви коментари или забелешки или да постават прашања. Прифатете ги или разгледајте ги во зависност од она што е соодветно.

## *Активност 2.4: Пречки за пријавување дискриминаторско недолично однесување во полициската организација*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност ги поттикнува учесниците да размислуваат за потешкотиите во пријавувањето на дискриминаторско недолично однесување како поединци и во рамките на одредена организациска структура и култура на полициско работење. Постои можност да се размислува за пречките кога станува збор за пријавувањето, но исто така постои можност да се искористи групата за да се истражат начините на кои овие пречки би можеле да се надминат. |
| **Време:** | 90 минути |
| **Потребни материјали:** | хартија/табла и маркери проектор Материјал 2.4.1: Опции за пријавување на недолично однесување (Ова може да се даде како испечатен материјал на учесниците или може да ги подготвите информациите однапред за да бидат проектирани на екран.) Материјал 2.4.2: Разбирање на полициската култура која било копија на јавна политика за „укажување“ што може да постои во вашата јурисдикција. |

**Инструкции**

1. Поделете ги учесниците во групи. Идеално, секоја група треба да брои не повеќе од четири или пет учесници, така што секое лице има можност да придонесе во нивната групна дискусија во дадената временската рамка. Дајте им на учесниците 15 минути да разговараат меѓу себе, поставувајќи голем број прашања, за тоа кои мислат дека се најголемите бариери за пријавување на недоличното однесување на колегите во нивната полициска служба. Прашањата може да се напишат однапред на одделни листови или можете да ги проектирате на екран со помош на проекторот. Прашањата што треба да се решат се како што следува:

    - Што вас лично би ве спречило да пријавите дискриминаторско недолично однесување?
    - Што би ви олеснило да пријавите?
    - Ако треба да се направат промени за да се олесни пријавувањето, како би изгледале тие промени?

    Ако активноста може да се олесни во рамките на физичкиот простор што е на располагање, обидете се да ја организирате така што секоја група има одредено растојание / приватност во однос на другите групи. Дајте ѝ на секоја група парче хартија. Кажете ѝ на секоја група дека треба да номинира портпаролот кој ќе ги пријави нивните наоди на целата група и дека можат да ја користат хартијата за да ги запишат своите мислења и да ги споделат со поголемата група/класот.

2. Откако учесниците ќе имаат доволно време да разговараат во мали групи, замолете ја секоја група да ги претстави своите одговори. Во контекст на оваа дискусија, како заклучок, покренете го прашањето за можноста полициските службеници да пријават дискриминаторско недолично однесување надвор од нормалните аранжмани за следење и дисциплинските процеси за менаџирање со полицијата.

3. Прашајте ги учесниците дали се запознаени со какви било други чекори што би можеле да ги преземат за да пријават недолично однесување, ако не сакаат да пријават директно до нивните претпоставени или до кој било специјалист за

внатрешен дисциплински режим. Запишете ги нивните одговори на хартија/табла.

4. Следно, дистрибуирајте примероци од Материјалот 2.4.1, Опции за пријавување несоодветно однесување. Дајте им на учесниците пет минути да го прочитаат овој материјал.

5. Прашајте ги учесниците дали некогаш би ја разгледале можноста за постапување на еден од овие пристапи доколку би биле во позиција која од нив би барала да пријават полициско недолично однесување. Напишете две колони на хартија/табла: 1) Зошто би ги користеле овие пристапи 2) Зошто НЕ би ги користеле овие пристапи. Обидете се да вклучите што е можно повеќе учесници во повратните информации и коментари, поттикнувајќи одговор од некои поединци кои можеби не покажуваат толкав интерес за да придонесат, онаму каде што тоа е возможно.

6. Од одговорите, ќе можете да ги забележите доминантните ставови на учесниците. Користете го тоа за да го завршите овој дел од дискусијата со преземање на следните чекори.

   Ако мнозинството укажува дека би ги користеле предложените алтернативни методи, посочете дека, сепак, е важно да се имаат, бидејќи доволно полициски службеници едноставно не ги пријавуваат колегите во организацијата до степенот до кој што треба да ги пријават; културата која дозволува страв и наклонетост е несомнено дел од причината за ова.

   Ако мнозинството укажуваат дека не би ги користеле овие начини, потсетете ги учесниците дека има потреба од промена на културата и средината што им отежнува на службениците да пријавуваат, и дека воведувањето на овие промени е исто така нивна одговорност, особено онаму каде што се на раководни позиции. Без оглед на нивната позиција во полициската организација, тие сѐ уште играат улога во сопствената практика и примерот што го даваат за другите.

7. Уважете го фактот дека, генерално, полициските службеници често се претпазливи во врска со доверувањето на трети лица. Дел од ова се должи на тоа што полициските службеници имаат малку врски со таквите други актери, па затоа им недостасува и доверба и верба. Потребно е самите полициски службеници да бидат отворени во своите контакти и односи и да почнат да се занимаваат со поединци и групи кои се заинтересирани да ја промовираат полициската одговорност.

8. Завршете ја дискусијата со дистрибуција на копии од материјалот 2.4.2., Разбирање на полициската култура. Дајте им на учесниците 10 до 15 минути да го прочитаат материјалот. Ова е ресурс кој може да промовира подолга и подлабока дискусија за влијанието на полициската култура врз односите во заедницата, довербата и вербата. Овие прашања може да им се постават директно на учесниците, да се поделат во групи и да ги споделат своите одговори и да ги запишат на хартија за понатамошна дискусија. Ако немате време, можете да ја завршите сесијата едноставно со тоа што ќе ги прашате учесниците дали некогаш се чувствувале обврзани да се однесуваат на начин на кој не сакале да се однесуваат, но сепак го сториле тоа поради притисокот што го чувствувале поради тоа што биле дел од полициската екипа. Тие не треба да даваат примери (што може да се покаже дека им е тешко), но побарајте од нив да го разгледаат влијанието на горенаведеното на професионалните стандарди за полициска работа и нивната обврска пред законот и јавноста.

## *Активност 2.5: Ангажирање со жртви на полициско дискриминаторско недолично однесување*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност им дава можност на учесниците да се вклучат во конструктивен дијалог со лица кои претрпеле дискриминација од страна на полицијата. Дискриминацијата може да била во форма на навредлив јазик или преку несоодветно изложување на користењето на полициските овластувања (запирање и претресе). Во сите случаи, засегнатите лица веруваат дека биле изложени на овие неоправдани однесувања врз основа на една или повеќе од нивните заштитени карактеристики како што се раса, религија, сексуална ориентација, попреченост итн.<br>Оваа активност им овозможува на полициските службеници од прва рака да бидат сведоци на ефектите од дискриминаторското однесување врз животите на оние кои биле директно засегнати. Тоа им овозможува на полициските службеници да размислуваат и да го разгледаат влијанието на дискриминаторското недолично однесување на поемотивно ниво. Може да се користи за да се отвори „разговор“ и канали за комуникација со дискриминирани групи и лица кои ја надминуваат непосредната средина за обука, што последователно може да се користи за развивање партнерства во заедницата за да се подобрат и полициската практика и полициското искуство. |
| **Време:** | 120 минути |
| **Потребни материјали:** | Хартија, пенкала |
| **Подготовка:** | Ова е активност со особен предизвик и треба да се постапува со чувствителност. Може да се помогне во нејзиното олеснување преку формирање партнерство со релевантна организација на граѓанското општество (ГО) која може да обезбеди свој експерт за заедничка презентација на оваа сесија со вас. На овој начин се добива дополнителната придобивка што ви овозможува да започнете да формирате позитивни работни односи со граѓанските организации и да создадете патишта за комуникација кои можат подобро да обезбедат информации за полициската практика и да помогнат во развојот и одржувањето контакт со групи кои генерално се отуѓени од полицијата.<br>Првиот чекор во планирањето на оваа активност е да се идентификува соодветна ГО која може да работи со вас во спроведувањето на овој дел од обуката и која може да идентификува и вклучи лица кои ќе бидат подготвени да учествуваат. Ќе треба претходно да се сретнете со ГО за да ја испланирате активноста и да одлучите за распределбата на задачите и одговорностите. Обезбедувањето јасност е важно, така што овој состанок треба да ви биде можност да утврдите и да се договорите што треба да се постигне, како ќе се постигне и сите основни правила што мора да се почитуваат. ГО исто така треба да се погрижи дека учесниците се свесни за тоа што се очекува од нив и за параметрите во кои тие ќе придонесат.<br>На оние кои ги раскажуваат своите искуства мора однапред да им биде јасно дека ова не е форум за истражување на нивните поплаки или за решавање на грешките од минатото. Наместо тоа, тоа е можност за нив, како жртви на полициско недолично однесување, како лица кои биле подложени на пристрасно или дискриминаторско однесувања (вклучувајќи го и навредливиот јазик), да разговараат за нивните искуства и чувства со полициските службеници во службата.<br>Исто така, ќе треба да им објасните на полициските службеници кои учествуваат дека, ова не е ни форум на кој тие треба да чувствуваат потреба да се бранат и да се обидат да ги објаснат, намалат или дури и да ги оправдаат минатите постапки на своите колеги. Тоа е можност службениците да слушаат и да ги разберат |

**Инструкции**

11. Ставете наслов на целта на споделувањата и дискусијата што ќе следат. Ова е исто така време да се погрижиме дека сите присутни се запознаени со основните правила и форматот на сесијата, како што вие и ГО претходно сте разговарале и сте го договориле.

12. Разговорите се доверливи со тоа што никој нема да биде цитиран потоа, иако е дозволено да се зборува општо или да се даваат коментари кои не можат да се поврзат со одредени поединци. На секое лице ќе му биде дозволено да зборува непрекинато од пет до 10 минути. Треба да се покаже одредена флексибилност, но сè уште има потреба да се менаџира со времето, со цел интересот да остане голем и сите говорници да почувствуваат дека им е дадена фер можност да ги раскажат своите искуства.

13. Кога последниот говорник ќе заврши, прашајте ги учесниците како се чувствувале кога ги слушнале сведоштвата. Потсетете ги дека можат да зборуваат со доверба. Потсетете ги дека не треба да се бранат од однесувањето на другите или генерално да го бранат полициското работење. Дали некој од учесниците отворено ја препознава и ја наведува погрешноста на однесувањето? Прашајте како тоа може да се спречи во иднина. Дали има нешто што можат да направат во нивната сопствена пракса во иднина што може да помогне?

14. Поканете ги говорниците да се вратат на дебатата. Дали има нешто што би сакале да кажат откако ги слушнале одговорите од полициските учесници?

15. Заблагодарете им се на сите за придонесот за исцрпната сесија. Заблагодарете им се за нивната отвореност. Потсетете ги на потребата за доверливост.

16. Можеби ќе сакате да му дадете збор на вашиот соработник презентер од ГО за заклучни забелешки.

**Забелешки на обучувачот**

Особено е важно добро да се подготвите за оваа сесија за таа да биде успешна. Прво, бидете јасни што сакате да постигнете и како ќе го постигнете тоа преку овој медиум. Кој доаѓа? Зошто доаѓаат? Што ќе придонесат?

Важно е да бидете подготвени за емоционални вознемирувања кои можат да се појават кога поединците зборуваат за своите искуства, па дури и повторно ги преживуваат минатите вознемирувачки искуства. Ако не се чувствувате компетентни да се справите со нив или не сте способни да се справите со ситуацијата, тогаш најдобро е да бидете подготвени со тоа што ќе имате соработник презентер кој е вешт во оваа област и кој може да ги менаџира таквите ситуации кога ќе се појават. Најдобро е да бидете подготвени и однапред да ги известите луѓето дека доколку им треба да одвојат малку време и да излезат надвор од собата, тоа е сосема прифатливо.

## *Активност 2.6: Дискусија со организациските лидери во врска со анализите на дискриминаторското недолично однесување и јавното искуство од полициското работење*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Следната тема се однесува на подигање на свеста за важноста и на анализата на постоечките податоци и на создавањето на нови текови на информации за анализи во справувањето со полициското дискриминаторско недолично однесување. Се планира овој дел да биде основа за дискусија со оние високи полициски раководители и секторски претставници кои се задолжени да ја поставaт стратешката насока на полицијата, особено кога постои особен интерес за подобрување на довербата и вербата на заедницата во полициското работење. Оваа сесија ќе вклучи прелиминарна проценка на постоечките извори на информации и поставување на серија клучни прашања за тоа какви информации имаме, зошто се собираат, како се собираат, како се користат и кои се, доколку ги има, резултатите од нивната употреба. Во текот на горенаведеното, ќе се олесни дискусијата на учесниците за тоа дали потребите за информации се задоволуваат со сегашните системи или дали мора да се извршат промени, вклучително и проценка на потребата за добивање дополнителни информации преку нови и различни канали. Дискусијата треба да се потпира на информации добиени преку разгледување на важноста на анализата на информациите и поплаките и ставовите на јавноста како две главни насоки за подобро разбирање и решавање на овој проблем. |
| **Време:** | 120 минути |
| **Потребни материјали:** | хартија, маркери, жива гума<br>Материјал 2.6.1: Влијанието на полициската култура врз пријавувањето на поплаки и истрагата на поплаките |

**Забелешки на обучувачот**
Од суштинско значење во справувањето со дискриминаторското недолично однесување од страна на полициските службеници е да се има што е можно поцелосно разбирање за неговата природа, степен и работа. Ова бара пристап и изработка на извори на информации кои најдобро ќе обезбедат информации за напорите за оспорување на таквите однесувања и за подобрување на обезбедувањето на услуги за јавноста.

Погрижете се дека сте информирани да ја водите оваа дискусија најпрво со читање на деловите за „Истражувања за ставовите на јавноста“ и „Анкети за поплаките“ дадени во продолжение. Запознајте се со постоењето на овие истражувања во вашата јурисдикција и нивните најнови наоди, онаму каде што постојат.

### Инструкции

1. Оставете ги првите две страници од хартијата празни за воведните две прашања, кои се наведени во продолжение. Ставете наслов на секоја трета и четвртата страница: „Анкета за поплаки“ и „Анкета за ставовите на јавноста“. Ова се два извори на информации кои ќе бидат разгледувани во текот на дискусијата.

2. Поделете примероци од материјалот 2.6.1 Влијанието на полициската култура врз пријавувањето и истрагата на поплаките. Кажете им на учесниците дека ќе бидат благодарни за влијанието што културата може да го има врз

пријавувањето и недоличното однесување. Материјалот опфаќа многу од овие проблеми, но исто така ја нагласува улогата што ја има лидерството во справувањето со културата и промовирањето на позитивните промени.

3. Осврнете се на важноста од отвореност и искреност ако оваа сесија треба да им биде корисна ним и на организацијата.
4. Дајте им на учесниците 10 минути да го прочитаат материјалот. Подгответе празна страница на хартијата и прашајте ги учесниците како мислат дека културата во нивната организација функционира во поддршка на недоличното однесување, а во исто време работи на поткопување на веројатноста за пријавување недолично однесување. Запишете ги нивните одговори на страницата. Откачете го ова и закачете ја страницата на ѕидот каде што може да се гледа за целата сесија.

5. Започнете нова страница/земете нова хартија. Прашајте ги учесниците што мислат дека можат лично да направат, во рамките на нивната професионална улога, за да ја подобрат оваа ситуација и да почнат да носат културни промени. Запишете ги одговорите на страницата и повторно откачете ја и прикажете ја оваа страница.

6. Коментирај ги одговорите како што е соодветно. Одговорите ќе дадат индикација за степенот до кој учесниците ја препознаваат улогата што културата може да ја игра во дискриминаторското недолично однесување. Одговорите, исто така, ќе го покажат степенот до кој учесниците чувствуваат дека можат да направат нешто, или треба да направат нешто, за да донесат промени во културата што преовладува.

7. Објавете им на учесниците дека следниот дел од дискусијата го разгледува собирањето и анализите на податоците за справување со недоличното однесување. Започнете со прашување на учесниците кои податоци во моментот ги имаат, или за кои моментално се запознаени, а кои може да се користат за оваа намена. Запишете ги одговорите на хартија и повторно откачете ја и прикажете ја страницата со забележаните одговори.

8. Прашајте и запишете ги одговорите на втората страница, за тоа дали веруваат дека постојат недостатоци во нивното сегашно знаење како раководители и како тие би можеле да се решат. Повторно, запишете ги одговорите на хартија, откачете ги и прикажете ги кога ќе завршите.

9. Следно, отворете дискусија за употребата во рамките на организацијата на 1) Анкети за поплаки (или анализи на информациите за поплаките) и 2) Анкети за ставовите на јавноста.

10. Поставете ги следниве прашања: Дали постојат овие извори на податоци? Дали се користат? Како се користат? Дали има потреба или начин да се подобри нивната употреба?

11. Заклучете со прашањето како тие би можеле да се користат или подобро да се искористат во справувањето со дискриминаторското недолично однесување.

**Анкета на поплаки**

Анкетата на поплаки е еден од изворите на информации што треба да биде најлесно достапен на полицијата бидејќи се заснова на нивната внатрешна статистика за зачестеноста, природата и географијата на дискриминаторското недолично однесување. Се разбира, на овој начин се претпоставува дека постои робустен систем преку кој овие информации може да се пријавуваат, доловуваат и испрашуваат. Често, членовите на јавноста кои претрпеле дискриминаторско недолично однесување може да не сакаат да го пријават тоа до самата организација чиј член веќе покажал

пристрасност кон нив. Оние кои биле цел може да немаат доверба во подготвеноста на полицијата да ги истражи нивните поплаки. Тие, исто така, може да се плашат од одмазда и понатамошна виктимизација или едноставно не сакаат да го објавуваат проблемот или да привлечат внимание кон себе или кон своето семејство.

Анализите на статистиката треба да ѝ дадат на организацијата основни информации како што се бројот на случаи на пријавено недолично однесување, природата на недоличното однесување, околностите на инцидентот, карактеристиките на жртвите на недолично однесување, локацијата и времето на настанот, засегнатите единица, и деталите за полициските службеници за кои се тврди дека покажале пристрасност и/или биле вклучени во дискриминаторско недолично однесување.

На овој начин, организацијата може да изгради слика за тоа каде треба да интервенира, не само на индивидуално ниво, туку и стратешки, во соочувањето со дискриминаторското недолично однесување и да работи на негово искоренување. Информациите можат да помогнат да се откријат зачестените примери и трендови како и дали дискриминацијата е поголема кон одредени групи, во одредени географски области, од страна на одредени полициски единици, во одредени прилики (на пр. при запирања на возила или при налози за претрес) од одредени класи на полициски службеници итн.

Ова е нешто што може да се направи, не само на национално ниво, туку во рамките на полицискиот регион или функционален сектор или единица од страна на високите службеници и раководството заинтересирани за справување со дискриминацијата и обезбедување на гаранција дека нивниот тим работи според највисоките професионални стандарди во служба на јавноста. Таквата анализа може да биде ефективна алатка за управувањето во насока на обезбедување на помоши при добивање на критични информации кои може да се користат за справување со недоличното однесување. Моделите може да бидат забележливи, укажувајќи на областите за интервенција. Тие може да се решат со подобрување на практиките за надзор и управување со перформансите или со обезбедување дополнителна или специфична обука за одредени прашања.

Се разбира, квалитетот на сите такви анализи зависи од силата и квалитетот на податоците што се добиени. Како што беше споменато погоре, ако луѓето не пријавуваат дискриминаторско недолично однесување, тогаш ова е нешто што исто така треба да се реши. Дел од ова вклучува стекнување поголема доверба од заедницата, што е опфатено подетално во Модулот шест, кој го разгледува Полициското работење во заедницата. Сепак, можете да барате и други извори на податоци, како што се анкети за ставовите.

### Истражување за ставовите на јавноста

Важно е, како критички давател на услуги, полицијата да знае што мисли јавноста за неа, какво е искуството на јавноста од полициското работење и што мисли јавноста за квалитетот на услугата што полицијата и ја дава. Полицијата треба да разбере колку јавноста е уверена дека полицијата ги третира сите еднакво и со соодветна почит. Поддршката дадена во рамките на Европскиот кодекс за полициска етика за „промовирање и поттикнување на истражувањето на полицијата", како од самата полиција, така и од надворешни институции, е индикативна за признавање на вредноста на таквиот стремеж за подобрување на полициското работење.

Полицијата треба да има пристап до информации кои го мерат нивото на доверба што јавноста го има во неа и кои ѝ помагаат да ја одредат перцепцијата на јавноста за степенот до кој ги исполнуваат своите професионални стандарди. Полицијата треба да биде заинтересирана во изнаоѓање на одговори на прашања како што се дали ја вршат работата која јавноста ја очекува од нив и која јавноста чувствува дека ја заслужува, дали одредени класи или групи на поединци, луѓе со различни карактеристики на потекло, пријавуваат поинаку - и, ако е така, како полицијата може да ги објасни овие различни искуства и како да се справи со нив?

Еден начин да се открие ставот на јавноста кон полицијата е да се спроведе анкета. Ова може да вклучува прашања како што се следниве:

- Дали верувате дека полицијата ве третира со почит?
- Дали полицијата постапува непристрасно?
- Дали имате доверба во полицијата?
- Дали полицијата непристрасно ги истражува поплаките за дискриминација?
- Дали чувствувате дека сте страдале од полициска пристрасност? Ако е така, зошто го мислите тоа?

Постојат многу обрасци и примери на Анкети за криминал и Анкети за полициско задоволство[57] до кои може да се пристапи за да ѝ се овозможи на полицијата, или на некој што е ангажиран од неа, да изготви инструмент за истражување за да помогне во откривањето на овие јавни ставови и искуства. Идеално, ваквите истражувања треба да бидат спроведени од професионални и непристрасни истражувачи во кои јавноста може да има доверба, со цел да се даде непристрасна, точна и цврста проценка.

**57** Ова е американски пример на Истражување на заедницата за јавна безбедност и спроведување на законот, достапен на https://cops. usdoj.gov/RIC/publications/cops-w0743-pub.pdf. Информации за националните, регионалните и глобалните ресурси за анкети на жртвите (кои ги вклучуваат ставовите кон полицијата и искуствата на полицијата) може да се најдат на: www.unodc.org/documents/ data-and-analysis/statistics/ICCS/ Korea_Module_8_victimization_surveys.pdf. Тие можат да се прилагодат на локалните потреби

### *Материјал 2.2.1: Информации за сценариото – Запирање на автомобил*

Јасна летна вечер. Доцна е, околу полноќ, а вие сте паркирани во патролното возило на главниот пат. Сообраќај речиси и да нема. Во далечината забележувате моторно возило кое се движи кон вас, полека и без светла на фаровите. Ги палите полициските светла, излегувате од возилото и, користејќи го факелот или сообраќајното стапче, му мавтате на возилото што доаѓа да застане. Возилото се повлекува на страната на патот и застанува.

Се приближувате до возилото за да му објасните на возачот дека вози без вклучени фарови и дека тоа е опасно во околностите. Кога ќе стигнете до вратата на возачот, тој го спушта прозорецот. Силно мириса на алкохол. Го испрашувате и прашувате дали пиел. Тој вели дека бил со пријатели во кафеана, но дека испил само една или две пијачки. Од неговиот глас и неговите движења, верувате дека тој консумирал многу повеќе алкохол од тоа и дека е премногу пијан за безбедно да го вози автомобилот. Му ја барате возачка дозвола или за некоја друга форма на идентификација доколку нема да покаже возачка дозвола. Тој ви покажува полициска значка и ви кажува дека е ваш колега полицаец и дека живее на само еден километар. Излегол да го прославува пензионирањето на колегата од полицијата на забава во локален хотел и сега се вози дома. Тој ви вели дека знаете колку е важно да бидете тука за колегите и дека разбирате дека не можел да ја пропушти забавата.

***Што правите следно?***

*Материјал 2.2.2: Информации за сценариото – Листа со опции*

1. Барате од него да излезе од автомобилот и подложете го на пропишаните тестови на трезност со цел да го уапсите за возење под дејство на алкохол, доколку падне на тестовите.

2. Го советувате дека е многу глупаво да вози вака и дека сега ќе му ги земете клучевите и ќе ги оставите во станица. Може да ги собере утре и или ќе мора да го оди пешки последниот километар дома или ќе викне за такси.

3. Го вадите од колата. Безбедно го паркирате автомобилот и потоа го возите дома бидејќи ќе ви одземе само пет минути.

4. Се јавувате на вашиот претпоставен во станицата и го прашате за совет што треба да правите понатаму.

5. Го оставате да вози до дома, бидејќи е толку блиску, а патот е тивок, но го предупредувате да ги вклучи светлата, да вози внимателно и да не го повторува тоа што го направил.

6. Презимате некоја друга акција. (Ве молиме објаснете што би било тоа.)

*Материјал 2.2.3: Информации за сценариото - Автомобилот што вози со голема брзина*

Вие сте полицаец и патролирате со вашето моторно возило доцна навечер. Ноќта е ведра и сува и нема многу сообраќај на патот. Додека возите, покрај вас поминува автомобил возејќи најмалку 30 километри на час над дозволената брзина за таа област. Ги палите светлата и сирената и го повлекувате возилото да застане на страната на патот. Излегувате од вашето возило и му приоѓате на возачот, барајќи од него да го спушти прозорецот. Откривате дека возачот:

(1) е жена, приближно 28 години, која признава дека брза во ноќен клуб за таму да се сретне со пријателите. Таа сака да стигне до клубот пред нејзините пријатели да заминат и да се префрлат на друго место.

(2) е маж, на околу 40 години, кој признава дека брза со своето болно дете во болница бидејќи брзата помош не е веднаш достапна и тој е премногу исплашен да чека да не биде опасно за неговото дете.

Како се однесувате кон (1) жената возач; (2) машкиот возач?

Дали има разлика во тоа што би рекле и/или што би направиле?

**За Забелешки на обучувачот**
Можно е некои службеници да тврдат дека немаат овластување да ја користат својата дискреција, бидејќи сметаат дека се под законска обврска да го спроведуваат законот под сите околности, без да им се остави простор да го искористат своето лично расудување. На површината, ова може да се чини дека е точно, но секојдневната полициска работа значи дека одделни полициски службеници имаат значителен степен на дискреција дали да застанат, да претресуваат, па дури и да апсат членови на јавноста.

Употребата на оваа дискреција е под влијание на многу фактори, вклучувајќи ги личните вредности и преовладувачката полициска култура. Важно е да се забележи дека дискрецијата веројатно нема да постои за секој аспект од полициското работење и може да биде ограничена или исклучена со статутот. Додека, на пример, полицаецот може да одлучи да предупреди (или дури и да игнорира) некој што вози велосипед без светло ноќе, наместо да издава казна или покана, истиот службеник веројатно нема да има дискреционо право кога станува збор дали да уапси или не некој за кого ќе открие дека штотуку извршил убиство. Сепак, секогаш кога се применува дискреција, не може да биде мотивирана од лоша волја, туку мора да биде во интерес на правичноста и правдата. Затоа, дискрецијата никогаш не треба да се користи за неправедна предност на една група поединци во однос на друга група или, обратно, за обесправување или дискриминација на луѓето врз основа на нивните карактеристики. Еден начин полицајците да се спротивстават и да се борат против расизмот во полициското работење е да создадат „рамки за дијалог и соработка помеѓу полицијата и припадниците на малцинските групи“[58] со цел подобро да ги разберат луѓето за кои работат.

На крајот на краиштата, толкувањето на законот и неговото спроведување е работа на судовите, па иако полицијата има одредена дискреција, се прифаќа дека таа не е без граници. Полицијата е одговорна за користењето на дискрецијата и може да биде повикана да оправда зошто постапила или зошто не постапила во определени конкретни околности. Идеално, употребата на дискреција ќе зависи од информациите во врска со принципите и етиката на професионалното полициско работење и подобро ќе биде искористена во насока на исполнување на целите на полицијата и барањата на правдата.

**58** Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 (2007) за борба против расизмот и расната дискриминација во полицијата, §18 и §20, достапна на https:// rm.coe.int/ecri-general-policy-recommendation-no-11-on-combating-racism-and-racia/16808b5adf.

***Материјал 2.3.1: Информативен лист за сценариото – апсење и транспорт на осомничено лице***

Вие и еден колега запревте група од тројца млади од локално ромско маало. Тоа го направивте, затоа што колегата, кој е поискусен од вас, ви рекол: „Ваквите млади секогаш се вклучени во некаков вид на криминал. Тие се познати крадци. Едноставно такви се и нема да го променат тоа бидејќи знаеш дека тие се познати крадци“. Ги пребарувате младите и откривате дека еден од нив има скап телефон. Вели дека го добил од вујко му како подарок. Вашиот колега не му верува и го апси за кражба. Тој им кажува на другите млади „да бегаат“. Додека твојот колега го става осомничениот во задниот дел од полициската кола, твојот колега го клоца и му вели: „Вие цигани крадци никогаш нема да научите“. Додека возите до полициската станица, слушате дека вашиот колега одзади го предупредува осомничениот дека подобро е да признае дека го украл телефонот. Ќе биде најдобро за него и за неговото семејство, или тие би можеле да влезат во поголеми неволји. Погледнувате низ ретровизорот и гледате дека вашиот колега го удрил осомничениот во ребрата додека тој ја упатувал заканата. Во станицата, додека вие и вашиот колега го носите осомничениот низ ходникот за да го предадете на службеникот задолжен за притвор, вашиот колега застанува и му вели на осомничениот: „Подобро да не се жалиш ако знаеш што е добро за тебе“. Додека го кажува ова, на осомничениот му удира шлаканица по тилот. Откако ќе го предадете осомничениот во станица и ќе ги презентирате вашите докази, вие и вашиот колега одите на задниот дел од станицата на кафе-пауза. Кога сте таму, вашиот колега ви кажува дека мисли дека осомничениот нема да се жали на апсењето бидејќи се плаши од полицијата, но ако се пожали, тогаш и двајцата ќе кажете дека ништо не се случило во врска со употребата на физичка сила од страна на вашиот колега. Колегата ви вели: „Ако има некој физички доказ, како модринка или црвена трага, тогаш тоа нема да биде проблем бидејќи тие цигани секогаш се караат и се занимаваат со груба работа, така што таквите белези се очекувани“. Тој ви честита на двајцата што направивте добар ден за заедницата со тоа што го уапсивте овој човек и го ставивте таму каде што му е местото.

### *Материјал 2.3.2: Краток преглед на клучните точки од Европскиот кодекс за полициска етика*

Европскиот кодекс за полициска етика беше усвоен од Комитетот на министри на 19 септември 2001 година. Тој поставува рамка за вредностите и стандардите што се бараат од полицијата во едно модерно, демократско општество. Тој препознава дека, дури и со различноста на полициските служби и институции присутни во членството на Советот на Европа, постои збир на етика што треба да биде заедничка за сите служби. Кодексот поставува детални стандарди што треба да ги следи полицијата во нивните напори да ги исполни своите основни функции.

Ставот 40 од Кодексот вели дека „... полицијата ќе ги извршува своите задачи на фер начин, водејќи се, особено, од принципите на непристрасност и недискриминација". Ова е од фундаментално значење за целта на овој Прирачник, кој треба да ја нагласи потребата за етичко полициско работење кое не е само недискриминаторско само по себе, но кое активно се спротивставува и ги решава случаите на дискриминација на брз и позитивен начин.

Ставот 44 вели дека „Полицискиот персонал треба да дејствува со интегритет и почит кон јавноста и со особено внимание на ситуацијата на поединците кои припаѓаат на особено ранливите групи". Ова ја нагласува особената чувствителност што треба да ја покажат полициските службеници во постапувањето со одредени поединци и класи. Тоа е јасно спротивставено на дискриминаторското однесување, вклучувајќи го и јазикот со непочитување што го користат некои полициски службеници во справувањето со таквите луѓе.

Ставот 46 потврдува дека „Полицискиот персонал треба да се спротивстави на сите форми на корупција во полицијата. Тој треба да ги информира претпоставените и другите соодветни органи за корупцијата во полицијата". Оваа корупција природно се протега на сите форми на недолично однесување, како што се дискриминаторското и навредливо однесување кон луѓето врз основа на одредени карактеристики.

Ставот 49 декларира дека „Полициските истраги треба да бидат објективни и правични. Тие треба да бидат чувствителни и прилагодливи на посебните потреби на лицата, како што се децата, малолетниците, жените, малцинствата вклучувајќи ги етничките малцинства и ранливите лица". Објективноста и правичноста на полициските истраги треба да се прошират на сите аспекти на полициската работа каде што тие се ангажираат со јавноста. Оваа објективност особено е клучен услов на отворениот ум со кој полициските службеници треба да пристапат кон секоја ситуација што од нив се бара да ја истражат.

Ставот 52 тврди дека „Полицијата ќе ја обезбеди потребната поддршка, помош и информации на жртвите на криминал, без дискриминација". Премногу често, некои полициски службеници може да се однесуваат на омаловажувачки и нечувствителен начин кога се справуваат со жртви на криминал кои не се вклопуваат во разбирањето или прифаќањето на заслужната жртва на полицискиот службеник. Ова може да доведе до тоа многу жртви да одбијат да пријават злосторства поради очекуваното полициско однесување.

**Забелешки на обучувачот**
Материјалот 2.3.2 ги обединува клучните аспекти на Европскиот кодекс за полициска етика за дискусија меѓу учесниците во контекст на заедничките принципи и стандарди што се бараат од полициските службеници. Иако е особено релевантен за третманот на осомничените, тој очигледно се проширува во сите области на полициската практика, вклучувајќи го и третманот на жртвите и сведоците. Сето ова е многу релевантно за успешното истражување на криминалот (види Модул 4 за дополнителни информации), додека покажувањето почит кон сите во секој контекст е клучен услов за секој полициски службеник.

### *Материјал 2.4.1: Опции за пријавување на недолично однесување*

Поголемиот дел од времето, ќе биде можно и пожелно полицаецот да пријави секакво недолично однесување од страна на колегите полициски службеници користејќи ги постоечките внатрешни дисциплински процеси. Во други прилики, може да се покаже многу тешко за поединецот да пријави користејќи го овој внатрешен систем, особено кога тие имаат вистински страв од тоа да станат жртви или затоа што веруваат дека нивниот извештај нема да биде соодветно разгледан, ако воопшто и биде разгледан. Во овие прилики, каде полицискиот службеник понатаму верува дека зборувањето е во интерес на јавноста затоа што, на пример, тие пријавуваат кривично дело, или непочитување на правдата или прикривање на недолично однесување, тогаш тие може да почувствуваат потреба да бараат други начини за да го пријават она што го виделе или што научиле од сопственото искуство. Оваа форма на комуникација често се нарекува „укажување“. Во многу јурисдикции, оние кои укажуваат, каде што постапуваат со добра волја, се заштитени со закон за да не претрпат некакви негативни последици за нивното пријавување.

Онаму каде што не постои политика за укажување, полицискиот службеник сè уште може да пријави во доверливост (па дури и анонимно) до која било од голем број организации или тела кои се заинтересирани да се погрижат дека самиот вид на прашања за кои еден полицаец сака нешто да пријави се испитуваат. Службеникот може, на пример, да стапи во контакт со надзорно тело или организација на граѓанското општество што има посебен интерес за полициската одговорност. Засегнатиот полициски службеник може исто така да може да поднесе извештај до канцеларијата на Народниот правобранител или до група вклучена во промовирање на правата на граѓаните или група за застапување што се занимава со полициски прашања. Националните организации за човекови права и застапниците исто така ќе бидат во можност да ги советуваат полициските службеници за начинот на кој може да ја пријават нивната загриженост како и за начинот на кој ќе им се обезбеди најдобрата заштита, но во исто време ќе им се помогне да се погрижат и дека прашањата кои ги покренале ќе бидат разгледувани.

### *Материјал 2.4.2: Разбирање на полициската култура*

Општо земено, организациската култура може да се опише како начин на кој работат луѓето во одредена организација, како тие ги прават работите и прифатените практики и норми од кои се влечат информации за тие операции. По некое време работа, тоа само станува прифатено како начин на кој работите се завршуваат. Кога ќе се погледне полицијата, дури и во различни јурисдикции, често се гледа дека споделуваат специфична организациска култура. Дел од таа култура е многу позитивна. Полицијата е добро позната меѓу професионалците по високиот степен на колегијалност и кохезија. Ова се промовира со блиската заедничката работа, припадноста во тим и со вистинската меѓусебна зависност што ја делат полицајците. Полицијата добива илјадници повици за помош на дневна основа, но, генерално кажано, ниту еден повик за помош не се одговара побрзо од оној каде што повикот е направен од колега полициски службеник. Ова ја одразува поддршката што службениците им ја даваат на колегите и од која зависат самите. Тие имаат доверба во своите колеги полицајци и можат да бидат уверени дека оваа поддршка секогаш ќе им биде дадена.

Меѓутоа, оваа верност може да стане искривена и корумпирана кога службениците ја заменуваат нивната послушност кон законот и посветеноста да ѝ служат на јавноста со поголема лојалност кон нечесни и неетички колеги. Овој аспект на полициската култура, кој може сериозно да ја зголеми веројатноста за дискриминаторско недолично однесување да продолжи неконтролирано, понекогаш се нарекува „Син кодекс на тишина".

Овој „Син кодекс на тишина" се однесува на непишан договор или разбирање меѓу полицајците дека тие треба да ги поддржуваат колегите полициски службеници дури и кога тоа значи да не зборуваат против колегите кои можеби се виновни за недолично однесување или други прекршоци или прекршување на законот. Ова е цврсто вкоренето во многу полициски култури. Постојат, на пример, многу добро документирани случаи на истраги за полициско недолично однесување во ситуации на јавниот ред, каде што полициските службеници тврдат дека не виделе случаи на недолично однесување дури и додека членовите на јавноста, новинарите, активистите за човекови права и другите независни набљудувачи биле сведоци и снимиле полициски службеници како покажуваат непотребна и прекумерна сила на истите настани. Оваа неподготвеност да се проговори е забележана постојано, дури и во јурисдикции каде што службениците се обврзани со нивните внатрешни правила и/или со закон, да пријават такво недолично однесување. Со тоа што не го пријавиле она што го гледаат во овие околности, полицајците што се сведоци се самите виновни за недолично однесување.

Јасно е дека има потреба да се реши овој негативен аспект на полициската култура. Тука има втор предизвик, кој е подеднакво важен да се земе предвид. Треба да се признае дека полициската култура во многу земји е утврдено дека е и се смета дека е институционално расистичка, сексистичка и дискриминаторска на неколку други начини. Ова може да се реши само онаму каде што е отворено препознаено и спротивставено преку конкретни програми и активности на сите нивоа во организацијата.
Тоа не може да се направи едноставно со донесување нови правила и прописи или со воспоставување нови кодекси на однесување. Потребно е повеќе од едноставно давање изјави усно или на хартија. Нема смисла да се обидеме да ја редефинираме културата преку поставување на новата визија и вредностите на организацијата, каде што нејзиното раководство не ги персонифицира во нивните секојдневни практики и каде што се прави

мал или никаков напор за да се применат овие вредности кај другите. Промената мора да биде поттикната и промената мора да се мери.

Конечно, вреди да се напомене дека полициските сили ќе имаат во своите редови голем број полициски службеници од малцинските групи и малцинство полициски службеници кои се жени. Меѓутоа, овие неколку членови сами по себе не можат да имаат значително влијание врз доминантната култура во полициската организација.
Можеби ќе треба дури и да потчинат, потиснат или чуваат во тајност одредени нивни карактеристики во желба да бидат прифатени и да се вклопат во главната полициска култура каква што е моментално промовирана. Напорите да се биде поинклузивен и да се прифати поголема различност се некои од средствата со кои културата може да се промени, но само таму каде што таквата различност е отворено и искрено прифатена и прославена. Повторно, ова поставува клучна улога и предизвик за раководството во рамките на полициската организација за спроведување на промени и за да се види дека и самите се подготвени за промени.

***Материјал 2.6.1: Влијанието на полициската култура врз пријавувањето и истрагата на поплаките***

Високите полициски раководители и одговорните секторски полициски службеници треба да размислат и да ги препознаат и прифатат позитивните и негативните аспекти на полициската култура. Конкретно, секоја дискусија за полициското однесување треба да забележи дека во рамките на опкружувањето на полициското работење, културата што преовладува високо го цени дејствувањето како дел од тимот, тим во кој колегите зависат и меѓусебно си веруваат кога станува збор за взаемната поддршка. Полициските службеници треба да ја сфатат лојалноста која се подразбира и што таа предизвикува, но во исто време да сфатат дека нивната лојалност треба да е сместена во соодветна хиерархија која ги става послушноста кон законот и почитувањето на човечкото достоинство на врвот. Елементите од овие дискусии може да се извлечат за да се анализираат какви промени (доколку има) учесниците сметаат дека се потребни во постоечката полициска култура за да се подобри полициското работење, и како најдобро може да се спроведат таквите промени.

Како што е наведено погоре, премногу често постои „Син кодекс на тишината" во полициското работење, кој функционира за да ги спречи полицајците да зборуваат против било кое очевидно или познато недолично однесување од страна на нивните колеги. Ова е неделив дел од многу полициски супкултури и е нарушување на довербата и помошта што полицајците со право можат да очекуваат да ја добијат од колегите кога извршуваат тешка и опасна работа каде што меѓусебната поддршка е од суштинско значење. Иако овој кодекс на молчење може да има форма на пасивно прифаќање или прифаќање на недоличното однесување, тој исто така може да вклучува дејства или пропусти кои работат на попречување на истрагите и го отежнуваат успешното идентификување и санкционирање на виновниците.

Справувањето со ова бара повеќе од давање на изјави за потребните однесувања во кодексите на однесување или водичите за професионални стандарди. Потребно е силно лидерство кое не само што поставува стандарди на однесување, туку ги илустрира преку нивната секојдневна професионална пракса. Потребен е фер и одговорен систем на управување со перформансите кој активно ги надгледува и наградува добрите практики додека ги предизвикува лошите практики и недоличното однесување.

Потребна е организација која покажува нулта толеранција за дискриминацијата и за каква било форма на малтретирање. Потребно е робусно, но сепак чувствително средство за слушање на поплаките и наводите за непочитување и дискриминаторско однесување и средство со кое тие ќе се истражат на начин кој е во можност да ги идентификува сторителите и да ги реши случаите преку одржување на довербата и вербата на јавноста.

# Модул 3

# ДИСКРИМИНАТОРСКО ПРОФИЛИРАЊЕ ПРЕВЕНЦИЈА И ОДГОВОР

*АВТОРИ: МОНИКА ДИНИЗ, ЏОАНА ПЕРИ, НИК ГЛИН и ДЕЈВИД МАРТИН АБАНАДЕС*


| | |
|---|---|
| Вовед и контекст | 92 |
| Резултати од учењето | 93 |
| Преглед на активностите и временските рамки | 93 |
| Подготовка | 94 |
| Опис на активноститете | 95 |
| *Активност 3.1: Нашите заеднички вредности* | 95 |
| *Активност 3.2: Влијанието на полициското профилирање врз заедниците* | 97 |
| *Активност 3.3: Запирање – од стереотипизирање до дискриминација* | 101 |
| *Активност 3.4: Запирање – Професионална пракса* | 103 |
| *Активност 3.5: Информирање за правото/правата* | *104* |
| *Активност 3.6: Лидерство* | *106* |
| Анекси и материјали | 107 |
| *Материјал 3.1а: Картички за подредување по вредност* | 107 |
| *Материјал 3.1б: Вредности при полициска контрола на мултикултурните заедници* | 109 |
| *Анекс 3.2* | 110 |
| *Материјал 3.3: Циклусот на самоисполнувачкото пророштво* | 112 |
| *Материјал 3.4: Полициските овластувања и обврски во запирањата, проверките на лична карта и личниот претрес и претресот на возилата* | 113 |
| *Анекс 3.4: Забелешки на обучувачот* | 115 |
| *Анекс 3.6: Забелешки на обучувачот* | 117 |

# Вовед и контекст

„Расното профилирање претставува специфична форма на расна дискриминација и мора да биде изрично забрането со закон. Тоа генерира чувство на понижување и неправда кај оние групи кои се подложени на расно профилирање, резултира со нивна стигматизација, негативни стереотипи и отуѓување и ги попречува добрите односи во заедницата. Понатаму, како што заклучува Европскиот суд за човекови права, перцепцијата од страна на полициските службеници за лица кои припаѓаат на одредена заедница како „криминалци“ и последователната практика на расно профилирање може да резултира со „институционализиран расизам“.[59]

*Изјава на Европската комисија против расизмот и нетолеранцијата, 2020 година*

Општата препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полицијата, го дефинира „расното профилирање“ како „користење од страна на полицијата, без објективно и разумно оправдување, на основи како што се раса, боја на кожа, јазик, религија, националност или национално или етничко потекло во активностите за контрола, надзор или истрага“.[60] Специјалниот известувач на ОН за современи форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и поврзаната нетолеранција, го објаснува „расното профилирање“ како „потпирање на персоналот на органите на прогонот, безбедносните служби и граничната контрола на расата, бојата на кожа, потеклото или националното или етничкото потекло како основа за подложување на лица на детални претреси, проверки на идентитет и истраги или за утврдување дали поединецот бил вклучен во криминална активност“.[3] Иако профилирањето е легитимна полициска практика за спречување, истражување и гонење на кривични дела, дискриминаторското профилирање придонесува за стигматизација на малцинските групи, ја намалува довербата во полицијата, ги ескалира тензиите меѓу полицијата и заедниците и е незаконско.

Другите стратегии за полициско патролирање на улиците не само што се законски, туку се и поефикасни. Тие вклучуваат „полициско работење на жариштата“, каде што напорите за спроведување се фокусирани на многу мали географски области во кој криминалот е концентриран, пристапи во однос на полициското патролирање ориентирано кон решавање на проблемите кои се потпираат на методи за решавање проблеми и фокусирани пристапи за одвраќање кои користат различни стратегии за зголемување на одвраќањето од криминалот во однос на високата стапка на вистинските престапници.[61]

Овој модул ги истражува главните принципи и стратегии кои можат да помогнат во спречување и намалување на ризикот од дискриминаторско профилирање од страна на полицијата во контекст на најчестите полициски дејствија, вклучително и проверки на лични карти, запирање во сообраќајот и претреси. Една од главните цели е да се зголеми свеста на полициските службеници за „човечкото влијание“ од употребата на таквите овластувања. За полицијата, личната карта и запирањето во сообраќајот се рутински дел од работата, и поради оваа причина, тие можеби не го сфаќаат влијанието на нивните постапки врз граѓаните. За лицето кое е запрено, искуството може да биде срамно, понижувачко и, доколку се повтори, може да има длабоко негативно влијание врз нивната доверба и вербата во полицијата. Полицијата има должност да биде свесна на фактот дека информациите ги влече од сопствените предрасуди и има должност да „запре, размисли и објасни“ пред да ги искористи своите овластувања. Од

**59** Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 (2007) за борба против расизмот и расната дискриминација во полициското работење, стр. 13, достапна на https://rm.coe.int/ecri-general-policy-recommendation-no-11-on-combating-racism-and-racia/16808b5adf 3 Рутери, М. (2015), 'Извештај на специјалниот известувач за современи форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и поврзана нетолеранција", A/HRC/29/46, став 2, Генерално собрание на Обединетите нации, достапно на www.ohchr.org/sites/default/files/Documents/Issues/Racism/A-HRC-29-46.pdf

**60** Видете, на пример, Брага, А.А. и сор. (2012), „Ефектите од полициското работење во жешките точки врз криминалот: ажуриран систематски преглед и мета-анализа", Месечник Џастис (Justice Quarterly), 31(4),", достапно на: www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/07418825.2012.673632.

**61** Видете, на пример, Брага, А.А. и сор. (2012), „Ефектите од полициското работење во жешките точки врз криминалот: ажуриран систематски преглед и мета-анализа", Месечник Џастис (Justice Quarterly), 31(4),", достапно на: www.tandfonline.com/doi/abs/10.1080/07418825.2012.673632.

суштинско значење е полицијата да го оспори и елиминира расизмот и другите форми на дискриминација во нивната секојдневна практика.

## Резултати од учењето

Учесниците ќе:

- **Го разберат влијанието што го има профилирањето од страна на полицијата врз поединците, како и пошироко врз оние кои се несразмерно таргетирани, имено луѓето кои се цел на расна дискриминација и другите групи стигматизирани од општеството, со посебен фокус на запирањето од страна на полициските службеници**
- **Ги разберат клучните концепти на профилирање во контекст на спроведувањето на законот**
- **Ги идентификуваат главните национални политики, правила и процеси на поплаки и жалби поврзани со профилирањето на органите за спроведување на законот**
- **Ја разберат вредноста на почитувањето на принципите на човековите права во практиките на профилирање**
- **Ги идентификуваат прифатливите и неприфатливите практики во профилирањето на органите на прогонот и проверките на личните карти и запирањето од страна на полициските службеници**
- **Се запознаат со добрите практики за спречување на дискриминаторското профилирање**
- **Применуваат стратегии за промовирање на еднаквоста во практиктиките на профилирање.**

## Преглед на активностите и временските рамки

| | |
|---|---|
| **Активност 3.1**: Нашите заеднички вредности | (30минути) |
| **Активност 3.2**: Влијанието на полициското профилирање врз заедниците | (60минути) |
| **Активност 3.3**: Запирање: Од стереотипизирање до дискриминација | (30-45минути) |
| **Активност 3.4**: Запирање: Професионална пракса | (60минути) |
| **Активност 3.5**: Информирање за правото/правата | (90минути) |
| **Активност 3.6**: Лидерство | (60минути) |

## Подготовка

Покрај надградувањето на проценката на потребите, при подготовката на овој модул, обучувачот/тимот за обука треба да истражува и собира материјали за следново:

- Полициски насоки и упатства кои се релевантни за практиките на профилирање, особено проверките на лична карта, запирањето во сообраќајот и претресите и дефиницијата за „разумно сомневање“
- Сите релевантни закони, на пример националните закони за справување со дискриминација
  и/или законите за човекови права
- Сите достапни податоци за проверки на лична карта, запирања во сообраќајот и претреси
- Значајни извештаи и истражувања спроведени од специјализирани невладини организации и тела за еднаквост за распространетоста и влијанието на полициската практика во оваа област, вклучувајќи клучни препораки за подобрување.

Тимот за обука, исто така, треба да идентификува и да биде подготвен да контактира со клучните организации од заедницата и иницијативи кои произлегуваат од заедницата кои работат на подигање на свеста за дискриминаторската полициска практика. Активноста 3.2 вклучува вклучување на претставниците на заедницата во зголемувањето на свеста на учесниците за човековото влијание на полициското работење во оваа област.

Секоја активност е придружена со специфични точки за потребните подготвителни чекори, по потреба. Исто така, белешките и препораките на обучувачот се дадени во текот на активностите на модулот.

# Опис на активностите

## *Активност 3.1: Нашите заеднички вредности*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност поттикнува дискусија и акција за основните вредности при полициско работење во заедници со различен состав, преку промовирање на законски практики на профилирање кои го почитуваат достоинството и правата на граѓаните. |
| **Време:** | 30 минути |
| **Потребни материјали:** | Табла, хартија за таблата, бела табла, маркери, видео проектор Материјал 3.1а и Материјал 3.1б<br>4 комплети од 16 картички за подредување по вредност хартија (А4), пенкала, жива гума / селотејп |
| **Подготовка:** | Направете четири примероци од 16-те картички за подредување по вредност. Исечете ги картичките и формирајте 4 комплети (Материјал 3.1а). Исто така, направете четири примероци од страницата „Полициски вредности при полициска работа во мултикултурните заедници“ (Материјал 3.1б).<br><br>Можете исто така да ги прегледате „понатамошните материјали за читање“ и да вклучите сè што мислите дека би било корисно во материјалите за обука и да ја поддржите дискусијата.<br><br>Пред да започне обуката, организирајте ја просторијата за обука во формат на работна група со четири маси со столчиња околу нив. Прикажете во центарот на секоја табела збир на самолепливи ливчиња, пенкала, хартија и жива гума за групната вежба. |

**Инструкции**

1. Поделете ги учесниците во четири групи.

2. Објаснете им на учесниците дека секоја група сега е новоформиран полициски патролен тим. На секој „тим“ поделете комплет од по 16 картички за подредување по вредност (Материјал 3.1а) и Материјал 3.1б.

3. Објаснете им на тимовите дека треба да ги подредат картичките по вредност (најважно, важно, најмалку важно), според тоа како секој „тим“ би ја рангирал важноста на секоја вредност кога ги практикува овластувањата за профилирање како и запирање и пребарување. Објаснете дека не мора да има еден точен одговор и дека за време на дискусијата веројатно ќе мислат дека неколку вредности се подеднакво важни. Објаснете дека целта на вежбата е да генерира дискусија и поврзување. Известете ги дека ќе имаат 15 минути да ја завршат задачата.

4. Вклучете го мерачот за време и одете кај секој тим за да ги разјасните сите сомнежи и да бидете сигурни дека сите учествуваат во дискусијата. Известете ги учесниците кога времето ќе заврши.

5. Побарајте од секој тим да сподели кои вредности ги смета за „најважни“ и

„најмалку важни“ и да објасни зошто. Откако сите групи ќе ги споделат своите одговори, прашајте ги учесниците дали би сакале да додадат дополнителни коментари.

6. Проектирајте ја изјавата во продолжение, за етничкото профилирање, и дајте им време на учесниците да ја прочитаат. Побарајте од групата да ги сподели своите размислувања за полициските вредности и практики што се релевантни кога станува збор за ова прашање.

„(...) Повеќето од нас сакаат да бидат слободни и да си ја бркаат својата работа. Без разлика дали тоа е одење во супермаркет или метро, брзање на работа или застанување на плоштад за малку да помуабетиме. Сакаме да се однесуваме со почит еден кон друг и кон нас да се однесуваат со почит, без оглед на нашата религија, етничка припадност или сексуалност. За ова да стане реалност, треба да сме свесни дека полицајците се тука за да ја заштитат нашата слобода, а не да ја одземат. Треба да можеме да им пријдеме кога сакаме или кога имаме потреба, знаејќи дека ќе се однесуваат со нас со хуманост“.

*Батлер, И. (2021), „Како да се зборува за етничкото профилирање: водич за учесниците во кампања“, Слободи*[62]

**62** Батлер, И. (2021), „Како да се зборува за етничкото профилирање: водич за учесници во кампањата“, Унија за граѓански слободи за Европа, достапно на https://dq4n3btxmr8c9.cloudfront.net/files/uLHnjY/ethnic_profiling.pdf.

## *Активност 3.2: Влијанието на полициското профилирање врз заедниците*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност има за цел да се погрижи учесниците да го разберат влијанието што го има запирањето од страна на полицијата врз поединците, како и пошироко врз оние што се несразмерно цел на полициските запирања, имено, луѓето кои се цел на расна дискриминација и другите групи на стигматизирани граѓани од страна на општеството. |
| **Време:** | 90 минути |
| **Потребни материјали:** | Анекс 3.2 |
| **Подготовка:** | Оваа активност вклучува неколку подготвителни чекори и четири алтернативни методи на спроведување. Внимателно прегледајте го овој дел за да имате време да планирате и да одлучите кој е најдобриот метод за реализација на оваа важна активност. |

**Чекор 1: подготовка на изјавите на заедницата**

Оваа сесија зависи од сведочењето од прва рака за искуствата на луѓето кога биле запрени од полицијата. Целта е да се даде најдобрата поддршка на полициските службеници кои се слушатели во насока на разбирање на влијанието на нивните постапки врз јавноста, а особено врз припадниците на малцинските заедници.

Четирите главни методи за собирање на искуствата на луѓето се наведени во продолжение:

1. Поканете ги претставниците директно да ги споделат своите искуства со учесниците за време на обуката.

2. Соберете писмени, аудио или видео снимки од сведоштва.

3. Користете ги примерите од Анекс 3.2. Тие се подетално наведени во продолжение. Силно се препорачува тимот за обука да се обиде да добие барем едно или две сведоштва од национален контекст. Овој пристап ќе го зајакне кредибилитетот и релевантноста на обуката во очите на вашите учесници.

4. Хибриден пристап – во зависност од тоа што сте успеале да соберете на национално ниво, можете да користите национален материјал, како и материјал од Анекс 3.2.

Прво, за да се разбере видот на сведочењето што е потребно за оваа активност, накратко разгледајте го материјалот во Анекс 3.2. Ќе видите дека вклучува кратки, моќни изјави кои даваат чувство за зачестеноста на полициските застанувања, самото искуство, влијанието врз лицето кое било запрено и долгорочните последици. Ако имате време, погледнете ги следните видеа (првото видео е помалку од 5 минути; второто е околу еден час.)

Фондации Отворено општество (2013), „Човечката цена на запирањето и претресувањето",www.youtube.com/watch?v=7Tx7sK54y2Y&t=1s

Холандс Хелдон (2019), „Осомничен",https://vimeo. com/287690617/94f9af66cc.

*Прв метод: Поканете ги претставниците директно да ги споделат своите искуства со учесниците за време на обуката*

Успешноста на овој метод зависи од постоењето на соодветни организации

во заедницата кои знаат и можат да поддржат поединци кои се способни и заинтересирани да го споделат своето искуство со полицијата. Тоа зависи и од вештото олеснување од страна на тимот за обука. Доколку се избере овој пристап, се препорачува тимот за обука да се сретне со лицата кои ќе учествуваат на обуката и детално да ја објаснат активноста, вклучително и како сведочењето може да се сподели со учесниците. Би можело да биде корисно да се сподели Анекс 3.2 како пример за видовите искуства што може да се споделат. Доколку лицето или лицата се во можност да присуствуваат, разјаснете ги нивните преференции во однос на тоа како би сакале да го споделат своето искуство и уверете ги дека, како олеснувач, редовно ќе проверувате дали се чувствуваат пријатно. Разговарајте за клучните елементи на приказната што би сакале да ги споделат. Се препорачува да се избегне деталниот опис на инцидентот. Ова е затоа што учесниците во обуката би можеле да се фокусираат на процесот и техничкиот аспект на полициската постапка, наместо на наставната тема, што е да го разберат влијанието и последиците од полициските застанувања и проверки на личните карти.

Доколку времето дозволува и доколку има достапни информации, тимот за обука можеби ќе размисли да ја покани организацијата на заедницата да сподели некакви информации кои ги поседуваат и за кои што сметаат дека се релевантни за темата, на пример податоци што ги собрале за активноста на полициското профилирање и нејзиното влијание врз заедницата.

Вклучувањето на организациите во заедницата може да биде конструктивен пристап за општо градење односи меѓу полицијата (види Модул шест).

*Втор метод: Соберете писмени, аудио или видео снимки од сведоштва*

Успехот на овој пристап зависи и од постоењето на соодветни организации во заедницата кои знаат и можат да поддржат лица кои се способни и заинтересирани да го споделат своето искуство со полицијата. Во овој случај, нивните изјави може да се соберат лично во писмена форма или преку кратки аудио или видео снимки. Не ја заборавајте вашата одговорност за заштитувањето на правото на анонимност и доверливост во секое време и барањето на соодветна согласност и дозволи.

*Трет метод: Користење на постоечки примери (види Анекс 3.2)*

Анекс 3.2 наведува неколку примери на искуства во заедницата. Ве молиме имајте предвид дека исто така е можно да се користи комбинација од овие методи (метод четири). На пример, можеби ќе можете да стекнете само едно или две искуства од заедницата од земјата во која се одржува обуката. Во овој случај, можете да користите и изјави од Анекс 3.2.

**Чекор 2: подготовка за сесијата од обуката**

Сега треба да ги подготвите записите и материјалите од заедницата за сесијата. Ако го користите само првиот метод, проверете со вашиот партнер во заедницата дали тој би сакал да копирате и споделувате некакви материјали за време на сесијата. Ако е така, направете го тоа пред да започне активноста.

Ако ги користите вториот, третиот и/или четвртиот метод, треба да подготвите материјали за да можат да се користат од учесниците. Ако имате аудио или визуелен материјал, проверете дали ја имате технологијата за репродукција на материјалот. Доколку имате пишани материјали, се препорачува секоја изјава да ја испечатите на лист хартија. Ова ќе му овозможи на секој учесник да прочита изјава за време на обуката.

**Инструкции**

Организирајте ги столчињата во круг без маси.

1. Отворете ја сесијата со објаснување дека целта на активноста е да се зголеми разбирањето на учесниците за влијанието на повторените и потенцијално дискриминаторските проверки на личните карти, полициските запирања и претреси врз поединечните припадници на засегнатата јавност.

2. Во зависност од методот што го користите (видете погоре), започнете ја сесијата со споделување искуства од заедницата. Ако го користите првиот метод, воведете го гостинскиот презентер и олеснете го неговото излагање; ако користите метод два, споделете го аудио/визуелниот материјал. Ако користите пишани материјали (метод два/три/четири), поделете барем по една изјава на секој учесник и замолете ги гласно да ја прочитаат изјавата пред групата.

3. Откако ќе се сподели придонесот од заедницата, олеснете ја дискусијата. За првиот метод, тоа може да подразбира олеснување на сесијата за прашања и одговори со гостинскиот презентер. Внимавајте да го насочите разговорот подалеку од спецификите на инцидентот или кон точките и сознанијата за искуствата и влијанието. Погрижете се застапената заедница да се третира со почит во секое време.

4. За време на сесијата за повратни информации и коментари, користете ги следните прашања за да ги истражите клучните Наставни теми. Исто така, може да биде корисно да се користат насловите во Анекс 3.2 (искуство, влијание, последици) за да се води дискусијата:

   1. Што мислите, која е главната емоција и влијание од искуствата на овие лица при нивното запирање од полицијата? (Одговорите може да вклучуваат чувства на понижување, срам, збунетост.) Можете ли да истакнете една или две изјави кои ги одразуваат овие емоции и влијание?
   2. Што мислите, кои се главните последици од постојаното запирање од страна на полицијата? (Одговорите може да вклучуваат губење на довербата во полицијата, чувство дека ве третираат поинаку од другите членови на заедницата.)
   3. Како луѓето сакаат да бидат третирани од полицијата? (Одговорите може да вклучуваат да се третираат со почит, да се третираат како членови на општеството.)
   4. Дали вие или член на вашето семејство или ваш пријател сте биле запрени од полицијата? Какво беше искуството? Можете ли да споделите нешто повеќе со вашите колеги слушатели?
   5. Дали мислите дека сте се вклучиле или сте биле сведоци на дискриминаторска употреба на полициските овластувања за проверка на личните карти, за запирање на поединци и/или за вршење претреси? Дали сакате да споделите повеќе? (Уверете ги учесниците дека се во безбедно опкружување. Исто така, не заборавајте дека, доколку се сподели пример за полициско недолично однесување, можеби ќе треба да се постапи во однос на оваа информација).
   6. Дали имате други размислувања за она што е споделено? Што научивте од овие искуства?

5. За време на олеснувањето, погрижете се да ги оспорувате изјавите кои даваат генерализирање или изразуваат предрасуди кон која било заедница, и бидете особено внимателни ако имате гостин презентер. Не смее да се толерира секундарната виктимизација (т.е. дозволување гостинот да се чувствува дискриминиран по втор пат во процесот на споделување на нивната приказна). Живата дискусија и дебата се во ред, но непочитувањето мора да се оспори.

6. Приврште ја активноста истакнувајќи ги клучните точки кои што се појавија.

Потсетете ја групата дека расното и другото дискриминаторско профилирање се незаконски, создаваат чувства на понижување и отуѓување и ги попречуваат добрите односи во заедницата. Постојат подобри, поефективни и законски начини за извршување на основната полициска функција за заштита на заедниците, а ние ќе ги истражиме во подоцнежните активности.

7. Можеби ќе сакате да ги истакнете следните точки: полицијата, како и општото население, има предрасуди. Разликата меѓу полицијата и другите е во тоа што на полициските службеници им се дадени конкретни овластувања, дадени од општеството, законски да се мешаат во правата на луѓето. Ова е голема одговорност и значи дека секој полицаец треба двапати да размисли и да биде сигурен дека има објективни докази за запирање, пребарување, претресување, профилирање и мешање во правата на граѓаните.

8. Затворете ја сесијата со тоа што ќе им се заблагодарите на сите за нивното учество. Особено на сите гости презентери.

## *Активност 3.3: Запирања – од стереотипизирање до дискриминација*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност ја истражува важноста на самосвеста и начинот на кој личните ставови и склоноста за потврда на сопственото гледиште негативно влијаат на професионалниот пристап во однос на запирањата од полицијата во заедници со различен состав. |
| **Време:** | 30-45 минути |
| **Потребни материјали:** | Материјал 3.3<br>табла<br>хартија за таблата<br>бела табла<br>маркери<br>видео проектор и компјутерска хартија<br>пенкала |
| **Подготовка:** | Однапред подгответе слајд со „Циклусот на самоисполнувачкото пророштво“[63] и потребниот број на Материјал 3.3.<br><br>Истражете ги сите достапни податоци за проверки на лична карта, запирања во сообраќајот и претресувања Истражете ги позначајните извештаи и истражувања спроведени од специјализирани невладини организации и тела за еднаквост за распространетоста и влијанието на полициската практика во оваа област, вклучувајќи ги и клучните препораки за подобрување.<br><br>Соберете клучни податоци од ова истражување кои може да се споделат со учесниците за време на активноста.<br><br>Пред да започне обуката, организирајте ја просторијата за обука во формат на работна група со четири маси со столчиња поставени околу нив. |

**Инструкции**

1. Дистрибуирајте го Материјалот 3.3 и презентирајте го слајдот од „Циклусот на самоисполнувачкото пророштво“. Дајте им на учесниците неколку минути да го прочитаат материјалот. Истакнете ги клучните точки и прашајте дали има прашања што учесниците би сакале да ги постават.

2. Формирајте четири групи и замолете ги учесниците дополнително да разговараат за логиката позади „Циклусот на самоисполнувачкото пророштво“.

3. Информирајте ги групите дека ќе имаат 15 минути за дискусија и дека е потребно да напишат пример кој ја илустрира оваа логика (врз основа на личното знаење и искуство на учесниците).

4. Поминете по групите за да ги разјасните сите сомнежи. Погрижете се сите да учествуваат во дискусијата.

**63** Агенција за основни права на Европската унија (ФРА) (2018), Спречување на незаконското профилирање денес и во иднина: водич, стр. 49, достапно на https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2018-preventing-unlawful-profiling- guide_en.pdf.

5. На крајот од 15-те минути, замолете ја секоја група да ги сподели своите резултати.

6. Откако сите групи ќе ги споделат своите размислувања и ќе дадат пример, прашајте ги учесниците дали би сакале да додадат дополнителни коментари или да поставaт какви било прашања.

7. Олеснете ја завршната дискусија со подвлекување на следните точки:

   - Онаму каде што се применуваат широки профили на малцинска група, тоа придонесува за ризикот таа да биде сфатена како „осомничена заедница" која е поврзана со криминал. Тоа, пак, може да резултира со зголемени предрасуди кон нејзините членови. Во такви случаи, несразмерно количество полициски ресурси може да бидат насочени кон полициското работење во малцинските заедници, што ќе доведе до поголем број апсења или проверки. Во овој случај, може да се воспостави самоисполнувачка врска помеѓу интензивното полициско работење и повисоките стапки на апсење.
   - Ризикот од „самоисполнувачко пророштво" е кога полициските службеници го засноваат своето профилирање не на разумни основи, туку на овие предрасуди, толкувајќи ги информациите на начин што ги потврдува нивните сопствени предрасуди. Ова се нарекува „склоност за потврда на сопственото гледиште". Тоа се случува кога предрасудите на полициските службеници значат дека тие очекуваат лицето да постапува незаконски врз основа на вистинската или перципираната раса, етничко потекло, пол, сексуална ориентација, религија или друго на лицето. Поради оваа пристрасност, полициските службеници со такви предрасуди имаат поголема веројатност да запираат лица кои одговараат на овој опис.
   - Во исто време, бидејќи е поверојатно дека докази за криминал ќе се најдат кај лицата кои се запрени отколку кај оние кои не се запрени, ова профилирање базирано на пристрасност ги зајакнува стереотипите на полициските службеници. Овој измамен „доказ" дека одлуката да се запрат овие поединци била точна е „самоисполнувачкото пророштво". Ваквото профилирање засновано на пристрасност е дискриминаторско, незаконско и неефективно и ја продолжува стереотипизацијата, што пак од своја страна го продолжува криминализирањето на тие поединци.

8. Сега споделете ги податоците што сте ги собрале за зачестеноста на полициските запирања, и полициските претреси на возилата и личните претреси на национално ниво, доколку се достапни и соодветни.

9. Потсетете ги учесниците за влијанието на овие дејствија врз поединците кои се запрени од полицијата, како што е истражено во Активност 3.2.

## *Активност 3.4: Запирања – Професионална пракса*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност има за цел да ги истражи полициските овластувања и обврски во врска со проверките на полициските лични карти и други запирања, како и претреси на возила и лица. |
| **Време:** | 60 минути |
| **Потребни материјали:** | Материјал 3.4<br>Анекс 3.4 (забелешки на обучувачите), табла, хартија за табла, бела табла, маркери за видео проектор и компјутерски пенкала, флуоресцентни маркери со различни бои, мемо ливчиња, жива гума / селотејп |
| **Подготовка:** | Внимателно истражете го постоечкиот национален закон, полициските насоки и упатства за проверки на личните карти, запирањето во сообраќајот и претресите и дефинициите за „разумно сомневање". Вклучете преглед на националните закони за дискриминација кои важат за полициските акции во оваа област. Прегледајте ги и направете белешки на табелата во Материјалот 3.4 што ќе биде основа на активноста и погрижете се дека во тимот за обука, можете да ја пополните табелата врз основа на информациите што ги имате.<br>Однапред подгответе примероци од Материјалот 3.4. Пред да започне обуката, организирајте ја просторијата за обука во формат на работна група со четири маси со столчиња поставени околу нив. |

**Инструкции**

1. Формирајте групи од по 4-5 луѓе

2. Дистрибуирајте копија од Материјалот 3.4 на секоја маса и лист хартија од таблата. Потоа внимателно поминете низ упатствата и проверете дали сите разбираат. Потсетете ги учесниците дека можат да поставуваат прашања во секое време доколку нешто не им е јасно.

3. Информирајте ги групите дека имаат 30 минути да ја завршат задачата.

4. Поминете низ секоја група за да ги разјасните сите сомнежи и уверете се дека сите учествуваат во дискусијата.

5. Сега вратете ги учесниците во големата група.

    - Побарајте од секоја група да ги претстави своите заклучоци и да ги поттикне другите да учествуваат во дискусијата.
    - Додека ја олеснувате дискусијата, погледнете ги белешките на обучувачите во Анекс 3.4

6. Затворете ја дискусијата со истакнување на клучните поенти.

## *Активност 3.5: Информирање за правото/правата*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност е наменета за полицијата од првите редови која рутински наидува на сценарија каде што треба да утврди и да дејствува по разумно сомневање. Активноста вклучува развивање на игра со улоги за сценарио за запирање и претресување, кое моделира добра и лоша практика. Следната активност, 3.6 е дизајнирана за полициски службеници на повисоки позиции кои имаат одговорност за дефинирање на јавните политики и насоки во оваа област. |
| **Време:** | До 90 минути |
| **Потребни материјали:** | табла<br>хартија за табла<br>бела табла, маркери<br>видео проектор и компјутер Материјал 3.4 |
| **Подготовка:** | Пред да започне обуката, организирајте ја просторијата за обука со столчиња во круг и тргнете ги масите. |

**Инструкции**

1. Формирајте групи со не повеќе од 5 лица.

2. Објаснете им на групите дека ќе работат едни со други за да направат сценарио и да одглумат запирање и претресување кое ги опфаќа главните чекори што ги научиле досега. Потсетете ги учесниците кои се тие чекори (можете да се повикате на Материјалот 3.4 од претходната активност како корисен водич).

3. Објаснете дека би сакале да размислуваат за ситуација во која биле вклучени или со која се запознаени и да размислат за: Што поминало добро? Што не поминало добро? Што можело да се направи поинаку? Замолете ги да го искористат ова искуство, учењето од активностите и материјалите што ги имаат, за да развијат кратко сценарио и да одглумат запирање и претресување кое вклучува полицаец или полициски службеници и припадник на заедницата. Објаснете дека сценариото треба да трае само неколку минути, но дека треба да опфати што е можно повеќе клучни Наставни теми.

Побарајте од учесниците да се фокусираат на:

1. Покажување на правилната или неточна примена на „стандардот за разумно сомневање".
   i. Потсетете ги на дефиницијата опфатена во претходната активност: став 3 од Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11: „Да се воведе стандард за разумно сомневање, според кој овластувањата поврзани со активностите за контрола, надзор или истрага може да се вршат само врз основа на сомневање што е засновано врз објективни критериуми". Европскиот кодекс за полициска етика предвидува во својот став 47 дека „[п]олициските истраги треба да се засноваат, барем на едно разумно сомневање за вистинско или можно противправно или кривично дело". Како што е објаснето во Објаснувањето на Кодексот, тоа значи дека треба да постои сомневање за прекршок или кривично дело што е оправдано со некои објективни критериуми пред полицијата да може да се покрене истрага.[64]
2. Покажување на пример на колега кој се спротивставува на расистичка изјава

**64** Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 (2007) за борба против расизмот и расната дискриминација во полицијата, достапна на https://rm.coe.int/ecri-general-policy-recommendation-no-11-on-combating-racism-and-racia/16808b5adf.

или акција на колега за време на полициско запирање.

4. Проверете дали некој има прашања, а потоа дајте им на учесниците 30 минути.

5. Додека малите групи работат, проверете дали имаат прашања или дали се заглавени со нешто.

6. По 30 минути, проверете дали на групите им треба повеќе време.

7. Кога групите ќе завршат, замолете ги да го одиграат сценариото. По секое одигрување на сценариото, дајте им збор на остатокот од групата со цел да ги охрабрите да дадат комплименти, да постават прашања и да се вклучат во дискусија.

8. Затворете ја активноста со истакнување на клучните Наставни теми од секоја активност.

9. Олеснете ја завршната дискусија со тоа што ќе подвлечете дека полицијата претставува моќ и авторитет, а во исто време има и мисија да ги заштити основните права на граѓаните. Побарајте од учесниците да коментираат за важноста на полицијата да комуницира со почит и достоинство со сите членови на заедницата.

## *Активност 3.6: Лидерство*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност вклучува идентификување на клучните стратешки прашања при креирање рамка за обезбедување на правична и законска практика на полициското профилирање, со фокус на полициските запирања. Таа е наменета за полициски службеници на раководни позиции со одговорност во оваа област. |
| **Време:** | 60 минути |
| **Потребни материјали:** | табла, хартија за табла, пенкала |
| **Подготовка:** | Искористете ги истражувањата спроведени во подготовка на оваа обука, вклучувајќи информации за постојните национални закони, јавни политики, упатства и податоци во оваа област. Прегледајте ги забелешките на обучувачите во Анекс 3.6 и ажурирајте ги и ревидирајте ги по потреба во поддршка на активноста во национален контекст. |

**Инструкции**

1. Распоредете ја просторијата со столчиња во круг и тргнете ги маситe

2. Отворете ја сесијата со објаснување дека целта на активноста е да се идентификуваат „коцките" на една законска, ефективна и правична јавна политика за профилирање, со фокус на полициските застанувања.

3. Олеснете ја дискусијата користејќи ги белешките на обучувачите во Анекс 3.6 и запишете ги белешките на хартијата на таблата. Земете ја предвид можноста да прашате дали некој од учесниците би сакал да помогне со запишувањето.

4. Додека напредувате низ „коцките", објаснети во Анекс 3.6, прашајте дали нешто недостасува или дали учесниците се загрижени дека некоја од идентификуваните акции не е возможна во национален контекст. Ако се покрене ова прашање, отворете дискусија за решавање на проблемите на таа тема. На пример, ако не постои законско или регулаторно упатство за расно или дискриминаторско профилирање, како може да се реши тоа? Дали е можно полицијата да издаде упатство во отсуство на закон? Охрабрете ги учесниците да „размислуваат надвор од воспоставената рамка" и да идентификуваат што можат да направат во полицијата како институција за да напредуваат во оваа област.

# Анекси и материјали

## *Материјал 3.1а: Картички за подредување по вредност*

| | |
|---|---|
| **Професионализам**<br>Постапувате одговорно и правично според кодексот на однесување во сите ваши лични и работни активности. | **Почит**<br>Верно и без пристрасност ги почитувате обврските кон заедницата и со тоа што се однесувате кон другите како што би сакале да се однесуваат кон вас. |
| **Интегритет**<br>Посветени сте на највисоките стандарди на чесност и етичко однесување и ја одржувате довербата на граѓаните. | **Соработка**<br>Ги охрабрувате и работите со засегнатите страни и малцинските заедници за следење и борба против употребата на расно и етничко профилирање. |
| **Одговорност**<br>Одговарате за вашите одлуки, постапки и пропусти. | **Искреност**<br>Искрени сте и доверливи. |
| **Лидерство**<br>Водите преку добар пример. | **Објективност**<br>Правите избор врз основа на докази и вашите најдобри професионални одлуки. |

| | |
|---|---|
| **Отвореност**<br><br>Отворени сте и транспарентни во вашите постапки и одлуки. | **Несебичност**<br><br>Дејствувате во интерес на јавноста. |
| **Законитост**<br><br>Ги користите вашите овластувања и власт законски и пропорционално, почитувајќи ги правата на сите поединци. | **Еднаквост**<br><br>Постапувате непристрасно, а во работата сте антирасистички и антидискриминаторски настроени. |
| **Предизвикување на несоодветното однесување**<br><br>Го предизвикувате или преземате акција против однесувањето на колегите кое паднало под стандардите на професионално однесување. | **Употреба на сила**<br><br>Употребувате сила само како дел од вашата улога и одговорност, и само до степен до кој е неопходно, пропорционално и разумно во сите околности. |
| **Одговорност**<br><br>Вредни сте во извршувањето на вашите должности и одговорности. | **Доверливост**<br><br>Ги третирате информациите со почит и им пристапувате или ги откривате само во рамките на вашите должности. |

*Материјал 3.1б: Вредности при полицискаta контрола на мултикултурните заедници*

| |
|---|
| **Најмалку важно**<br><br>Ставете 4 карти |
| **Важно**<br><br>Ставете 8 карти |
| **Најважно**<br><br>Ставете 4 карти |

### *Анекс 3.2*

Следниве изјави се од луѓе со африканско, северноафриканско и јужноазиско потекло во Холандија, Франција и Обединетото Кралство. Меѓу нив има наставник, двајца полицајци, неколку студенти, младински работник, музичар и универзитетски лектор. Сите тие биле запрени повеќе пати; некои биле запрени повеќе од 30 пати.[65]

**Зачестеност**

*„Не можам да изbrojам колку пати сум бил запрен. Разговарам со луѓе кои велат дека никогаш не биле запрени во животот и си велам, како е тоа возможно?“*

*„Болката е во тоа што се повторува. Се случува толку многу пати.“ „Не можам дури ни да изbrojам“.*

*„Во еден момент, секогаш ја имав подготвено мојата лична карта. Ќе кажев: „Повелете“.*

*„Мора да има правна и објективна причина. Но, во еден момент тоа ми стана навика“. „Страшно е на вас да се гледа со сомнеж во секое време“.*

*Искуства*

*„Барав насоки од еден полицаец и тој одеднаш рече: „Извинете, господине. Треба да во претресеме“.“*

*„Ве допираат насекаде... од горе до долу. Чувството е многу непријатно.“*

*„Не ми се допадна тоа што претпоставуваат сè. Претпоставуваа дека сум украл телефон... а луѓето поминуваа од тука, и тоа беше многу срамно“.*

*„Полицијата ме запре. Сите што поминуваа одејќи или возејќи, мислеа дека сум криминалец. Ако мене ме прашате, ме запреа затоа што сум црнец кој вози автомобил“.*

*„Тие не го разбираат фактот дека можеш да бидеш млад човек кој се облекува според улична мода, а всушност да не бидеш криминалец“.*

**Влијание**

*„Се чувствував како да ми треба туш после искуството. Се чувствував навистина неадекватно. Се чувствував валкано, навистина така се чувствував. Се чувствував навистина лошо.“*

*„Ве гледаат на одреден начин. Ве третираат на одреден начин“.*

**65** Овие изјави се адаптирани од следниве ресурси: Хјуман рајтс воч (Human Rights Watch) (2012), „Срцта на понижувањето“, Навредливи проверки на идентитет во Франција, достапни на www.hrw.org/report/2012/01/26/root-humiliation/abusive-identity-checks-france; Фондации Отворено општество (2013), „Човечката цена на запирањето и претресувањето“, www.youtube.com/watch?v=7Tx7sK54y2Y&t=1s; Холандс Хелдон (2019), „Осомничен“, https://vimeo.com/287690617/94f9af66cc.

*„Има ужасен ефект врз вас“. „Омаловажувачки е“.*[66]

*„Се чувствував заплашено, беспомошно, омаловажено“.*

*„[Ве третираат како да] не припаѓате... бидејќи сте поинаков“.*

*„Ме прави да се чувствувам беспомошно. Не само тогаш, и во деновите, неделите, месеците потоа. Никогаш не го заборавате тоа“.*

*„Понижување. Првокласно понижување. Научив од мал: никогаш не завршувај во полициска станица“.*

*„Тоа се надградува, а вие го доживувате. Го гледате и чувствувате и слушате. На крајот, формира еден вид на тумор“.*

**Последици**

*„[Како дел од јавноста] Јас сум корисник. Треба да се однесувате кон корисникот со почит додека не се докаже спротивното.“*

*„Се обидувате да го одбраните тоа велејќи си дека е незнаење од другата страна. Дека тоа произлегува од тоа, и не треба да ги обвинувате [нив]... [Но] ако сте биле сведок или ако сте биле жртва, помала е веројатноста да и пријдете на полицијата за да ја раскажете вашата приказна, бидејќи не им верувате.“*

*„Не ја гледам полицијата како мој непријател. Воопшто не ја гледам така. Но, има некои полицајци кои се однесуваат како непријатели... Ама, целата идеја е дека полицијата е таму за да ги заштити луѓето... Важно е да се навратиме на тоа. Секој треба да се чувствува безбедно кога поминува полициско возило. Не треба автоматски да помислуваат, леле, ќе добијам парична казна или ќе ме уапсат за џабе.“*

*„Сакам луѓето да сфатат дека, без разлика на нашиот изглед, сите ние учествуваме во општеството“.*

*„Навистина продира до срж... како да ви кажам? Идеализмот ме натера да ја изберам оваа одлична професија [полицијата]. И очекувам моите колеги да дадат добар пример и кога ќе се случи нешто вакво, не можам да го разберам… Не можам да реагирам рационално затоа што тоа е чувство кое произлегува длабоко од внатре и си мислам, каде не носи ова?’*

66 „Колку пати сте биле запрени од полиција?“ www.youtube.com/watch?v=7Tx7sK54y2Y&t=1s.

МАТЕРИЈАЛ

### *Материјал 3.3: Циклусот на самоисполнувачкото пророштво*




ФРА, Прирачник – Спречување на незаконското профилирање денес и во иднина: водич.[67]

67 Агенција за основни права на Европската унија (ФРА) (2018), Спречување на незаконското профилирање денес и во иднина: водич, достапен на https://fra. europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2018-preventing-unlawful-profiling-guide_en.pdf.

*Материјал 3.4: Полициски овластувања и обврски при застанувања, проверки на лична карта и лични претреси и претреси на возила*

| | Полициска законска обврска (според националното законодавство) | Етичка обврска /добра практика на полицијата (ако веќе не е покриена со националното законодавство) |
|---|---|---|
| **Проверки на лична карта** | | |
| **Прашања во врска со што едно лице прави во областа и каде оди** | | |
| **Запирање на возилото** | | |
| **Претреси на лица или возила** | | |
| **Апсење** | | |

Поврзете ги изјавите со колоните „Полициска законска обврска" и „Полициска обврска за етичка/добра практика". Дискутирајте со колегите дали полициските овластувања и обврски се условени од националното право, меѓународните стандарди и/или други стандарди или етика.
Обидете се да размислувате креативно и не ги заборавајте следниве точки:

- Дали сте запознаени со сите полициски упатства во областа на запирањето, проверките на лични карти и претресите на лица/возила? Ако не, каде ќе ги најдете овие информации?
- Дали сте свесни за постоењето на националните закони за човекови права? Дали тие се однесуваат на полициските активности?
- Слично на тоа, дали сте запознаени со националниот закон за расна дискриминација и други форми на дискриминација, на пример, родова дискриминација или дискриминација поради попреченост?

*Забележете ги на таблата. Додадете ги должностите и овластувањата што мислите дека недостасуваат и разговарајте за нив со вашите колеги учесници.*

*а.* *Должност да не се дискриминира*

*б.* *Должност да се спротивстави на каков било расистички јазик и/или дискриминаторски дејствија во текот на запирањето, проверката/пребарувањето*

*в.* *Должност да се однесуваме со почит кон поединците*

*г.* *Обврска да се постапува само по основано сомневање*

*д.* *Должност да се објасни основата на претресот (на пример, оружје / дрога / украдена стока)*

*е.* *Должност да се земат информации од лицето – име, возраст, адреса, етничка припадност*

*ж.* *Обврска за издавање записник за полициското дејствување*

*з.* *Обврска за евидентирање на инцидентот во базата на податоци на полицијата*

*и.* *Претресот мора да го изврши службеник од ист пол*

*к.* *Претресот може да дозволи отстранување на верската облека (на пр. шамија/турбан)*

*л.* *Обврска за вршење физички претрес надвор од очите на јавноста*

*м.* *Обврска да му се дадат на поединецот писмени информации за неговите права при претрес и/или полициска проверка.*

## *Анекс 3.4: Забелешки на обучувачот*

Сите должности/обврски треба да бидат покриени со националните полициски правилници, националните стандарди за човекови права или националните закони за антидискриминација. Ако не се, сите тие се етички обврски и обврски на добри практики. Кога сте олеснувач на оваа точка, прашајте ги учесниците дали се свесни за полициските упатства/националните закони и каде мислат дека се недостатоците.

Охрабрете ги учесниците да фаќаат белешки на нивните материјали и да ги чуваат за во иднина.

а. Должност да не се дискриминира

- се однесува на сите активности според меѓународните стандарди и националните рамки за антидискриминација на повеќето земји.

б. Должност да се спротивстави на каков било расистички јазик и/или дискриминаторски дејствија при запирање, проверка/претресување

- се однесува на сите дејствија барем како етичка пракса

в. Должност да се однесуваме со почит кон поединците

- се однесува на сите дејствија барем како етичка пракса

г. Обврска да се постапува само по основано сомневање

- се однесува на сите дејствија освен апсењето каде што треба да има повисок стандард. Додека разговарате за „разумно сомневање“, подвлечете ги следните точки
- прашајте ги учесниците дали „расата“, етничката припадност или која било друга карактеристика е дел од дефиницијата. Одговорот, се разбира, е не. Олеснете ја дискусијата за основната важност на оваа точка. Доколку некој службеник донесе заклучок дека криминалната активност била извршена или ќе биде извршена врз основа на карактеристиките на „осомничениот“, а доколку полицискиот службеник постапи по неговиот или нејзиниот заклучок, полициската акција е дискриминаторска. Кога ја олеснувате оваа дискусија, обидете се да привлечете што е можно повеќе учесници и да создадете можности за меѓусебно поврзување.
- Став 3 од Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 вели: „Да се воведе стандард за разумно сомневање, според кој овластувањата кои се однесуваат на активностите за контрола, надзор или истрага може да се вршат само врз основа на сомневање што е засновано на објективни критериуми“.
- Европскиот кодекс за полициска етика предвидува во својот став 47 дека „[п] олициските истраги треба да се засноваат, барем на едно разумно сомневање за вистинско или можно противправно или кривично дело“. Како што е објаснето во Објаснувањето на Кодексот, тоа значи дека треба да постои сомневање за прекршок или кривично дело што е оправдано со некои објективни критериуми пред полицијата да може да се покрене истрага. ЕКРИ верува дека воведувањето на стандард за разумно сомневање во извршувањето на овластувањата за полициската истрага и во вршењето на полициските овластувања поврзани со активностите за контрола и надзор е особено важна алатка во борбата против расното профилирање. Затоа, тој препорачува таков стандард да се воведе во законските или регулаторите рамки кои, во различните земји-членки, го регулираат остварувањето на овие полициски овластувања. [68]

68 Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 (2007) за борба против расизмот и расната дискриминација во полицијата, достапна на https://rm.coe.int/EKPH-general-policy-recommendation-no-11-on-combating-racism-and-racia/16808b5adf.

МАТЕРИЈАЛ

д. Должност да ја објасни основата на претресот (на пример, оружје/ дрога /украдена стока)

- се однесува на „Претреси на лице или возила"

е. Должност да се преземат информации од лицето и да се објасни дека тие се чуваат во тајност - име, возраст, адреса, етничка припадност

- ова важи за сѐ освен на апсењето. Веројатно ќе има дискусија за оваа точка. Многу јурисдикции не ги собираат овие информации од причини кои имаат свои историски корени. Сепак, постои сѐ поголем консензус дека собирањето и анонимизирањето на овие информации е од суштинско значење за органите на прогонот да можат да идентификуваат докази за непропорционалност во нивните застанувања, проверки на лични карти и претреси.

ж. Обврска за издавање записник за полициското дејствие

- се однесува на сѐ освен на апсењето

з. Обврска за внесување евиденција за инцидентот во базата на податоци на полицијата

- се однесува на сѐ

и. Претресот мора да го изврши службеник од ист пол

- ова се однесува на точките за почит и достоинство.

к. Пребарувањето може да дозволи отстранување на верската облека (на пр. шамија/ турбан)

- ова се однесува на точките за почит и достоинство.

л. Обврска за вршење физички претрес надвор од очите на јавноста

- ова се однесува на точките за почит и достоинство.

м. Обврска на лицето да му се дадат писмени информации за неговите права при претрес и/или полициска проверка.

- Може да се дискутира и поентата дека некои јурисдикции, исто така, имаат можност да обезбедат електронска евиденција за запирање/претрес.

## *Анекс 3.6: Забелешки на обучувачот*

Овој анекс главно се потпира на Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ 11.[69] Се препорачува обучувачите да ги прочитаат деловите за „Расното профилирање“ како подготовка за оваа активност. Проверете на веб-страницата на ЕКРИ за да видите дали има верзија на националниот јазик што може да се сподели со учесниците.

Анексот исто така се осврнува на:

ФРА (2018), Спречување на незаконското профилирање денес и во иднина: водич[70].

Иницијатива за правда на „Отворено општество“ (2021), Предизвикувајќи го етничкиот профил во Европа: водич за активисти и организатори[71]

Извештај на специјалниот известувач за современите форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и поврзана нетолеранција.[72]

„**Коцките**“ за правична и законска стратегија во оваа област вклучуваат:

1. Закон

- јасно да се дефинира расното профилирање во законот
- „За целите на оваа препорака, расното профилирање значи: употреба на основи како што се раса, боја на кожа, јазик, религија, националност или национално или етничко потекло при контрола, надзор или истрага од страна на полицијата, без објективно и разумно оправдување“[73]

2. Подгответе и издадете упатства кои вклучуваат:

- дефиницијата за расно профилирање, разумно сомневање
- забрана за расно профилирање и барање за разумно сомневање
- последици од незаконското работење
- процес за издавање записник на поединец кога е запрен
- очекувањето дека сите членови на јавноста треба да бидат третирани со почит
- информации за собирање на податоци и како тие може да се користат во насока на следењето и управувањето.

3. Обука

Да се обучи полицијата за:

- прашањето за расното профилирање
- употребата на стандардот за разумно сомневање
- спроведување на запирања, проверки на лична карта, претреси на возила и лични претреси со почит и во рамките на законот
- како да се обезбеди евиденција за запирање со поединец
- предизвикување на лошата или дискриминаторска практика од колегите.

МАТЕРИЈАЛ

**69** Исто
**70** Агенција за основни права на Европската унија (ФРА) (2018), Спречување на незаконското профилирање денес и во иднина: водич, достапен на https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2018-preventing-unlawful-profiling-guide_ mk.pdf.
**71** Рутер, М. (2015), „Извештај на специјалниот известувач за современите форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и поврзана нетолеранција“, A/HRC/29/46, став 2, Генерално собрание на Обединетите нации, достапен наwww.ohchr.org/ sites/default/files/Documents/ Issues/Racism/A-HRC-29-46.pdf
**72** Рутер, М. (2015), „Извештај на специјалниот известувач за современите форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и поврзана нетолеранција“, A/HRC/29/46, став 2, Генерално собрание на Обединетите нации, достапен наwww.ohchr.org/ sites/default/files/Documents/ Issues/Racism/A-HRC-29-46.pdf
**73** Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 (2007) за борба против расизмот и расната дискриминација во полицијата, достапна наhttps://rm.coe.int/EKPH-general-policy-recommendation-no-11-on-combating-racism-and-racia/16808b5adf

4. Евиденција за лица

- Создадете систем за споделување на записници од полициско запирање со засегнатото лице. Ова може да вклучува формулар (видете го примерот на ФРА во продолжение), потврда и/или некој метод за обезбедување дигитални сметки / пристап до информации за запирање. Препознајте го фактот дека различните пристапи можат подобро да функционираат во различни земји.

5. Податоци (видете ги и препораките на Отворено општество дадени во продолжение)

- Спроведете истражување за расното профилирање и следете ги полициските активности во областите на контрола, надзор или истражни активности со цел да се идентификуваат практиките на расно профилирање.
- Поставете процеси кои овозможуваат собирање податоци, категоризирани на основи како на пример национално или етничко потекло, јазик, религија и националност во однос на релевантните полициски активности.
- Обезбедете заштита на податоците.
- Полициските лидери треба да преземат одговорност за точноста на податоците добиени при полициските запирања, транспарентноста и достапноста на информациите до пошироката јавност, на пример, преку онлајн порталите.
- Полициските лидери треба да го олеснат и да го поздрават надворешниот надзор и критиката за употребата на овластувањата за запирање на полицијата (види исто така Модул 6).
- Побарајте одговорност од локалните и регионалните полициски тимови за податоците за запирање на полицијата и преземете акција каде што има докази за несразмерност и/или дискриминација. Видете овде за онлајн пристап до информации за лично запирање и пребарување https://data. police.uk/data.

6. Однесување

- Јавно говорете против дискриминацијата и избегнувајте да давате изјави кои ја поврзуваат расата или етничката припадност со криминално однесување, незаконска миграција или тероризам. (Видете ги препораките на Советот за човекови права на Обединетите нации во продолжение).

МАТЕРИЈАЛ

**Други корисни информации**

„(...) Прво, полициските академии би можеле да ги обучуваат полицајците да ги користат своите овластувања само кога имаат вистински докази. Полицијата треба да запре некого само кога може да покаже факти кои му даваат основано сомневање дека е сторено кривично дело. Еден начин да им помогнеме на нашите полициски службеници да го направат тоа е да се погрижиме да пополнат формулар за запирање што ги евидентира деталите за запирањето. Полицијата потоа може да проверува дали сѐ уште запира премногу невини луѓе или премногу се фокусира на луѓето од етничките малцинства. Полицијата која почнала да користи формулари за запирање вели дека им помогнала подобро да ја завршат работата. Следејќи ги доказите, тие повеќе запираат вистински осомничени, а помалку запираат невини луѓе“.

*Унија за граѓански слободи за Европа – „Како да се зборува за етничкото профилирање: водич за учесниците во кампањата“*[74]

**74** Батлер, И. (2021), „Како да се зборува за етничкото профилирање: водич за учесници во кампањата", Унија за граѓански слободи за Европа, достапно на https://dq4n3btxmr8c9.cloudfront.net/files/uLHnjY/ethnic_profiling.pdf.

**Добри практики на формуларите за запирање и претресување**

***Фокусирајте се на она што прави еден формулар за запирање и претресување да биде добар***

Формуларите за запирање и претресување треба да бидат добро дизајнирани за да бидат корисни. Прво, пополнувањето на формуларите создава дополнителен обем на работа за полициските службеници. Ако не е јасно дизајниран и разумно краток, ризикот е службениците да не го пополнат целиот формулар или да го пополнат на површен начин. Второ, добрите формулари овозможуваат лесно извлекување и собирање на податоците за да се поддржи следењето и евалуацијата на акциите за запирање и пребарување.

Секогаш кога е возможно, формуларите за запирање и пребарување треба:

- Да користат полиња со повеќекратен избор кои побрзо се пополнуваат и полесно се обработуваат статистички.
- Да содржат исцрпна листа на опции за секоја ставка.
- Да избегнуваат двосмислени предмети.
- Да бидат лесно разбирливи, и за полицискиот службеник и за запреното лице.
- Да вклучуваат:

1. законски основи за претресот. Се претпочитаат едноставни објаснувања наместо листа на правила;
2. датум, време и место каде што лицето или возилото било претресено;
3. предмет на претрес, на пр., предмет(и) што ги бараат службениците;
4. исход од запирањето;
5. име и полициска станица на службениците кои вршат претрес;
6. може да евидентираат лични податоци на лицето/лицата кои се претресени, како што се име, адреса и националност. Сепак, лицето може да одбие да ги даде овие информации.

За да бидат ефективни, формуларите треба да се пополнат во моментот на застанувањето.

Треба да му се даде примерок на лицето кое е запрено или лицето кое е одговорно за возилото кое е претресено. Во Обединетото Кралство, лицата кои биле запрени имаат право да побараат примерок од записникот во рок од три месеци од запирањето. На овој начин, формуларот не поддржува само докази за запирањата на полицијата, туку и за запрените лица.

***ФРА (2018), Спречување на незаконското профилирање денес и во иднина.***[75]

***Иницијатива за правда на „Отворено општество" (2021), Предизвикувајќи го етничкиот профил во Европа: водич за активисти и организатори***[76]

Оваа публикација содржи голем број препораки засновани на докази за полициските раководители и лидери кои размислуваат за реформи во областа на полициските запирања.

Полицијата треба да ги евидентира и да ги открие податоците собрани за нивна употреба за проверките на идентитет, застанувања и претреси - вклучувајќи ја етничката припадност на лицето кое е запрено - истовремено почитувајќи ги стандардите за заштита на податоците. Собирањето податоци е од суштинско значење за да се следат и мониторираат непропорционалните влијанија и да се процени ефективноста на полициското запирање и пребарување.

Податоците обезбедуваат важен доказ за одговорноста и правната постапка за барање правни лекови за луѓето кои биле стопирани без соодветна причина. Системите за собирање, анализа и складирање податоци мора да се усогласат со националните и регионалните стандарди за заштита на податоците. Податоците се од суштинско значење за подобрување на практиките на управување, но исто така се клучни за јавната одговорност и дијалогот.

Собирањето податоци, особено собирањето етнички податоци, мора да биде транспарентно, вклучително и преку споделување на анонимизираните статистички податоци со јавноста. Ова е од суштинско значење за да се добие јавна поддршка, да се подобри полицискиот легитимитет и да се овозможи надворешна проценка за

**75** Иницијатива за правда на „Отворено општество" (2021), Предизвикувајќи го етничкото профилирање во Европа: Водич за активисти и организатори, достапно на www.justiceinitiative.org/publications/challenging-ethnic-profiling-in-europe-a-guide-for-campaigners-and- organizers
**76** Иницијатива за правда на „Отворено општество" (2021), Предизвикувајќи го етничкото профилирање во Европа: Водич за активисти и организатори, достапно на www.justiceinitiative.org/publications/challenging-ethnic-profiling-in-europe-a-guide-for-campaigners-and- organizers

користењето на овие овластувања.

Полициските одделенија треба да разговараат со заедницата за податоците за лицата кои биле запрени и да бидат отворени за промени како одговор на поставените прашања, со цел да се добие поголема поддршка од заедницата и да се одразат приоритетите на заедницата.[77]

Обучете ги менаџерите и супервизорите на агенциите да управуваат со запирањата врз основа на наодите од анализата за запирање. Ова може да вклучи издавање нови насоки за критериумите за запирање, промена на оперативните приоритети и барање на одговорност од тимовите или поединците одговорни за активностите за запирање.

Редовно правете анализа на запирањата. Обично, тоа треба да биде на месечно ниво. Меѓутоа, онаму каде што запирањата се ретки (на пр. помалку од околу 50 месечно) показателите ќе имаат тенденција да бидат нестабилни. Спроведувањето на двомесечни или квартални анализи е една алтернатива; пресметувањето на подвижните просеци е друга.

Споделете ја анализата со полициските раководители, претпоставените и полициските службеници кои работат на првите линии. Ова ќе создаде транспарентност и ќе промовира прифаќање меѓу оние кои се задолжени за спроведување на реформите. Исто така, може да ја унапреди дискусијата за стратегии за решавање на проблемите.

Споделете ги резултатите од анализата на запирањата со претставниците на заедницата. Ова ќе ја промовира довербата и ќе ја олесни соработката и зголемениот дијалог меѓу членовите на заедницата и полицијата, вклучително и во однос на криминалот и безбедносните потреби.

Развијте и спроведувајте решенија за проблематични шеми за запирање. Овие решенија треба да се засноваат на придонес од колегите во полицијата и партнерите од заедницата. Решенијата може да вклучуваат издавање нови насоки за критериумите за запирање, промена на оперативните тактики, барање на одговорност од тимовите или поединците за активностите за запирање и обезбедување преквалификација на полициските службеници од првите редови онаму каде што е потребно.

***Препораки на Советот за човекови права на Обединетите нации***[78]

67. Специјалниот известувач ги повикува политичките лидери и раководителите на органите на прогонот јавно да се изјаснат против дискриминацијата и да избегнуваат да даваат изјави кои ја поврзуваат расата или етничката припадност со криминално однесување, незаконската миграција или тероризмот, со цел да се поправи штетата предизвикана на малцинските заедници од употребата на расно и етничко профилирање и да се гарантира дека овие групи и поединци се способни целосно да се интегрираат во нивните општества.

8. Специјалниот известувач им препорачува на државите да соберат податоци од органите за спроведување на редот, вклучително и статистички податоци поделени по етничка припадност и раса, кои се од суштинско значење за да се докаже постоењето и обемот на расното и етничкото профилирање. Ваквите статистички податоци се суштинска алатка за овозможување на откривање на практиките за спроведување на законот кои го фокусираат несразмерното и неоправдано внимание на расните и етничките малцинства врз основа на стереотипите за етничката припадност и криминалот. Со цел правилно да се соберат таквите податоци, внимателно се испитуваат трите главни фази на потребното собирање, складирање и пристап, со цел да се спречи секаква можна злоупотреба на податоците. Ова е особено важно кога станува збор за органите на прогонот, каде што постојат јасни ризици етничките податоци да се користат за да се олесни расното и етничкото профилирање, наместо да се намали. Стандардите за заштита на податоците мора да ја балансираат потребата на органите за спроведување на редот да собираат и задржуваат податоци во насока на откривање, спречување и истражување на криминалот, против правото на приватност и пресумпцијата на невиност.

**77** Исто стр. 93
**78** Рутери, М. (2015), „Извештај на специјалниот известувач за современите форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и поврзана нетолеранција", A/HRC/29/46, став 2, Генерално собрание на Обединетите нации, достапен на www.ohchr.org/ sites/default/files/Documents/Issues/Racism/A-HRC-29-46.pdf

69. Кога статистиките, разделени по раса и етничка припадност, се достапни за активностите на органите на прогонот, тие обезбедуваат важен увид во практиките за спроведување на законот и се камен-темелник што ја докажува употребата на расно и етничко профилирање. Овие статистички податоци можат да бидат корисни за развој на нови политики и практики, особено кога податоците од пописот не се достапни или се чини дека се неточни, или онаму каде што нема достапни податоци од органите на прогонот, а постои загриженост за расното профилирање. Слично на тоа, споделувањето податоци со малцинските заедници е позитивен чекор преземен од некои држави што треба дополнително да се охрабрува.

70. Понатаму, Специјалниот известувач ги охрабрува истражните надзорни тела да го следат однесувањето и практиките на органите на прогонот и да ги истражуваат поединечните поплаки. Надзорните тела треба да имаат овластување да ги решаваат наводите за расно и етничко профилирање и треба да обезбедат информации за практичните препораки за промени на јавните политики со цел да се елиминира употребата на расно и етничко профилирање. Таквите тела, исто така, треба да бидат способни да собираат податоци за да ја следат директната и индиректната дискриминација и да спроведуваат самоиницијативни истраги, бидејќи тие се основни за идентификување на дискриминацијата како што е профилирањето од страна на органите на прогонот.

# Модул 4

# ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ИСТРАГА НА ЗЛОСТОРСТВО ОД ОМРАЗА

*АВТОР: ТИНАТИН ХАЧВАНИ*


| | |
|---|---|
| Вовед и контекст | 124 |
| Резултати од учењето | 125 |
| Преглед на активности | 125 |
| Опис на активностите | 127 |
| *Активност 4.1: Дефиниција за злосторство од омраза и клучни концепти* | *127* |
| *Активност 4.2: Разбирање на националните законодавни рамки и практики* | *128* |
| *Активност 4.3: Концепти поврзани со злосторството од омраза – Практична вежба* | *129* |
| *Активност 4.4: Истражување на показателите за пристрасност* | *130* |
| *Активност 4.4а: Погоди го показателот* | *132* |
| *Активност 4.4б: Студии на случај за показателите на пристрасност* | *133* |
| *Активност 4.5: Истражување на злосторствата од омраза – Студија на случај* | *134* |
| *Активност 4.6: Злосторства од омраза извршени од и против полицијата* | *136* |
| Материјали и анекси | 137 |
| *Материјал 4.1 Што е злосторство од омраза и како се разликува од другите злосторства?* | *137* |
| *Материјал 4.3: Студии на случај* | *142* |
| *Анекс 4.3: Забелешка на обучувачот во врска со активноста 4.3* | *144* |
| *Анекс 4.4а: Забелешка на обучувачот во врска со активноста 4.4а* | *146* |
| *Материјал 4.4: Показатели за пристрасност* | *148* |
| *Материјал 4.4а: Визуелен материјал за показателите за пристрасност* | *151* |
| *Материјал 4.5: Истражување на злосторство од омраза – Студија на случај* | *154* |
| *Анекс 4.5: Забелешка на обучувачот во врска со активноста 4.5* | *155* |
| *Анекс 4.6: Забелешка на обучувачот во врска со активноста 4.6* | *160* |

## Вовед и контекст

*При истражување на насилни инциденти и, особено, смртни случаи од рацете на државните чинители, државните власти имаат дополнителна должност да ги преземат сите разумни чекори за да го откријат секој расистички мотив и да утврдат дали етничката омраза или предрасуди можеби играле улога во настаните. Неуспехот да се стори тоа и третирањето на насилството и бруталноста како резултат на расната припадност на еднакво рамниште со случаите кои немаат расистички призвук, би било замижување пред специфичната природа на злосторствата кои се особено деструктивни за основните права.* [79]

Полицијата е камен темелник во спречувањето и ефективниот одговор на злосторствата од омраза. Во споредба со другите видови на злосторства, злосторствата од омраза се посебни бидејќи не ја засегаат само индивидуалната жртва, туку и пошироката група која го дели идентитетот на жртвата. Занемарувањето правилно да се истражат ваквите дела ја намалува довербата на јавноста во органите за спроведување на законот, води кон неказнивост и поттикнува понатамошна дискриминација. Спроведувањето ефективни истраги за злосторство од омраза што водат до успешен исход на кривичната правда е важен дел од меѓународните обврски на државата во однос на принципите за еднаквост и недискриминација.

Општата препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полициското работење наведува дека, со избегнување на расизмот и расната дискриминација во полициското работење, полицијата реагира на два важни аспекти од својата мисија: одговара на предизвиците што ги носи потребата за борба против криминалот на начин кој истовремено ја подобрува човековата безбедност и ги почитува правата на сите, и второ, промовира демократија и владеење на правото[80]. Од клучно значење е полицијата, како служба која прва одговара на местото на настанот, да биде опремена со потребните алатки за адекватно идентификување и истрага на злосторствата од омраза. Затоа, овој модул е дизајниран да дава клучни информации, вештини и знаења поврзани со концептот на злосторство од омраза и со ефективното истражување на злосторствата од омраза. Вреди да се одбележи дека информациите вклучени во овој модул, и покрај тоа што имаат примарен фокус на истрагата, можат да бидат подеднакво корисни не само за иследниците, туку и за оние со други улоги, како што се лицата кои ги примаат повиците, полициските службеници кои работат во првите редови/полициските службеници кои работат во заедницата и сведоците и координаторите на жртвите.

Модулот започнува со вовед во дефиницијата за злосторство од омраза и сродните концепти, вклучувајќи мотив на пристрасност, заштитени карактеристики и инциденти од омраза што не се кривични дела. Теоретските информации се поддржани со пленарна дискусија за националниот контекст и различните студии на случај кои ги поттикнуваат учесниците да го применат своето знаење во пракса. Модулот продолжува со истражување на показателите за пристрасност, кои се клучни алатки за успешна истрага за злосторство од омраза. Учесниците се запознаваат со слики кои прикажуваат показатели за пристрасност, заедно со практични вежби. Конечно, модулот се занимава со истрага на злосторство од омраза, во која вежбите ги поддржуваат учесниците кои работат во групи за да планираат и спроведат ефективна истрага.

**79** ЕСЧП, Начова и други против Бугарија, 43577/98 43579/98, § 160
**80** ЕКРИ, Општа препорака за јавни политики бр. 11, § 23

## Резултати од учењето

Учесниците ќе:

- Имаат јасно разбирање за дефиницијата за злосторство од омраза со сите негови составни елементи
- Се запознаат со клучните концепти: целите на злосторствата од омраза, погрешната перцепција и злосторствата извршени преку здружување/припадност
- Умеат да нараваат разлика помеѓу злосторства од омраза и инциденти од омраза што не се кривични дела
- Развијат знаење за показателите за пристрасност како главни алатки за обезбедување идентификација и истрага на злосторство од омраза
- Го разберат нивниот локален/национален полициски контекст
- Препознаат влијанието на злосторствата од омраза врз општеството
- Идентификуваат добри практики во истражувањето на злосторствата од омраза, вклучително и планирање интервјуа со жртви на злосторство од омраза.

## Преглед на активностите

| | |
|---|---|
| **Активност 4.1**: Дефиниција за злосторство од омраза и клучни концепти | (30 минути) |
| **Активност 4.2:** Разбирање на националната законодавна рамка и практика | (20 минути) |
| **Активност 4.3:** Концепти поврзани со злосторство од омраза – практична вежба | (50 минути) |
| **Активност 4.4:** Истражување на показателите за пристрасност | (40минути) |
| Активност 4.4а: Погодете го показателот | (30минути) |
| Активност 4.4б: Собирање докази – показатели за пристрасност | (50минути) |
| **Активност 4.5**: Истрага за злосторство од омраза | (30минути) |
| **Активност 4.6**: Злосторства од омраза извршени од и против полицијата | (20минути) |

## Подготовка

Покрај тоа што се потпира на Проценката на потребите, пред да се спроведе овој модул, обучувачот треба да прочита референтни материјали во врска со дефиницијата за злосторство од омраза и сите сродни концепти. Сите релевантни информации може да се најдат во прирачниците и референците. Дополнително, обучувачите се охрабруваат да се запознаат со локалното законодавство и практика за злосторство од омраза, како и со документите на јавните политики во врска со истрагата за злосторствата од омраза и справувањето со инцидентите од омраза. За да добиете релевантен материјал, секогаш е добра идеја да побарате помош од локалните партнери (на пр. полициски академии, МВР, невладините организации итн.) наместо да користите отворени веб-извори кои може да содржат застарени информации.

Секогаш е добра идеја да користите Power Point презентација за време на активностите. Пред да започнат со слајдови, обучувачите се охрабруваат да ги проверат компјутерот и проекторот и, доколку е возможно, да направат тест проверка за да се уверат дека сѐ работи добро. Препорачливо е да ја копирате презентацијата на работната површина (desktop) на компјутерот наместо да ја стартувате од УСБ, или преку е-пошта, итн.

Форматот и содржината на слајдовите зависи од обучувачот; сепак, бројот на слајдови треба да биде разумен и остварлив во доделеното време. Содржината треба да ги опфаќа главните концепти на темата и да биде напишана на едноставен начин. Ако прикажувањето на слајдшоу не е возможно, презентацијата може да се направи со печатени верзии на материјалот и со користење на табла и хартија.

Секоја активност е придружена со некои насоки за подготвителните чекори и белешки од обучувачот по потреба.

## Опис на активностите

### *Активност 4.1: Дефиниција за злосторство од омраза и клучни концепти*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност вклучува кратка презентација на концептот за злосторство од омраза и поврзаните прашања, како што се делумна мотивација, заштитени карактеристики, цели на злосторство од омраза, погрешна перцепција, злосторство од омраза на основа на здружување/припадност и разлики помеѓу злосторства од омраза и инциденти од омраза што не се кривични дела, објаснето во Материјал 4.1. Информациите во овој Материјал, заедно со општите дефиниции, треба да се приспособат на локалните сесии за обука. Прилагодувањата треба да се засноваат на постојното знаење за целната публика и нивото на детали што се потребни, во согласност и со временските размислувања и со екстензивноста на обуката што треба да се обезбеди. Обучувачот треба да го прегледа материјалот и да ги избере оние делови кои се најрелевантни во насока на олеснување на подобро разбирање од страна на засегнатите полициски службеници. |
| **Време:** | 30 минути |
| **Потребни материјали:** | компјутер со проектор<br>табла<br>хартија за табла<br>Материјал 4.1<br>пенкала и хартија |

**Инструкции**

1. Однапред подгответе парче хартија на таблата со наслов „Дефиниција за злосторство од омраза“.

2. Започнете ја сесијата со тоа што ќе побарате од учесниците да ја објаснат дефиницијата за злосторство од омраза со свои зборови.

3. Слушајте ги учесниците и на хартијата на таблата запишете ги клучните одговори дадени од групата. Ова ќе ви помогне да ја претставите и објасните дводелната дефиниција за злосторство од омраза, вклучена во Материјалот 4.1 подоцна.

4. Презентирајте ги концептите за злосторство од омраза, комбинираните мотиви, заштитените карактеристики, погрешната перцепција, злосторствата од омраза извршени од здружувањето/припадноста и инцидентите, врз основа на Материјалот 4.1. Препорачливо е да се следи дадениот редослед. Презентацијата генерално треба да се направи со употреба на Power Point (видете ги упатствата за слајдовите во делот Подготовка, погоре); сепак, онаму каде што не е можно, ве молиме користете ја таблата и хартијата.

5. Научете ја групата да фаќа белешки за она што тие го разбираат од презентацијата и поттикнете ги да поставуваат прашања доколку нешто не е им е јасно.

6. Со цел дополнително да се олесни разбирањето на оваа област, Материјалот 4.1 треба да им се подели на учесниците по завршувањето на Активноста 4.1.

### *Активност 4.2: Разбирање на националните законодавни рамки и практики*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност има за цел да ја вклучи групата во активна дискусија за темите што се предаваат за време на презентацијата (Активност 4.1). Пленарната дискусија ќе им овозможи на учесниците да ги споделат своите ставови и искуства за темите за презентација со своите колеги и обучувачи. И покрај претходното познавање на националната правна рамка, обучувачите ќе се запознаат и со локалниот контекст на злосторството од омраза, бидејќи правните механизми ќе бидат дискутирани од страна на практичарите. |
| **Време:** | 20 минути |
| **Потребни материјали:** | табла и маркер<br>пенкала и хартија |

Спроведете ја оваа активност во голема група или поделете ги учесниците во помали групи (4-5 луѓе во група).

**Забелешки на обучувачот**

Запознајте се со националното законодавство и практика со цел да ја олесните дискусијата. Пред да ја спроведете активноста, побарајте информации за националните закони за злосторство од омраза (на пр. релевантни делови од Кривичниот законик и Законот за кривична постапка, Кодексот за управни прекршоци, Законот за спречување на дискриминацијата, насоките од истражителите или обвинителите поврзани со прашањата за недискриминација и злосторство од омраза итн.). Дополнително, би било корисно да се истражуваат релевантните статистички податоци, на пример од анкетите за виктимизација, податоците за злосторство од омраза забележани од полицијата, информациите за кривично гонење и изрекување казни и релевантните извештаи од невладини и граѓански организации.

Поставете им ги на учесниците следниве прашања:

- Дали кривичното законодавство на вашата земја го признава злосторството од омраза како посебна одредба? Кои се одредбите што може да се користат при решавање на злосторството од омраза?
- Дали правната рамка на вашата земја вклучува листа на заштитени карактеристики? Ако одговорот е да, дали е отворена или затворена? Кои се заштитените карактеристики? Дали сметате дека оваа листа е сеопфатна или има потреба од модификации?
- Дали вашиот закон или практика ви дозволува да го истражувате криминалот како кривично дело мотивирано од омраза во случај на комбинирани мотиви?
- Кој е пристапот на земјата кон погрешната перцепција или злосторствата од омраза извршени по основ на здружување?
- Дали имате систем кој евидентира инциденти на омраза кои не се кривични дела? Кои правни системи се справуваат со ваквите поплаки?
- Која е улогата на обвинителите и судиите кога станува збор за ефективен одговор на злосторствата од омраза?

Дозволете им на учесниците малку време да размислат за горенаведените прашања пред да ја отворите дискусијата. Ако никој не е подготвен да ја започне дискусијата, понудете го вашиот став врз основа на вашето познавање на локалниот контекст. Доколку обуката се спроведува со локален обучувач, дајте им можност тие да ја започнат дискусијата.

## *Активност 4.3: Концепти поврзани со злосторството од омраза – Практична вежба*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност има за цел да ја вклучи целата група и да оцени како учесниците ги разбрале концептите објаснети за време на презентацијата. |
| **Време:** | 50 минути |
| **Потребни материјали:** | доволен број на испечатени студии на случај (Материјал 4.3) Анекс 4.3 Забелешки на обучувачите за активноста 4.3 пенкала и хартија |

**Инструкции**

1. Поделете ги учесниците во четири групи и дајте на секоја група соодветна студија на случај, според бројот што им е доделен.

2. Запознајте ја групата со активноста. Објаснете им дека нивна задача е да ги читаат студиите на случај и да одговорат на дадените прашања. Охрабрете ги да се вклучат во активна дискусија во групата.

3. Дајте им на групите 10 минути за читање и дискусија за случаите и уште 10 минути за презентација. Објаснете им дека треба да изберат еден портпарол. Сите други членови на групата можат слободно да се вклучат за да го дополнат одговорот.

4. Учесниците треба да бидат способни да идентификуваат важни аспекти на секое сценарио, имено, додека ги решаваат случаите што треба да откријат дали ситуациите се квалификуваат како злосторства од омраза или не, и кои се заштитените карактеристики. Исто така, не заборавајте дека учесниците ќе треба да разговараат за тоа како судските системи на нивната земја би се справиле со ситуациите.

5. Потсетете ги дека дадените случаи се користат подоцна за време на активноста 4.4б кога се дискутираат показателите за пристрасност, па затоа, за да се избегнат преклопувања, важно е да се поттикнат да се држат до упатствата од оваа активност. Користете ги белешките во Анекс 4.3 за насоки за потенцијалните одговори.

## *Активност 4.4: Истражување на показателите за пристрасност*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност опфаќа презентација во големата група заедно со дискусија. Таа има за цел да ги претстави показателите за пристрасност кои се главни елементи за докажување на мотивот за пристрасност за време на истрагата. |
| **Време:** | 40 минути |
| **Потребни материјали:** | компјутер со проектор<br>Материјал 4.4<br>Табла и маркери<br>пенкала и хартија |
| **Подготовка:** | Оваа активност се спроведува со користење на два формати: презентирање на слајдови и работа на табла. Презентацијата треба да содржи кратки информации за показателите за пристрасност со користење на Материјалот 4.4, додека дијаграмот на таблата ќе се користи за забележување на примерите на показатели дадени од групата. Овој комбиниран формат гарантира дека учесниците не се само пасивни слушатели на информациите, туку и проактивно ги споделуваат своите мислења за дискутираните концепти.<br>Пред да започнете со презентацијата, подгответе четири страници на хартиите на таблата, секоја поделена во по две колони со наслови на два показатели (види во продолжение). |

**Страница 1**

| Перцепција на жртва или сведок | Вербални или писмени изјави и/или гестови |
|---|---|
| | |

**Страница 2**

| Поддршка или поврзаност со организираните групи на омраза | Локација и време на чинот |
|---|---|
| | |

**Страница 3**

| Модели или зачестеност на претходни злосторства или инциденти | Природата на насилството |
|---|---|
| | |

**Страница 4**

| Разлика помеѓу сторителот и жртвата | Недостаток на други мотиви |
|---|---|
| | |

**Инструкции**

1. Започнете ја сесијата со почеток на презентацијата. Првиот слајд треба да биде посветен на дефиницијата за „показатели за пристрасност", додека сите други слајдови треба да опишат поединечен показател понуден во Материјалот 4.4, во истата низа.

2. Додека го прикажувате соодветниот слајд, прашајте ја групата дали може да даде пример од сопствената пракса или генерален. Ставете ги одговорите под соодветната колона на хартијата.

На пример, откако ќе го прикажете слајдот на показателот **„Вербални или писмени изјави и/или гестови"**, прашајте ги учесниците дали можат да се сетат на какви било прекари или други вербални изјави што може да се користат како показател за пристрасност. Потсетете ги да избегнуваат да користат расни и други навреди, на пример, да користат кратенки што другите можат да ги препознаат. Пример за ова е „Н-зборот". Напишете ги одговорите на страница 1 (видете во продолжение).

**Страница 1**

| **Перцепција на жртва или сведок** | **Вербални или писмени изјави и/или гестови** |
|---|---|
| | F$%£<br>„Циган"<br>Н-збор<br>„Муслимански терорист" |

3. Откако ќе ја пополните секоја колона и ќе ја завршите презентацијата, резимирајте ја сесијата велејќи дека показателите се клучни елементи за успешни исходи за случаите на злосторство од омраза; така, практичарите треба да бидат способни да ги идентификуваат и ефективно да работат на нив во текот на истрагата.

## *Активност 4.4а: Погоди го показателот*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност се состои од олеснета дискусија додека на учесниците им се презентираат различни фотографии од показателите. |
| **Време:** | 30 минути |
| **Потребни материјали:** | компјутер со проектор за прикажување на презентација, или печатени верзии на слики вклучени во Материјал 4.4а Анекс 4.4 Забелешки од обучувачите за активност 4.4 |
| **Подготовка:** | Подгответе и користете презентација што ги прикажува сликите вклучени во Материјалот 4.4а. Ако не сте во можност да направите проверка, испечатете ги сликите (по можност верзии во боја) и разделете ги меѓу членовите на групата. |

**Инструкции**

1. Покажете им ги сликите на учесниците една по една (обидете се да посветите најмногу пет минути на секоја слика) и олеснете ја дискусијата поставувајќи ги следниве прашања:

    - Што гледате на сликата? Дали може да се користи како показател за пристрасност?
    - Кое е значењето позади сликата? Која е целната група?
    - Во однос на сликите 1-4, не споменувајте однапред за каков тип на градба се работи. По малку дискусија, прашајте ги учесниците дали има разлика што станува збор за ѕид од јавен парк (H1), приватна сопственост (H2), црква (H3) и канцеларија на организацијата на ЛГБТ+ (H4)?
    - Можете ли да се сетите на примери на такви показатели во вашето искуство?

2. Во текот на дискусијата, додајте ја приказната зад сликата и прашајте ги учесниците дали дополнителните информации ги менуваат нивните одговори. Навратете се на Анекс 4.4а за да ви помогне да ја водите дискусијата.

## *Активност 4.4б: Студии на случај за показатели за пристрасност*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност има за цел да провери дали учесниците се способни ефективно да ги идентификуваат показателите за пристрасност во хипотетичките сценарија. |
| **Време:** | 50 минути |
| **Потребни материјали:** | печатени студии на случај пенкала и хартии |

### Инструкции

1. Побарајте од групите создадени за време на **Активноста 4.3** да ги прочитаат истите студии на случај и да идентификуваат показатели за пристрасност. Дајте им на учесниците 10 минути за читање / дискусија и по 10 минути за презентирање на одговорите. Дополнително, овој пат побарајте од нив да го сменат портпаролот на групата.

2. Откако групите ќе се вратат од дискусијата и ќе ги презентираат своите наоди, прашајте ја секоја од нив дали дадените показатели се доволни за да се квалификува случајот како злосторство од омраза или им се потребни дополнителни докази.

3. Показателите за пристрасност што треба да се најдат се следниве:

   - Случај 1 – Вербални изјави: „Руско куче“; „Ни го украдовте Крим. Сега ни ја крадете земјата. Врати се во својата земја, освојувачу“

   - Случај 2 – Локација: Џамија, место за молитва на муслиманите; Графити на ѕидот „Христос е Господ“; Фреквенција на нападите - неколку пати во определен краток период

   - Случај 3 – Вербални изјави: расистички навреди, отсуство на други мотиви

   - Случај 4 – Вербални изјави: прашање за „вистинска риба“, коментар за Марија „Не можеш ли да најдеш вистинска придружничка, а не оваа вештачка курва?“; Време – 17 мај – Меѓународен ден против хомофобијата, трансфобијата и бифобијата; Природа на насилството – вадење на периката.

## *Активност 4.5: Истражување на злосторства од омраза – Студија на случај*

| | |
|---|---|
| Наставни теми: | Оваа активност има за цел да ги поттикне учесниците да го применат теоретското знаење стекнато во текот на претходните сесии. |
| Време: | 30 минути |
| Потребни материјали: | компјутер со проектор<br>печатени студии на случај<br>пенкала и хартија Материјал 4.5<br>Анекс 4.5: Забелешки од обучувачите за активност 4.5 |

**Инструкции**

1. Поделете ги учесниците во две групи и воведете ја студијата на случај во **Материјал 4.5**. Ако има на располагање компјутер и проектор, покажете ја на групата на екранот. Во спротивно, поделете им ги печатените верзии. Секоја група треба да избере еден портпарол. Сите други членови на групата можат слободно да го дополнат одговорот.

2. Дајте ѝ на секоја група по 10 минути за читање / подготовка и по 10 минути за презентација.

3. Побарајте **Група 1** да одлучи за следниве прашања:

   - Утврдете дали се случило кривично дело. Која би била правната квалификација? Дали е тоа злосторство од омраза?
   - Одредете ги првите чекори кога ќе пристигнете на местото на настанот.
   - Идентификувајте докази за показателите за пристрасност.
   - Кои се истражните дејствија што треба да се спроведат?

4. Побарајте од **Група 2** да планира и спроведе интервју со жртвата. Наведете ги следните дополнителни информации: *„Рашид е во полициска станица. Тој е крајно вознемирен.“* Замолете ги да го направат следново:

   - Утврдете дали ви требаат подготовки пред да започнете со интервјуто.
   - Нацртајте план за интервјуто. Кои се клучните аспекти што треба да се земат предвид?
   - Наведете ги прашањата што би ги поставиле.
   - Кои се услугите што би му ги понудиле?

5. Можете да користите два листа флип-чарт хартија за да ги наведете следните прашања или да побарате од учесниците да ги запишат пред да започне дискусијата.

6. Додека ги давате одговорите, погрижете се групите да обрнат внимание на следните точки:

Во случајот има најмалку две епизоди кои даваат основа за покренување истрага – оштетување на имот и физички напади врз Рашид. Правната квалификација ќе зависи од националното законодавство, но учесниците треба да разговараат за двата елементи на злосторство од омраза. Што се однесува до мотивот на пристрасност, постојат голем број показатели за пристрасност, имено:

- Разлики меѓу престапниците и целите: радикални христијански групи наспроти муслимански групи
- Фреквенција на нападите: голем број претходни инциденти
- Природата на нападот: свинска глава (се смета за забранета од исламот)
- Временска рамка: прослава на муслиманската заедница – Еид Ал-Фитр
- Локација: Муслиманска училишна зграда
- Графити на ѕидот: „Нема место за муслиманите во нашата земја“
- Писмени изјави: активности на социјалните медиуми на лидерот на радикалната група
- Вербални изјави: претходна вербална злоупотреба, изјави дадени за време на нападот на Рашид
- Поддршка на групата на омраза: здружување на напаѓачите со радикална група (епизода на Рашид)

Бидејќи учесниците ќе бидат професионални полициски службеници, тие се слободни да одлучуваат за стратегијата за истрага; сепак, одредени аспекти релевантни за злосторствата од омраза треба опширно да се дискутираат. За ефективно олеснување на дискусијата, обучувачите се охрабруваат да се запознаат со Анекс 4.5 и да ги продискутираат клучните точки наведени во него. На пример, ако Групата 1 пропуштила да го обезбеди местото на злосторството, истакнете го тоа и прашајте ги кои активности би ги преземале за да го заштитат местото на настанот. Во случајот на Групата 2, помогнете им да ги формулираат прашањата соодветни за интервјуто на жртвата.

## *Активност 4.6: Злосторства од омраза извршени од и против полицијата*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност се состои од групна дискусија за злосторствата од омраза што се извршени од и против полициски службеници. |
| **Време:** | 20 минути |
| **Потребни материјали:** | Анекс 4.6 Забелешки од обучувачите за активност 4.6 |

**Инструкции**

1. Поделете ги учесниците во две групи. На групите треба да им се доделат следните теми:

   - Злосторства од омраза извршени од полицијата (група 1)
   - Злосторства од омраза извршени против полицијата (група 2)

2. Поставете ги следниве прашања во групи:

   - Дали мислите дека овие злосторства се честа реалност во вашата земја?
   - Ако одговорот е да, кои видови на злосторства од омраза се најчести?
   - Кои се предизвиците со кои може да се соочи истрагата додека работите на овие случаи?
   - Кои се можните исходи и последици од неефективните истраги за ваквите кривични дела?

3. Дозволете ѝ на секоја група 10 минути да разговара за горенаведените прашања и да ги даде своите перспективи. Треба да истакнете некои точки дадени во Материјалот 2 за обучувачите, по потреба.

# Материјали и анекси

## *Материјал 4.1 Што е злосторство од омраза и како се разликува од другите злосторства?*

Злосторствата од омраза можат да имаат поголемо влијание врз нивните жртви отколку другите злосторства, бидејќи овие напади се насочени кон основните аспекти на нивниот идентитет.[81] Злосторствата од омраза се нарекуваат и „злосторства со пораки" – дека одредени луѓе не се прифаќаат и дека треба да бидат исклучени од општеството. Злосторствата од омраза може да прераснат во ужасни дела како што е геноцид. За жал, голем број примери во историјата на човештвото докажуваат дека ако инцидентите не се решат ефикасно на почетокот, тие можат да ескалираат во катастрофални резултати. „Безопасните" шеги, стереотипи или понижувачки забелешки, доколку се прифатат во секојдневниот живот, можат да бидат основа за многу посериозни изрази на дискриминација. Опкружувањето полно со пристрасност поттикнува индивидуални дејства на предрасуди кои можат да прераснат во дискриминација. Може да дојде до дискриминација во секое поле – вработување, образование, политика и на друго место. Ако дискриминаторските ставови не се решат соодветно, тие може да завршат со поакутни форми на дискриминација - злосторства од омраза. Затоа, полицијата во рамките на своите надлежности треба да се вклучи од самиот почеток во борбата против дискриминаторските ставови. Пристрасност и предрасуди може да се најдат и во полицијата: особено е важно постоењето на соодветни механизми за спречување и одговор на проблемот, како што е обуката, и воспоставените ефективни дисциплински механизми за справување со него.[82]
Според меѓународно признатата дефиниција дадена од ОБСЕ, злосторствата од омраза се кривични дела извршени со пристрасен мотив. Затоа, тие секогаш содржат **два елементи**:

- криминал и
- мотив на пристрасност.[83]

Кривичните дела може да вклучуваат закани, оштетување на имот, напад, убиство. Делото мора да биде казнето според домашното кривично законодавство. За вториот елемент, целта на прекршокот мора да биде избрана поради специфична карактеристика. Мотивот за пристрасност е дополнително истражен во делот во продолжение. Злосторствата од омраза може да се рефлектираат во националното право со различни варијации, на пример, во општата одредба за казнување, суштинските кривични дела или во упатствата за казнување.[84]
Меѓутоа, терминот „злосторство од омраза" опишува еден вид криминал, наместо одредено дело во рамките на кривичниот законик; затоа, тој опишува концепт, наместо правна дефиниција.[85] Дури и во случаите кога законодавството на државата не ги казнува конкретно злосторствата од омраза, Европскиот суд за човекови права утврди дека тие можат и треба да бидат ефикасно испитани и кривично гонети. Во случајот *Ангелова*

**81** ОБСЕ ОДИХР. (2018) Прирачник за заедничка обука за злосторство од омраза за полицијата и обвинителите, стр. 23
**82** Ве молиме погледнете го и Модул два, Полициско дискриминаторско недолично однесување
**83** ОБСЕ ОДИХР. (2009) Закони за злосторство од омраза – практичен водич, стр. 16
**84** За детални информации, видете ОБСЕ ОДИХР (2009), Закони за злосторство од омраза – практичен водич
**85** ОБСЕ ОДИХР. (2009) Закони за злосторство од омраза – практичен водич, стр. 16

*и Илиев против Бугарија*, Европскиот суд за човекови права забележал дека, и покрај фактот што националното законодавство не го криминализира убиството мотивирано од расна основа, ниту содржи експлицитни одредби за засилување на казните за таквите злосторства, домашното законодавство предвидува други средства за соодветен одговор на расно мотивираното насилство, што, во овој случај, властите требало да го применат, но не успеале.[86]

### *Мотив на пристрасност*

Заедно со елементот „криминал", вториот клучен елемент на дефиницијата за злосторство од омраза е мотивот на пристрасност. Всушност, употребата на зборот „омраза" може да ги доведе во заблуда луѓето да мислат дека обвинетиот мора да ја мрази жртвата или групата на жртвата за кривичното дело да се смета за кривично дело од омраза.

Меѓутоа, факторот што обичниот криминал го претвора во кривично дело од омраза е изборот на жртва од страна на сторителот врз основа на пристрасност кон групата на која припаѓа жртвата или на која жртвата се смета дека припаѓа.[87]

Мотивите за пристрасност може да бидат општо дефинирани како „преназначени негативни мислења, стереотипни претпоставки, нетолеранција или омраза насочени кон одредена група која споделува заедничка карактеристика".[88] Стереотипот е „поедноставена и стандардизирана концепција или слика во која се инвестира со посебно значење и се смета за заедничка од страна на членовите на групата".[89] Предрасуда со едноставни зборови е „Суд, обично негативен, кој го донесуваме за друго лице или други луѓе без навистина да ги знаеме".[90] Овие ставови може да ги споделуваат многу поединци и може да бидат производ на општествени, образовни или семејни норми.

Како што споменавме погоре, доволно е да се покаже дека жртвата е избрана поради членството во заштитена група. Згора на тоа, сторителот и жртвата можат да бидат членови на иста група.[91]

На пример, сторителот може да избере лице со попреченост за жртва затоа што тие донесуваат заклучок според заедничкиот стереотип за лицата со попреченост: дека постои помала веројатност тие да се спротивставаат или да го пријаваат инцидентот. Насилникот не постапува од омраза кон лицата со попреченост, туку постапува по дискриминаторски стереотип, кој сепак е многу штетен за лицата со попреченост во однос на безбедноста и сигурноста.

### *Пристрасноста како единствен или дополнителен мотив на криминалот?*

„Мотивот" се однесува на идејата зошто сторителот избрал одредена цел за својот прекршок. Во случаите на злосторство од омраза, идентификувањето и докажувањето на мотивот за пристрасност е централен на истрагата. Без овој чекор, целосната криминалност на делото не може кривично да се гони, со што јавните власти потенцијално ги прекршуваат меѓународните стандарди.

Треба да се забележи дека пристрасноста може да содржи еден или повеќе мотиви на кривичното дело. Во случајот со **Балаш против Бугарија,** ЕСЧП изјавил дека „не само дејствијата кои се засновани само на карактеристиката на жртвата може да се класифицираат како злосторства од омраза. За Судот, сторителите може да имаат комбинирани мотиви, и

**86** ЕСЧП, Ангелова и Илиев против Бугарија, 55523/00, §104

**87** ОБСЕ ОДИХР. (2014) Кривично гонење на злосторства од омраза – практичен водич, стр.20
**88** Веб-страница на ОБСЕ ОДИХР за пријавување за злосторство од омраза, достапна на https://hatEKPHme.osce.org/what-hate-crime
**89** Онлајн речник, достапен на www.dictionary.com/browse/stereotype (Пристапено: 02.10.2021)
**90** Совет на Европа, Компас: Прирачник за едукација за човекови права со млади луѓе, достапен на www.coe.int/en/web/compass/Discrimination-and- Intolerance (Пристапено: 02.10.2021)
**91** Пери, Џ. И Фрејни, П. (2017) Полициски злосторства од омраза против ЛГБТИ лицата: Обука за професионален полициски одговор, стр. 34

МАТЕРИЈАЛ

да бидат по подеднакво или посилно влијание на ситуациските фактори отколку на нивниот пристрасен однос кон групата на која припаѓа жртвата“[92] Затоа, дури и ако другите мотиви се веќе утврдени и има доволно докази за поднесување на случајот пред судот, важно е да се преземат дополнителни истражни чекори за да се идентификува и докаже мотивот за пристрасност.

Со оглед на потешкотиите за докажување на мотивот и реалноста дека многу престапници имаат повеќе мотиви, законите за злосторство од омраза треба да дозволат комбинирани мотиви. Да се бара пристрасноста да биде единствениот мотив драстично ќе го ограничи бројот на прекршоци кои би можеле кривично да се гонат како злосторство од омраза.[93]

### *Заштитени карактеристики*

„Заштитена карактеристика“ е специфична категорија или обележје споделено од група како што се возраста, попреченоста, „расата“ / етничката припадност, религијата, полот, сексуалната ориентација, родовиот идентитет и така натаму, кои се цел на престапниците кои вршат кривично дело злосторство од омраза.
Заштитените карактеристики мора:

- да создаваат заеднички групен идентитет и

- да одразуваат длабок и фундаментален аспект на идентитетот на една личност.[94]

Карактеристиките на групата често се очигледни или забележливи за другите, како што се јазикот, полот или етничката припадност, и често се непроменливи; не можат да се менуваат со решение на носителот.[95]
Карактеристиките кои заслужуваат посебна заштита зависат од поединечните држави; сепак, постојат некои карактеристики кои се сметаат за речиси универзално заштитени, како што се „расата“, националното потекло/етничката припадност и религијата. Во националното законодавство, листата може да биде исцрпна (затворена листа) или отворена со „друга“ опција која им дава простор на државните органи за толкување кога е потребно, обично според утврдените принципи за спречување на дискриминацијата. Освен што ги ограничуваат основите, има земји кои избираат да имаат тесно значење на наведените поими, додека некои избираат да ги користат термините пошироко.

### *Цели на злосторство од омраза*

Цел на злосторството од омраза може да биде поединец, група луѓе или имот. За полицијата, особено е важно навремено да се идентификува целта на злосторството од омраза со цел правилно да се испланираат истражните дејствија и да се добијат првични информации. Без разлика дали станува збор за напад на лице, или имот, тоа навистина има влијание врз членовите на групата кои ја делат истата заштитена карактеристика. Во верските, расните или анти-ЛГБТИ злосторствата од омраза, многу често имотот станува цел на сторителот, испраќајќи сигнал на страв до пошироката јавност.

**92** ЕСЧП, Балаш против Унгарија, 15529/12, §70

**93** ОБСЕ ОДИХР. (2009) Закони за злосторство од омраза – практичен водич, стр. 55
**94** ОБСЕ ОДИХР. (2014) Кривично гонење на злосторства од омраза – практичен водич, стр.21
**95** ОБСЕ ОДИХР. (2014) Кривично гонење на злосторства од омраза – практичен водич, стр.21

На пример, пишувањето „смрт за сите христијани“ на ѕид на црква е злосторство со порака. Преку овој чин се испраќа порака на страв до целата христијанска заедница.
Од друга страна, одговорноста на државните органи, а особено на полицијата е да испратат контрасигнал до сторителите дека таквите дела не се толерираат. Ефективните мерки на државата ќе имаат влијание врз јавноста и ќе ја уверат дека се заштитени.

***Погрешна перцепција***

Има ситуации кога нападнатиот всушност не е член на целната група, но се смета дека е од страна на престапникот. Во овие ситуации, злосторствата од омраза се извршени како резултат на погрешна перцепција. Она што е важно овде е мотивацијата на сторителот, а не дали жртвата всушност ги дели истите заштитени карактеристики како целната група.
На пример, жртвата може да биде хетеросексуалец кој се приклучил на Маршот на Гордоста и бил сериозно физички нападнат од група престапници кои погрешно го сфатиле како геј. „Грешките на фактите“ (т.е. погрешното верување за идентитетот на жртвата) за вистинскиот идентитет на жртвата не треба да спречат делото да се категоризира и кривично да се гони како кривично дело од омраза. Повеќето закони за злосторство од омраза се изготвени во однос на мотивите на сторителот, а не во однос на вистинскиот статус на жртвата.[96]

***Злосторство од омраза на основа на здружување или припадност***

Како што споменавме погоре, злосторствата од омраза може да бидат извршени поради погрешната перцепција дека некое лице е член на одредена група. Слично на тоа, некои злосторства од омраза вклучуваат таргетирање на жртвите не поради нивните лични карактеристики, туку нивната поврзаност со личност или луѓе кон кои сторителот има пристрасност.[97] За разлика од случаите кога жртвите се таргетирани врз основа на погрешна перцепција, во второто сценарио, сторителот е свесен за фактот дека целта не е член на групата. Ваквите случаи се чести кај бранителите на човекови права кои се залагаат за правата на малцинските групи. Поврзаноста може да биде преку семејство, пријателство, членство во некои организации итн.
Во 2017 година, Европскиот суд за човекови права го воспостави стандардот дека должноста ефективно да се истражува пристрасноста во кривичните случаи се применува не само кога жртвата е всушност член на групата, туку и кога жртвата е поврзана или врзана со таква група.[98] На пример, сторител мотивиран од антисемитизам физички нападнал политичар кој отворено ги поддржува еврејските заедници и редовно зборува против антисемитизмот.

***Разлики меѓу злосторствата од омраза и инцидентите од омраза кои не се кривично дело***

Важно е да се спомене дека не сите сценарија кои вклучуваат изразување на пристрасност се кривични дела. Може да има ситуации кога сторените дела не спаѓаат во делокругот на кривичната постапка. Тоа може да се инциденти од омраза кои се „инциденти, дејствија или манифестации на нетолеранција извршени со пристрасен мотив што може да не го достигне прагот на злосторства од омраза, бидејќи нема доволно докази за да се докаже пред суд како кривично дело или мотивација од пристрасност или затоа што самиот чин можеби не бил кривично дело според националното законодавство“.[99] Затоа, она што ги разликува инцидентите од омраза од злосторствата од омраза е првиот елемент на злосторството од омраза – самото кривично дело.
Вториот елемент – пристрасноста – е заедничка и за злосторствата од омраза и за

**96** ОБСЕ ОДИХР. (2014) Кривично гонење на злосторства од омраза – практичен водич, стр.51
**97** ОБСЕ ОДИХР. (2014) Кривично гонење на злосторства од омраза – практичен водич, стр.55
**98** ЕСЧП, Скорјанец против Хрватска, 25536/14
**99** Пери, Џ. И Френи, П. (2017) Полициски злосторства од омраза против ЛГБТИ лица: Обука за професионален полициски одговор, стр. 33

инцидентите од омраза. Слично на злосторствата од омраза, инцидентите од омраза се исто така мотивирани од нетолеранцијата кон одредени карактеристики на целта, како што се попреченост, пол, раса итн. Дополнителните информации за концептите кои се поврзани со злосторствата од омраза, но не се криминални по природа, може да се најдат во Модул 1.

Инцидентите од омраза[100] може да имаат различни форми, како што се:

- вербална злоупотреба, како што се прозивки и навредливи шеги
- вознемирување
- лажни повици, навредливи телефонски или текстуални пораки, пошта со омраза
- интернет силеџиство, на пример, на Фејсбук или Твитер
- прикажување или циркулирање на дискриминаторска литература или објави
- фрлање ѓубре во градина.[101]

Заедно со злосторствата од омраза, согледувањето на важноста на инцидентите кои не претставуваат кривично дело ѝ овозможува на државата да има поширока слика за националните и локалните обрасци на дискриминација и соодветно да ги планира идните политики. Всушност, Општата препорака за јавна политика бр. 11 на ЕКРН ги охрабрува државите да воспостават и да работат на систем за евидентирање и следење на расистичките инциденти, како и степенот до кој овие инциденти се изведени пред обвинителите и на крајот се квалификувани како расистички престапи.[102]

МАТЕРИЈАЛ

**100** Исто така, важно е да се забележи дека некои форми на инциденти на омраза што не се кривични дела, исто така, може да бидат примери на говор на омраза кој не претставува кривично дело. Видете Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 15 за говор на омраза.
**101** Веб-страница за граѓански совети, достапна на www.citizensadvice.org.uk/law-and-courts/discrimination/what-weight-incidents-and-hate crime/ (Пристапено: 02.10.2021)
**102** Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр.11, § 12

## *Материјал 4.3: Студии на случај*

### Случај 1

Тарас живее во предградието на Киев. Тој е Украинец. Тој никогаш немал добри односи со Владимир кој е етнички Русин. Тие имаат долгогодишен спор околу парцелата меѓу нивните градини. Еден ден, кучето на Владимир носи неколку искинати чевли на „спорната територија". Тоа го лути Тарас кој го вика Владимир да го решат спорот „еднаш засекогаш". Дијалогот полека се разгорува, Тарас физички го напаѓа Владимир нарекувајќи го „руско куче". Соседите кои конечно ја прекинале тепачката слушнале како Тарас вреска: „Ни го украдовте Крим. Сега ќе ми ја крадеш земјата. Врати се во својата земја, освојувач".

- Дали Тарас извршил злосторство од омраза? Ако да, која е заштитената карактеристика во овој случај?

- Како овој чин е третиран во законодавството на вашата земја?

### Случај 2

Во петок навечер, кога муслиманите се собрале на својата неделна молитва пред локалната џамија, виделе дека вратата е оштетена. Била скршена, покриена со црвена боја, а на вратата била испишана и пораката „Христос е Господ". Тоа било трет пат тој месец зградата да биде нападната. Во претходните случаи, прозорците биле скршени.

- Дали е тоа злосторство од омраза? Ако да, која е заштитената карактеристика во овој случај?

- Што / кој е целта?

- Како овој чин е третиран од страна на националното законодавство?

### Случај 3

Инуитка* го шетала своето куче по улиците на Монтреал кога кивнала, поради сезонски алергии. Еден близок маж го слушнал кивањето и почнал да вика расистички навреди за азискиот народ и КОВИД-19, проследено со удирање на тупаници по нејзиното лице.

- Дали е ова злосторство од омраза? Ако да, која е заштитената карактеристика?
- Како е овој чин третиран во законодавството на вашата земја?

*Инуитите се група на културно слични домородни народи кои ги населуваат арктичките региони на Гренланд, Канада и Аљаска. Нивните црти на лицето се слични на оние на луѓето од Источна Азија.

**Случај 4**

Марија е хетеросексуална жена која работи како адвокат за невладина организација која обезбедува бесплатна правна помош за ЛГБТИ луѓето. Таа смета дека сите се еднакви и заслужуваат да живеат живот ослободен од дискриминација. Утрото на 17 мај, таа седела во кафуле со нејзината пријателка Тара, која е трансродова жена.

Тие разговарале кога двајца мажи седнати на соседната маса почнале да ја задеваат нејзината пријателка, прашувајќи ја дали била оперирана за да стане „вистинска риба“. Додека Марија и нејзината пријателка се подготвувале да го напуштат местото, момците им пришле и се обиделе да ѝ ја тргнат перикатa на Тара. Марија се обидела да ѝ помогне на својата пријателка; сепак, едниот човек ја плукнал Марија во лице и ѝ рекол: „Не можеш ли да најдеш вистинска придружничка, а не оваа вештачка курва?“.

- Дали е тоа злосторство од омраза? Ако да, која е заштитената карактеристика? Која е жртвата во овој случај?

- Како овој чин е третиран во националното законодавство?

МАТЕРИЈАЛ

## *Анекс 4.3: Забелешка на обучувачот во врска со активноста 4.3*

**Случај 1**

Овој случај е посветен на делумна мотивација. Учесниците треба да погодат дека, иако се чини дека станува збор за долгорочен спор на соседите за земјиштето, врз основа на коментарите на Тарас, мотивот за пристрасност е исто така очигледен; затоа делото може да се квалификува како кривично дело од омраза извршено со делумна мотивација.

***Дали Тарас извршил злосторство од омраза?***

Да, двата елементи на злосторство од омраза – криминалот и мотивот на пристрасност – се присутни. Тарас извршил вербални и физички напади, а мотивацијата на неговите дела, заедно со расправијата на соседите, била пристрасност на основа на етничка припадност кон Владимир.

***Ако да, која е заштитената карактеристика овде?***

Заштитената карактеристика е етничката припадност. Од вербалните изјави на Тарас („руско куче", „Ни го украдовте Крим", „окупатор"), очигледно е дека тој има проблеми со неговото руско потекло.

**Случај 2**

Овој случај е посветен на целите на злосторство од омраза. Учесниците треба да погодат дека во оваа ситуација целта е имот кој е значаен за муслиманската заедница. Учесниците треба да сфатат дека нападите врз имот може да бидат злосторства од омраза и да имаат влијание врз групите. Затоа, ваквите дела не треба да се третираат како обични ситни прекршоци.

***Дали е тоа злосторство од омраза?***

Да, двата елементи на злосторство од омраза – криминалот и мотивот на пристрасност – се присутни. Материјалната штета е направена поради верска омраза.

***Ако да, која е заштитената карактеристика овде?***

Заштитената карактеристика е религијата. Нападнатиот имот е џамија, а графитите на ѕидот исто така водат до религиозна конотација на чинот.

***Што / кој е целта?***

Целта е имотот, кој е поврзан со муслиманската заедница.

**Случај 3**

Овој случај е посветен на погрешна перцепција. Иако домородната Инуитка не била Азијатка, сторителот погрешно ја протолкувал дека е така.

***Дали е тоа злосторство од омраза?***

Да, двата елементи на злосторство од омраза – криминалот и мотивот на пристрасност – се присутни. Жената била вербално и физички нападната поради пристрасност по основ на „раса".

***Ако да, која е заштитената карактеристика?***

Заштитената карактеристика е „раса" (или „етничка припадност"). Прекршителот сметал дека таа потекнува од

Источна Азија, што станува јасно од коментарите поврзани со Ковидот, дадени за време на инцидентот.

**Случај 4**

Овој случај е посветен на злосторствата од омраза од страна на здружението. Учесниците треба да заклучат дека во ова сценарио жртви се и трансродовата жена и нејзината пријателка. Пријателката е жртва „по здружување".

***Дали е тоа злосторство од омраза?***

За дискусија е дали вадењето перика, плукањето во нечије лице и давањето забелешки се кривични дела. Тие може или не мора да бидат кривични дела, во зависност од локалното законодавство. Затоа, учесниците се слободни да развијат различни поенти за дискусија. Меѓутоа, вториот елемент – мотивот на пристрасност – е присутен. Ова се исто така многу штетни дела, дури и ако не се сметаат за криминални.

***Ако да, која е заштитената карактеристика?***

Заштитената карактеристика е „родов идентитет". Навредливите забелешки се однесуваа на родовиот идентитет на трансродовата жена.

***Кој е жртвата овде?***

Оваа студија на случај вклучува две потенцијални жртви на злосторство од омраза – трансродовата жена и Марија која била поврзана со неа.

МАТЕРИЈАЛ

## *Анекс 4.4а: Забелешка на обучувачот во врска со активноста 4.4а*

Прикажните позади сликите се следниве:

**Слика 1**

По победата на Доналд Трамп на претседателските избори во 2016 година, беше исцртана огромна свастика на ѕидот од парк во Њујорк со натпис „Да ја направиме Америка повторно бела".

При одговарањето на прашањата, учесниците треба да обрнат внимание на фактот дека на ѕидот има расистичка изјава заедно со нацистичкиот симбол – свастиката. Изјавата е игра со зборови што покажува надмоќ на белата раса и се однесува на добро познатиот слоган на претседателската кампања на Доналд Трамп, „Да ја направиме Америка повторно силна". Целите во оваа ситуација се сите не-бели луѓе кои живеат во Америка. Додека разговараат за имотот, учесниците треба да споменат дека, за целта на идентификување на мотивот за пристрасност, не се прави разлика дали имотот е јавен или приватен. Сепак, тоа може да има ефект врз првата компонента на злосторството од омраза, бидејќи видот на имотот може да ја промени правната квалификација.

**Слика 2**

Домот на австралиско семејство со кинеско потекло две ноќи по ред било цел на вандали, по што нивната гаража била прекриена со расистички графити за пандемијата со Коронавирусот. Еден од нивните прозорци исто така бил скршен со голем камен (Мелбурн, Австралија).

Бојата на ѕидот на која е прикажана „Умрете Кинези [China Die]" ги демонстрира антиазиските чувства. За време на пандемијата, имаше зголемување на инцидентите од омраза против азијатите, бидејќи некои ја обвинуваа Кина за ширење на Коронавирусот. Учесниците треба да разговараат и за прашањата поврзани со имотот. Фактот дека имотот припаѓа на австралиско семејство со кинеско потекло очигледно создава дополнителен доказ дека вандалите дејствувале пристрасно.

МАТЕРИЈАЛ

**Слика 3**

На фотографијата објавена на Фејсбук страницата за Скулфилт црквата на братството [Schoolfield Church of the Brethren] (Вирџинија, САД) се гледа симболот на анархијата, пентаграмот и превртен крст насликан во црвено на задниот дел од црквата. Под сликите била напишана фразата „Аве Сатанас [Ave Satanas]", латински за „Да живее Сатаната".

Сликата покажува два типа на показатели – писмената изјава „Аве Сатанас [Ave Satanas]" и сатанистичките симболи – Пентаграм, Превртени крст и Анархија. Учесниците треба да погодат дека дадената слика покажува потенцијални показатели за верска омраза. Информациите дека имотот е христијанска црква е дополнителен показател за можно кривично дело од омраза.

**Слика 4**

Хомофобични демонстранти ја вандализирале надворешноста на канцеларијата на Тбилиси Прајд, фрлајќи црна боја врз знамето со виножито кое виси од нивниот балкон. Демонстрантите секојдневно се собирале пред канцелариите на Тбилиси Прајд, локална организација за правата на квир заедницата, повеќе од две недели.

Знамето на виножитото е симбол на ЛГБТИ заедницата. Знамето на сликата е обоено со црна боја. Ова може да биде показател за инцидент/криминал против ЛГБТИ. Дополнителен показател е тоа што е канцеларија на организација за права на квир лицата.

**Слика 5**

Официјално извинување од Националната одбојкарска федерација на засегнатата земја беше испратено до нивните колеги во Јужна Кореја по расистичкиот гест на вработен во Федерацијата на крајот од натпреварот меѓу двете земји.

Вработениот бил фотографиран како прави расистички гест по победата на нивната страна. Таа објасни дека не сакала да навреди никого; го направила тоа затоа што била среќна и емотивна поради победата на тимот.

Личноста на сликата ги истегнува очните капаци, што во овој контекст е расистички гест што се користи за исмејување на луѓето од азиско потекло. Учесниците треба да погодат дека тоа е показател за антиазиски чувства.

**Слика 6**

За време на фудбалскиот натпревар Галатасарај – Фенербахче, приврзаниците на вториот тим мавaa со банани и пееја расистички скандирања кон ѕвездата на Галатасарај, Дидие Дрогба.

Мавтањето или фрлањето банани е добро познато расистичко однесување за време на спортски настани. Ваквите гестови често се користат за да се навредат црните играчи, со импликација дека ги споредуваат со мајмуни. Мавтањето со банана најверојатно е показател за расна омраза.

**Забелешки на обучувачот**

Ве молиме запомнете дека оваа активност е насочена кон дискусија за показателите за пристрасност, а не за концептот на злосторство од омраза. Меѓутоа, учесниците можат да го внесат во дискусијата прашањето за првиот елемент – присуството на кривично дело. Во зависност од националниот контекст, дејствијата прикажани на сликите може да се квалификуваат како кривични дела, прекршоци, административни прекршоци, други видови прекршоци од ниско ниво или воопшто да не се сметаат за кривични дела.

На пример, боењето на знамето прикажано на слика 4, поради неговата мала сериозност, може да биде надвор од опсегот на законскиот одговор.

Во оваа ситуација, обучувачот треба да ги потсети учесниците дека целта на оваа активност е да се разговара за типовите на показатели. Но, како дополнување, можат да забележат дека не е важно дали делата се пропишани во Кривичниот законик или други видови правни извори; она што е важно е фактот дека државата треба да има ефикасен систем за справување со изразите на пристрасност.

Обучувачите можат слободно да ги заменат сликите со друг визуелен материјал што го сметаат за посоодветен за локалниот контекст; сепак, тој треба да биде релевантен за оваа активност и да важи за дискусија за показателите за пристрасност.

*Материјал 4.4: Показатели за пристрасност*

И покрај нивната специфична природа, злосторствата од омраза сѐ уште се злосторства, така што нивната истрага ќе бара користење на истите истражни техники како и сите други злосторства. Со оглед на претходно дискутираната двокомпонентна дефиниција, првата – компонентата на криминалот – ќе бара користење на рутинските истражни дејствија како што се обезбедување на местото на злосторството, собирање форензички и технички докази, вршење претреси и заплени и многу други техники и дејствија кои се преземаат во текот на рутинската истрага за извршено кривично дело. Она што ги прави различни истрагите за злосторство од омраза е барањето да се докаже мотивот на пристрасност. Со цел ефикасно да се идентификуваат можните предрасуди на злосторството, истражните органи се охрабруваат да ги користат таканаречените „показатели за пристрасност" како клучна алатка за истражителите.
Показателите за пристрасност се „објективни факти, околности или шеми кои го придружуваат кривичното(те) дело(а), кои, самостојно или заедно со други факти или околности, сугерираат дека дејствијата на сторителот биле мотивирани, целосно или делумно, од некаков облик на пристрасност".[103] Општо земено, најчестите показатели за пристрасност се следниве:

- Перцепција на жртва или сведок
- Вербални или писмени изјави и/или гестови
- Поддршка на организирани групи на омраза
- Локација и време на делото
- Вообичаени примери или зачестеност на претходните злосторства или инциденти
- Природата на насилството
- Разлика(и) помеѓу сторителот и жртвата
- Непостоење на други мотиви

Може да има еден или повеќе показатели во случајот што може да ја наведат полицијата и обвинителството до претпоставка дека дејствијата на сторителот биле мотивирани од пристрасност. Показателите за пристрасност може да бидат присутни веднаш на почетокот на истрагата или може да се појават во текот на процесот како резултат на различни истражни дејствија и кога различни докази ќе излезат на виделина. Одлуките за тоа кои показатели да се користат и како да се поткрепат тврдењата за злосторство мотивирано од омраза на суд треба да се донесат во текот на истражниот процес.

***Перцепција на жртва или сведок***

103 ОБСЕ ОДИХР. (2019) Користење на показатели за пристрасност – практична алатка за полицијата, стр.4

Ова е еден од најважните показатели во почетната фаза на истрагата. Информациите дадени од жртвата или сведокот може значително да влијаат на процесот на идентификација на мотивот и да ги зголемат шансите за успешен исход. Затоа, спроведувањето на соодветни интервјуа е од особено значење за органите на прогонот. Дополнително, овој показател е корисен за евидентирање на инциденти од омраза и злосторства од омраза, бидејќи, според Општата препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11, расистички инцидент е „секој инцидент што жртвата или кое било друго лице го смета за расистички". Оваа дефиниција јасно ја покажува важноста на перцепцијата.

***Вербални или писмени изјави и/или гестови***

Изјавите, без разлика дали се дадени вербално или писмено, се силни показатели за пристрасност и важни извори на докази што треба да ги соберат органите на прогонот. Ваквите изјави се прилично вообичаени показатели во случаите на злосторство од омраза бидејќи престапниците генерално сакаат отворено да пренесуваат пораки на страв. Вербалните изјави дадени претходно, за време или по инцидентот се силни показатели дека кривичното дело е мотивирано од омраза. Пишаните изјави (на пр. шкртаници, графити) може да се најдат во близина на местото на злосторството, на страниците на социјалните мрежи (на пр. статуси или коментари на сторителот на Фејсбук) или други поврзани места.

Дополнително, гестовите што имаат специфично значење (на пр. нацистички поздрав) можат да бидат дополнителна поддршка за истрагата. Вообичаено, доказите за гестовите се собираат преку изјави на жртви и сведоци и снимки од видео надзор.

***Поддршка или поврзаност со организирани групи на омраза***

Позадината на сторителот е важен аспект што треба да се провери во текот на истрагата. Честопати, прекршителите кои вршат злосторства од омраза се поврзани или се врзани со организираните групи од омраза. Тие можеби ги поддржуваат таквите групи со нивните изјави или дејства дадени отворено на интернет, но и надвор од него. Ваквите асоцијации или вистинската припадност кон групата може да бидат силен показател за докажување на пристрасноста.

МАТЕРИЈАЛ

***Локација и времетраење на чинот***

Понекогаш сторителите одлучуваат да извршат кривично дело во момент или на локација што е значајна за целната група. Има прилики кога овој показател е лесно видлив, на пример, каде местото на злосторството е место за богослужба или во канцеларијата на некоја заедница, а временската рамка се совпаѓа со датумите на прославата. Меѓутоа, ако не е толку очигледно, истражителите треба да внимаваат на таквите детали.

***Воспоставени примери или зачестеност на претходните злосторства или инциденти***

Ова е показател кој бара широка перспектива за контекстот на инцидентот што се истражува. Ако има историја на повеќе напади во кои е вклучена иста жртва, или инцидентите имаат ист „потпис", тоа може да биде силен показател. Додека работат на овој показател, иследниците можеби ќе треба да се координираат со други релевантни колеги од полицијата или обвинителството, како и со други локални, државни и регионални разузнавачки операции со цел да се идентификуваат зачестените примери, организираните групи на омраза и осомничените потенцијално вклучени во прекршокот.[104]

**104** ИАЦП. (2016) Центар за јавни политики за спроведување на законот, „Истрага на злосторства од омраза", стр.2

### *Природата на насилството*

Повторувајќи ја идејата дека злосторствата од омраза се „злосторства по порака“, прекршителите често вршат дела на специфичен начин. На пример, како израз на супериорност и отфрлање на целната група, злосторствата од омраза може да вклучуваат особено понижувачки третман кој има за цел да го намали достоинството на жртвите.[105]

### *Разлика(и) помеѓу сторителот и жртвата*

Ако сторителот и жртвата припаѓаат на различни религиозни, етнички или културни групи, тоа може да ги наведе истражните органи да ја проверат можната пристрасност. Сепак, овој показател веројатно ќе биде премногу слаб сам по себе за да го потврди мотивот на пристрасност и треба да биде поддржан од други показатели.

### *Недостаток на други мотиви*

Овој показател треба да биде поддржан и со други докази; меѓутоа, доколку не постои друг мотив и жртвата припаѓа на групата „заштитени карактеристики“, показателот за пристрасност не треба да се отфрли.

МАТЕРИЈАЛ

**105** ОБСЕ ОДИХР. (2019) Користење на показатели за пристрасност – практична алатка за полицијата, стр.20

## *Материјал 4.4а: Визуелен материјал за показателите за пристрасност*

### Слика 1




### Слика 2




МАТЕРИЈАЛ

**Слика 3**




**Слика 4**



МАТЕРИЈАЛ

**Слика 5**



**Слика 6**



МАТЕРИЈАЛ

*Материјал 4.5: Истражување на злосторство од омраза – Студија на случај*

На 1 август 2014 година, организацијата наречена „Заедничка муслиманска унија“ доби право да користи парцела со зграда, според договор за закуп. Таму беше планирано да се отвори муслимански интернат. Веќе пред тоа, во јуни 2014 година, кога локалното православно население дозна за планот, почна да протестира против отворањето муслиманско училиште во соседството. Со месеци локалните радикални христијански групи подигнуваа барикади на влезот на зградата, спречувајќи ги членовите на организацијата да влезат во неа и да ги завршат потребните работи. Покрај тоа, некои луѓе поврзани со таквите групи беа активни на платформите на социјалните медиуми, постојано објавувајќи видеа со антимуслимански наративи. Полицијата била информирана за неколку инциденти на вербална и физичка злоупотреба од локалните жители кои им се заканувале на муслиманите дека ќе го запалат училиштето; сепак, до денес не е преземено никакво дејство.
На денот на Еид ал-Фитр, на кој се слави крајот на рамазанскиот пост, Рашид (кој бил секретар на Унијата) требало да ја отвори училишната зграда за да го прослави празникот, но одеднаш забележал свинска глава закована на влезната врата. На ѕидот имало и графити со натпис „Нема место за муслиманите во нашата земја“. Рашид решил да оди во канцеларијата на Унијата и да ги собере членовите да го пријават инцидентот. На пат кон канцеларијата, Рашид бил нападнат од четворица мажи (наводно поврзани со горенаведените групи) кои жестоко го претепале.

## *Анекс 4.5: Забелешка на обучувачот во врска со активноста 4.5*

Наводните злосторства од омраза треба да бидат третирани многу сериозно од органите на прогонот и треба да им се даде висок приоритет. Далекосежните негативни последици од овие злосторства и долготрајното влијание врз жртвите логично бараат високи стандарди на истрагата. Според Општата препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11, државите треба да обезбедат ефективни истраги за наводните случаи на расна дискриминација или расно мотивирано недолично однесување од страна на полицијата, како и соодветно да ги казнат сторителите.

Вреди да се забележи дека она што ја дефинира успешната истрага не е нужно она што резултира со кривично гонење и осуда. Идентификувањето и апсењето на осомничениот е најдобриот исход; сепак, понекогаш тоа не е возможно. Она што прави вистинска разлика е кога истражните органи ќе го земат предвид можниот мотив за пристрасност и ќе ги исцрпат сите средства за да откријат релевантни докази во текот на нивната истрага. Во голем број случаи, Европскиот суд за човекови права подвлекол дека докажувањето на расистички мотив може да биде исклучително тешко; затоа, „обврската на тужената држава да го истражи можниот расистички призвук на чинот на насилство е обврска во однос на употребените средства, а не обврска за постигнување конкретен резултат“.[106] Со други зборови, „обврската на државата да го истражи можниот расистички призвук на насилниот чин е обврска да се користат најдобрите напори, и не е апсолутна [...]. Властите мора да го сторат она што е разумно во околностите за да ги соберат и обезбедат доказите, да ги истражат сите практични средства за откривање на вистината и да донесат целосно образложени, непристрасни и објективни одлуки, без да се испуштат сомнителните факти кои можат да бидат показател за насилство предизвикано од припадност на определена раса“.[107]

### Обезбедување на местото на злосторството

Како и за секоја кривична истрага, обезбедувањето на местото на злосторството е една од првите дејствија што треба да се преземат. Злосторствата од омраза се злосторства со пораки; затоа, прекршителите често ги оставаат „знаците“ или доказите кои потоа може да се користат како показатели за пристрасност. Имајќи ги предвид различните национални прописи, при пристигнувањето на местото на злосторството се препорачува да:

1. Проверете, пред да започнете какви било истражни дејствија, дали на некого на местото на злосторството му е потребна итна медицинска помош и првиот приоритет треба да ви биде да повикате брза помош.

2. Се погрижите за безбедноста на жртвите и сведоците и да дејствувајте веднаш за да ги отстраните од местото доколку се во опасност.

3. Бидете насочени кон жртвите и да ги третирате со сочувство и достоинство. За повеќе информации за третманот на жртвите, погледнете го Модулот 5.

4. Го обезбедите местото на настанот физички што е можно поскоро за да избегнете каква било можност доказите да бидат контаминирани, изгубени или уништени. Идентификувајте ја жртвата и релевантните сведоци за да продолжите со истражните мерки со нивно вклучување, како што се давање изјави и последователни интервјуа.

5. Фотографирате или да снимите видео за да го зачувате првичниот изглед на местото на злосторството.

6. Ги поканите сите потребни професионалци (на пр. форензичари, преведувачи, експерти за видео надзор).

7. Запленете соодветни примероци и/или физички докази (литература поврзана со омразата, конзерви со боја за прскање и симболични предмети како што се свастики и крстови).

**106** ЕСЧП, Скорјанец против Хрватска, 25536/14, §54
**107** ЕСЧП, Начова и други против Бугарија, 43577/98, 43579/98, §§ 156-159

МАТЕРИЈАЛ

8. Соберете снимки од видео надзор (ако е возможно).

Оваа листа е индикативна и треба да се прилагоди на локалните прописи и околностите на случајот. Обезбедувањето на местото на злосторството и ефективното собирање докази е особено важно кога показателите се видливо присутни, на пример, коментари со омраза на ѕидот, специфични локации како што се гробови, верски објекти, природата на насилството (на пример, доколку свастиката е изгребана по трупот на починатиот), летоци со расистички јазик итн.

### Земање усни изјави

Изјавите на жртвата/сведокот се клучен извор на докази во смисла на докажување на мотивот на пристрасност во случаите на злосторство од омраза. Додека изјавите на сведоците можат да донесат нови детали за случајот и да станат основа за сосема нов збир на дејствија, иследниците треба да бидат особено внимателни во идентификувањето и лоцирањето на сведоците: бидејќи успехот многу често ќе зависи од информациите и разузнавачките информации што тие можат да ги дадат. Добро испланираното распитување е голем чекор кон обезбедување успешен исход. Инспекторите треба да поседуваат соодветни вештини за распит и/или да донесат соодветни експерти и да применуваат пристап насочен кон жртвата, со цел да се откријат вистинските мотиви зад кривичното дело.

Важноста на вербалните докази е нагласена и од ЕСЧП. Судот забележува дека „кога во истрагата ќе излезат на виделина какви било докази за расистичка вербална злоупотреба, тие мора да се проверат и, доколку се потврдат, треба да се направи темелно испитување на сите факти за да се откријат сите можни расистички мотиви“.[108]

При земањето на изјавите, истражните органи не треба да изразуваат осудувачки став, бидејќи тоа може да има неповратно влијание врз идните постапки. Ако жртвата се чувствува осудувана од лицето кое го спроведува распитот, тоа може да влијае не само на исходот на одреден случај, туку може да ја попречи идната соработка на целата заедница со државните органи. Повеќе информации за проценката на индивидуалните потреби на жртвата и чувствителната комуникација може да се најдат во Модул 5.

МАТЕРИЈАЛ

Што се однесува до структурата на распитот, важно е процесот да биде добро испланиран и извршен. За таа цел, лицето кое го спроведува распитот треба да настојува да следи одредена шема. Општо земено, фазите на распитот се следните: ***планирање, подготовка и вовед; случка и прашања; заклучок и евалуација***.[109]

### Планирање, подготовка и вовед

За да се зголемат шансите за успешен исход, секое истражно дејство, вклучително и распитувањата, треба внимателно да се планира и подготви. Планирањето и подготовката им овозможуваат на истражителите да ги постават своите цели и да ги утврдат нивните очекувања од соговорникот. Дополнително, квалитетната подготовка значително ја зголемува шансата да се избегнат проблемите кои би се јавиле подоцна.

Додека планира и подготвува интервју за случај на злосторство од омраза, истражителот треба:

- Да ги анализира постоечките факти за случајот и соодветно да ги испланира прашањата. Да користи соодветни поими/заменки (особено во однос на ЛГБТИ+ заедницата) и да ја провери нивната правилна употреба кај соговорникот, доколку се сомнева.
- Да идентификува дали е потребно вклучување на дополнителни луѓе, како што се преведувачи, бранители, координатори на жртви и сведоци, придружни возрасни лица (во случај на малолетници и ранливи возрасни лица) и соодветно да ги покани.
- Да ги идентификува потребите на интервјуираните (особено жртвата) и да подготви информации за релевантните служби за нивно упатување.
- Да го спроведе интервјуто во удобна просторија без вознемиреност. Треба да бидат присутни само оние кои ќе бидат вклучени во вистинското интервју.
- Да ги подготви сите материјали и технички средства (како уреди за видео снимање, компјутер) доколку

**108** ЕСЧП, Скорјанец против Хрватска, 25536/14, §65
**109** Овој дел има корист од следниов извор: Бојл, М и Вијерм, Ж.К. (2018) Краток вовед во истражувачкото интервјуирање: Водич за практичари

интервјуто се снима.

По завршувањето на подготовките, истражител треба соодветно да му се претстави на соговорникот. Ова е фаза во која странките ги имаат првите впечатоци едни за други. Добриот вовед и искреноста на лицето кое го спроведува интервјуто може да ја поттикне жртвата, сведокот или осомничениот да соработува со органите на прогонот. За време на воведот, истражителот треба да го стори следново:

- Да се претстави себеси и да ги претстави сите страни кои присуствуваат на интервјуто.
- Да го објасни процедуралниот тек на процесот.
- Да ги информира учесниците дали е планирано видео снимање.
- Да ги наведе правата и обврските на соговорникот.
- Да провери дали има прашања пред да започне вистинското испрашување.

**Случка и прашања**

Во почетната фаза од распитот, на интервјуираниот треба да му се даде можност слободно да го раскаже текот на настаните. Лицето кое го спроведува распитот треба да го поттикне нивното раскажување на настаните, со соодветни индикации за интересот, односно со соодветен говор на телото и техники на активно слушање. Откако ќе заврши наративот, тој или таа може да поставува прашања (отворени или затворени, во зависност од волјата на оној го води разговорот). Многу е важно доколку не се разгледа за време на слободното раскажување, истражителите да поставуваат прашања за показателите за пристрасност, на пример:

- Кажи ми што точно кажал осомничениот пред, за време и по инцидентот и колку често.
- Дали знаете зошто бевте мета?
- Опишете го осомничениот со колку што можете повеќе детали, вклучително и тетоважи или облека.[110]
- Колку долго живеете во оваа област? Дали сте единствениот член (или еден од неколкуте) на [заштитена група] што живее во областа?
- Дали имало претходни инциденти?
- Дали неодамна имало јавна активност што би ве направила цел?
- Дали сте биле жртва на злосторство од омраза во минатото?[111]

МАТЕРИЈАЛ

Бидејќи жртвите на злосторство од омраза веројатно ќе бидат особено трауматизирани и ранливи, лицето кое го спроведува распитот треба:

- Да избегнува секундарна виктимизација со обвинување на жртвата. Прашањата не треба да бидат осудувачки, на пример, „Зошто носеше шарена облека?" и „Што очекуваш кога изгледаш вака" и така натаму.
- Да биде свесно дека заштитените карактеристики или припадност на жртвата не се нужно релевантни за истрагата и затоа не е задолжително да се испита оваа точка. Во случаите на злосторства од омраза, мотивацијата на сторителот е во фокусот на истрагата, вклучувајќи ги и претпоставките на сторителот за идентитетот на жртвата. Затоа, утврдувањето на заштитените карактеристики на жртвата само по себе не е нужно централно за успехот на истрагата.
- Да биде многу внимателно кога станува збор за „откривање" на идентитетот на жртвата или сведокот, особено кога случајот вклучува членови на ЛГБТИ заедницата.
- Да поставува релевантни прашања за да ги идентификувате показателите за пристрасност и да биде особено заинтересирани дали инцидентот бил проследен со коментари со омраза пред, за време или по инцидентот.
- Да користи соодветен, едноставен јазик и да избегнува професионални жаргони.
- Да му дозволи на соговорникот да го избере темпото и јазикот на интервјуто.

Да користи соодветни заменки и имиња кога работи со сексуални малцинства. Ако претпочитаат да им се

**110** Забелешка: Не ја заборавајте важноста од тоа да се биде внимателен при сугерирање на конкретни сеќавања на сведокот/жртвата. На пример, сугерирањето на тетоважи може да доведе до лажни сеќавања. Поставете дополнителни прашања во врска со конкретни описи и детали и донесете пресуда за потенцијалната точност на оваа информација.
**111** Национален центар за превенција на злосторство од омраза, Центар за развој на образованието (2000), Одговарајќи на злосторството од омраза: Мултидисциплинарна наставна програма за професионалци за спроведување на законот и за помош на жртвите, стр.165-166

обраќаат поинаку отколку со името на нивниот пасош, лицето кое што го спроведува интервјуто треба да ги користи имињата и заменките избрани од жртвата. Меѓутоа, во официјалната евиденција, поради барањата на националниот правен поредок, може да се наведат и двете имиња (од пасошот и преферираните).

Еве неколку примери на „лоши" и „добри" прашања при интервјуирање на лицата во можен ЛГБТИ злосторство од омраза:

*Истражител: Дали си геј?*
Жртвата одбива да одговори.

*Истражител: Дали сте нападнати поради вашиот ЛГБТИ идентитет? Жртвата одбива да одговори.*

Во двете ситуации, формулацијата на прашањата на истражителот е неприфатлива бидејќи бара откривање чувствителни информации од жртвата. Многу често, дури и ако лицето навистина припаѓа на сексуалното малцинство, тој/таа не сака да го открие тоа на непознати. Затоа, правилното формулирање на прашањето прави вистинска разлика и ја зголемува довербата во истражните органи. Исто така, постои можност одбраната да се жали пред судот дека жртвата/сведокот била/бил подучуван(а).

*Истражител: Зошто мислите дека сте биле цел? Жртва: Мислам дека претпоставуваа дека сум геј.*

Во вториот пример, жртвата е повеќе желна да соработува со истражните органи бидејќи неговиот/нејзиниот вистински идентитет не е откриен. Одговорот се заснова исклучиво на индивидуалната перцепција и прашањето не ја наведува жртвата да одговори на однапред одреден начин.

Заедно со изјавите на жртвата/сведокот, една од клучните фази во добра истрага е правилното распитување на осомничените. Важно е да се запомне дека „полициските службеници се обврзани да ги испрашуваат осомничените земајќи ја предвид презумпцијата на нивната невиност".[112] Честопати, полицајците, кога испрашуваат осомничени, се мотивирани да користат тактики за испрашување кои се принудни и имаат за цел да ја докажат нивната однапред одредена верзија на настаните. На осомничените треба да им се дозволи да испорачаат сопствен наратив што може да го користат полициските службеници за да ја тестираат и оспорат неговата веродостојност во однос на достапните докази и информации, притоа сугерирајќи ја потребата да се следат дополнителните корисни патишта за истрага. Заедно со поткрепувањето на основниот криминал, од клучно значење е да се поставуваат прашања фокусирани на показателите за пристрасност. Прашањата за идентификување на мотивот за пристрасност може да бидат следниве:

- Зошто ја избравте оваа цел? Што ве мотивираше?
- Како се чувствувате за оваа личност или група?
- Дали групата на жртвата ве повредила вас или вашите пријатели?
- Дали ги напишавте овие коментари на интернет? Како ги објаснувате?
- Дали го обоивте имотот? Кое е значењето зад овие симболи?

Оваа листа е само индикативна, а прашањата може да варираат во зависност од фактите на случајот. Осомничените - особено ако бранителот е веќе вклучен во постапката - може да не одговараат на такви директни прашања. Сепак, нивните одговори можат да откријат нови и интересни факти. Затоа, интервјуерите треба да бидат многу внимателни и да го забележат секој детал што може да биде потенцијално поврзан со мотивот на пристрасност.

### Заклучок и евалуација

Во оваа фаза, оној што го спроведува интервјуто треба да го праша лицето дали има нешто да додаде или дали сака да постави некакви прашања. Исто така, иследникот ги проценува добиените информации и планира понатамошни активности. Доколку се дадени информациите за показателите за пристрасност, истражувачот треба да се обиде да собере дополнителни докази во врска со нив за да го потврди мотивот за пристрасност.

**112** Бојл, М. и Ж.К. Вијерм. (2018) Краток вовед во истражувачкото интервјуирање: Водич за практичари, стр.16

### Претворање на показателите за пристрасност во докази

И покрај тоа што имаат теоретско знаење во врска со показателите за пристрасност, постојат ситуации кога истражните органи може да се соочат со потешкотии во нивното претворање во докази што докажуваат пристрасност. Понекогаш таквите потешкотии ги предизвикуваат самите службеници за спроведување на законот, додека во други ситуации, главната вина се правните или административните пречки.

На пример, полицијата добива информации за материјална штета на еврејска двојка што живее во локалното соседство. Полицајците кои отишле на адресата наишле на насликана свастика на оградата. Тие ја прегледуваат сцената, ги испрашуваат парот и соседите, но забораваат да ја фотографираат сликата. Следниот ден се враќаат на местото на настанот за да соберат визуелни докази, но таа веќе е однесена од силниот дожд што наврнал тоа утро.

Во оваа ситуација, поради невнимание на истражителите, уништен е клучен показател за пристрасност. Наместо тоа, тие можат да користат изјави на сведоци, но таквите докази може да ја немаат истата доказна сила.
Иако дадениот пример покажува невнимание, има многу ситуации кога иследниците намерно ги игнорираат показателите за пристрасност, претпоставувајќи дека веќе собрале доволно докази за успешно гонење. Ваквите постапки можат да бидат инспирирани од различни причини (преголем обем на работа, страв од дополнителни инструкции од обвинителите, внатрешна пристрасност итн.). Вештините и знаењата во врска со полициското дискриминаторско недолично однесување се опфатени во Модул 2.

За разлика од претходно споменатите примери, може да има ситуации кога службениците за спроведување на законот се попречени од слабото законодавство. На пример, во некои законодавства, снимката од видео надзор е дозволена да се користи како доказ само ако извршеното кривично дело спаѓа во одредена категорија (на пр. тешки кривични дела). Ваквите ограничувања може да бидат проблематични кога се бара да се добијат докази за пристрасни мотиви за кривични дела кои не ги исполнуваат барањата на законот. Дополнително, кога станува збор за електронски докази, многу законодавства имаат многу специфични правила за нивната прифатливост, бидејќи бараат проверки на автентичноста. Затоа, кога на истражителите им се наложува да ги користат изјавите дадени на социјалните медиуми како показатели за пристрасност, тие може да се соочат со правни проблеми при нивното вклучување во списите на случајот.

Посебно внимание треба да се посвети на претворањето на изјавите на жртвата/сведокот во докази. И покрај фактот што интервјуата се еден од најчестите видови истражни дејствија кои обезбедуваат силни и веродостојни докази, тие можат да бидат субјективни, а со тоа и лесно да се оспорат од одбраната. Затоа, освен перцепцијата на жртвата/сведокот, истрагата секогаш треба да се обиде да најде дополнителни докази за зајакнување на наводниот случај за злосторство од омраза.

## *Анекс 4.6: Забелешки од обучувачот за активност 4.6*

### Злосторства од омраза извршени од полицијата

Наводите за полициско недолично однесување мотивирани од омраза се вообичаени. Десетици случаи биле изгубени во ЕСЧП од различни држави кои не успеале соодветно да ги истражат незаконските дејствија на полициските службеници. Неуспехот да се стори тоа резултирал со прекршување на член 14 од Конвенцијата, земен заедно со други членови (главно, член 2 (право на живот) или 3 (забрана на тортура).

Злосторствата од омраза извршени од страна на полицијата се исклучително штетни за сликата на целата институција, бидејќи тие се клучните актери одговорни за одржување на правниот поредок и справување со таквите прекршоци. Затоа, соодветна, сеопфатна, темелна, брза, целисходна и независна истрага за недоличното однесување на полицијата е од суштинско значење за да се врати довербата на јавноста. Овие прашања се истражени подетално во Модул 2.

Апсолутно е од суштинско значење истрагите за наводите за недолично однесување да бидат спроведени од непристрасно и независно тело бидејќи жртвите генерално не им веруваат на системите за жалби и поплаки обезбедени од полицијата или дури и од страна на органите на обвинителството. Општа препорака за јавни политики на ЕКРИ бр. 11 бара од државите „да обезбедат тело, независно од полицијата и органите на обвинителството, на кое ќе му биде доверено истрагата за наводните случаи на расна дискриминација и расно мотивирано недолично однесување од страна на полицијата“. Заедно со независното тело, се препорачува полицијата да има внатрешни проверки на квалитетот и дисциплински механизми (полициски инспекторат, Сектор за внатрешни работи итн.).

### Злосторства од омраза против полицијата

Полицајците не се изземени од тоа самите да станат жртви на злосторство од омраза. Формулата за извршување на кривично дело е иста. Тие се таргетирани поради нивната вистинска или претпоставена припадност на одредена група која поседува специфични заштитени карактеристики, како што се етничка припадност, пол, раса, попреченост, ЛГБТИ идентитет и слично. Покрај тоа, додека ги исполнуваат своите должности, полициските службеници може да станат цел на злосторство од омраза и од здружување. На пример, ако тие штитат демонстрации на определено верско малцинство и радикалните контрадемонстранти решат да ги нападнат демонстрациите, полицајците лесно можат да станат мета на овие насилни групи.

Полицајците може да станат жртви на малтретирање, дискриминација, па дури и злосторства од омраза од страна на нивните колеги. На пример, машката супкултура на полицијата може да ги принуди геј полицајците да ја кријат својата сексуална ориентација и да се усогласат со „правилата“. Затоа, тоа е исто така важно во справувањето со стереотипната средина во полицијата која може да биде дискриминаторска кон одредени членови на институцијата.

Во идеални околности, треба да има јасни насоки во полицијата дека нема да се толерираат злосторствата од омраза врз полицајците. На пример, во 2021 година, полицијата во Сасекс воведе посебна политика со план од седум точки за да обезбеди конзистентен пристап во истрагата и евидентирањето на нападите и злосторствата од омраза врз полицајците.[113] Според документот на јавните политики, злосторствата од омраза против полицијата се неприфатливи и треба да бидат сфатени сериозно. Таквите дела никогаш не треба да се сметаат како „дел од работата“.

**113** Полиција на Сасекс, „Истрага за напади и злосторства од омраза врз полицајци, полициски персонал и волонтери додека се на должност“ (903/2021)

Модул 5

# НЕОМАЛОВАЖУВАЧКИ И НЕДИСКРИМИНАТОРСКИ ТРЕТМАН НА ЖРТВИТЕ

*АВТОР: МАРХАРИТА ЖЕСКО*


| | |
|---|---|
| Вовед и контекст | **162** |
| Резултати од учењето | **164** |
| Преглед на активностите и временските рамки | **164** |
| Подготовка | **165** |
| Опис на активноститете | **166** |
| *Активност 5.1: Потреби на жртвите на дискриминаторско вознемирување и насилство* | **166** |
| *Активност 5.2: Преземање на повеќесекторски пристап* | **171** |
| *Активност 5.3: Секундарна виктимизација како дискриминација* | **173** |
| *Активност 5.4: Проценка и задоволување на потребите на жртвите* | **175** |
| *Активност 5.5: Сензитивна и неомаловажувачка интеракција со жртвите* | **177** |
| Анекси и материјали | **179** |
| *Анекс 5.1: Сведоштва на жртви на злосторство од омраза* | **179** |
| *Материјал 5.2а: Цвет на идентитети* | **181** |
| *Материјал 5.2б* | **182** |
| *Анекс 5.6: Забелешки на обучувачот* | **183** |
| *Материјал 5.3: Печатени сведоштва на жртви за нивната интеракција со полицијата* | **186** |
| *Материјал 5.4а* | **188** |
| *Материјал 5.4б* | **189** |
| *Материјал 5.5а* | **194** |
| *Материјал 5.5б: Размислувања за сензитивна интеракција со жртвата* | **195** |

# Вовед и контекст

Неомаловажувачкиот и недискриминаторски третман на жртвите ја претставува основата на улогата на полицијата, но има и клучно значење за утврдување на индивидуалните потреби на жртвите и нивно ефективно и обѕирно исполнување, и тоа на таков начин што ќе го спречи или намали потенцијалот за секундарна виктимизација и траума, што често може да се случи кога жртвата се вклучува во процесот на истрага и кривична правда. Постапувањето со жртвите со почит и одговарањето на нивните потреби, исто така, помага да се изгради доверба меѓу жртвите и полицијата. Жртвите и сведоците кои ѝ веруваат на полицијата има поголема веројатност да соработуваат со истрагата и да споделуваат информации, а со тоа ја зголемуваат шансата за ефективни резултати од кривичниот процес. Во поголем обем, довербата во и ефикасноста на системот на кривичната правда може да поттикне повеќе жртви, од сите средини, да пријават злосторства, а со тоа да ја зајакнат безбедноста на поединците, заедниците и општеството како целина.

Неомаловажувачкиот и недискриминаторски третман значи дека полицијата и професионалците од кривичната правда не поттикнуваат дискриминаторски исходи со своите постапки, вложуваат напори да бидат свесни и да се спротивстават на сопствената пристрасност и да обрнат внимание на индивидуалните ранливости на жртвите, сведоците и членовите на нивните семејства. Имајќи предвид дека секој поединец е различен и има различни ранливости и различно ги доживува злосторствата или инцидентите, полицијата треба да има индивидуален пристап кон секоја жртва. Со други зборови, тие треба да имаат пристап со фокус кон жртвата. За таа цел, полициските службеници мора да бидат способни да ги проценат потребите и ризиците на жртвите и да имаат вештини за соодветна интеракција со нив. Дополнително, сензитивниот и професионален третман бара и темелно разбирање на дискриминацијата и на нејзиното комплексно влијание врз жртвите и полициските обврски за елиминирање на дискриминацијата и промовирање на еднаквоста.

Од перспективата на еднаквост и човекови права, има две групи на прашања кои треба да се земат предвид при сензитивниот и професионален третман на жртвите:

1. Посебното влијание и потреби кои произлегуваат од жртвите на злосторство од омраза или злосторства извршени со дискриминаторски мотив;

2. Поопштите предизвици со кои се соочуваат заедниците од малцинско потекло кога ќе се соочат со или ќе решат да ѝ пристапат на полицијата како жртви на какво било кривично дело. Овие две групи имаат многу искуства кои се преклопуваат. На пример, и двете групи може да бидат загрижени дека ќе добијат дискриминаторски или недоволен одговор од полицијата. Дополнително, и двете групи може да имаат потреби за пристап кои не се нужно поврзани со природата на прекршокот, на пример, пристап до услуги за преведување, вклучувајќи го знаковниот јазик, или други потреби поврзани, особено со полот, сексуалната ориентација, религијата или попреченоста. Во исто време, природата и влијанието на злосторството од омраза се единствени сами по себе и предизвикуваат специфични ризици, потреби за поддршка и влијанија.

Овој модул има за цел да ја зголеми свеста кај полицијата за аспектите на општата еднаквост и за човековите права кога одговараат на било какво кривично дело во кое е инволвирана жртва од малцинска заедница, како и за специфичните аспекти кога третираат жртви на злосторства од омраза. За да се постигнат овие цели, овој модул е тематски структуриран во три поттеми. Активност 5.1. и Активност 5.2 се фокусираат на потребите на жртвите, особено на жртвите на дискриминаторски инциденти и злосторства, како и на жртвите од малцинските групи, како и на повеќесекторски пристап ориентиран кон жртвите во нивниот третман. Активноста 5.3 се фокусира на тоа како полициските дејствија, или неактивноста, може да доведат до секундарна виктимизација. Активноста 5.4 и Активноста 5.5 се фокусираат на тоа како полицијата може да ги идентификува и да одговори на специфичните потреби и ризици со кои се соочуваат жртвите на сензитивен и професионален начин.

Главните меѓународни стандарди кои го поткрепуваат овој модул произлегуваат од Директивата на ЕУ за правата на жртвите[114], која воспоставува минимални стандарди за правата, заштитата и поддршката на жртвите на кривични дела и бара од националните власти да ја вклучат перспективата на жртвата конкретно во работата на системот на кривичната правда. Директивата ја нагласува важноста да се земат предвид личните карактеристики на жртвата при комуникацијата и проценката на нивните потреби. Дополнително, заложбите на Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ)2 бараат од националните власти да им овозможат на жртвите на злосторство од омраза ефективен пристап до правдата, како и да го надградат капацитетот на органите на прогонот за зголемување на позитивната интеракција помеѓу полицијата и жртвите на злосторства од омраза преку обука на полициските службеници од првата линија, вклучително и со барања за помош и заштита на жртвите. Општата препорака на ЕКРН за јавна политика бр. 11 за борба против расизмот и расната дискриминација во полициското работење[115] предвидуваат низа стандарди во постапувањето со жртвите, вклучувајќи ја и потребата за спречување на повторна виктимизација, особено за жртвите кои припаѓаат на ранливите групи.

Со оглед на фактот што овој модул се фокусира на жртвите, тој треба да се приспособи и реализира во тесна соработка со локалните НВО партнери кои имаат силни врски во заедницата. Овие организации треба да имаат длабоко разбирање за искуствата на нивните заедници во однос на криминалот, злосторството од омраза и полицискиот одговор во нивниот национален или локален контекст.
Покрај тоа, овие организации ќе бидат најсоодветни да советуваат за одредени празнини и предизвици во комуникацијата со полицијата кои треба да се решат преку оваа обука. И на крај, нивниот придонес ќе даде специфичен акцент на тоа да се слушнат перспективите и потребите на жртвите[116] и заедниците, а исто така ќе испрати силна порака до учесниците за важноста и додадената вредност на соработката со локалното граѓанско општество и организациите во заедницата.

**114** Директива на ЕУ за воспоставување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал – Директива 2012/29/ЕУ, усвоена на 25 октомври 2012 година, https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/TXT/?uri=CELEX%3A32012L0029. 2 Министерски совет на ОБСЕ, Одлука 9/09, Борба против злосторствата од омраза, Атина, 2 декември 2009 година,www.osce.org/cio/40695. Министерски совет на ОБСЕ, Одлука 13/06, Борба против нетолеранција и дискриминација и промовирање на меѓусебно почитување и разбирање, Брисел, 5 декември 2006 година,www.osce.org/mc/23114.
**115** Совет на Европа, Препорака на Комитетот на министри Rec(2006)8, „За помош на жртвите од криминал", 14 јуни 2006 година,https://rm.coe.int/16805afa5c.
**116** Совет на Европа, Препорака на Комитетот на министри Rec(2006)8, „За помош на жртвите од криминал", 14 јуни 2006 година,https://rm.coe.int/16805afa5c.

## Резултати од учењето

Учесниците ќе:

- **Ги разберат потребите на жртвите, особено жртвите на дискриминаторски злосторства и инциденти, и жртвите од малцинските групи**
- **Ја разберат важноста од преземање на повеќесекторски пристап при постапувањето со жртвите**
- **Научат како дискриминаторскиот илиомаловажувачкиот третман на жртвите од страна на полицијата може да предизвика нивна секундарна виктимизација**
- **Научат како да овозможат специфичните потреби на жртвите соодветно да се проценат и исполнат**
- **Добијат знаења и вештини за тоа како да обезбедат неомаловажувачки и недискриминаторски третман на жртвите, сведоците и членовите на нивните семејства**

Овој модул го користи терминот „жртва“ за лице погодено од кривично дело или инцидент, во согласност со терминологијата на меѓународната и европската рамка за човекови права и националните правни системи. Сепак, терминот „жртва“ треба да се користи со претпазливост бидејќи многу жртви не се идентификуваат себеси како „жртва“, иако тие се жртви во правна смисла. За некои, да се биде означен како „жртва“ имплицира немоќ и значи негирање на нивната издржливост и капацитет да ги надминат последиците од виктимизацијата. Терминот „жртва“ може да доведе до дополнителна стигматизација бидејќи може да биде поврзан со слабост и беспомошност. Тоа е причината зошто некои жртви претпочитаат да го користат терминот „преживеан“, термин кој ја признава издржливоста и одлучноста. Полициските службеници треба да бидат свесни за таквата чувствителност кога комуницираат со жртвите.

## Преглед на активностите и временските рамки

| | |
|---|---|
| **Активност 5.1**: Потреби на жртвите на дискриминаторско вознемирување и насилство | (60минути) |
| **Активност 5.2**: Повеќесекторски пристап | (60минути) |
| **Активност 5.3**: Секундарната виктимизација како дискриминација | (30минути) |
| **Активност 5.4**: Проценка и задоволување на потребите на жртвите | (60минути) |
| **Активност 5.5**: Сензитивна и неомаловажувачка интеракција со жртвите | (90минути) |

## Подготовка

Покрај користењето на Проценката на потребите, при подготовката на овој модул тимот за обука треба да ги преземе следните чекори.

Тимот за обука треба тесно да соработува со локалните партнери од граѓанското општество, особено за Активноста 5.1, Активноста 5.2, Активноста 5.3 и Активноста 5.4. Прирачникот дава примери на сведоштва на жртвите за овие активности; сепак, знаењето и искуството на локалните партнери од ГО може да бидат многу корисни во потврдувањето на релевантноста и применливоста на овие примери во локален или национален контекст.

Дополнително, конкретно за Активноста 5.4, тимот за обука треба да ги провери, со националните колеги, релевантните национални политики и полициските оперативни инструкции за потребите на жртвите и проценката на ризиците, правилата за упатување за поддршка на жртвите и техниките за интервјуирање (заеднички аспект со Модул 4 за Истрага на злосторствата од омраза) и нивната примена од страна на полициските службеници. Обучувачот, исто така, треба да ги истражи достапните национални услуги за поддршка на жртвите, кои ги нудат државните актери и граѓанските организации.

За Активноста 5.5, тимот за обука треба да го разјасни, со нивните национални колеги, постоењето на релевантни национални законски или политички одредби кои бараат од полицијата да ги информира жртвите за нивните права (како што се правото на информации, правото на комуникација и правото на заштита според националните закони и политика), како и за релевантни брошури или други подготовени материјали за правата на жртвите.

Секоја активност е придружена со специфични точки за потребните подготвителни чекори, по потреба. Забелешките и препораките на обучувачот, кои можат да се применат за одредени активности, се дадени во рамките на овој Модул.

## Опис на активноста

### *Активност 5.1: Потреби на жртвите на дискриминаторско вознемирување и насилство*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Влијанието на дискриминаторското вознемирување и насилството и потребите на жртвите, вклучително и на жртвите на дискриминаторски злосторства и инциденти, и на жртвите од малцинските групи |
| **Време:** | 60 минути |
| **Потребни материјали:** | табла<br>хартија за табла маркери проектор хартија<br>печатени сведоштва за потребите на жртвите, Анекс 5.1<br>Power Point презентација со предизвиците со кои се соочуваат жртвите на дискриминаторски злосторства и жртвите од малцинските групи |
| **Подготовка:** | Заедно со локална ГО, обучувачот треба да ги подготви сведоштвата на жртвите кои ќе ги потенцираат потребите на жртвите. |

**Инструкции**

1. Активноста започнува со дискусија за влијанието на дискриминаторското вознемирување и насилство, и како тоа се разликува од другите злосторства и инциденти, вклучувајќи го и неговото влијание врз членовите на семејството и заедницата кои ја делат истата заштитена карактеристика. За да можете да разговарате за ова, презентирајте ја пред сите слушатели следнава студија на случај (заснована на сведочењето на жртвата) и замолете ги учесниците да утврдат какво е влијанието врз жртвата и како тоа се разликува од другите видови на кривични дела кои немаат мотив на пристрасност. Побарајте од учесниците да размислат за директното влијание и можното долгорочно влијание.

*Штотуку излегов од автобусот кога слушнав некаков слаб звук упатен кон мене од левата страна преку улицата. Носев слушалки кои не пропуштаат звук и кога ги извадив слушнав како некои момци ми довикуваат „Корона вирус! Корона вирус! Хаха!" и ме снимаа. Не стигнав ништо да кажам – „Ве молам престанете" или „Зошто го правите ова?" – кога еден од нив ми ги грабна слушалките од вратот. Во тој момент не изгледаше како грабеж, туку како малтретирање, поигрување. По околу 50 метри, тие ја претрчаа улицата, а јас потрчав по [еден од нив] и викнав: „Зошто го правиш ова?" Кога стигнав до сообраќајниот остров, тој се сврте, ме удри и ме собори на земја. Насекаде имаше крв. Им викав на случајните минувачи, но на почетокот се чинеше дека никој не се грижи или не обрнува внимание. Напаѓачите воопшто не се потрудија да го напуштат местото на настанот, па ги фотографирав за да ги предадам фотографиите во полиција. Настанот ме направи многу претпазлив, страшно е чувството кога знаеш дека тие сѐ уште се таму. Тоа не беше само грабеж, туку и сознание дека сум мета заради мојата етничка припадност и дека ме снимаа за да ме понижат, да покажат дека луѓето од Источна Азија се сите покорни и лесни мети... Не е важно колку сум постигнал или колку напорно сум работел. Ништо од тоа не ме штити ниту мене, ниту некој друг. Сѐ уште сум само мета бидејќи сум од Источна Азија. – Маж, 24, од Источна Азија*[117]

2. Надоврзете се на одговорите од групата и истакнете ги следните поенти. Додека се дискутираат поентите, забележете ги на таблата:

    - Дискриминаторското вознемирување и насилството повредуваат повеќе од другите видови на злосторства бидејќи го напаѓаат самиот идентитет

**117** www.theguardian.com/world/2020/feb/16/they-yelled-coronavirus-first-british-attack-victim-east-asian-man.

на жртвата. Со тоа, испраќаат порака дека се отфрла идентитетот на жртвата и дека жртвата не е прифатена во општеството или заедницата.

- Добро поставено истражување покажува дека влијанието на инцидентите и злосторствата мотивирани од пристрасност може да биде поголемо и да трае подолго од влијанието на злосторствата без дискриминаторски мотив.[118] Жртвите на таквите злосторства и инциденти имаат поголема веројатност да страдаат од повисоко ниво на депресија, анксиозност, ранливост и страв од идни напади, или да доживеат екстремно чувство на изолација.

- Имено, жртвите на дискриминаторско вознемирување и насилство доживуваат многу поголеми потешкотии со довербата во луѓето, што влијае на нивната подготвеност да побараат помош или да го пријават злосторството. Покрај тоа, кај нив преовладуваат и симптомите на вознемиреност, напнатост и загриженост дека повторно ќе бидат мета на напад. Ова често ги наведува жртвите да го променат своето секојдневно однесување, меѓу другото: да избегнуваат присуство на богослужби или настани во заедницата; да не носат религиозна облека или симболи, или одредени видови на облека што може да го откријат нивниот идентитет; да не се држат за рака со партнерот од ист пол; да не го зборуваат својот јазик или да се воздржуваат од јавно идентификување дека припаѓаат на одредена религија, етничка припадност или заедница.[119]

- Дискриминаторското вознемирување и насилство може да имаат слично штетно влијание и врз семејството на жртвата и врз другите кои го делат истиот идентитет како лицето кое било мета на дискриминаторски напад. Другите членови на целната група не само што можат да чувствуваат страв од идни напади врз нив, туку можат да бидат психолошки и емоционално погодени како тие самите да се примарните жртви.

- Важно е да се има предвид дека различни луѓе различно доживуваат дискриминаторски инциденти и злосторства, во зависност од различни фактори: видот на инцидентот; претходното искуство на една личност со маргинализација, дискриминација и неповолност; постоењето на кругови за социјална поддршка; и економската и психолошката отпорност на личноста. Врз основа на овие различни фактори, жртвите имаат различни потреби. Улогата на полицијата е да може правилно да ја процени ситуацијата и да ги идентификува индивидуалните потреби на секоја жртва.

- Со цел подобро да го разбере обемот на дискриминаторските инциденти и злосторства и нивното влијание врз луѓето во нивните заедници, полицијата треба **тесно да соработува со граѓанското општество и со организациите во заедницата**.[120] Поради нивната тесна поврзаност со заедниците, овие организации често имаат многу информации и сознанија за актуелните трендови и влијанија врз членовите на заедницата и заедницата како целина. Тие информации можеби никогаш нема да стигнат до полицијата бидејќи жртвите обично почесто ги пријавуваат своите искуства во организациите на заедницата отколку во полицијата. Иако, историски гледано, нивото на соработка помеѓу граѓанското општество и полицијата може да варира во зависност од

**118** На пример, видете „Извештај од истражувањето за виктимизација на злосторство од омраза", Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2019 година, достапно на www.osce.org/ mission-to-skopje/424193, и „Истражување за природата и обемот на непријавените злосторства од омраза против припадниците на избраните заедници во Полска", ОБСЕ/ОДИХР, комесар за човекови права на Полска 2019 година, достапно на www.osce.org/odihr/412445.
**119** За повеќе информации за тоа како злосторствата и инцидентите од омраза можат да влијаат врз членовите на одредени малцински групи, проверете ги информативните листови на ОБСЕ/ОДИХР за злосторство од омраза на www.osce.org/odihr/hate_crime_factsheets.
**120** Модулот 6 детално ги разгледува прашањата за полициско работење во заедницата.

земјата, полицијата секогаш треба да размислува за градење на добри односи со таквите организации и да ги сметаат како важни партнери во справувањето со злосторствата и инцидентите од омраза и какви било злосторства во кои се инволвирани малцинските заедници.

3. Потоа, споменете дека, покрај посебните ранливости на жртвите на дискриминаторски злосторства истакнати погоре, полициските службеници треба да внимаваат и на ранливоста на која било жртва од малцинско потекло. Припадниците на малцинските групи се соочуваат со слични предизвици во интеракцијата со полицијата и во пристапот до заштита, поддршка и правда. Користејќи Power Point презентација, презентирајте ја табелата дадена подолу на групата и објаснете ги сличните предизвици за двете групи и предизвиците со кои се соочуваат само жртвите на злосторства од омраза.

| | **Специфично или дополнително влијание на „дополнителен фактор“ на „омраза“?** | **Специфични или дополнителни потреби во врска со ризик и безбедност?** | **Специфични потреби за поддршка и пристап?** | **Соочување со бариери при известувањето?** | **Ризик од слаб или дискриминаторски одговор од полицијата?** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Жртви на злосторство од омраза кои се од малцинско потекло** | Да. Тие се цел заради тоа кои се, докази за зголемено психолошко (страв, анксиозност, лутина, изолација) и психосоматско влијание во споредба со истото кривично дело без „елементот на омраза“. | Да. Врз основа на влијанието на злосторството од омраза и ризиците од повторна виктимизација, заплашување и одмазда. | Да. Специфични потреби за поддршка врз основа на влијанието на злосторството од омраза и потребите засновани на идентитетот. Потребите засновани на идентитетот поврзани со пристапот (на пр. пол, религија, јазик, попреченост) | Да. Недоверба во полицијата заради претходни лоши искуства, недостаток на информации каде да се пријави делото, срам и збунетост по виктимизација на омраза. | Да.<br><br>Самиот инцидент може да се минимизира, на жртвата може да не ѝ се верува; потребите за пристап може да не се задоволат; голема можност за секундарна виктимизација заради првичното влијание. |
| **Жртви од малцинско потекло кои се жртви на криминал кој не е од омраза.** | Не. | Не. | Да. Потреби засновани на идентитетот во однос на пристапот (на пр. пол, религија, јазик, попреченост). | Да.<br><br>Недоверба во полицијата заради претходни лоши искуства; недостаток на информации како и каде да се пријави делото. | Да.<br><br>Самиот инцидент може да се минимизира; на жртвата може да не ѝ се верува; потребите за пристап може да не бидат исполнети. |

4. Следно, продолжете со дискусија за различните потреби што може да ги имаат жртвите. Оваа дискусија ќе се фокусира на потребите на жртвите на дискриминаторски криминал (злосторства од омраза) и жртвите на злосторства што не се од омраза, кои припаѓаат на малцинските групи. Оваа активност предвидува блиска соработка со локален партнер од ГО. Доколку партнерот од ГО е компетентен и сака, тој треба да ја спроведе оваа активност. Постојат

неколку опции за оваа активност, во зависност од тоа со какви ресурси и материјали располага локалниот партнер од ГО. Генералната идеја е учесниците да ги слушнат сведоштвата на жртвите, а потоа да дискутираат за тоа кои непосредни и среднорочни потреби може да ги има жртвата и како полицијата може да одговори на овие потреби, во рамките на нејзината должност. Што се однесува до форматот на сведоштвата, тој може да биде или 1) „жива библиотека“ (вистинската жртва се приклучува на сесијата и ја споделува својата приказна со учесниците); оваа опција треба да се користи само доколку локалниот партнер од ГО има соодветно искуство да го модерира учеството и дискусијата; 2) видео сведочење на жртвата; честопати, граѓанските организации имаат претходно снимено сведоштво што го користат за подигање на свеста и образовни цели; 3) читање на извадоци од писмено сведоштво – од вистински случај на кој работи НВО партнерот. Доколку нема локална ГО за поддршка на оваа активност, може да се користат сведоштвата дадени во Анекс 5.1. Овие сведоштва, исто така, може да се користат за водење на партнерот од ГО да го развијат нивниот придонес и/или да се користат како дополнување на придонесот на ГО.

5. Побарајте од учесниците да работат во парови, поделете по едно или две сведоштва на жртви на злосторство од омраза на секој пар, во зависност од големината на групата, и дајте им на учесниците пет минути да ги прочитаат и да ги идентификуваат потребите на жртвите, со помош на нивен пример. Потоа, побарајте секој тим-учесник да ги прочита нивните сведоштва и да ги наведе потребите што ги идентификувале и како полицијата може да реагира на нив. Отворете дискусија за прашањата кои ќе произлезат од повратните информации на тимовите со главната група. На таблата запишувајте ги сите потреби што ќе се идентификуваат. [121] За секоја од идентификуваните потреби, повторно разговарајте со учесниците како полицијата може да реагира на нив. Потоа поделете сведоштва на жртви на злосторства од малцинско потекло што не се поттикнати од омраза. Побарајте од волонтерите да ги прочитаат гласно на целата група, а групата да ги идентификува потребите. Потребите се исти како и некои од потребите на жртвите на злосторства од омраза за кои претходно разговараа групите. Тоа значи дека тие веќе се напишани на таблата.

6. Надоврзувајќи се на одговорите од групата, резимирајте ја дискусијата за потребите на жртвите, истакнувајќи ги следниве видови потреби и полициските дејствија за одговор на истите:[122]

- **Лична сигурност и безбедност**: За време и веднаш по доживувањето на инцидентот, повеќето жртви се чувствуваат крајно небезбедни, изложени и во опасност. Потребата да се чувствувате безбедно и заштитено од понатамошна штета е огромна. За таа цел, полицијата треба да ги преземе сите неопходни мерки за сигурност и безбедност на жртвата, како и да ја увери жртвата дека ќе се преземат мерки за нејзина поддршка и заштита.

- **Практична помош**: Некои жртви ќе имаат потреба од практична поддршка за да се справат со непосредните последици и влијанието на кривичното дело. Овде спаѓаат правен совет, медицинска помош, поправки и безбедносни аранжмани за имотот и семејна поддршка. Во однос на видови на поддршка што не се во надлежност на полицијата, таа треба да ја упати жртвата до соодветните институции и организации кои нудат таква поддршка.

- **Емоционални и психосоцијални потреби**: Емоционалните и психосоцијалните потреби на жртвите се разликуваат од едно до друго лице. Некој може да бара интервенција од професионален терапевт, додека друг можеби ќе треба само да ги пренесе своите емоции и да ја сподели својата приказна. Генерално, сепак, постои потреба жртвата да бидеислушана и слушната, да ѝ се верува

**121** Имајте предвид дека белешките на таблата од оваа активност подоцна се користат и во Активноста 5.4 како основа за задачата.
**122** Врз основа на ОДИХР/ОБСЕ (2020), Разбирање на потребите на жртвите од злосторство од омраза, достапно на www.osce.org/ odihr/463011.

и да биде сфатена сериозно. За таа цел, полицискиот службеник треба да внимава на своите зборови, говор на тело и однесување со жртвата за да ја увери дека ја сфаќа сериозно. Овде исто така спаѓа и внимателно слушање на перспективите на жртвите за кривичното дело, вклучувајќи ја и можната пристрасна мотивација, и потврдување на влијанието на кривичното дело. Во случај да е потребно, полицијата треба да ја упати жртвата на организации кои обезбедуваат психолошка поддршка.

- **Доверливост и доверба**: Доживувањето на кривично дело, а особено на дискриминаторското кривично дело, може да ја уништи довербата на една личност во пошироката заедница и нејзиното чувство за праведен свет. Воспоставувањето на односи на доверба и доверливост со жртвите има клучно значење во процесот на закрепнување. За таа цел, полицијата треба да ја увери жртвата дека е сфатена сериозно и дека ќе направи сè што е во нејзина моќ за да ја спроведе правдата. Тоа значи дека полицијата треба да биде свесна дека дискриминаторскиот или непрофесионален одговор од нивна страна може дополнително да ја влоши траумата на жртвата.
- **Информации и совети:** По доживувањето на злосторството, жртвите можат да бидат преоптоварени со ситуацијата и да не знаат што треба да прават или што да очекуваат. Тие се загрижени за нивното учество во процесот и за практичните и материјалните аспекти на медицинската, правната поддршка, итн. Полицијата може да помогне да се намали дел од овој стрес со тоа што на жртвата ќе ѝ даде информации за, на пример, нејзините права, чекорите што следуваат, нејзиното учество во истрагата и постапката, и информации за сите достапни услуги за поддршка.

- **Пристап до правдата и снаоѓање во процесите на кривичната правда:** Пристапот и навигацијата низ системот на кривичната правда може да наметне одредено оптоварување на жртвата. Тоа може да биде заради претходни искуства на жртвата со полицијата, а со тоа и страв од полицијата, или случај на незаконско постапување со заедницата на жртвата од страна на полицијата (на пр. расно профилирање) и, како резултат на тоа, недостаток на доверба, или може да се должи на фактот дека кривично-правниот систем како таков е премногу сложен и недостапен. За таа цел, на жртвите им е потребна помош за целосно да ги разберат постапките на кривичната правда вклучени во процесирањето на нивниот случај. Улогата на полицијата е да се погрижи жртвата да биде информирана, навремено, за чекорите и напредокот на нејзиниот случај, вклучително и кога е потребно нејзино учество. Улогата на полицијата е и да го олесни пристапот до потребната правда, во зависност од индивидуалните карактеристики на жртвата. На пример, овде спаѓаат потребите за пристап во случаи на хендикеп, како што е физички пристап до одредени простории или пристап до знаковен толкувач или пристап до толкување за јазични потреби.

- **Постапување со почит и достоинство:** Имајќи предвид дека чувствата на повреденост може да бидат акутни кај жртвите на дискриминаторски злосторства или жртвите од малцинските групи, од клучно значење е полицијата да се однесува професионално, со почит и на начин кој ќе ги заштити жртвите од повторна виктимизација. Ваквиот третман подразбира и дека полицијата треба да испрати порака дека злосторствата од омраза се сфаќаат сериозно. Покрај тоа, активната истрага, гонење и осуда на сторителите на злосторство од омраза испраќа важна порака за правда за жртвите и осуда на мотивите и постапките на престапниците.

7. Следно, спомените дека полицијата треба да внимава на фактот дека потребите на жртвите се менуваат со текот на времето. Некои потреби се јавуваат веднаш по делото, додека други во текот на истражниот процес и процесот на кривичната правда. Некои, пак, потреби може да се појават дури и по завршувањето на процесот.

Дополнително, истакнете дека кога се идентификуваат и проценуваат потребите на жртвата, важно е да се заземе **пристап фокусиран кон жртвата**. Иако жртвите на дискриминаторско вознемирување и насилство имаат некои заеднички потреби, треба да се разбере и да се признае дека секоја жртва е личност со индивидуални потреби. Индивидуалната проценка на потребите треба да биде во центарот на одговорот на полицијата при справување со жртвите на дискриминаторско вознемирување и насилство.

## *Активност 5.2: Преземање на повеќесекторски пристап*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Секој поединец има повеќекратни идентитети, а единствениот пресек на овие идентитети го прави уникатно неговото искуство со дискриминаторски инциденти и злосторства. Професионалниот одговор ја препознава таквата повеќекратност и затоа е индивидуален за секоја жртва. |
| **Време:** | 60 минути |
| **Потребни материјали:** | табла<br>маркери за табла<br>хартија<br>Материјал 5.2а и Материјал 5.2б Анекс 5.2б<br>студии на случај |
| **Подготовка:** | Заедно со локална граѓанска организација, обучувачот треба да ги приспособи студиите на случај и основните информации за олеснување на студијата на случај на националниот контекст и практики. |

**Инструкции**

1. Започнете со истакнување дека **повеќекратноста** се однесува на фактот дека сите ние имаме повеќекратни идентитети кои не прават тоа што сме. Овие идентитети, исто така, влијаат на нашите искуства, и ги прават различни за секоја личност. **Повеќесекторскиот пристап** препознава дека, иако групите може да споделуваат некои заеднички карактеристики, индивидуалните искуства на членот на групата можат да бидат различни заради сложената интеракција помеѓу нивните други идентитетски категории. Дискриминаторските ставови и дејствија може да засегаат различни категории на идентитетот.

2. На заедничка сесија, побарајте од учесниците да дадат примери за категории на идентитет. За полесна визуелизација, нацртајте го образецот со цвет, како во Материјалот 5.2, на хартија за табла и пополнете ја додека учесниците ги именуваат категориите на идентитетот (секое ливче од цветот е категорија на идентитет). Наведете ги сите преостанати категории од листата во продолжение доколку учесниците не ги споменат.

    - раса / етничка припадност / национално потекло / јазик
    - статус на мигрант или бегалец
    - религија или верување
    - сексуална ориентација / родов идентитет / родово изразување / полови карактеристики
    - попреченост
    - здравје
    - возраст
    - политичка припадност
    - урбана / рурална локација
    - социоекономски статус / бездомништво

3. Следно, поделете примероци од образецот со цветот на секој учесник (Материјал 5.2) и кажете им да ја пополнат со нивните идентитети во рамките на погоре наведените категории на идентитет. Доколку сакаат, учесниците можат да ги вклучат и идентитетите на нивното блиско семејство/пријатели. Посочете дека учесниците нема да ги споделуваат своите цвеќиња со никого, туку само треба да размислуваат за нивниот идентитет и идентитетот на луѓето блиски до нив. Откако учесниците ќе ги завршат своите цвеќиња, прашајте ги какво

чувство имаат кога ги пополнуваат ливчињата со нивните идентитети. Потоа, сумирајте дека оваа вежба покажува дека а) секој има повеќекратни идентитети и дека овие идентитети се составен дел од нив и дека б) идентитетите се вкрстуваат. Имајте на ум дека во овој поглед, учесниците на овој курс за обука не се разликуваат од луѓето на кои треба да им се утврди идентитетот. Учесниците исто така можат да бидат жртва на дискриминаторски злосторства или инциденти. Тие можат да имаат потреби кои ќе произлезат од тоа како нивниот идентитет е во интеракција со околината, на пример, лицата со попреченост имаат посебни потреби кога се во интеракција со полицијата и системот на кривичната правда.

4. Нагласете дека не постои хиерархија на аспектите на нечиј идентитет, бидејќи секој од нив е составен дел од идентитетот на одредена личност и на тој начин влијае на искуствата на поединецот. Вкрстените идентитети на жртвата влијаат на тоа како жртвата го доживува инцидентот, како таа е засегната од истиот, како и дали ќе го пријави, и нивниот пристап до правдата. Целта на разбирањето на вкрстените идентитети е да се препознае дека **различните вкрстувања создаваат различни искуства на дискриминаторски третман, инциденти и злосторства**. Полицијата треба да го земе тоа предвид и треба да има повеќесекторски, наместо еднонасочен пристап. Со цел подобро да се опфати повеќекратноста, полицијата треба да ја стави **жртвата во центарот на своите постапки.**

5. Потоа, за да ги објасните горенаведените точки, поделете ги учесниците во три групи за да работат на студиите на случај. Поделете ги студиите на случај (Материјал 5.2б) и распределете на секоја група по еден случај. Побарајте да разговараат и да одговорат на прашањата 1,2 и 3. Дајте им на групите 10 минути да работат на нивните случаи.

6. Групите потоа треба да ги презентираат своите одговори.

7. Откако ќе презентира секоја група, споделете ги информациите за повеќекратни идентитети од белешките на обучувачот во Анекс 5.2б.

8. Сега поставете го прашањето 4 на групата и дискутирајте го со целата група.

9. На крајот на дискусијата, изведете заклучок со споделување на следните информации. Секој друг вкрстен идентитет на жртвата може да влијае на нејзиното искуство со дискриминаторски инцидент или какво било кривично дело, како и да влијае на нејзиниот пристап до правдата. Не се очекува полициските службеници да имаат познавање на сите аспекти на можните вкрстени идентитети на одредена жртва. Тоа е невозможна задача за секого. Меѓутоа, за да се постапува со жртвата со почит и чувствителност, **полицијата треба да ја стави жртвата во центарот на своите постапки.** Само со слушање на жртвата, полицијата може да ги дознае и разбере нејзините потреби. Општото знаење за различните заедници и нивните ранливости, добиени преку тековно информирање и соработка со организациите во заедницата, е, сепак, неопходност за секој полициски службеник за првично справување со жртвата и олеснување на последователната интеракција. Модулот шест ги разработува вештините и знаењата за ефективно ангажирање во заедницата.

## *Активност 5.3: Секундарна виктимизација како дискриминација*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Полициските дејствија и/или неактивност може да доведат до секундарна виктимизација. |
| **Време:** | 30 минути |
| **Потребни материјали:** | табла<br>маркери за табла<br>хартија<br>Материјал 5.3, печатени сведоштва на жртвите за нивната интеракција со полицијата |
| **Подготовка:** | Заедно со локална ГО, обучувачот треба да ги подготви сведочењата на жртвите, истакнувајќи ги искуствата од секундарна виктимизација при интеракција со полицијата релевантна за националниот/локален контекст. |

**Инструкции**

1. Започнете со објаснување на концептот на секундарна виктимизација, зошто е важно полициските службеници да бидат свесни за неа и како полициското постапување може да доведе до секундарна виктимизација. Користете ги информациите подолу.

**Што е секундарна виктимизација?** Секундарната виктимизација е дискриминаторски или омаловажувачки третман што го засилува или го влошува влијанието на првобитното кривично дело. За многу жртви, секундарната виктимизација може да ја продлабочи траумата од првобитното злосторство, да доведе до уште поголемо понижување и изолација и да резултира со поголем емоционален и психолошки ефект. Однесувањето на полицијата и професионалците од кривичната правда затоа можат да имаат директно влијание врз жртвите.

2. Потоа, поделете ги сведоштвата на жртвите на учесниците волонтери (Материјал 5.3). Сведоштвата се за интеракциите на жртвите со полицијата или за нивните искуства во текот на кривичниот процес. Пред курсот за обука, подгответе ги во соработка со локална ГО сведоштвата кои се релевантни за националниот/локален контекст. Сведоштвата подолу може да се користат како помош за оваа подготовка.

Кажете им на волонтерите да ги прочитаат сведоштвата на глас за целата група и побарајте од групата да ги идентификува полициските практики/однесувања кои би можеле да доведат до секундарна виктимизација.

3. Во текот на дискусијата на групата, на таблата запишете ги видовите на полициско однесување што можат да доведат до секундарна виктимизација.[123]

    - Отсуство на одговор или некорисен и омаловажувачки одговор
    - Припишување одговорност за кривичното дело на жртвите (обвинување на жртвата)
    - Минимизирање на сериозноста на пријавеното кривично дело и банализирање на индивидуалното искуство и последици
    - Покажување негативни ставови или зајакнување на предрасудите на сторителот и соодветно постапување со жртвата
    - Изразување сочувство и разбирање за сторителот
    - Негирање на перспективата на жртвата во проценката и евалуацијата на кривичното дело, не земајќи ја предвид пристрасната мотивација или отфрлајќи ја како ирелевантна
    - Претпоставување дека изјавата на жртвата нема да биде веродостојна врз

**123** Имајте предвид дека белешките од таблата за оваа активност подоцна ќе се искористат во Активност 5.4 како основа за задачата за групата.

основа на заштитена карактеристика, на пример, затоа што има ментална или психо-социјална попреченост

- Недостаток на соодветно знаење, искуство и вештини за да се увиди значењето на идентитетот на жртвата за кривичното дело што го претрпела
- Недостаток на внимание за индивидуалните потреби, особено за потребата за информации и правда.

4. Завршете ја оваа вежба со споменување дека полициските службеници треба да бидат свесни како нивните постапки (и неактивност) и зборови можат да влијаат врз жртвата, поткопувајќи ја нејзината доверба и подготвеност да пријави кривично дело и да соработува во каква било истрага. Полицијата, исто така, треба да знае дека некои од дејствијата наведени во оваа активност претставуваат дискриминација и може да бидат дисциплински прашања. Во поголем обем, тоа влијае не само на поединечен случај, туку и на довербата во целата заедница. Внимавајќи на своите постапки и зборови и со професионално и неомаловажувачко постапување со жртвите, полицијата може да ја подобри својата слика во јавноста и да ја зголеми довербата на заедницата. Како резултат на тоа ќе се зајакнат комуникацијата и протокот на информации, што ќе доведе до поефективно полициско работење и позитивни исходи од истрагата.

## *Активност 5.4: Проценка и задоволување на потребите на жртвите*

**Наставни теми:** Полицијата треба да изврши индивидуална проценка на потребите и ризиците за секоја жртва. Активноста ги прикажува размислувањата и информациите што треба да се соберат при таквата проценка.

| | |
|---|---|
| **Време:** | 60 минути |
| **Потребни материјали:** | табла, маркери за табла, хартија, студија на случај, Материјал 5.4а Материјал 5.4б |
| **Подготовка:** | Обучувачот треба да ги провери релевантните национални политики и полициските оперативни инструкции за потребите на жртвите и проценката на ризикот и нивната примена од страна на полициските службеници. Дополнително, обучувачот треба да се информира за националните услуги за поддршка, кои ги нудат државните и невладините актери. Соработувајте со граѓанските организации, колку што е возможно, за да вклучите информации за нивните услуги. |

**Инструкции**

1. Започнете со тоа што ќе кажете дека пристапот насочен кон жртвата подразбира **индивидуална проценка на потребите и ризиците на жртвата**. Ваквата проценка е особено важна во случаите на злосторства од омраза и инцидентите бидејќи овие случаи го носат ризикот од континуирана или повторена виктимизација, заплашување и одмазда. Слично на тоа, жртвите кои припаѓаат на малцинските заедници имаат посебна ранливост што треба да ја земе предвид и полицијата. Со цел полицијата да ја исполни својата функција за заштита на животот, индивидуалната проценка на потребите и ризиците треба да ја смета како составен дел од нејзината интеракција со жртвите. Прво, индивидуалната проценка гарантира дека полицијата ги разбира потребите на жртвата и ризиците со кои таа (можеби) се соочува, и ѝ помага на полицијата да ги одреди заштитните и мерките за поддршка што треба да ги преземе. Понатаму, со одговарање на потребите на жртвата, се поттикнува нејзината способност и волја да соработува со полицијата за случајот и да споделува информации. Тоа е важен елемент за успешна истрага.

2. Со цел да ја истакнете важноста на проценката на ризиците и потребите, поканете ги учесниците да разговараат за студија на случај (Прирачник 5.4а). Побарајте од учесниците да работат во парови. Дајте им 10 минути да го прочитаат и дискутираат случајот и да одговорат на прашањата вклучени во студијата на случај.

3. Соберете ги учесниците повторно во големата група и побарајте од нив да ги споделат и дискутираат нивните одговори.

4. Откако ќе разговарате за студијата на случај, нагласете дека **полицијата треба да ја стави жртвата во центарот на своите постапки**. Треба да се изврши проценка на ризиците и потребите на жртвата што е можно поскоро за да се осигури дека сите потребни мерки за заштита и поддршка се спроведуваат без одлагање. Уште поважно е проценката да биде индивидуална за секоја жртва, земајќи ги предвид **личните карактеристики** на жртвата, како што се возраста, родовиот идентитет или изразување, етничката припадност, расата, религијата, сексуалната ориентација, попреченоста итн. и било кои посебни **ранливости** поврзани со тие карактеристики.

5. Следно, поделете ги учесниците во три или четири групи за да работите со една хипотетичка ситуација:

**Сценарио**: Жртва која припаѓа на малцинска заедница доаѓа во полициска станица да пријави кривично дело веднаш по инцидентот.

**Задача:** Земајќи ги предвид видовите на потреби на жртвите, ризиците од секундарна виктимизација и важноста на пристапот насочен кон жртвата, подгответе листа на размислувања и прашања што треба да ги поставите на жртвата со цел да ја процените нивната заштита, пристап и да ги поддржите потребите и ризици. Фокусот на оваа задача е како да се поставуваат прашањата за да се утврдат овие потреби и во исто време да не се поткопува довербата на жртвата и да се внимава на потенцијалните ранливости на жртвата.

Кога ја објаснувате задачата, привлечете го вниманието на учесниците на белешките од таблата од Активност 5.1 (потреби на жртвите) и Активност 5.3 (секундарна виктимизација). Дајте им на групите 10 минути да разговараат за нивните одговори, а потоа секоја група треба да го презентира својот одговор на целата група, по што ќе следи дискусија во групата. Целта на оваа вежба е да го стави знаењето од претходните делови (потреби на жртвата, повеќекратност, проценка на потребите и ризиците) во полициски контекст. Примерок на одговорите е даден во Материјал 5.4б.

**Забелешки на обучувачот**

Земјите-членки на ЕУ се обврзани со Директивата на ЕУ за правата на жртвите,[124] која бара од полицијата да спроведе процес на проценка на индивидуалните потреби за да го утврди ризикот од секундарна и повторна виктимизација, заплашување и одмазда. Конкретно ги признава жртвите на злосторство од омраза како подкатегорија на „особено ранливи жртви“ и ги нагласува нивните права на заштита и помош во согласност со нивните индивидуални потреби. Оттука, некои земји-членки на ЕУ може да имаат веќе воспоставени национални форми за проценка на индивидуалните потреби и на сродните политики. Затоа е важно да се спроведе претходно истражување и да се добијат информации за нивното постоење. Овие форми и политики најчесто бараат само проценка на ризикот, без да се разгледуваат потребите на жртвите. Како последица на тоа, обучувачот треба да нагласи конкретни аспекти и размислувања во врска со потребите на жртвите на злосторства и инциденти од омраза, како и на жртвите кои припаѓаат на малцинските групи.

**Корисни ресурси за овој дел:**

- ОБСЕ/ОДИХР (2021), „Модел на насоки за проценки на индивидуалните потреби на жртвите на злосторство од омраза“, достапно на www.osce.org/odihr/489782.
- Проект „Кампања против хомофобијата, нема повеќе омраза“, „Прирачник за органите на прогонот: Задоволување на потребите на жртвите на хомофобични и трансфобични злосторства од омраза“, достапен на https://kph.org.pl/publikacje_kph.
- Директива за правата на жртвите на ЕУ, достапна на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/ TXT/?uri=CELEX%3A32012L0029.

**124** Директива на ЕУ за воспоставување на минимални стандарди за правата, поддршката и заштитата на жртвите на криминал – Директива 2012/29/ЕУ, усвоена на 25 октомври 2012 година, и достапна на https://eur-lex.europa.eu/legal-content/en/ TXT/?uri=CELEX%3A32012L0029.

## *Активност 5.5: Сензитивна и неомаловажувачка интеракција со жртвите*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Полицијата треба да комуницира со жртвите на сензитивен и неомаловажувачки начин. |
| **Време:** | 90 минути |
| **Потребни материјали:** | табла<br>маркери за табла |
| | хартија |
| | Материјал 5.5а и Материјал 5.5б |
| **Подготовка:** | Испечатете насоки за играње на улоги за секоја улога (Материјал 5.5а) и Материјал 5.5б. Пред активноста за обука, проверете го со претставникот од полицијата постоењето на релевантни национални законски или политички одредби кои бараат од полицијата да ги информира жртвите за нивните права, како и за релевантни брошури или други изготвени материјали за правата на жртвите достапни за полициска употреба. (Погледнете ги Белешките за обучувачот на крајот на оваа активност за повеќе информации). |

**Инструкции**

1. Објаснете ѝ на групата дека фокусот на оваа активност е да се практикува интеракција со жртвите преку практични вежби и да се стави знаењето од претходните делови (влијанието на злосторството од омраза и инцидентот, потребите на жртвата, секундарната виктимизација) во контекст на полициското работење.

2. Кажете ѝ на групата дека следната вежба е игра на улоги во интервју и побарајте четворица волонтери – двајца да глумат жртви и двајца да глумат полициски службеници. Остатокот од групата ќе набљудува и секој „набљудувач" ќе треба да даде повратна информација по вежбата. Наведете дека иако ова е игра на улоги со двете страни, главниот фокус на вежбата е на постапките и зборовите на „полициските службеници", а не на „жртвите".

3. Поделете им го Материјалот 5.5а на сите учесници.

4. Откако ќе се распределат улогите, дајте им на „полициските службеници" и на „жртвите" пет минути да се подготват. Потоа кажете им да седнат пред групата и да го спроведат интервјуто. Одвојте 10-15 минути за оваа задача. Како што ќе тече процесот, забележете ги клучните аспекти што поминаа добро и тие што не поминаа добро, како и сè што е пропуштено.

5. Откако ќе заврши процесот, замолете ги „полициските службеници" да размислат за нивното искуство. Што било тешко? Кои биле аспектите на процесот за кои знаеле дека треба да се поставаат или треба да се кажат, но не знаеле како да го направат тоа? Дали чувствувале дека немаат одредено знаење? Каде би можеле да го добијат ова знаење?

6. Потоа побарајте од „жртвите" да размислат за вежбата. Како се чувствувале? Од нивна перспектива, кои аспекти од процесот ги охрабриле да им веруваат на „полициските службеници" и да споделат повеќе информации, и кои аспекти од процесот ги оддалечиле? Според нив, што недостасувало во третманот?

7. Потоа побарајте од групата да ги даде своите повратни информации, еден по

еден, за тоа како се чувствувале? Што поминало добро, а што не? Кои други аспекти требало да ги применат „полициските службеници“?

8. Поделете го Материјалот 5.5б на групата и разгледајте го интервјуто заедно, наведувајќи ги точките од Материјалот 5.5б.

9. Потоа, продолжете со друга практична вежба, фокусирајќи се на комуникацијата за правата на жртвата и чекорите од процесот. Побарајте од групата да работи во парови. Задачата е едниот член да му објасни на својот колега, како да е тој жртвата, на едноставен јазик, кои се неговата права и што треба да очекува од процесот по пријавувањето на кривичното дело (на пример, можни прашања што може да се појават, очекувани процедурални постапки, што се бара од жртвата и/или што има право да преземе, временска рамка, итн.). Дајте им на учесниците 15 минути за оваа задача, а потоа отворете дискусија со целата група. Прашајте ги учесниците дали е тешко да се објаснат тие информации на едноставен, разбирлив јазик? Дали можеа да ги објаснат сите потребни информации или требаше да направат некое истражување за да се потсетат?

**Забелешки за обучувачот**

Иако оваа вежба се однесува на комуникацијата и интеракцијата со жртвите, таа дава само увид што и како полициските службеници треба или не треба да прават за да се сигурни дека се однесуваат со жртвата на сензитивен и недискриминаторски начин. Полициските службеници, во зависност од степенот на нивната изложеност на жртви и нивната специјализација, можат да имаат потреба од специјалистичка обука за интервјуирање на жртвите, за поставување на жртвата во центарот на процесот и за начини како да избегнат потценување на психологијата на жртвите. Тоа може да се спомене како препорака до полициското раководство кое ја побарало дадената обука.

Земјите-членки на ЕУ се обврзани според Директивата за жртви на ЕУ да имаат брошури или информативни листови во кои се наведени правата на жртвите според националното законодавство и да им ги обезбедат овие информации на жртвите кога ќе се пријави кривично дело. Обично се работи за документ напишан со правнички и неразбирлив жаргон. Пред курсот за обука, распрашајте се за достапноста на таквите брошури. Доколку се достапни, донесете некои од нив на курсот. Доколку нема релевантни национални материјали готови за употреба, прашајте го лицето за контакт од полицијата кои се релевантните правни или политички документи кои се однесуваат на правата на жртвата и кои бараат од полицијата да ги информира жртвите за нивните права. Погрижете се да ги користите овие материјали во оваа вежба. Целта на оваа вежба е а) да се утврди дали полициските службеници ги знаат правата на жртвата, дали знаат дека треба да ја информираат жртвата за нејзините права и дали знаат каде да ги добијат овие информации ако не се лесно достапни во форма на брошури, и б) да се утврди дали полициските службеници можат да ги објаснат правата на жртвата и самиот процесот на јасен, едноставен јазик што е разбирлив за жртвата.

# Анекси и материјали

## *Анекс 5.1: Сведоштва на жртви од злосторство од омраза 13*[125]

1. Сакам само некој да ме ислуша и да не суди, да се соживее со мене, да ме разбере.

2. Ти треба некој кој само ќе седне и ќе те ислуша. Мислам дека тоа е најважното нешто затоа што мислам дека треба да зборуваш за тоа за да го извадиш од себе. Треба некој да ти понуди емпатија и грижа и сигурност.

3. Емоционалната поддршка мене не би ми користела. Мене ми требаше практична поддршка. Знаете, ми требаше полицијата да има овластување да влезе таму, да ја извади и да ја смести на друго место.

4. Треба да се сфати посериозно. Не се работи за тоа некој да е нападнат и да може да се види штетата. Жртвите на злосторство од омраза страдаат во себе и тоа влијае на нивното ментално здравје.

5. Онаму каде што замолив или побарав поддршка, беше комбинација од емоционална и практична поддршка, т.е. практични решенија кои потоа би го елиминирале или би го отежнале продолжувањето на злоупотребата или виктимизацијата… Ја повикав локалната власт и организацијата за поддршка на жртвите.

6. За да можеш да се опоравиш од секаков вид на „злосторство од омраза“ не се работи само за тоа да можеш да го пријавиш злосторството и да зборуваш за него, туку и да бидеш во тек со сите настани што следат. Таквите информации ќе ѝ помогнат на жртвата да се опорави.

7. Треба да има советници кои можат да понудат поддршка соодветна на конкретното лице. Секој различно ги сфаќа работите, различно се справува, различно ги процесира работите. Советниците имаат поголема слобода правилно да ги разберат и да им помогнат на оние жртви кои страдаат.

8. И порано сум бил расно малтретиран и навистина се плашев да го пријавам злосторството во случај полицијата да не ми верува.

9. Тоа предизвика да не се чувствувам безбедно дома. Заради тоа се плашев да се вратам дома. Кога ќе го слушнев нејзиниот автомобил како се паркира, веднаш ми се јавуваше тензија. Беше ужасно... Се плашев од секој ден од мојот живот, ... знаете, воопшто не спиев.

10. На злосторството од омраза треба да му се посвети посебно внимание затоа што тоа всушност ја повредува личноста психички, веројатно многу повеќе отколку физички… дефинитивно злосторството од омраза може да биде полошо од кражба или провалување во автомобил. Злосторството од омраза е личен напад, без разлика дали е физички или вербален.

**125** Сведоштвата се земени од извештајот „Лечење на раните: Утврдување како најдобро да се поддржат жртвите од злосторство од омраза“, Универзитет во Лестер, Центар за студии за омраза, достапно на www2.le.ac.uk/departments/criminology/hate/documents/ healing-the-harms-of-hate-report.

МАТЕРИЈАЛ

11. Мислам дека за злосторството од омраза е потребна дополнителна поддршка. Ако те нападнат заради твојот идентитет, заради тоа што си, тоа ја поткопува самата суштина на тоа кој си всушност.

**Сведоштва на жртви кои припаѓаат на малцинските групи (жртви на злосторства што не се од омраза)**

1. Морам да се потпрам на системот на кривичната правда, на кој не му верувам бидејќи токму тие луѓе постојано ме застануваат без никаков основ да ми ги проверат документите.

2. Знам дека за да го сопрам тоа требаше да пријавам во полиција, но како да го направам тоа? Отидов еднаш, ми рекоа дека не зборуваат Фарси и дека немаат преведувач.

3. Мојот партнер ме малтретираше неколку пати, но кога собрав сила да отидам во полиција, службеникот таму ми рече дека не може да се меша бидејќи тоа е семејна работа и типично ромско однесување.

4. Како трансродов маж, се трудам да избегнам каква било интеракција со полицијата, или со било кој официјален орган, бидејќи моите документи за лична идентификација не го одразуваат мојот родов идентитет и не можам да замислам да поминам низ понижувањето предизвикано од нивните реакции.

## *Материјал 5.2а: Цветот на идентитетите*

**Инструкции**: Пополнете го овој цвет со вашите идентитети заедно со категориите на идентитети, како што се раса / етничка припадност / национално потекло / јазик, статус на мигрант или бегалец, религија или верување, сексуална ориентација / родов идентитет / родово изразување / полови карактеристики, попреченост, здравје, возраст, политичка припадност, урбана / рурална локација, социоекономски статус / бездомништво, и така натаму, кои го формираат вашиот идентитет и се важни за тоа како се чувствувате и како комуницирате со другите. Ако не сакате, не мора да го мапирате вашиот идентитет. Може да ги вклучите идентитетите на блиското семејство или некој што го познавате. Ако ви треба, доцртајте дополнителни ливчиња.



*Материјал 5.2б*

Прашањата што треба да се опфатат во секој случај се следниве:

- Кои се вкрстените идентитети овде?
- Како се разликува искуството кога се појавуваат повеќе идентитети на жртвата?
- Како може вкрстените идентитети на жртвата да влијаат на нејзините потреби за пристап, на пример, до информации, заштита, поддршка или комуникација? Како овие информации влијаат на вашите одлуки како полициски службеник/претставник на полицијата?
- Замислете дека ќе земете изјава од оваа личност. Што треба да земете предвид? Како би го прилагодиле вашиот редовен процес?

**Случај 1**: Нападнат маж хомосексуалец додека излегувал од геј клуб среде ноќ.

*Разгледајте го неговото искуство низ призмата на возраста и етничката припадност.*

**Случај 2**: Жена била сексуално вознемирувана кога одела покрај јавен автопат, каде работела како сексуална работничка.

*Разгледајте го нејзиното искуство низ призмата на родовиот идентитет и мигрантскиот статус.*

**Случај 3**: Жена со телесен инвалидитет била нападната од нејзиниот негувател кога останале сами во собата.

*Разгледајте го нејзиното искуство низ призмата на попреченоста, полот и сексуалната ориентација.*

## *Анекс 5.6: Забелешки на обучувачот*

Прашањата што треба да се опфатат во секој случај се следниве:

- Кои се вкрстените идентитети овде?
- Како се разликува искуството кога се појавуваат повеќе идентитети на жртвата?
- Како може вкрстените идентитети на жртвата да влијаат на нејзините потреби за пристап, на пример, до информации, заштита, поддршка или комуникација? Како овие информации влијаат на вашите одлуки како полициски службеник/претставник на полицијата?
- Замислете дека ќе земете изјава од оваа личност. Што треба да земете предвид? Како би го прилагодиле вашиот редовен процес?

**Случај 1**: Нападнат маж хомосексуалец додека излегувал од геј клуб среде ноќ.
*Разгледајте го неговото искуство низ призмата на возраста и етничката припадност.*

**Белешки за обучувачот**

1. Сексуална ориентација и род. Земајќи го родовиот аспект за споредба, мажите хомосексуалци и жените лезбејки генерално се подложени на различни степени на вознемирување и видови на насилство. На пример, истражувањето на ЛГБТИ лица спроведено од Агенцијата заосновни права (ФРА) на ЕУ [126] Во одреден контекст, полицијата може да биде прекршител и редовно да тепа сексуални работници, да ги принудува да имаат секс и да изнудува пари од нив. , утврди дека 39% од жените лезбејки се чувствуваат дискриминирани заради нивната сексуална ориентација, во споредба со 32% од мажите хомосексуалци. Има забележителни разлики во однос на видовите напади меѓу геј мажите и жените лезбејки: 44% од бисексуалните жени испитанички велат дека последниот инцидент вклучува сексуален напад; за разлика од тоа, 18% од геј мажите го изјавуваат истото. Жените лезбејки имаат поголема веројатност да бидат изложени на сексуализирани и родови навреди отколку геј мажите. Нивото на вознемирување, а со тоа и влијанието, зависи и од нивото на отвореност на личноста за својата сексуална ориентација.
2. Возраст. Истражувањето на ФРА на ЛГБТИ лица покажа дека младите (во возрасната група од 15 до 24 години), во просек, почесто пријавуваат дека доживеале вознемирување или физички или сексуален напад заради тоа што се ЛГБТИ во споредба со постарите групи: 14% од младите (18 до 24 возрасна група) доживеале физички или сексуален напад во петте години пред истражувањето, споредено со 7% меѓу испитаниците кои се постари од 55 години. Дополнително, младите луѓе кои се идентификуваат или се сметаат за ЛГБТИ се повеќе изложени на ризик од отфрлање од семејството или малтретирање на училиште. Ова може да доведе до повисоки стапки на напуштање на училиштето, зависност од алкохол и дрога и бездомништво.
3. Етничка или верска малцинска група. Истражувањето на ФРА за ЛГБТИ лица покажа дека 28% од оние кои припаѓаат на верско малцинство ја посочиле религијата како дополнителна основа за дискриминација, а 40% од оние кои се самоидентификуваат како припадници на етничко малцинство го посочиле етничкото потекло како дополнителна основа за дискриминација. Понатаму, дискриминаторското однесување не може да доаѓа само од конвенционалното општеството; хомофобијата постои и кај етничките или верските малцинства. Тоа значи дека геј маж, на пример, може да доживее дискриминација и од конвенционалното општество и од членовите на неговата заедница.

МАТЕРИЈАЛ

**126** Извештај на Агенцијата за основни права на Европската унија (ФРА), (2020 година), „Долгиот пат до ЛГБТИ еднаквост", достапен на https://fra.europa.eu/en/publication/2020/eu-lgbti-survey-results .

**Случај 2**: Жена била сексуално вознемирувана кога одела покрај јавен автопат, каде работела како сексуална работничка.

*Разгледајте го нејзиното искуство низ призмата на родовиот идентитет и мигрантскиот статус.*

**Белешки за обучувачот**

1. Род и социоекономски статус. Сексуалното насилство несразмерно ги погодува оние кои припаѓаат на историски маргинализираните групи, а особено жените и девојчињата. Вкрстениот карактер, исто така, може да игра улога во пристапот на жртвата до правдата: на пример, во некои контексти, сексуалните работници известуваат дека се отпуштени, дискредитирани или обвинувани кога пријавуваат насилство во полиција; во други контексти, самите сексуални работници се обвинети, уапсени или приведени кога ќе се обратат во полиција за да го пријават насилството што го доживуваат; во некои контексти, сексуалните работници се предмет на полициско насилство кога се обидуваат да пријават насилство. [127]

2. Родов идентитет. Истражувањето на ФРА на ЛГБТИ лица покажа дека 55% од трансродовите лица се чувствуваат дискриминирани поради нивниот родов идентитет и 17% од трансродовите лица биле физички или сексуално нападнати во петте години пред истражувањето поради нивниот родов идентитет. Понатаму, истражувањето на ФРА покажа дека неподготвеноста да пријават физички напад во полиција е највисока кај трансродовите лица, поради нивниот страв од трансфобични реакции. Вкрстениот карактер на статусот на сексуалниот работник и трансродовиот идентитет подразбира уште поголема ранливост од насилство, вклучително и од страна на полицијата, во споредба со цисродовите сексуални работници. [128]

3. Мигрантски статус. Лицата кои не се државјани на земјата каде што биле жртви може да се плашат дека, дури и како жртви на криминал, нивната вмешаност со полицијата или владата може да резултира со нивно апсење и/или депортирање. Мигрантите кои доаѓаат од земји со ниско ниво на доверба во полицијата можеби не сакаат да го пријават случајот и отворено да комуницираат со полициските службеници во нивната нова земја. За барателите на азил, пристапот до правдата е исто така попречен доколку не го зборуваат националниот јазик. Вкрстеноста помеѓу статусот на сексуален работник и мигрант значи дека сексуалните работници-мигранти може да се соочат со закани за депортација и поврзана полициска изнуда, што значи дека тие не можат да пристапат или да бараат правда без да ризикуваат сериозни казни или нивниот престој во земјата. [129]

МАТЕРИЈАЛ

**127** SWAN (2009), „Апсете го насилството: Злоупотреба на човековите права кај сексуалните работници во 11 земји во Централна и Источна Европа и Централна Азија", Мрежа за застапување права на сексуалните работници, достапна на https://swannet.org/resources.
**128** Цисродово лице е лице чиј родов идентитет е ист како и нивниот пол при раѓање, наспроти трансродово лице чиј родов идентитет се разликува од полот што го има при раѓање.
**129** Мрежа за застапување на правата на сексуалните работници (SWAN) (2021), „Сексуална работа и миграција во CEECA", Брифинг документ, достапен на https://swannet.org/resources.

**Случај 3**: Жена со телесен инвалидитет била нападната од нејзиниот негувател кога останале сами во собата.

*Разгледајте го нејзиното искуство низ призмата на попреченоста, родот и сексуалната ориентација.*

**Забелешки на обучувачот**

1. Попреченост. Како што е објаснето во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост (CRPD), „Попреченоста е развоен концепт и е резултат на интеракцијата помеѓу лицата со оштетувања и пречки во ставовите и средината што го спречуваат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите“.[130] Постојат различни видови на оштетувања – физички, психо-социјални, интелектуални и/или сетилни, или некоја комбинација од нив. Овие оштетувања се поврзуваат со физичките пречки и ставовите (на пр. верувања дека лицето со попреченост нема да биде веродостоен сведок) за да се оневозможи друг исход. На пример, недостапните полициски станици оневозможуваат пристап на лицата кои зависат од инвалидски колички за движење. Верувањето дека некој со психо-социјална попреченост не е во состојба да даде веродостојни докази го попречува тоа лице на начин што го оневозможува неговиот пристап до правдата. Идентитетите и потребите на лице со попреченост се разликуваат и за нив не треба да се прават претпоставки. Вообичаена карактеристика на нападите и вознемирувањето на лица со попреченост е тоа што многу од нападите се повторуваат во текот на годините и вклучуваат лица кои се блиски до жртвите, [131] како што се нивните родители, други членови на семејството или старателите со кои тие може да живеат. Во такви случаи, жртвата може да биде особено изложена на ризик кога криминалот се случува во приватно или затворено опкружување, што создава дополнителни бариери и за пријавувањето на кривичното дело и за пристапот до правдата.

2. Род. Аблеизмот[132] го намалува значењето на сведоштвата на жените со попреченост кои пријавуваат насилство, вклучително и сексуално вознемирување.[133]

3. Сексуална ориентација. Родовиот идентитет и сексуалната ориентација на лице со попреченост често се перципираат како невидливи. Вообичаено се претпоставува дека лицата со попреченост немаат сексуалност или се хетеросексуалци и цисродови лица.[134] Тоа значи дека сексуалниот и родовиот идентитет на лицата со попреченост честопати не се почитуваат. Во нивната комуникација со полицијата, тоа може да создаде дополнителни пречки за нив како жртви кога треба отворено да комуницираат и полицијата да ги задоволи нивните потреби.

4. На крајот на дискусијата, изведете заклучоци со споделување на следните информации. Секој друг вкрстен идентитет на жртвата може да влијае на нејзиното искуство со дискриминаторски инцидент или било какво кривично дело, но и на нејзиниот пристап до правдата. Од полициските службеници не се очекува да имаат сознанија за сите аспекти на можните вкрстени идентитети на одредена жртва. Тоа е невозможна задача за било кој. Меѓутоа, за да се постапува со жртвата со почит и чувствителност, **полицијата треба да ја стави жртвата во центарот на своите постапки.** Само со слушање на жртвата, полицијата може да ги дознае и разбере нејзините потреби. Општото знаење за различните заедници и нивните ранливости, добиени преку тековно информирање и соработка со организациите во заедницата, е, сепак, неопходност за секој полициски службеник за првично справување со жртвата и олеснување на последователната интеракција. Модулот шест ги разработува вештините и знаењата за ефективно ангажирање во заедницата.



**130** ОБСЕ/ОДИХР, информативен лист за злосторството од омраза против лицата со попреченост, достапен на www.osce.org/odihr/hate-crime-against-people-with-disabilities.
**131** ОБСЕ/ОДИХР, информативен лист за злосторството од омраза против лицата со попреченост, достапен на www.osce.org/odihr/hate-crime-against-people-with-disabilities.
**132** Аблеизмот е дискриминација и социјална предрасуда кон лицата со попреченост врз основа на верувањето дека типичните способности се супериорни. Во основа, аблеизмот е вкоренет во претпоставката дека лицата со попреченост треба да се „поправат“ и ги дефинира луѓето според нивната попреченост. Вклучува штетни стереотипи, заблуди и генерализации за лицата со попреченост. Пристап до Животот на www.accessliving.org/newsroom/blog/ableism-101.
**133** UN Women (2020), „Премостување на јазот: сексуална експлоатација, злоупотреба и вознемирување“.
**134** IGLYO (2014), Комплет алатки за вкрстеност.

***Материјал 5.3: Печатени сведоштва на жртвите за нивната интеракција со полицијата***

## Сведоштва

Секој пат [кога пријавувавме] се обидуваа да го банализираат нападот. Дури по нашето постојано инсистирање да се нагласи дека сме нападнати заради нашата ориентација, дека тоа е злосторство од омраза, а не обичен напад, дури тогаш ќе реагираа и ќе го евидентираа. Мислам, порано секогаш ги сметаа овие напади како прекршоци.

*Човек од Хрватска*[135]

Полицискиот службеник решил дека можеби ќе бидам добра личност за разговор и ми кажа нешто во овој контекст, „еве зошто ти ги искршиле прозорците, затоа што премногу провоцираш со твојата хомосексуалност". Општо земено, јас бев некако запрепастен, додека човекот продолжи со својот тек на мисли и ми рече дека „било премногу" и дека провоцираме, и затоа … Тој повторно и повторно ја повторуваше истата приказна… Го прашав што сакаше да каже со тоа дека провоцираме со хомосексуалноста затоа што не разбрав што мислеше со тоа, што сакаше да каже. На што тој горе-долу го рече ова: „Зарем не мислиш дека е модерно во денешно време? Јас го прашав: „А што?" И тој рече: „Хомосексуалноста, знаеш, исто како што порано случајот да се биде Евреин. Пред некое време беше модерно, па сите беа Евреи. Сега е модерно да се биде геј, хомосексуалец, а сега сите се геј".

*Жена од Полска*[136]

Па, се чувствувам полошо. Истрагата трае предолго и морам постојано да го преживувам настанот, па често мислам, дали воопшто вредеше да го пријавам, затоа што само си го продолжуваш сопственото страдање. И знам, се сомневам, мислам дека нема да се донесе пресуда, дека тој [насилникот] најверојатно ќе биде ослободен, што веројатно ќе ме растажи. Не знам, навистина не знам што ќе се постигне со ова. Можеби би било најдобро да не ги пријавуваш овие напади, да не влезеш во било каков вид на судење и на тој начин да се обидеш да си го задржиш името надвор од јавноста и да се надеваш дека со текот на времето луѓето ќе заборават на тоа, дека ќе престане, дека тие напади ќе престанат. Не знам, се обидувам да сфатам како е најпаметно да се постапи и сѐ уште не можам, сѐ уште не можам да сфатам што би било најдоброто нешто да се направи.

*Учесник во анкетата од Унгарија*[137]

Ако ги погледнете случаите како виенските полицајци се однесуваат со Африканците, како се однесуваат со Ромите – така што ако не треба да одам таму, нема да одам … има случаи на тортура и насилство што полицијата ги врши врз баратели на азил, има случај на Ром, кој беше многу малтретиран од полицијата, кој беше навредуван како „ц****" (расистичка навреда). Мојот цимер пријави кражба во полиција и првото прашање било: „Па? Дали

**135** https://eprints.lancs.ac.uk/id/eprint/83775/1/Understanding_the_Needs_of_Persons_Who_Experience_ Homophobic_or_Transphobic_Violence_or_Harassment.pdf
**136** исто.
**137** FRA (2016), „Обезбедување на правда за жртвите на злосторство од омраза: професионални перспективи", достапно на https://fra.europa.eu/sites/default/files/fra_uploads/fra-2016- justice-hate_crime-victims_en.pdf

беше н****?“ (расистичка навреда) Затоа, верувам дека расизмот е многу распространет кај полициските сили“.

*Учесник во анкетата од Австрија*[138]

Не велам дека ми пристапуваат во зависност од моето потекло. Но, можеби едноставно не се грижат многу за ваквите случаи, или не им придаваат големо значење, или не ги третираат како што треба, подетално, на информативен или пофокусиран начин. [...] Дури и во второто интервју со полицијата по мојата операција, доаѓа човекот, полицаецот, и ми вели: v islámu zakázáno alkohol [алкохолот е забранет во исламот]. Како прва и најважна работа е дека во исламот е забрането да се пие алкохол. Во тоа време се чувствував под голем притисок. Не знам дали овие луѓе доаѓаат овде да ме интервјуираат за да ја дознаат вистината или само да почнат да ме осудуваат затоа што сум Муслиман кој пие.

*Учесник во анкетата од Чешка*[139]

Како прво, кога отидов во полиција, сè ми беше преку глава и бев многу изнервиран, бесен, може да се каже. Но, во полицијата бев дочекан со таква почит, беше убаво, бидејќи беше во [мал град на северот на Шведска] и тамошната полиција не се смета за супер-професионална. Но потоа, подоцна, добив телефонски повик од една личност [обвинител] која сакаше да го процесуира мојот случај на суд, и тогаш доживеав... речиси си помислив: „О Боже, дали е ова во Шведска? Тоа беше, на пример, толку позитивно искуство.

*Учесник во анкетата од Шведска*[140]

МАТЕРИЈАЛ

**138** Во Iustitia (2017), „Животниот циклус на злосторство од омраза“, Национален извештај за Чешка, www.iccl.ie/wp-content/uploads/2018/04/Life-Cycle-of-a-Hate-Crime-Country-Report-for-Czech-Republic-English.pdf
**139** Универзитет Умеа (2017), „Животниот циклус на злосторство од омраза“, Национален извештај за Шведска, https://www.diva-portal.org/smash/get/diva2:1244821/FULLTEXT01.pdf
**140** Универзитет Умеа (2017), „Животниот циклус на злосторство од омраза“, Национален извештај за Шведска, https://www.diva-portal.org/smash/get/diva2:1244821/FULLTEXT01.pdf

## *Материјал 5.4а*

**Случај**: Поради бројни хомофобични смртни закани, геј маж, Нормундс Кинџулис, мора да се пресели од Рига во Тукумс, мирен град во Латвија на околу 70 километри од Рига. Меѓутоа, во Тукумс станува мета на хомофобично насилство. Физички е нападнат најмалку четири пати и добива закани од соседот. Нормундс, заедно со уште една жртва, ги пријавува овие закани и злоставувања во полиција, но нема никаква реакција. На 23 април 2021 година, додека Нормундс се враќал дома од работа, бил полиен со бензин и запален во хомофобичен напад. Нормундс се здобива со изгореници на 85% од телото и починува неколку дена подоцна.[141]

### Прашања за дискусија

- Дали било можно да се избегне смртта на жртвата?
- Кои ризици и потреби на жртвата требало да ги идентификува полицијата кога жртвата првпат го пријавила инцидентот во полиција?
- Какви мерки можела да преземе полицијата кога жртвата првпат го пријавила инцидентот во полиција?

МАТЕРИЈАЛ

**141** www.euronews.com/2021/04/30/gay-latvian-man-dies-after-homophobic-attack-campaigners-say; www.pinknews.co.uk/2021/05/01/latvia-gay- paramedic-normunds-kindzulis-death-epoa.

### *Материјал 5.4б*

**Општ пристап и прашања што треба да се поставаат при индивидуалната проценка на потребите и ризиците на жртвата**

**Проценката на потребите и ризиците на жртвата** е вградена во пристапот насочен кон жртвата кој ги зема предвид индивидуалните околности и ранливости на секоја жртва. Неговата цел е полицијата да ги процени потребите за безбедност и заштита на жртвата по кривичното дело, неговото можно влијание врз жртвата и заедницата и нивните потреби кои произлегуваат од тоа. Резултатите од оваа проценка ѝ помагаат на полицијата да се осигура дека сите потребни мерки за безбедност, заштита, пристап и поддршка се воспоставени без одлагање. За да можат да одговорат на целиот опсег на можни потреби, полициските службеници треба да бидат свесни за тоа кои ресурси се достапни, вклучително и кои национални служби за поддршка на жртвите – општи и специјализирани – управувани од државни агенции и граѓански организации. Полициските службеници треба да внимаваат да не ги подигнат очекувањата на жртвата со определување на мерки што не се достапни.

**Општ пристап**

Индивидуална проценка на потребите и ризиците на жртвата треба да се спроведе што е можно поскоро за да се овозможи сите потребни заштитни мерки да се применат без одлагање.

Дополнително, тоа треба да биде континуиран процес и треба да се преиспитува во секоја фаза од истрагата и процесот на кривична правда бидејќи одредени потреби и ризици може да станат очигледни само во конкретната фаза (како што се пријавување на кривичното дело/ инцидент, земање на изјава, спроведување на интервјуа, дополнителни интервјуа, подготовка за судско сослушување, судско сослушување, фаза по сослушувањето) или може да се промени со текот на времето во процесот на закрепнување.

Во одредени случаи, жртвите можеби нема да можат да ги дадат информациите (на пр. поради претрпените сериозни повреди или поради нивната емоционална состојба по нападот). Во такви случаи, роднина или друго соодветно лице може да ги обезбеди информациите или да ја придружува жртвата за морална поддршка доколку тоа го сака.

Жртвата треба да биде во центарот на индивидуалната проценка и треба активно да биде вклучена во процесот. Тоа наложува потреба полицискиот службеник кој ја врши проценката да ѝ го објасни процесот на жртвата, неговата цел и исходи и да продолжи да ѝ дава објаснувања во текот на проценката. Разбирањето и довербата на жртвата во процесот влијае на нејзиниот ангажман. За да се изгради доверба со жртвата, исто така е важно да се овозможи **жртвата да се чувствува безбедно.** Тоа бара создавање на соодветна средина, меѓу другото, безбедна средина за интервјуто и сензитивна комуникација.[142]

Постојат многу начини за спроведување на проценката, а некои земји имаат подготвени анкети или прашалници и процедури.  Камен-темелник на секое интервју за проценка со

142 Размислувањата за сензитивна интеракција со жртвата се обработени во Активност 5.5 и Материјал 5.5.

жртвата треба да биде овозможување на жртвата да ги изјави своите потреби. Тоа значи дека полицискиот службеник ја води жртвата низ процесот, објаснувајќи ги сите чекори детално, за да може жртвата да ги разбере неговите импликации и практични аспекти и самата да ги изрази своите потреби. Овој пристап овозможува жртвата да биде активна во утврдувањето на неопходните мерки и да не бара непотребно откривање на приватни информации. Улогата на полицискиот службеник е да се фокусира на потребите и да бара само информации кои се релевантни за утврдување на потребите.

Процесот на индивидуална проценка може да произведе информации кои се релевантни за истрагата. Затоа, прашањата поставени за време на интервјуто треба да бидат внимателно дефинирани за да се избегне компромитирање на потенцијалните докази и/или поткопување на кредибилитетот на жртвата или нејзиниот пристап до правдата со барање на неважни лични информации. Последниот аспект е исто така суштински во однос на принципот на недискриминација. На пример, прашањето за националност или миграциски статус може да доведе до тоа на жртвата која нема законски документи не само да и биде забранет пристап до правдата, туку и да го ризикува нејзиниот престој во некоја земја, покрај дополнителното трауматизирање на жртвата. Полицијата треба да ги третира сите информации што ќе ги добие за време на интервјуто на недискриминаторски начин и јасно да ѝ објасни на жртвата што ќе прави со информациите што ги добива и каде не може да се гарантира доверливоста.

**Размислувања**

1. Определете ги **комуникациските потреби** на жртвата. Тука спаѓа прашањето дали жртвата има потреба од преведувач, слушни уреди или специјалистичка поддршка за попреченост (на пр. за потешкотии со читањето или зборувањето). Некои од овие потреби може да станат очигледни за време на интервјуто.

2. **Објаснете ѝ ги на жртвата** чекорите на проценката, зошто се спроведува и кои се следните чекори. Појаснете дека прашањата што се поставуваат за време на проценката помагаат потребите на жртвата најдобро да се разберат и да се овозможи учество на жртвата. Прашајте ја жртвата кои дополнителни информации ѝ се потребни за процесот или дали ѝ треба нешто во тој момент за да се чувствува пријатно.

3. Дајте ѝ на жртвата информации за политиките за **доверливост**, споделување на информации и водење евиденција. ИМАЈТЕ ПРЕДВИД дека информациите што ги споделува жртвата треба да се третираат со најголема доверливост и да се споделуваат со други страни само кога тоа е од суштинско значење од оперативни причини или кога е задолжително со закон. Содржината на проценката треба да се чува одвоено од списите на предметот за време на предистражната постапка и судењето.

4. Прашајте **општи информации** за жртвата, освен доколку жртвата не одлучи да остане анонимна. Тоа го вклучува името на лицето (појаснување со кое име претпочита да ѝ се обраќаат и кое име треба да се користи кога се јавуваат дома или на работа), родот, претпочитани заменки (доколку е релевантно), датум на раѓање и детали за контакт (појаснување дали е безбедно да ги контактирате на телефон, е-пошта или на адресата што ја имаат дадено). Додека поставувате прашања, дајте објаснување зошто се потребни овие информации.

*Примери на прашања:*

- Како се викате? Дали е ова името што претпочитате да се користи за вас?
- Ако не сте сигурни како да се изразите за родот и заменките на жртвата, прашајте ја Како би сакале да ви се обратам?
- Кој е вашиот датум на раѓање? Ова ми треба за идентификација.
- Можеби ќе треба да ве контактираме во врска со вашиот случај: кој е најдобриот начин да го направиме тоа, по телефон, по е-пошта или преку лице за контакт (во случај да не сте достапни)?

1. Утврдете дали постои непосреден ризик за жртвата и дали е потребна итна поддршка. Тука спаѓаат прашања за нејзината моментална физичка состојба и потребната медицинска помош и прашања дали е сè уште во опасност или дали се плаши од некаква непосредна повреда.

*Примери на прашања:*

- Дали имате физички повреди како резултат на прекршокот?
- Дали ви е потребна медицинска помош?
- Дали мислите дека сте во опасност или се плашите од некаква непосредна штета?
- Што ви е потребно за да се чувствувате безбедно во моментов?

2. Детално објаснете ги чекорите на процесот на кривична правда по пријавувањето на инцидентот и што може да се бара од жртвата. Како што објаснувате, наведете ги практичните аспекти на ангажманот на жртвата со цел таа целосно да го разбере процесот и да може да ги изрази своите потреби поврзани со него. Утврдете ги потребите на жртвата за пристап и поддршка така што во секоја фаза ќе ја прашувате што ѝ треба.

*Примери на прашања:*

- Дали има нешто што треба да знам за да ви го олеснам процесот?
- Можеби ќе ве повикаме да дадете изјава подоцна. Дали има потреба од поддршка или пристап за која треба да бидеме свесни? Дали сте загрижени за тоа?

- Како што напредува вашиот случај, моите колеги ќе го преземат и можеби ќе треба да стапат во контакт со вас. Кога е најдобро време да ве контактираме? Дали имате некакви ограничувања за какви било идни контакти или средби со полицијата?

- Дали имате потреба од пристап во врска со тоа како треба да комуницираме со вас или ако треба да дојдете и да дадете изјава?

- Имаме голем број на организации за поддршка на кои би сакале да ве упатиме. Дали имате некои потреби од поддршка или пристап за кои треба да знаеме?

3. Побарајте информации за деталите за кривичното дело, кои го вклучуваат следново: видот на кривичното дело, околностите на кривичното дело, целта на кривичното дело и претрпената штета (вклучувајќи физичка повреда, психолошка повреда или материјална штета). Имајќи ги предвид правилата за докази, разјаснете дали жртвата смета дека била цел поради нејзиниот специфичен идентитет(и), како што се нејзината етничка припадност, националност, религија или верување, јазик, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, родово изразување, возраст и така натаму.

***Примери на прашања:***

- Кажете ми, со свои зборови, што се случи?

- Зошто мислите дека бевте мета?

- Дали има нешто што се случило пред, за време на или по прекршокот што, според вас, има врска со прекршокот?

- Како ви влијаеше прекршокот? Каква физичка или психолошка повреда претрпевте?

4. Проценете го ризикот од продолжена и повторена виктимизација. Ваквите проценки треба да користат информации од многу фактори, вклучувајќи ги, но не ограничувајќи се на, историјата на прекршокот, методот на нападот и познавањето на сторителот.

***Примери на прашања:***

- Дали го знаете или имате лични врски со сторителот?

- Дали сте биле жртва на истиот сторител или лица/организации поврзани со него претходно?

- Дали се плашите од понатамошни напади од истиот сторител или лица/организации поврзани со него?

- Дали постојат фактори за кои полицијата треба да знае и кои го зголемуваат ризикот од повторено или континуирано оштетување на вас?

5. Соберете информации за влијанието на кривичното дело, што вклучува прашања за следново: како делото влијаело на емоционалното и психичкото здравје на жртвата, вклучувајќи чувство на страв, депресија, изолација и отфрлање; кој друг бил засегнат и како (особено, семејството и/или членовите на заедницата). Овој аспект од проценката може да биде порелевантен во подоцнежните фази кога влијанијата на поединецот и заедницата се појасни. Ваквата проценка е важна бидејќи може да укаже на потребата од дополнителни мерки за заштита на жртвата и нејзината заедница. Понатаму, во случаи на злосторство од омраза, изјавите за влијанието од делото, доставени во писмена форма или презентирани во текот на кривичната постапка, можат да помогнат да се провери искуството на жртвата и да се признае дискриминаторската пристрасност на кривичното дело, како и да се обезбедат информации кои ќе помогнат при изрекувањето на казната.

Преку горенаведениот процес на проценка, полицијата, заедно со жртвата, треба да ги идентификува потребните мерки за заштита, пристап и поддршка, што исто така вклучува прашања каква поддршка или заштитни мерки сака жртвата или смета дека можеби ќе ѝ требаат во иднина. Врз основа на проценката, полицијата треба да ги преземе неопходните мерки, во согласност со националните закони и насоки, и да ја упати жртвата до службите за поддршка и помош согласно потребите и достапноста.

## *Материјал 5.5а*

**Сценарио**: Две жртви доаѓаат во полициска станица за да бидат интервјуирани за напад извршен врз нив. Настраданите пред неколку дена се шетале во маркет, и во судир со други двајца посетители на маркетот биле расистички навредувани, физички нападнати и бркани од нив.

**Задача за „полициските службеници“**: Со цел да се обезбеди сензитивен третман и да се намалат ризиците од секундарна виктимизација, интервјуирајте ги жртвите за нападот што го претрпеле. Размислете каков речник ќе користите, практичните мерки што можете да ги преземете за да обезбедите сензитивна интеракција и што треба и што не треба да правите кога ќе комуницирате со жртвата.

**Задачата за „жртвите“ (овој дел треба да се сподели само со две „жртви“)**:[143] Живеете во главен град на една од земјите-членки на Советот на Европа. Вие сте двајца пријатели и имате ромско потекло. Пред неколку дена се шетавте во маркет и во судир со други двајца посетители на маркетот бевте расистички навредувани, физички нападнати и бркани од нив.

*На денот на инцидентот сте биле на пазар кога некои минувачи турнале еден од вас. Другиот сфатил дека се работи за двајца млади луѓе и му рекол на другарот да ги игнорира бидејќи биле пијани („средени“). Еден од нив двајцата ве слушнал и се свртел велејќи: „да ти ебам мајката ц******* (расистичка навреда), кој е среден? Кој си ти да ми го кажеш тоа? Сите треба да бидете истребени, да ви ебам мајката ц******* (расистичка навреда)“. Еден од вас испаничил и извадил нож за да ги исплаши.*

МАТЕРИЈАЛ

**Детали:**[144] *На денот на инцидентот сте биле на пазар кога некои минувачи турнале еден од вас. Другиот сфатил дека се работи за двајца млади луѓе и му рекол на другарот да ги игнорира бидејќи биле пијани („средени“). Еден од нив двајцата ве слушнал и се свртел велејќи: „да ти ебам мајката ц******* (расистичка навреда), кој е среден? Кој си ти да ми го кажеш тоа? Сите треба да бидете истребени, да ви ебам мајката ц******* (расистичка навреда)“. Еден од вас испаничил и извадил нож за да ги исплаши.*
*Но, тоа поттикнало дополнителен излив на гнев кај двајцата мажи – од кои едниот извадил нож – и двајцата почнале да ве бркаат вас двајцата. Додека сте бегале, сте побарале помош. Меѓутоа, напаѓачите успеале да ве фатат и почнале да ве тепаат, велејќи дека Ромите треба да се убијат. Во одреден момент пристигнала полицијата за да уапси двајца напаѓачи. На местото на настанот излегла и итната медицинска помош. Како резултат на нападот, еден од вас имал контузија која била видлива под левото око. Другиот имал полесни телесни повреди.*

**Насоки**: Има историја на полициска злоупотреба и дискриминација на Ромите во вашата земја. Постојат докази дека полициските службеници редовно ги игнорираат нападите врз Ромите и не ги евидентираат и истражуваат соодветно. Исто така, постојат докази дека

**143** СВе молиме имајте предвид дека речиси сите полициски распитувачи, во нивната редовна работа, ќе се обидат да ги раздвојат сведоците за да избегнат контаминација на меморијата. Затоа, појаснете дека оваа вежба вклучува интервјуирање на две жртви заедно само за целите на обуката; во оваа вежба, „жртвите“ играат само споредна улога.
144 Сценариото е делумно засновано на случајот на ЕСЧП Скорјанец против Хрватска, но е изменето за целите на оваа вежба. Достапно е на https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22%C5%A0korjanec%20v%20 Croatia%22],%22documentcollectionid2%22:[%22GRANDCHAMBER%22, %22 KOMOPA%22],%22itemid%22:[%22001-172327%22]}.

полициските службеници редовно изразуваат антиромски чувства. Затоа, довербата во полицијата кај ромската заедница е исклучително ниска. Всушност, само 5% од малтретирањето и насилните злосторства врз Ромите се пријавуваат во полиција во вашата земја. Со оглед на тоа, за време на интервјуто, однесувајте се на начин кој ќе го одрази тој статус кво, истовремено одговарајќи на третманот што ќе го добиете за време на ова конкретно интервју: забележете дали полициските службеници се обидуваат да воспостават доверба и се однесуваат сензитивно со вас; деталите за инцидентот соопштете ги соодветно на тоа.

Задача за остатокот од групата, „набљудувачи": Набљудувајте го процесот на интервјуто и забележете ги работите кои се добри и тие кои не се добри, како и работите што требаше да се направат или кажат, но не се направиле или кажале. Од вас ќе биде побарано да им дадете повратни информации на вашите колеги - „полициски службеници". Главниот фокус е работата на „полициските службеници" за професионално постапување со жртвите, избегнување на секундарна виктимизација и користење на сензитивна комуникација.

*Материјал 5.5б: Аспекти на сензитивна интеракција со жртва*

- Клучно е да се создаде безбедна и доверлива средина за време на распитот. Тоа може да се постигне преку сензитивна комуникација и со обезбедување на простории за распитот прилагодени на жртвите, овозможувајќи неопходен степен на приватност и лесна достапност. Овој чекор е од клучно значење бидејќи ѝ овозможува на полицијата да изгради однос со жртвата, што може да помогне а) полицијата да ги исполни потребите на жртвата, б) истрагата да биде успешна. Жртвата треба да биде информирана дека може да биде придружувана од лице на кое му верува при пријавувањето на инцидент или при давањето на првична изјава, доколку тоа го сака.

- Полицискиот службеник не треба да остане анонимен, треба да се претстави со своето име и звање и накусо да ја објасни својата улога и должности.

- Важно е да се увери жртвата дека е безбедна и дека полицијата се грижи за неа со тоа што ќе се внимава на употребените зборови, говорот на телото и тонот на гласот (на пр. „Сега си безбеден", „Сега одиме на безбедно место каде што ќе можеш да ми кажеш што се случило" итн.). Полицискиот службеник треба да користи говор на телото и тон на глас кој покажува загриженост, како што е активно слушање, кое вклучува климање со главата, повторување на клучните точки, природен контакт со очите и зборување со мирен, сочувствителен глас.
  Полицискиот службеник треба да ја информира жртвата за нејзините права (процедурални права, право на преведувач итн.), да обезбеди информации за целокупниот процес (можни прашања што може да се појават, очекувани процедурални дејствија, што се бара од жртвата да направи и/или што има право да направи, временска рамка), кои се чекорите на интервјуто и сите понатамошни чекори. Со согласност на жртвата, се спроведува индивидуална проценка на нејзините потреби за заштита и помош.

- Откако ќе се одлучите за посебните мерки за заштита и помош, информирајте ја жртвата како тие ќе се спроведат и побарајте нејзино мислење дали се чувствува добро со предложените мерки што треба да се преземат веднаш и во текот на кривичната постапка, и дали можеби ѝ треба нешто друго. Доколку е возможно и доколку жртвата сака, може да се упати до специјализираните служби за поддршка на жртвите за правна, психолошка, медицинска и други видови поддршка, доколку тие постојат, или да обезбедите листа на контакти на граѓански организации и други даватели на услуги кои нудат услуги за поддршка на жртви.

- Полицискиот службеник треба да ги договори каналите за комуникација со жртвата (телефон, е-пошта, домашна адреса итн.).

- Доколку е возможно, истиот полициски службеник кој ја интервјуирал жртвата треба да остане одговорен или да служи како точка за контакт со жртвата за време на целата истрага. Од жртвата не треба да се бара да ја сподели својата приказна пред повеќе полициски службеници или други луѓе отколку што е потребно.

- При интервјуирање на жртвата, полицискиот службеник треба да се придржува до пристапот насочен кон жртвата, да покаже почит кон жртвата и да се однесува достоинствено со неа, а истовремено да има за цел да ги максимизира информациите

за да помогне во истрагата.[145] Техниките на испрашување треба да вклучуваат употреба на отворени прашања и „охрабрувачи“, треба да ја почитуваат тишината, да внимаваат на идентитетот на жртвата, да користат соодветен јазик, да ги потврдат искуствата на жртвата, да ѝ овозможат на жртвата да ја врати контролата, да ги почитува границите на жртвата и така натаму (на пр. „Дали сакате чаша вода“, „Ако ви треба повеќе време да ги средите вашите мисли, не се брзајте, јас ќе бидам тука“, „Можам да разберам зошто се чувствувате толку вознемирен и ги ценам вашите напори да ми го објасните тоа“ итн.).

- Полицискиот службеник треба да покаже дека сериозно ги сфаќа пријавените кривични дела. Во случај на потенцијални злосторства од омраза, перцепцијата на жртвата дека инцидентот е извршен поради непријателство кон заштитена карактеристика и други показатели за пристрасност треба да се вклучат во извештајот. Изјавата треба да се евидентира според политиката на релевантниот орган, идеално од збор до збор. Перцепцијата и статусот на жртвата како жртва на злосторство од омраза не треба да се отфрли, туку треба да се вреднува и треба дополнително да се истражи во текот на интервјуто за да се разбере природата и околностите на прекршокот (на пр. „Во вашата изјава велите дека мислите дека ова беше напад на расна основа. Зошто го мислите ова?“).

- Полицискиот службеник не треба да осудува и треба да ги прифати емоциите на жртвата без притоа да ја прејудицира нивната непристрасност во истрагата (на пр. „Можам да видам дека сте вознемирени поради тоа што се случило. Дали би сакале да направиме пет минути пауза?“). Во исто време, полицијата треба да најде докази што ја поддржуваат перцепцијата на жртвата (на пр. „Навистина сакам да разберам што се случило, па ќе поставам неколку прашања за да ја појасниме ситуацијата“). Затоа, полицискиот службеник не треба да поставува нереални очекувања; со други зборови, тие треба да ја почитуваат перцепцијата на жртвата, да ја доловат истата и да појаснат дека ќе треба дополнително да се докажува, вклучително и преку дополнително испрашување на жртвата.

- Полицискиот службеник треба да се воздржи од какви било коментари во врска со некоја лична карактеристика или начинот на живеење на жртвата, и какви било други несоодветни коментари или однесување.

МАТЕРИЈАЛ

145 Погледнете го Модулот 4 за Истрага на злосторство од омраза во делот на принципите на интервјуирање.

## Модул 6

# АНГАЖМАН ВО ЗАЕДНИЦАТА, ОДНОСИТЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА И ПОЛИЦИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ЗАЕДНИЦАТА НА ЛОКАЛНО НИВО

*АВТОР: МОНИКА ДИНИЗ*


| | |
|---|---|
| Вовед и контекст | **198** |
| Резултати од учењето | **200** |
| Преглед на активностите и временските рамки | **200** |
| Подготовка | **200** |
| Опис на активноститете | **201** |
| *Активност 6.1: Што е ангажман во заедницата?* | **201** |
| *Активност 6.2: Градење на доверба од самиот почеток* | **205** |
| *Активност 6.3: Избирање на вистинските партнери* | **208** |
| *Активност 6.4: Градење на профилот на тимот за полициско работење во заедницата* | **213** |
| *Активност 6.5: Партнерство за безбедност меѓу полицијата и заедницата* | **215** |
| Анекси и материјали | **219** |
| *Материјал 6.2: Студија на случај – Партнерство меѓу полицијата и заедницата во заедничката обука* | **219** |
| *Анекс 6.3б* | **221** |
| *Материјал 6.4а* | **222** |
| *Материјал 6.4б* | **223** |
| *Материјал 6.4в* | **224** |
| *Материјал 6.5а* | **225** |
| *Материјал 6.5б* | **226** |
| *Материјал 6.5в* | **227** |

## Вовед и контекст

Иако овој модул ги разгледува полициското работење во заедницата и ангажманот на заедницата како стратегии на полициското работење, тие се исто така фундаментални принципи на полициското работење засновано на човековите права. Полициските службеници и самите се членови на заедницата и не можат ефективно да ги извршуваат своите должности без прифаќање и поддршка од заедниците на кои им служат. Полицијата не може да се потпира на претпоставката дека само нивниот законски мандат е доволен за да има легитимитет и почит од заедницата. Тие мора да се заработат, и покажувањето на почит кон другите, сите други, почит во најшироката смисла на зборот, е едно од средствата со кое тоа може да се постигне. Друг начин е преку ефективноста на извршувањето на нивните полициски должности, покажувајќи способност за спречување и откривање на криминалот, за справување со стравот од криминал и со тоа да се изгради доверба во полициското работење.

Полицијата работи во контекст кој бара цврста посветеност да се задржи поврзаноста со локалните заедници и да се разберат тековните потреби и предизвици со кои полициските службеници се соочуваат во одржувањето на кохезивна, безбедна и интегрирана заедница. Затоа, полициското дејство мора да се заснова на стратегии кои вклучуваат активно и заедничко учество во идентификувањето и справувањето со предизвиците за безбедноста на заедницата. Вклученоста на заедницата еволуираше како дел од одговорот на различни кризи на полицискиот легитимитет кои се случувале во повеќе јурисдикции. Ова губење на легитимитетот и довербата во полициското работење најчесто се случува кога се чини дека полицијата се одвоила од заедниците на кои им служи и ги злоупотребува овластувањата што ѝ се доверени, особено преку несоодветна и непропорционална употреба на сила и со дискриминаторско однесување, особено против поранливите и помаргинализираните. Заедно со директните реформи за решавање на проблемите со легитимноста, како што е зголемено регрутирање на малцинствата во полициските служби, треба да се стави посебен фокус на ангажманот на заедницата и полициското работење во заедницата. Овој модул се фокусира на моделот на полициско работење во заедницата како стратегија за поддршка на спроведувањето на кооперативни, ефективни и доверливи односи меѓу полицијата и заедниците. Посебен акцент им се дава на заедниците кои се засегнати и погодени од прашањата поврзани со различноста во полициското работење, и на начините на кои полициското работење во заедницата, преку ангажман на граѓаните, може да помогне во осмислувањето на стратегии за намалување и спречување на виктимизацијата, чувството на несигурност и стравовите на најранливите групи во заедницата.

Полициското работење во заедницата функционира преку градење и одржување на партнерства во заедницата во кои се вклучени полиција, претставници на заедницата и лица номинирани од некои организации (на задолжителна и доброволна основа) кои имаат локална улога. Преку заедничко, транспарентно работење, кое ги опфаќа принципите како што се различност и почитување, овие партнерства можат заеднички да разгледуваат зошто се појавуваат проблемите и да дизајнираат стратегии за нивно ублажување и превенција. На овој начин може да се постигнат поефективни и одржливи одговори на проблемите со безбедноста на заедницата, особено кога сите засегнати страни се целосно посветени на соодветно споделување на нивните ресурси, знаење и експертиза. Срцта на овој пристап е трансформативна, во која е опфатен и образовен аспект кој може да промовира поголема интеркултурна кохезија и разбирање и прифаќање меѓу заедниците. Тој опфаќа начини за справување со оние форми на нетолеранција и дискриминација кои можат да доведат до инциденти на расизам и злосторства од омраза, особено бидејќи тие се манифестираат врз ранливите малцинства и маргинализираните групи и поединци во пошироката заедница.

Во исто време, овие партнерства, преку нивните принципи и практики, ги нагласуваат заедничките вредности и интереси и им помагаат на членовите на заедницата да го препознаат и прифатат богатството на нивните разлики и длабочината на нивната сличност. Токму оваа енергична мешавина ѝ дава на заедницата виталност и

креативност и е нешто што го зголемува квалитетот на животот на сите, вклучително и на полициските службеници кои работат во такви средини. Оваа соработка и инклузивност треба дополнително да ја зголеми довербата во полицијата бидејќи го олеснува сфаќањето на граѓаните дека главниот фокус на полициските служби не е само законот и редот, туку и одржувањето на јавниот спокој и заштитата и почитувањето на основните права на поединецот.

Овој модул истражува неколку начини на кои може да се постигне ангажман во заедницата и градење на партнерства и како пристапот на полицијата заснован на заедницата може подобро да одговори на грижите и потребите на различните заедници. Исто така, ги испитува начините за иницирање на пристап за полициско работење во заедницата или за подобрување на пристапот кој веќе постои. Иако имплементирањето на партиципативни пристапи може да одземе време и бара вистинска посветеност и специфични вештини, целта овде е да им се претставаат на учесниците некои стратегии и вештини кои можат да бидат одржливи и ефективни со текот на времето.

## Резултати од учењето

По завршувањето на модулот, учесниците ќе можат:

- Да ги опишат карактеристиките на моделот на полициско работење во заедницата
- Да ја сфатат вредноста на моделот на полициско работење во заедницата заснован на човековите права
- Да ја препознаат вредноста на промовирањето и одржувањето на ангажманот во заедницата низ годините
- Да ги идентификуваат различните нивоа на ангажман во заедницата
- Да го формулираат планот за воспоставување на партнерства за безбедност на локалната заедница и за договарање на заеднички цели
- Да го формулираат планот за идентификување на посакуваниот профил на полициските тимови во заедницата
- Да ги идентификуваат полициските методи за комуницирање со попристапен стил на комуникација со нивната соодветна заедница
- Да ги опишат добрите практики во градењето на партнерства меѓу полицијата и заедницата

## Преглед на активностите и временските рамки

| | |
|---|---|
| **Активност 6.1**: Што е ангажман во заедницата? | (60минути) |
| **Активност 6.2**: Градење на доверба од самиот почеток | (90минути) |
| **Активност 6.3**: Избор на вистинските партнери | (90 минути) |
| **Активност 6.4**: Градење на профилот на полицискиот тим во заедницата | (90 минути) |
| **Активност 6.5**: Партнерство за безбедност меѓу полицијата и заедницата | (120 минути) |

## Подготовка

Покрај користењето на Проценката на потребите, при подготовката на овој модул, тимот за обука треба да ги земе предвид следните точки:

Имајте за цел да ги идентификувате најактивните невладини организации за ова прашање и каква било практика на полициски ангажман со локалните заедници.

Реализацијата на овој модул ќе биде помогната со вклучување на членови на заедницата како учесници или како поканети говорници, да ги споделат нивните главни грижи и стравови поврзани со полициското работење во нивните заедници и да предложат потенцијални одговори за решавање на тие прашања.

Просторијата за обука треба да овозможи флексибилност за местење и разместување на столчињата и масите во формати кои најдобро функционираат за одредена групна вежба.

## Опис на активноста

### *Активност 6.1: Што е ангажман во заедницата?*

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност истражува што е ангажман на заедницата во рамките на полицискотo работење и различните нивоа на ангажман на заедницата. |
| **Време:** | 60 минути |
| **Потребни материјали:** | табла, маркери за бела табла , видео проектор и компјутерски лист со вежби, хартија, пенкала |
| **Подготовка:** | Однапред подгответе слајд кој дава дефиниција за „ангажман на заедницата“ (можете да го користите примерот подолу): |

**Ангажирање на заедницата**

„Процесот на овозможување на учество на граѓаните и заедниците во полицискотo работење на нивното избрано ниво, почнувајќи од обезбедување на информации и охрабрување, до нивно оспособување да идентификуваат и имплементираат решенија за локалните проблеми и да влијаат на стратешките приоритети и одлуки.

Полицијата, граѓаните и заедниците мора да имаат волја, капацитет и можност да учествуваат. Полициската служба и партнерските организации мора да имаат одговорност да се ангажираат и, освен доколку не постои оправдана причина, претпоставката е дека тие мора да одговорат на придонесот од заедницата.“[146]

Подгответе однапред втор слајд во кој ќе ги презентирате информациите подолу:

**Моделот IAP2 спектар на учество на јавноста**

**ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ВЛИЈАНИЕТО ВРЗ ОДЛУКАТА**

| | ИНФОРМИРАЈ | КОНСУЛТИРАЈ СЕ | ВКЛУЧИ СЕ | СОРАБОТУВАЈ | ОСПОСОБИ |
|---|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ ЗА ЈАВНО УЧЕСТВО | Да ѝ се обезбедат на јавноста избалансирани и објективни информации кои ќе ѝ помогнат да го разбере проблемот, алтернативите можностите и/или решенијата | За да се добие повратна информација од јавноста за анализата, алтернативите и/или одлуките. | Да се работи директно со јавноста во текот на процесот за да се овозможи континуирано разбирање и разгледување на јавните грижи и аспирации. | Формирање на партнерства со јавноста за секој аспект од одлуката вклучувајќи и развој на алтернативи и идентификација на претпочитаното решение. | Конечното одлучување да се стави во рацете на јавноста |

Подгответе однапред лист за вежбање за да им овозможите на учесниците да го проценат нивото на ангажираност за кое веруваат дека нивната полициска организација моментално го има со граѓаните. Можете да го користите следниот пример.

146 IAP2 Спектар за учество на јавноста, Меѓународно здружение за учество на јавноста, достапно на https://iap2.org.au/ wp-content/uploads/2020/01/2018_IAP2_Spectrum.pdf.

**Лист за вежба**

**Задача**: Проценете го нивото на вклученост на граѓаните во вашата организација со идентификување на примери на полициски методи за промовирање на ангажманот на граѓаните во безбедносните прашања.

| | ИНФОРМИРАЈ | КОНСУЛТИРАЈ СЕ | ВКЛУЧИ СЕ | СОРАБОТУВАЈ | ОСПОСОБИ |
|---|---|---|---|---|---|
| ЦЕЛ ЗА ЈАВНО УЧЕСТВО | | | | | |
| ВКЛУЧЕТЕ МАЛЦИНСТВА | | | | | |

*ГРУПА:* *ДАТУМ:* / /

**Инструкции**

1. Прикажете го слајдот за „Ангажман на заедницата“ на екранот и побарајте од учесниците да го прочитаат текстот.

2. Побарајте од учесниците да коментираат за текстот. Потоа, прашајте ги учесниците што мислат за важноста на ангажманот на заедницата за подобрување на работата на полицијата при заштита на правата на граѓаните.

3. Прозентирајте го слајдот за „Учество на јавноста“ на екран и објаснете ги различните нивоа на ангажман на заедницата. Повторно, замолете ги учесниците да коментираат. По дискусијата, поделете ги учесниците во четири групи. Оставете го слајдот за „Учество на јавноста“ проектиран на екранот.

4. Дајте ѝ на секоја група примерок од листот на вежбата и кажете им да ги пополнат празните полиња, земајќи ги предвид практиките на нивната организација во ангажманот со заедниците. Кажете им дека ќе имаат 30 минути да ја завршат задачата.

5. Објаснете што се мисли во вториот ред со „фокус на малцинските заедници“. Објаснете дека би сакале групите да споделат и планираат какви било конкретни дејства и активности што биле преземени, на пример, со малцинските етнички заедници, ЛГБТ заедницата, религиозните групи и заедници, како и со лицата со попреченост.

6. За време на вежбата, движете се низ секоја група за да ги разјасните сите сомнежи и да бидете сигурни дека сите учествуваат во дискусијата во нивната група.

7. На крајот од 30-те минути, замолете ги групите да ги споделат нивните резултати. Кога ќе завршат сите, прашајте ги учесниците дали би сакале да дадат дополнителни коментари.

8. Водете ја завршната дискусија со тоа што ќе истакнете дека ангажманот на заедницата игра клучна улога во придонесот кон недискриминаторските политики и практики. Таквиот ангажман промовира подобра комуникација меѓу полицијата и заедниците, а со тоа ја подигнува полициската свест за потребите и очекувањата на оние многубројни и различни заедници на кои им служат[147] Нагласете ги сите посебни аспекти и одговорете на прашањата што ќе произлезат од делот за ангажирање со малцинските заедници.

**147** „Спречување и справување со расното профилирање на лица од африканско потекло: Добри практики и предизвици“ (2019), Обединети Нации, достапно на www.un.org/sites/un2.un.org/files/preventracialprofiling-en.pdf.

## *Активност 6.2: Градење на доверба од самиот почеток*

Полициското работење во заедницата е модел на полициско работење засновано на филозофијата дека граѓаните се ко-создавачи на безбедноста на заедницата. Овој модел бара воспоставување на партнерства меѓу полицијата и заедницата и назначување на посветени полициски службеници да патролираат во одредени населби. Иако полициското работење во заедницата може да инкорпорира многу различни форми на ангажман и соработка меѓу заедниците и полицијата, еден од најефикасните модели вклучува рано вклучување на локалните организации и претставниците на заедницата кои работат заедно во локални безбедносни партнерства. Овие партнерства се централни во процесот на планирање на модел на полициско работење во заедницата за одредена населба, дури и пред полициските службеници да почнат да патролираат во таа населба. Тие се клучни за поттикнување на довербата меѓу полицијата и заедницата од самиот почеток.

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност им овозможува на учесниците да дискутираат и размислуваат за начините како да се вклучат луѓето во воспоставување на полициско работење во заедницата во заедници со разновиден состав. |
| **Време:** | 90 минути |
| **Потребни материјали:** | флип-чарт, маркери за бела табла со флип-чарт, видео проектор и компјутерски флип-чарт лист за вежбање, пенкала, жива гума, копии од Материјал 6.2 |

**Подготовка**

Подгответе однапред слајд и примероци од студијата на случај (видете го Материјалот 6.2). Проверете дали просторијата за обука е организирана во формат на работна група (на пр. столчиња околу масите). Одвојте простор на ѕидовите на просторијата за обука што може да го искористите за да ги залепите листовите со резултатите од вежбите. На секоја маса ставете хартија, пенкала и жива гума што ќе ги користат учесниците во вежбата.

Подгответе однапред три големи листови хартија/хамер (примерот подолу, со еден лист за секое прашање) со следните прашања (тие се исто така содржани во Материјалот 6.2):

1. Кои се главните стратегии за ангажман на заедницата што можете да ги идентификувате во оваа студија на случај?

2. Кои стратегии би било особено корисно да се применат во ваш сопствен контекст за воспоставување на полициско работење во заедницата? Наведете ги причините за вашиот избор.

3. Кои стратегии сметате дека би биле особено тешки за примена во вашиот контекст? Наведете ги причините за вашиот избор.

**Инструкции**

1. Формирајте групи, по можност од четири до шест учесници. Потсетете ги учесниците за важноста на довербата, почитта и доверливоста.

2. Поделете примероци од студијата на случај на групите и дајте им на учесниците неколку минути сами да го прочитаат текстот.

3. Откако ќе ги разјасните сите нејаснотии или прашања во врска со студијата на случај, проектирајте го слајдот на екран со трите прашања по кои групите ќе дискутираат и ќе одговараат. Поделете ги листовите со вежбата од таблата,

проверете дали сите ги прочитале прашањата и замолете ги групите да разговараат за студијата на случај и да ги напишат своите одговори на нив. Информирајте ги групите дека ќе имаат вкупно 30 минути – 10 минути за одговор на секое прашање – за да ја завршат задачата.

4. Одете до секоја група за да ги разјасните сите прашања што може да ги имаат во врска со вежбата и уверете се дека сите учествуваат во дискусијата. Известувајте ги учесниците колку време поминало, предупредувајќи ги по секои 10 минути дека треба да преминат на следното прашање за да ја завршат вежбата.

5. На крајот од 30-те минути, замолете ја секоја група да ги сподели своите резултати и да ги залепи пополнетите листови на ѕидот.

6. Откако сите групи ќе ги споделат своите одговори, прашајте дали некој би сакал да додаде повеќе коментари.

7. Водете ја завршната дискусија со истакнување на предностите при ангажирањето на заедницата од самиот почеток во процесот на планирање на полициското работење во заедницата. Во дискусијата, користете ги клучните точки наведени во продолжение.

**Градењето на доверба во основа се однесува на обезбедувањето на јавните услуги**

Градењето на доверба е повеќе од воспоставување на партнерства и средби со партнерите. Во основа се работи за обезбедување на полициски услуги – доследно обезбедување на ефикасни, ефективни и неомаловажувачки услуги – кои ја ставаат жртвата во центарот и можат да спречат и откријат криминал и да одржуваат ред, така што луѓето можат да живеат не само ослободени од криминал, туку и од страв од криминал.

**Директниот удел на партнерите во полициското работење во заедницата гради доверба во полицијата**

Колку повеќе партнерите се чувствуваат вклучени во проектот, толку поодговорни стануваат за него и помалку отпорни на неговото спроведување. Да се натера заедницата да ја признае заедничката „сопственост“ на проектот за полициско работење во заедницата е од клучно значење за градење на доверба и соработка меѓу полицијата и партнерите и за одобрување на полициските интервенции кои се во согласност со договорениот пристап. Оваа соработка го зголемува знаењето и на „другиот“ (и на полицијата и на граѓаните). Ефективното и легитимно ангажирање со малцинствата и тешко достапните групи ќе зависи од капацитетот на полицијата да воспостави и одржува доверливи односи со водачите и членовите на заедницата. Затоа е потребно полицијата видливо да ги почитува сите форми на разновидност во заедницата (на пр. етничка припадност, религија и сексуална ориентација) и да биде правична, непристрасна и пропорционална во примената на нејзините овластувања.[148] Исто така, важно е да постои заедничка согласност како изгледа едно успешно партнерство кое ќе има одредени мерливи постигнувања и цели.

**Ангажманот на заедницата во партнерствата за безбедност ја зголемува довербата во полицијата**

Постојат многу различни методи и модели кои полицијата може да ги примени за да воведе полициско работење во заедницата со разновиден состав.[149] Процесот може да биде долг и полн со предизвици. Покрај тоа, без разлика кои средства се

**148** Совет на Европа (2019),„Интеркултурни градови– Прирачник за полициска работа во заедницата“, достапно на https://edoc.coe.int/en/ living-together-diversity-and-freedom-in-europe/7930-intercultural-cities-manual-on-community-policing..html

**149** Совет на Европа (2019),„Интеркултурни градови– Прирачник за полициска работа во заедницата“, достапно на https://edoc.coe.int/en/ living-together-diversity-and-freedom-in-europe/7930-intercultural-cities-manual-on-community-policing..html

избрани, начинот како истите да се ангажираат и како да се изгради доверба ќе се покаже од клучно значење. Довербата не е нешто што може брзо да се стекне, иако брзо може да се изгуби, како што вели старата холандска поговорка дека довербата пристигнува пеш, но заминува на коњ. Довербата е загрозена секогаш кога некој ќе се почувствува дискриминиран од полициска акција или од полициски неуспех. Активното вклучување на граѓанското општество во партнерства со полицијата, како ко-создавачи на безбедноста во заедницата, ќе обезбеди поголема полициска свест, разбирање и чувствителност за заедниците во кои работи. Тоа, пак, ќе доведе до полициско работење кое нема да биде омаловажувачко и кое ќе одговори на потребите на заедницата, што е клучно за зголемување на довербата на граѓаните во полицијата и за функционирање на полициската служба во заедницата со успешно признавање и поддржување на правата на сите подеднакво и инклузивно.

8. Завршете ја оваа кратка дискусија повикувајќи се на клучните основни принципи за спроведување на полициското работење во заедницата, идентификувани од ОБСЕ[150]:

   Иако начините на спроведување на полициското работење во заедницата може да се разликуваат во пракса, во согласност со локалните услови, основните принципи и карактеристики [...] секогаш треба да се поврзани со:

   - пристапност и транспарентност на целокупната полициска установа за сите сегменти на заедницата (вклучувајќи ги и малцинските и ранливите групи) и да одговора на нивните потреби, грижи и барања;
   - посветеност на спречување на криминалот и проактивно решавање на проблемите со цел да се надминат суштинските причини за проблемите и да се донесат долгорочни решенија; и
   - **активно учество на сите различни сегменти на заедниците и другите владини агенции во процесот на решавање на проблемите** врз основа на еднаквост (еднаквост колку што разумно дозволуваат националните закони и оперативните тактички и оперативни потреби).

**150** ОБСЕ (2009), „Добри практики во градење партнерства меѓу полицијата и јавноста“, достапно на www.osce.or/files/f/ документи/8/4/32547.pdf.

## *Активност 6.3: Избирање на вистинските партнери*

Спроведувањето на иницијатива за полициско работење во заедницата во населби со разновиден состав бара ангажман на релевантни чинители кои се подготвени да работат со полицијата како партнери. Тоа подразбира идентификување на оние во областа кои имаат клучна улога во спречувањето и справувањето со дискриминацијата и другите форми на кршење на основните човекови права. Тука може да спаѓа услуга предводена од жени која обезбедува поддршка на жртвите на насилство врз жените и која води кампањи за родова еднаквост или антирасистички организации на граѓанското општество, или граѓански организации кои работат директно во полето на социјалната правда или правното застапување за низа права.

Ангажирањето на локални организации кои работат со малцинските и ранливите групи е од суштинско значење за да и се помогне на полицијата да ги разбере и осмисли ефективните стратегии за справување со прашањата на разновидност во полициското работење и во рамките на самата поширока заедница. Ништо од ова не е особено лесно бидејќи некои чинители првично може да почувствуваат дека нивниот кредибилитет или легитимитет во рамките на нивните клиенти и членска база ќе се намалат ако се види дека работат со полицијата.

Ревизијата во заедницата ќе ѝ помогне на полицијата да ги идентификува „вистинските“ чинители, но само вистинскиот ангажман и искрената посветеност да работат заедно како еднакви ќе ги претворат истите тие чинители во партнери.

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност истражува партиципативна стратегија на анализа на чинители. Се користи за да се идентификува кои организации треба да се мобилизираат и да станат партнери на полицијата од почетокот на програмата за полициско работење во заедницата. |
| **Време:** | 90 минути |
| **Потребни материјали:** | табла<br>бела хартија за табла<br>матрица за анализа на проектор и компјутерска матрица за анализа на чинители<br>мемо ливчиња, хартија, пенкала, жива гума, топка волница |
| **Потребни материјали:** | Референтни документи: брошура на ОБСЕ, „Добри практики во градењето на полициски-јавни партнерства“;[151] Извештај на ОХЦХР за расно и етничко профилирање во органите на прогонот.[152] (видете пример подолу). |
| **Подготовка:** | Подгответе однапред слика од матрицата на чинители на листовите, водејќи притоа сметка да има по еден лист по група. |

**151** Обединети Нации (2019), „Извештај на специјалниот известувач за современи форми на расизам, расна дискриминација, ксенофобија и поврзана нетолеранција при неговата посета на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска: коментари од државата“, достапно на https://digitallibrary.un.org/record/3824592?ln=en

**152** Шифер, У. и Дебел, Р. (2001), 'МАРА – проект. Практичен водич за интегрирано планирање и евалуација на проекти“, Додаток 11: Анализа на чинители,
стр. 94, достапно на https://www.researchgate.net/publication/242727794_MAPA_PROJECT_-_A_Practical_Guide_to_Integrated_Project_Planning_and_ Evaluation.

**Пример за матрица на чинители**




Подгответе листа на потенцијални чинители во проектот за полициско работење во заедницата. Подгответе слајд со дефиниција за „Чинители“[153] (видете пример подолу).

*Чинител во проект е секое лице или група кое има директни врски со проектот или е на некој начин засегнато од проектот, директно или индиректно, позитивно или негативно. Сите овие лица или групи имаат удел во проектот со тоа што имаат што да добијат или да изгубат со активностите, резултатите и/или влијанијата на проектот“.*

**Извор**: Улрих Шифер и Реиналд Дебел (2001), МАРА – проект. Практичен водич за интегрирано планирање и евалуација на проекти.

Проверете дали просторијата за обука е организирана за да одговара на форматот за оваа активност на работната група (на пр. столчиња околу масите). Подгответе место на ѕидот од просторијата за обука за учесниците подоцна да ги прикачат своите флип-чарт листови.

**153** Шифер, У. и Дебел, Р. (2001), 'МАРА – проект. Практичен водич за интегрирано планирање и евалуација на проекти", Додаток 11: Анализа на чинители,
стр. 94, достапно на https://www.researchgate.net/publication/242727794_MAPA_PROJECT_-_A_Practical_Guide_to_Integrated_Project_Planning_and_ Evaluation.

Ставете мемо ливчиња, пенкала и жива гума во средината на секоја маса за групната вежба.

## Инструкции

1. Презентирајте населба која ги има следните критериуми: а) се наоѓа во урбана средина или град кој има најмалку една заедница со мигрантско потекло; и б) граѓанските организации активно работат во заедницата. Објаснете дека учесниците ќе ја користат оваа населба како контекст за оваа активност.

2. Проектирајте ја Матрицата на чинители на екранот и замолете ги учесниците да ја прочитаат. Прашајте дали има прашања во врска со оваа дефиниција или нешто што недостасува.

3. Сега прикажете го слајдот (Анекс 6.3б) од моделот на Матрицата на чинители и објаснете ги нејзините главни категории.

    - **Национален чинител**: поединец или организација од јавниот или секторот на заедницата која има национален профил, на пример, Министерството за внатрешни работи, или национална невладина организација која води кампањи за анти-расизам.

    - **Локален чинител**: поединец или организација од јавниот или секторот на заедницата кој има локален профил, на пример, градоначалник на градот или општината, или организација од заедницата која работи со ЛГБТИ лица.

    - **Чинители за човекови права**: поединец или група која работи на прашања за човековите права како што се миграција, злосторство од омраза или образование. Тие можат да бидат на национално ниво, на пример *Амнести Интернешнл*. На локално ниво, примерите може да вклучуваат теренски тимови - специјализирани тимови управувани од невладини или непрофитни организации, кои работат во дадена населба за да контактираат со тешко достапни групи / ранливи лица. На пример,тие би можеле да бидат специјализирани за контактирање со бездомници, корисници на дрога или сексуални работници, за да им помогнат во пристапот до услугите што им се потребни. Овие тимови обично се составени од социјални работници, психолози, лекари и волонтери кои обезбедуваат помош од прво ниво (на пример за итна здравствена заштита, намалување на штети или облека и помош со храна). Овие тимови, исто така, обично имаат едукативна улога во подигање на свеста за постоечките услуги и поттикнување на ранливите лица да имаат пристап до тие институционални услуги. Тимот честопати оди заедно со ранливите лица во институционалните служби.

    - **Чинители за услуги во заедницата**: Услуги обезбедени од непрофитни или невладини организации, како што се дневен центар за стари лица, младински центри, спортски здруженија и центри за социјална поддршка на мигранти.

    - **Јавни услуги**: Услуги кои се одговорност на јавниот сектор, на пример, училишта, социјални служби, општинска полиција или национална полиција.

    - **Друго**: Чинители кои не спаѓаат во веќе наведените категории. Тоа може да вклучува здруженија на мигранти и здруженија на жители.

4. Побарајте од групите да направат список на сите релевантни чинители за полициско работење во заедницата. Прво извлечете пример, а потоа дајте им две или три минути. Примерите може да вклучуваат: училишта, невладини

организации, јавни и приватни организации на локално, регионално и национално ниво, субјекти од граѓанското општество и непрофитни субјекти, локални креатори на политики, здруженија на мигранти и претставници на малцинските групи. Потоа вратете се на слајдот (Анекс 6.3б). Проверете со учесниците што мислат дека би можело да биде вклучено во делот „Друго".

5. Сега објаснете дека групите ќе работат заедно за да развијат свои матрици врз основа на нивното искуство и идеи. Информирајте ги учесниците дека секоја група треба да ги користи своите мемо-ливчиња за да запише кои чинители (само по еден на секое ливче) треба, од нивното искуство како полицајци и работа со заедниците, да бидат поканети да бидат партнери со полицијата да се спроведе полициско работење во заедницата во одредената населба. Објаснете дека секое мемо-ливче со опис на чинителот (потенцијалниот партнер) треба да биде поставена во матрицата според неговиот опсег на интервенција (локално или национално ниво) и според видот на организацијата (јавни услуги, услуги во заедницата, за човекови права или друго). Побарајте од учесниците да идентификуваат кои чинители веројатно веќе соработуваат со полицијата (на пример, со користење на различна боја на мемо-ливчето или со пишување на стрелка до неа). Одредете ги учесниците за трите флип-чарт листови со веќе нацртани матрици на нив. Дајте им 30 минути да ја завршат оваа задача.

6. Движете се помеѓу групите додека разговараат за вежбата, за да ги разјасните сите нејаснотии. Поттикнете ги сите учесници во секоја група да учествуваат во дискусијата во нивната група.

7. На крајот од 30-те минути, кажете ѝ на секоја група да го залепи својот лист со матрицата на ѕидот. Повикајте ги сите учесници да одат до ѕидот и да ги разгледаат резултатите од другите групи. Оставете им пет минути за оваа вежба пред да им кажете на учесниците да се вратат на своите места.

8. Побарајте од секоја група да ги сподели своите размислувања зад нејзиниот избор и да коментира за какви било тешкотии или несогласувања што може да се појават за време на задачата. Откако ќе заврши секоја група, побарајте коментари или заклучоци од оние кои не се дел од таа конкретна група. Повторете го процесот за секоја група.

9. Откако сите групи ќе ги споделат своите размислувања, прашајте ги учесниците дали би сакале да додадат некои последни коментари или заклучни забелешки за вежбата.

10. Во текот на овој процес на идентификување на релевантните чинители, укажете им исто така дека потенцијалните партнери не треба да се земаат предвид само врз основа на нивното присуство во рамките на изворите на информации од заедницата. Фокусот треба да биде на споделување на информации наместо на искористување на изворите на информации, така што чинителите се подеднакво ценети и како партнери кои активно се вклучени во идентификувањето и решавањето на проблемите на заедницата. Работејќи во партнерство, ресурсите се зајакнуваат, што овозможува поефективни и одржливи одговори со текот на времето.

11. Нагласете ја важноста од вклучување на клучните чинители од заедницата со цел секое безбедносно партнерство да има кредибилитет и да биде ефективно. Подвлечете дека е особено важно да се вклучат организации кои ги бранат, поддржуваат и промовираат човековите права за поранливите и маргинализираните и оние кои работат во заедницата на полето на образованието и разрешувањето на конфликти. Ако дозволува времето, посочете им ја работата на известувачот на Обединетите Нации за расизам, ксенофобија и нетолеранција поврзана со овие појави[154]

**154** ОБСЕ (2008), „Добри практики во градење на партнерства меѓу полицијата и јавноста", достапно на www.osce.org/files/f/ documents/8/4/32547.pdf, стр. 48-57.

**Забелешки за обучувачот**

Доколку е потребно, можете да им објасните на учесниците дека оваа вежба исто така се заснова на публикацијата на ОБСЕ „Добри практики во градењето на партнерства меѓу полицијата и јавноста“. [155]

*„Препорака бр.59. Треба да се идентификуваат пилот-локации за полициско работење во заедницата; и треба да се изберат претставници на заедниците и други административни агенции, како и полициски службеници и раководители одговорни за спроведување на пилот-проектот и да се подготват за нивните посебни задачи. (…).*

*Во идеално сценарио, пилот-локациите би се определувале во соработка со заедниците кои живеат на потенцијалните пилот-локации кои се подготвени да ги развијат новите партнерства меѓу полицијата и јавноста. Тоа ќе ја зголеми локалната сопственост на процесот на имплементација. Во случаи кога локалното население не покажува интерес за процесот на имплементација, треба да се иницираат кампањи за подигање на свеста на заедницата за да се информира за целта на полициското работење во заедницата и како да се вклучи во процесот“.*

*„Препорака бр.84. Бидејќи невладините организации можат да играат клучна улога како дел од мрежите за споделување на информации, тие треба да бидат вклучени во создавањето на структури за соработка, дури и ако во минатото имало тензии и контроверзии меѓу невладините организации и полицијата. Полицијата треба да ги прифати како нејзини „критични пријатели“.*

*Предизвикот за избор на најсоодветните невладини организации може да се надмине со користење на критериуми за избор како што се стабилноста, отчетноста и автентичната застапеност на невладините организации од релевантната област на делување“.*

**155** ОБСЕ (2008), „Добри практики во градење на партнерства меѓу полицијата и јавноста“, достапно на www.osce.org/files/f/ documents/8/4/32547.pdf, стр. 48-57.

## *Активност 6.4: Градење на профилот на тимот за полициско работење во заедницата*

Решавањето на проблемите и конфликтите во заедницата во тесна соработка со граѓанските организации (ГО) им овозможува на полициските службеници во заедницата да развијат подобро разбирање за социјалното и културното потекло на заедницата, нејзините граѓански средства и потреби и бариери за активно ангажирање и учество. Ова знаење може да придонесе за подобрување на полициското работење, што само по себе може да придонесе за подобрување на безбедноста на луѓето и чувството на безбедност, па дури и да промовира поголема социјална кохезија. Полициските службеници во заедницата во овој контекст се подобро опремени и интегрирани во заедницата. Бидејќи успехот на проектот за полициско работење во заедницата во голема мера зависи од знаењето, вештините, ставовите и однесувањето на службениците задолжени да ја извршуваат работата, особено е важно да се назначат вистинските службеници. Затоа, посебно внимание треба да се посвети на изборот и распоредувањето на полициски службеници кои ќе патролираат во одредени населби.

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Во ова сценарио, полицијата би ангажирала претставници на самата заедница во процесот на регрутирање на службеници кои ќе бидат избрани во тимот за полициско работење во заедницата во нивната населба. |
| **Време:** | 45 минути |
| **Потребни материјали:** | табла, хартија , бела табла, проектор и компјутер, голем лист хартија – Профил на полициски службеник во заедницата Материјал 6.4а, Материјал, 6.4б, Материјал 6.4в, хартија, пенкала, мемо ливчиња, жива гума |
| **Подготовка:** | Однапред подгответе слајд и голем лист со наслов „Кои професионални карактеристики треба да ги имаат полициските службеници во заедницата за да изградат позитивен однос со заедницата?" Пред да започнете со сесијата за обука, поставете мемо-ливчиња и пенкала на масата за секоја група. |

**Инструкции**

1. Започнете ја активноста со објаснување на учесниците дека ќе спроведат вежба каде групата има задача да го креира профилот на идниот тим на полициски службеници кои ќе бидат избрани за проект за полициско работење во заедницата.

2. Презентирајте го слајдот со воведното прашање: „Какви професионални карактеристики треба да имаат полициските службеници во заедницата за да изградат позитивен однос со заедницата?" Кои се клучните вештини, однесувања, знаење и искуство?

3. Побарајте од учесниците да ја запишат секоја карактеристика на посебно мемо ливче.

4. Кажете им на учесниците дека имаат 15 минути да ја завршат оваа задача.

5. По 15-те минути, замолете го секој учесник да ги прочита наглас избраните карактеристики и накратко да ги објасни причините за изборот. Потоа, секој треба да ги залепи своите мемо ливчиња на големиот лист и да се врати на своето место.

6. Откако ќе се закачат сите мемо ливчиња, замолете ги учесниците да ги коментираат резултатите.
7. По оваа прва пленарна дискусија, замолете ги учесниците да формираат четири групи.

8. Поделете примероци од трите материјали на секоја група. Побарајте од учесниците да го прочитаат првиот Материјал и да ја објаснат вежбата. Потоа, замолете ги групите да ги прочитаат сите препораки и да одговорат на прашањата. Најавете им на учесниците дека ќе имаат 20 минути да ја завршат задачата.

9. На крајот од 20-те минути, замолете го претставникот на секоја група да им ги наведе на останатите карактеристиките кои ги избрала неговата група и причините за тој избор. Групата исто така, треба да сподели со другите едно од сценаријата што ги издале како примери. Откако сите групи ќе ги споделат своите одговори, прашајте дали некој би сакал да додаде повеќе коментари. Откако сите групи ќе дадат повратни информации, замолете ги групите да ги залепат листовите на ѕидот.

10. За да ја заокружите активноста, нагласете дека овој партиципативен процес покажува дека полициските служби можат да бидат отворени и да вклучат низа придонеси од заедницата. Онаму каде што има ваков придонес, може да се подобри квалитетот на полициските услуги што се обезбедуваат за заедницата. Покрај тоа, вклучувањето на чинителите во процесот на планирање од самиот почеток, дури и пред полициските службеници да бидат пратени на терен, го зголемува чувството на одговорност и сопственост на партнерите врз проектот на полициско работење во заедницата кога истиот ќе се операционализира. Преку овој пристап, полицијата може да научи што значи за заедницата пожелен профил на полициски службеници во заедницата. Треба да има видлив одговор на полицијата на оваа проценка на заедницата во процесот на селекција и во обуката на членовите на полицискиот тим. Овозможувањето на заедницата да има одреден придонес во процесот на селекција на идните полициски службеници во заедницата кои ќе бидат назначени да патролираат во нивното соседство е важен чекор во зајакнувањето на довербата меѓу полицијата и заедницата.

11. Кредибилитетот и почитувањето на улогата на заедницата може да се докаже преку рефлектирање на нејзиниот придонес во рамките на критериумите што се користат за селекција, а исто така и во дизајнот на прашањата за интервју што се користат во процесот на назначување. Како заклучок, можете да ги прашате учесниците дали сметаат дека е корисно да се вклучи претставник на заедницата на панелот за интервју, било како учесник или како набљудувач.

**Забелешки за обучувачот**

Оваа активност може да се користи за обука на учесниците да ја применат методологијата во неколку контексти. Во зависност од специфичните цели што сте ги поставиле за обуката, различни учесници можат да бидат вклучени на различни начини во активноста, на пример:

Да го идентификуваат профилот на полициските службеници кои работат во заедницата од полициска перспектива: оние на кои им е доделена оваа задача се членови на полициската организација.

Да го идентификуваат профилот на полициските службеници кои работат во заедницата од перспектива на заедницата: оние на кои им е доделена оваа задача се членови на заедницата со различно и повеќеслојно потекло што ги рефлектира богатите култури и истории на самата заедница.

Да го идентификуваат профилот на полициските службеници кои работат во заедницата како заедничка вежба: оние на кои им е доделена оваа задача се и полициски службеници и членови и претставници на заедницата.

## *Активност 6.5: Партнерство за безбедност меѓу полицијата и заедницата*

Во полициското работење во заедницата, партнерствата за безбедност меѓу полицијата и заедницата можат да бидат одлични средства за промовирање на доверба и разбирање меѓу сите страни. Сепак, на крајот, одржувањето на довербата ќе зависи од искреноста и ефикасноста на партнерите во соработката, од постигнувањето на договорените резултати и од тоа дали се слуша гласот на локалното население и дали се постапува според тоа, кога тие зборуваат за полициски прашања и нивната загриженост за безбедноста.

Партнерствата можат да бидат многу ефикасни во идентификувањето на грижите на заедницата и креирањето на интегрирани стратегии за справување со нив. Со зголемување на знаењето на полициските службеници за заедницата, тие се подобро подготвени да ги извршуваат своите превентивни улоги и да одржуваат ред на начини кои го подобруваат квалитетот на животот на заедницата, зголемувајќи го чувството на безбедност и промовирајќи разбирање и добри односи. Службениците исто така треба да делуваат како пример кога станува збор за третирање на луѓето со почит и достоинство. Луѓето честопати ја оценуваат полицијата повеќе според нејзиното однесување и како тие комуницираат со неа отколку според вистинскиот резултат на кривичната правда по нивната интервенција. Сепак, важно е полицискиот одговор да биде праведен и компетентен.

Еден од главните предизвици на полициското работење во заедницата е одржувањето на полициски тимови определени за одредена населба. Кога назначените полициски службеници се пренасочуваат на други полициски задачи, довербата на заедницата во полициското работење може да ослабне, особено кога заедницата чувствува дека нивните грижи и прашања се девалвирани и нивните ставови не се почитуваат.

| | |
|---|---|
| **Наставни теми:** | Оваа активност ја истражува улогата на партнерствата за безбедност во поддршка на мисијата на полицијата за спречување на криминал, конфликт и антисоцијално однесување во и против заедниците. Учесниците ќе симулираат партнерски состанок во форма на воведна работилница, со цел заеднички да размислуваат за динамиката на ангажманот на заедницата и суштинските услови кои се потребни за да се одржи овој модел на превентивно полициско работење на подолг рок. При подготовката на оваа активност, погледнете го Пакетот инструменти за совети како да се олесни играњето на улогите. |
| **Време:** | 120 минути |
| **Потребни материјали:** | табела, хартија, бела таблаm, видео проектор и компјутер, Материјал 6.5а, Материјал 6.5б и Материјал 6.5в хартија, пенкала |

**Инструкции**

1. Поделете го Материјалот 6.5а на учесниците. Објаснете дека оваа вежба вклучува игра со улоги заснована на сценариото опишано во Материјалот.

2. Распределете ги улогите на учесниците по случаен избор (врз основа на профилот на учесниците, можеби сметате дека ќе биде корисно за текот на вежбата сами да доделите некои улоги или да побарате доброволци. Потпрете се на вашата проценка).

3. Поделете го материјалот 6.5б, агендата на работилницата и проектирајте ја агендата на екранот за учесниците да ја прочитаат. Оставете ја на екранот во текот на целата вежба.

4. Поделете копии од Материјалот 6.5в кој содржи детали за сите улоги и

дополнителни информации на сите учесници, вклучувајќи ги и оние на кои не им е доделена улога. Тоа ќе им овозможи да знаат кои се сите играчи и подобро да ја следат вежбата. Објаснете им дека треба да обрнат внимание бидејќи ќе треба да дадат повратна информација на крајот на активноста!

5. Објаснете им на учесниците кои играат улоги дека земаат улога на одреден партнер кој присуствува на првата работилница на нововоспоставеното партнерство за безбедност меѓу полицијата и заедницата.

6. Побарајте од лицето кое ја игра улогата на „висок полициски службеник" да ја започне работилницата. Тоа лице ќе треба и да го води состанокот и да се погрижи партнерите да се придржуваат до агендата. Вие, како тренер, можете да им помогнете и во овој дел, како и во целокупното управување со вежбата.

7. Уште еднаш, потсетете ги другите учесници дека треба да внимаваат на дневниот ред бидејќи од нив ќе се бара да се осврнат на точките од дневниот ред за време на сесијата за повратни информации.

8. Кажете им да водат белешки за секоја точка, и според нивното знаење и искуство, што сметаат дека се „главните предности на полицискиот тим во заедницата кој работи со социјалните партнери", што може да бидат „потешкотии што ги доживуваат партнерите и заедницата при полициското работење во заедницата", кои би можеле да бидат „главните проблеми на заедницата и предизвиците со кои тие моментално се соочуваат" итн.

9. Учесниците на кои не им е доделена улога, исто така, треба да си ги забележуваат дискусиите кои се одвиваат помеѓу актерите за време на состанокот и што актерите аргументираат од своја перспектива. Тие треба да обрнат особено внимание на динамиката на разговорот и да размислат како самите би се справиле со настанатите прашања доколку се соочат со нив во реалниот живот.

10. Актерите имаат приближно 10 минути за секоја тема на агендата; погрижете се да го следат времето и доколку е потребно наложете им да преминат на следната точка на дневниот ред за да можат да ги опфатат сите точки во текот на дадените 60 минути.

11. Кога ќе истече времето, пофалете ги учесниците за нивната изведба вредна за Оскар! Потоа побарајте од групата актери да дадат повратни информации за тоа како тие сметаат дека поминала вежбата. Конкретно, поставете ги следниве прашања на оние кои немаа улога на полициски службеник: Колку беа задоволни од одвивањето на работилницата? Дали тие почувствуваа, следејќи ја работилницата, дека би сакале да влезат во идно партнерство со полицијата?

12. Побарајте од оние кои не учествуваа во играњето улоги да дадат своја оценка за вежбата. Прво, дали таа го одразува нивното искуство од овој вид на ангажирање со заедницата? Прашајте што беше особено корисно за работилницата. Што мислат дека е добро направено? Што можеше да се направи подобро? Дали има други работи за кои тие мислат дека можеле или требало да се направат поинаку?

13. Водете ја завршната дискусија следејќи ги точките наведени подолу. Заокружете ја вежбата со нагласување на важноста партнерствата за безбедност да се засноваат на заеднички вредности и принципи што ги споделуваат сите партнери. Прашајте ги сите учесници што сметаат дека се потешкотии за одржување на вакви состаноци. Кои се предизвиците за одржување на следните состаноци?

**Точки за дискусија**

*Важноста на времето*

Осврнете се на фактот дека во полициското работење во заедницата, обично, потешкотијата не лежи во започнувањето партнерство за безбедност, туку во неговото одржување со текот на времето. Партнерите и членовите на заедницата првично може да бидат ентузијасти за учество и да очекуваат со нетрпение да градат односи и да ги решат долгогодишните прашања. Но, улогата што полициските службеници продолжуваат да ја играат во партнерството, и како тие ја извршуваат таа улога, се клучни за одржување на континуиран интерес и посветеност од другите.

Времето игра клучна улога бидејќи е потребно време во полицијата за да се развие партиципативна култура и, во заедницата, да се изгради доверба во работата со полицијата. Затоа, постојаниот и значаен ангажман на заедницата е фундаментален за поддршка на работата на полицијата во заедницата и во партнерствата за безбедност на подолг рок. Нагласете дека на почетокот на партнерството, и потоа со текот на времето, полицискиот тим ќе треба да биде во состојба да прифати различни гледишта и различни начини на работа, што ќе бара трпение, толеранција и издржливост за да се надмине. Иако полицијата може да преземе водечка улога во проектот за полициско работење во заедницата, таа не ја поседува! Тие треба да признаат дека се „партнери", а не единствени сопственици.

*Заеднички цели и вредности*

Посочете дека имањето на заеднички цели и вредности се клучни за одржување на мотивацијата на партнерите. Треба да постои заедничка визија за тоа што треба да се постигне и на кој начин.
Состаноците можат да помогнат да се добие јаснотија и фокус, но само доколку имаат јасна и договорена цел. Ова значи дека состаноците мора да имаат однапред договорени и јасни агенди и мора да бидат добро менаџирани со цел конкретно да се справат со произлезените прашања, бидејќи на тој начин се зголемува веројатноста да се мотивираат партнерите да останат во партнерството. Состаноците кои се свикуваат само за да се одржи состанок, а на кои им недостига каква било друга суштинска цел, може да го обесхрабрат и поткопаат интересот и посветеноста на долг рок.

*Инклузивен пристап*

Нагласете дека партнерствата за безбедност го поттикнуваат учеството на претставниците на заедницата, поттикнувајќи поголема социјална солидарност и олеснувајќи го прифаќањето на културните и социјалните разлики во заедницата. Еден од главните предизвици во полициското работење во заедницата е инклузивното партнерство со учество или застапување во име на сите членови на заедницата.
Во однос на ова прашање, посебно внимание треба да се посвети на улогата на потенцијалните и вистинските чувари на заедниците и важноста од континуирано инвестирање во промовирањето и проширувањето на различните канали на комуникација. Тоа може да се направи со искористување на неколку форми на социјални медиуми, преку партнерство со теренски работници и преку поврзување со училишта, клубови и асоцијации.

Директните консултации со локалните заедници за нивните проблеми преку јавни состаноци се особено корисни кога се справуваме со ситуации на тензии во заедницата. Но, и покрај нивната очигледна отвореност, тие можеби не секогаш се најатрактивните форуми на кои луѓето ги презентираат своите ставови и ги соопштуваат своите грижи и сомневања. Сепак, тие можат да бидат важни за полицијата да шири информации за да одговори на гласините и да ги разјасни ситуациите и да ја информира заедницата или групите во заедницата за полициските одговори на инцидентите, или едноставно да ја подигне јавната свест за прашања од интерес. За многу луѓе, полицискиот ангажман со помош на веб-страници и социјални медиуми сè уште може да се покаже како поефективно и непосредно пренесување

на критични и навремени информации до јавноста. Ништо од ова не ја девалвира улогата што ја имаат партнерствата во олеснувањето на комуникацијата помеѓу полицијата и помеѓу различните групи во заедницата за да се промовира кохезијата и да се спречат конфликти. Затоа, колку е поголема застапеноста на целата заедница од самиот почеток, толку е подобар процесот и резултатите. Треба да се нагласи дека учеството на чинителите во партнерства за безбедност со полицијата мора да се заснова на инклузивни вредности и континуиран дијалог, почитувајќи ги сите гледишта на партнерите, дури и ако понекогаш е тешко да се постигне консензус. Кога учеството очигледно не е целосно инклузивно и рамноправно, особено таму каде што  има голем број на маргинализирани, обесправени и тешко достапни членови на заедницата, тогаш полицијата треба активно да се стреми да промовира поголем опфат и вклученост преку работа со постоечките партнери или да размисли за воведување на нови или дополнителни партнери.

*Со-одговорност*

Потсетете ги учесниците дека партнерствата за безбедност го зголемуваат чувството за сопственост и одговорност кај партнерите за полициското работење во заедницата во конкретна населба. Разговарајте за некои практични начини на кои тоа може да се направи, на пример, со договарање на мерливи и остварливи цели за партнерствата кои редовно ќе се разгледуваат. Овој партиципативен пристап ја охрабрува полициската служба да претрпи културна промена при барањето на поддршка од сите нивоа на полициската хиерархија. Придобивките од промената за самата полиција, во енергична мултикултурна плуралистичка демократија, не треба да се минимизираат.

*Редовна комуникација*

Полициското работење во заедницата бара редовна комуникација и конструктивни и позитивни односи меѓу полицијата и граѓаните. Оваа соработка со општеството го олеснува пристапот до информации што ги изразуваат проблемите на заедницата и ја подобруваат полициската работа и легитимност преку развивање на подобро аргументирани и ефективни полициски стратегии за справување со проблемите на заедницата. Оттука, воспоставувањето на партнерства и долгорочни канали за комуникација со сите групи на заедницата треба да бидат приоритет на полицијата. Вклучувањето на интеркултурни посредници е од големо значење за воспоставувањето на тие канали за комуникација со членовите на заедницата, но, сепак, не треба да ги замени обидите да се допре до заедницата и подиректно да се изградат односи со што поголем дел од неа. Освен тоа, воспоставувањето на канали во рамките на партнерството за безбедност ќе биде од фундаментално значење за промовирање на дијалог и доверба меѓу полицијата и партнерите: полицијата може да се потпре на партнерите за да помогнат во решавањето на проблематичните ситуации идентификувани од полицијата, додека партнерите може да се потпрат на полицијата да ги поддржи во нивните активности во соседството. На овој начин се придонесува за постигнување на сигурен и доверлив однос со текот на времето.

**Забелешки за обучувачот**

Улогите претставени во вежбата со играње улоги треба да се земат предвид само како референца или пример. Обучувачот можеби ќе сака да ги измени улогите за подобро да одговараат на доминантните услови во рамките на одредената јурисдикција или да избере други улоги посоодветни на контекстот на интервенцијата и целите на обуката.

Оваа активност може да се изврши со учесници од веќе воспоставено партнерство или само со полициски службеници кои ќе имаат улоги на учесници. Во ваков случај, многу е важно полициските службеници да имаат можност да се гледаат себеси од „другиот“ аспект (истото важи и за партнерите да се стават во улога на полиција). Мора да се вложи напор да се разберат гледиштата на другата страна.

### *Материјал 6.2: Студија на случај – Партнерство меѓу полицијата и заедницата во заедничката обука*

**Студија на случај**

Во 2009 година, беше воспоставен проект за полициско работење во заедницата во населба со разновиден состав во одреден европски град. Користениот модел бараше вклучување на локалните организации и претставници на заедницата. Затоа, како прв чекор, полицијата ги покани клучните чинители на првичен состанок и побара од нив да работат со полицијата и да планираат заеднички полициско работење во заедницата во нивната конкретна населба. За таа цел, беше формирано партнерство за безбедност на заедницата. Во текот на следната година, преку серија на месечни состаноци, партнерството ги идентификуваше главните безбедносни проблеми што треба да се решат и го одреди профилот на идниот полициски тим во заедницата за кој сметаше дека ќе биде најдобро поставен за извршување на полициските обврски. Потоа, беа избрани полициски службеници за работење во заедницата, и беше обмислена програма за обука за да се подготви полицискиот тим да иницира патролирање во населбата. Програмата за обука, исто така, имаше за цел да ги подготви партнерите да работат со полицијата за заедничко решавање на проблемите во заедницата.



Курсот за обука за полициско работење во заедницата имаше дополнителни, првично непредвидени придобивки. Со оглед на тоа што ги таргетираше сите членови на партнерството, полициските службеници можеа да слушнат директно од социјалните партнери и претставниците на заедницата како отворено зборуваат за нивните искуства и перспективи во однос на проблемите и предизвиците во населбата што треба да се надминат, вклучително и оние поврзани со прашањата за различноста, еднаквоста и човековите права. Оваа комуникација на овој форум особено помогна да се подобри свесноста и знаењето на полициските службеници за културната различност во конкретната населба. Покрај тоа, бидејќи обуката се спроведуваше во просториите на самите социјални партнери, и тие и претставниците на заедницата беа на свое, „безбедно место“ и од таа причина, им беше олеснето водењето на отворен и искрен дијалог со полицијата. Фактот што програмата за обука вклучуваше 30 часа обука, реализирана во текот на неколку дена, дополнително им овозможи на учесниците да изградат поблизок однос со почит што дозволува отворено споделување на ставови, дури и за конфликтните прашања. Се создаде поголема свесност за ограничувањата што ги чувствуваат некои полицајци при полициското работење во населби со разновиден состав.

Како резултат на оваа заедничка обука, која ја постави основата за развивање на подоверливи односи меѓу полицијата и партнерите, беше

многу полесно новиот тим за полициско работење во заедницата да се воведе во населбата. Полицискиот тим сега можеше да стави „лица“ на клучните контакти во населбата и знаеше со кого треба да контактира и да соработува за да се решат проблемите пријавени од членовите на заедницата веднаш, при што членовите сега беа перципирани од полициските службеници со други очи.

**Прашања за дискусија**

1. Кои се главните стратегии за ангажман на заедницата што можете да ги идентификувате во оваа студија на случај?

2. Кои стратегии би било особено корисно да се применат во ваш сопствен контекст за воспоставување на полициско работење во заедницата? Наведете причини за вашиот избор.

3. Кои стратегии сметате дека би биле особено тешки за примена во вашиот контекст? Наведете причини за вашиот избор.

## *Анекс 6.3б*




МАТЕРИЈАЛ

## *Материјал 6.4а*

### Препораки од Европскиот кодекс за полициска етика:[156]

[Полицискиот персонал треба да биде способен] „да демонстрира здраво расудување, отворен став, зрелост, правичност, комуникациски вештини и, онаму каде што е соодветно, лидерски и менаџерски вештини.
Покрај тоа, тие треба да поседуваат добро разбирање на социјалните, културните и прашањата на заедницата“. Ова разбирање на „социјалните, културните и прашањата на заедницата“ не може да се постигне без соодветен и неомаловажувачки ангажман со јавноста и сите групи кои ја сочинуваат.

Полициските службеници со гордост на својата професија и со желба да работат професионално, не можат да се впуштат во недолично однесување кое не ги почитува луѓето и не го препознава нивното човечко достоинство.

### Вежба:

1. Истакнете ги во текстот карактеристиките на полицискиот службеник кои сметате дека се најважни за третирање на луѓето со почит при запирање и претрес.

2. Наведете пример што ја илустрира важноста на оние особини што биле истакнати (на пр. наведете како полицаецот може да му се обрати на лицето што има намера да го запрат и претресат: какви вештини (на пр. „здраво расудување“), однесувања (на пр. „однесување без омаловажување“) и ставови (на пр. „отворен ум“) би биле особено корисни?

**Извор:** Совет на Европа, „Европски кодекс на полициска етика“ (2001)

МАТЕРИЈАЛ

**156** Совет на Европа, „Препорака на Европскиот кодекс за полициска етика“, Rec(2001)10 на Комитетот на министри до земјите-членки, став 12, достапно на https://polis.osce.org/european-code-police-ethics.

## *Материјал 6.4б*

### Препораки од Советот на Европа „Меѓукултурни градови – Прирачник за полициско работење во заедницата“[157]

Според тоа, полициската служба е една од институциите одговорни за гарантирање на принципот на еднаквост и има должност да интервенира во ситуации на конфликт со апсолутна непристрасност и почитување на етничките, сексуалните, верските и културните карактеристики, имајќи ги предвид и посебните услови на најранливите социјални групи (како што се лицата со попреченост и бездомниците).

За да се надмине каква било недоверба и да се фаворизира целосно социјално учество на сите граѓани, полицијата мора да преземе активна улога во работата за спречување на расизмот и ксенофобијата, хомофобијата, родовото или семејното насилство и другото однесување со омраза, дискриминаторско или нетолерантно, преку подобро знаење и разбирање на карактеристиките и особеностите на луѓето кои често се предмет на дискриминација. […] полицијата мора да има знаење и разбирање за националното и меѓународното законодавство за да може да се бори против практиките на омраза споменати погоре.

### Вежба:

1. Истакнете ги во текстот карактеристиките на полицискиот службеник кои ги сметате за најважни за еднакво и правично постапување со луѓето: кои вештини, однесувања и ставови би биле особено корисни?

МАТЕРИЈАЛ

**Извор:** Советот на Европа „Меѓукултурни градови – Прирачник за полициско работење во заедницата“ (2019)

**157** ОБСЕ (2008), „Добри практики во градење на партнерства меѓу полицијата и јавноста“, достапно на www.osce.org/files/f/documents/8/4/32547.pdf.

*Материјал 6.4в*

Препораки од документот на ОБСЕ „Добри практики во градењето на партнерства меѓу полицијата и јавноста“[158]

32. (...) Покрај традиционалните технички вештини и основните услови за демократско полициско работење (културна и верска свест, човекови права и полициска етика), полициското работење во заедницата бара уште поширок опсег на вештини, вклучително и способност за комуникација (исто така на јазиците на локалните заедници), за прифаќање на различни мислења, за градење на доверба и за посредување во конфликти. Освен тоа, потребна е и способност за создавање на креативни пристапи кон проблемите на заедницата, меѓу другото, и со организирање на групи во заедницата, решавање на проблеми и собирање на информации со помош на технологијата, како и претворање на општите овластувања во соодветни дејствија, и пренесување на проблемите на заедницата како информација до полицијата, раководството и другите чинители.

63. Во рамките на полициската институција треба да се изберат службеници кои се мотивирани да го прифатат овој нов пристап кон полициското работење и кои ги имаат основните вештини за оваа задача која претставува голем предизвик. Со оглед на тоа што довербата во полицијата веројатно ќе биде особено ниска на пилот локациите меѓу малцинските популации кои можеби претходно биле подложени на пристрасен и репресивен третман од страна на полицијата, важен чекор во освојувањето на довербата на малцинските заедници би било нивното интегрирање во полицијата во сите чинови и на сите функции. Нивната интеграција не би послужила само како мерка за градење на доверба, туку би обезбедила и низа знаења и вештини на полицијата потребни за работа во мултикултурна средина: особено познавање на јазиците на малцинствата и специфичните традиции и обичаи. Ангажирањето треба да се фокусира и на жените, чиј процент во полицијата обично не е пропорционален на составот на населението.

МАТЕРИЈАЛ

**Вежба:**

1. 1. Нагласете ги во текстот карактеристиките на полицискиот службеник за кои сметате дека се најважни за градење на партнерства и ангажирање со членовите на заедницата – кои вештини, однесувања и ставови би биле особено корисни?

**Извор:** ОБСЕ „Добри практики во градењето на партнерства меѓу полицијата и јавноста“ (2008)

## Модел на агенда

Забелешка: се препорачува овој модел да се одвива 1,5 дена. Доколку тоа не е возможно, тогаш обучувачите можат да го одржат овој курс за обука во текот на еден долг ден или да изберат активности засновани на потребите на слушателите.

**158** ОБСЕ (2008), „Добри практики во градење на партнерства меѓу полицијата и јавноста“, достапно на www.osce.org/files/f/documents/8/4/32547.pdf.

***Материјал 6.5а***

## Сценарио

*Откако ќе ги прочита извештаите за континуиран криминал и неред во економски обесправена заедница со мешан состав, истовремено препознавајќи ги ограничувањата на реактивното полициско работење за справување со основните проблеми во заедницата, полицискиот командант одговорен за областа одлучува да спроведе пилот проект за полициско работење во заедницата во обид да ги подобри работите. За таа цел, таа назначува стратешки тим да ги ангажира релевантните чинители во заедницата да соработуваат со полицијата во заедничкото планирање на проектот.*

*Откако ќе ги идентификува релевантните чинители кои треба да бидат вклучени во партнерството за безбедност, стратешкиот тим ги поканува на првиот партнерски состанок во формат на работилница, со цел да се воведе концептот и практиката на полициско работење во заедницата и да се иницираат првите фази од процесот на планирањето. Работилницата се одвива во полициските објекти. Тоа е првата средба лице в лице меѓу чинителите од заедницата и полицијата. Тоа е, исто така, првпат луѓето од заедницата да се сретнат во полициски објекти. Високиот полициски службеник задолжен за тимот ги поздравува сите и ја отвора работилницата.*

***Материјал 6.5б***

**Агенда: Состанок на партнерството за безбедност**

1. Поздравни забелешки од Началникот на полицијата
2. Претставување на присутните на тркалезната маса
3. Главните предности на тимот за полициско работење во заедницата и неговата работа со локалните чинители
4. Потешкотии од минатото кои ги имале локалните чинители и пошироката заедница во однос на полициското работење
5. Главните проблеми на заедницата и актуелните предизвици
6. Начини за вклучување на заедницата
7. Тимот за полициско работење во заедницата – што е потребно?
8. Следни чекори

*Материјал 6.5в*

**Пример за улоги за партнерскиот состанок**

**Службеник за полициско работење во заедницата**: Ова е еден од полициските службеници кои ќе бидат назначени да патролираат во заедницата. Во текот на нивната секојдневна работа тие редовно ќе комуницираат со поединци за намалување на стравот од криминал и за решавање на проблемите. Тие, исто така, ќе бидат активно вклучени во намалувањето на конфликтот и ќе се обидат да поттикнат поголемо меѓукултурно разбирање и разговори. Тие ќе соработуваат со партнерите од конкретната област, но и со оние кои се одговорни за реализација на услугите во областа.

**Висок полициски службеник**: Надзорникот е одговорен за раководењето на тимот за полициско работење во заедницата. Тоа вклучува доделување на задачи, следење на работата, разговор со службениците и прилагодување на приоритетите и пристапите врз основа на повратните информации и искуството, како и полициските императиви. Тој ќе биде во својство на претседавач на работилницата и ќе ја отвори работилницата со објаснување на целта: зошто полицијата се обратила до потенцијалните партнери и одлучила да иницира процес на полициско работење во заедницата.

**Жител**: Овој жител е претседател на Здружението за поддршка на мигранти. Тој/таа живее во соседството неколку децении и има значително искуство во работата со членови на заедницата, како и со статутарни и доброволни групи. Неговата/нејзината организација често е клучен контакт и за новите мигранти и за оние кои живеат во заедницата повеќе години. Тој/таа е запознат со проблемите што се повторуваат, но нема стручно знаење за сите култури или етникуми кои ја формираат заедницата. Организацијата редовно организира настани во заедницата и отворени состаноци со полицијата. Минатите односи со полицијата не беа добри. Се смета дека полицијата намерно ги таргетира мигрантите и ги третира неправедно.

**Теренски работник**: Ова лице е вработено во национална организација за човекови права за борба против дискриминацијата, која има многу регионални и локални канцеларии низ земјата. Тој/таа исто така има одговорност да го промовира образованието и разбирањето во обид да се истакнат принципите
на еднаквост и да се препознае вредноста на интеркултурализмот. Тој/таа нема многу контакти со полицијата, но укажува дека новото партнерство може да помогне да се промовира подобро разбирање и да се подобрат односите.

**Наставник**: Овој наставник работи во едно од најголемите средни училишта лоцирани во заедницата. Тој добива задача од образовните власти да спроведе програми во училиштето кои ги поддржуваат младите луѓе кои неодамна пристигнале од друга земја да се прилагодат во локалното училиште. Тука спаѓа работа со млади луѓе за да им помогне со јазичните, културните и социјалните прашања со кои може да се соочат. Наставникот исто така има

задача да негува и гради односи меѓу новодојдените и другите млади луѓе во училиштето и во другите училишта во областа. Тој е исто така заинтересиран за градење на позитивни односи меѓу сите младински групи во заедницата преку обезбедување на форуми за социјален контакт. Наставникот често поканува полициски службеници на училишните разговори, но тие се ограничени во нивната тема, безбедност на патиштата и дрогата.
**Социјален работник**: Овој социјален работник има специфична улога во справувањето со некои од потребите на малолетните баратели на азил без придружба преку обезбедување на сместување и друга поддршка преку локален центар. Социјалниот работник соработува со програмата за интеграција на локалното училиште. Тој е свесен дека многу од неговите клиенти честопати доаѓаат во негативен контакт со полицијата. Тој смета дека полицијата ја дискриминира оваа група.

**Работник во НВО**: Овој работник главно работи со баратели на азил кои се сместени во заедницата. Овие нови жители претежно пристигнуваат од Сомалија, Сирија и од неодамна од Авганистан и Ирак. НВО работникот има контакт со полицијата, но честопати во негативни средини каде што се смета дека полицијата ги малтретира нивните клиенти или каде што полицијата интервенира по поплаки од други жители и се чини дека тоа го прави на дискриминаторски начин.

**Службеник за малолетничка правда**: Овој службеник има задача да работи со младите луѓе за да им помогне да се оддалечат од криминалот и асоцијалното однесување. Тој/таа работи со групи на жители и тешко достапни млади луѓе од сите средини за да се обиде да промовира поголемо разбирање и кохезија. Тој е поврзан со локалните училишта и со Здружението за поддршка на мигрантите. Тој смета дека во минатото полицијата им ја отежнувала работата со тоа што била агресивна, а понекогаш и со дискриминаторски однос. Покрај тоа, полицијата во голема мера се потпира на тактиките за застанување и пребарување кои уште повеќе го зголемуваат локалното непријателство кон полицијата.

Спроведувањето на законот игра клучна улога во борбата против расизмот и расната дискриминација и во промовирањето на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Од оваа причина, легитимната употреба на сила и принуда во демократските општества може да поттикне чувства на лична и безбедност на заедницата само доколку е ефективна, транспарентна и пропорционална. Секоја дискриминаторска употреба на овие овластувања може да ја уништи довербата и вербата на заедниците и суштински да го поткопа нивното чувство за лична безбедност. Владите и законодавците имаат огромна одговорност да обезбедат воспоставување на ефективните закони и јавни политики кои гарантираат правичност во полициското работење, заштита од расизам и дискриминација и ги ставаат обврските за човековите права во центарот на полициската практика.

Советот на Европа долго време работи на поддршка на создавачите на политики, практичарите и граѓанското општество за создавање на закони, политики и практики кои ги штитат принципите на еднаков третман и недискриминација и кои имаат за цел да го елиминираат расизмот и дискриминацијата во сите нивни форми. Квалитетната обука е клучна за одржување на информирани, вешти и одговорни полициски служби кои се опремени да ги поддржуваат и заштитат општествата во сета нивна различност и сложеност, како и да им се спротивстават и да ги спречат расизмот, расната дискриминација и сите други форми на дискриминација и нетолеранција. Вежбите и активностите во овој Прирачник се засновани на основните норми и стандарди на Советот на Европа и имаат за цел да им дадат практичен живот на начини кои ќе ги инспирираат обучувачите и нивните учесници.

*Овој превод е направен со финансиска поддршка на Европската Унија и на Советот на Европа. Наведената содржина е единствена одговорност на авторите. Мислењата изразени тука не значи дека секогаш ги одразуваат ставовите на Европската Унија и Советот на Европа.*

MKD

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

**www.europa.eu**

Советот на Европа е водечка организација за човекови права на континентот. Вклучува 46 земји-членки, од кои 27 се членки на Европската Унија. Сите земји-членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, договор дизајниран да ги заштити човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права го надгледува спроведувањето на Конвенцијата во земјите-членки

**www.coe.int**

Превод кофинансиран од Европската Унија

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE